Council of Europe
European Commission

Conseil de l'Europe
Commission européenne

**Регионален проект CARPO**

**Македонски јазик**

# Извештај за состојбата во поглед на организираниот и економски криминал во Југоисточна Европа

**Стразбур, август 2006 година**

**Верзија од 1 септември 2006 година**

Проектот CARPO („Развој на веродостојни и функционални полициски системи и зајакнување на главните активности за борба против криминалот и полициската соработка“) е проект за техничка соработка, финансиран од страна на Советот на Европа и Европската Унија. Времетраењето на овој проект беше 30 месеци (од март 2004 година до септември 2006 година). Советот на Европа е одговорно тело за имплементација на проектот, во партнерство со Белгија, Финска, Унгарија, Италија, Словенија, Шпанија, Шведска и Меѓународната организација за миграции.

За дополнителни информации, Ве молиме, контактирајте не на:
Оддел за криминал
Генерална Дирекција 1- Правни работи
Совет на Европа
67075 Strasbourg Cedex, Франција
Телефон: +33-3-9021-4506
E-mail: jean-charles.decordes@coe.int
Website: www.coe.int/economiccrime
Врска бр.: PC-TC(2006)9

Ова издание е направено со финансиска помош на Европската Унија и Советот на Европа. Ставовите изразени во ова издание на ниту еден начин не може да се смета дека го изразуваат официјалното мислење на Европската Унија и на Советот на Европа.

# Содржина

**1 РЕЗИМЕ ........ 5**

**2 ОРГАНИЗИРАН И ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА: РАМКА 11**

2.1 ИСТОРИЈАТ И ЦЕЛ НА ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ ........ 11
2.2 КОНЦЕПТОТ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ........ 14
2.3 ВЛАДИНА И ЕКОНОМСКА СРЕДИНА ........ 16
2.4 ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И НЕГОВИТЕ НАЈИСТАКНАТИ ОСОБЕНОСТИ ........ 18

**3 КРИМИНАЛНИ АКТИВНОСТИ ........ 27**

3.1 ТРГОВИЈА СО ДРОГА ........ 27
*3.1.1 Стимуланси од видот на амфетамини (ATS) ........ 30*
*3.1.2 Метамфетамин ........ 31*
*3.1.3 Производи на канабис (хашиш, марихуана, масло на хашиш) ........ 34*
*3.1.4 Одгледување на семе на опиум и производство на хероин ........ 36*
*3.1.5 Кокаин ........ 39*
*3.1.6 Дрогата и криминалот ........ 40*
*3.1.7 Дрогата и СИДАТА ........ 41*
3.2 ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ........ 45
3.3 КРИУМЧАРЕЊЕ НА ЛИЦА ........ 58
3.4 ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ ........ 66
3.5 ПЕРЕЊЕ ПАРИ ........ 80
3.6 КОРУПЦИЈА ........ 86

**4 ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА СОСТОЈБАТА ВО РАЗЛИЧНИТЕ ПРОЕКТНИ ОБЛАСТИ ........ 91**

4.1 АЛБАНИЈА ........ 91
4.2 БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ........ 106
4.3 ХРВАТСКА ........ 113
4.4 ЦРНА ГОРА ........ 122
4.5 СРБИЈА ........ 129
4.6 КОСОВО ........ 138
4.7 „ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА” ........ 147

**5 ЗАКЛУЧОЦИ ........ 156**

**6 БИБЛИОГРАФИЈА ........ 159**

**7 КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ ........ 164**

# 1 РЕЗИМЕ

Првиот извештај во поглед на организираниот и еконмски криминал во Југоисточна Европа беше изготвен летото 2005 година, во рамки на Проектот CARPO, заеднички регионален проект за полиција, финансиран од страна на Советот на Европа и Европската Комисија[1]: Содржината на првиот извештај за состојбата беше презентирана на Министрите за внатрешни работи и Министрите за безбедност на земјите од Југоисточна Европа, на состанокот на Министри на високо ниво, кој се одржа во септември 2005 година во Бриони, Хрватска.

Овој извештај за состојбата претставува суштинско ажурирање на минатогодишниот извештај. Извештајот е краен резултат на работата, која тесно ги поврза претставниците од најразлични институции (полицијата, финансиската полиција или единиците за финансиски криминал, даночните и carински управи, специјализираните обвинители и главната ревизорска канцеларија) од Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово[2], Црна Гора, Србија и "поранешната Југословенска Република Македонија" (понатаму во текстот наименувани како "проектни области"). Извештајот е заснован на информациите, проценките и резултатите добиени преку двата прашалници (од 2004 година и од 2006 година), како и на проценките целосно направени од страна на погореспоменатите службени лица, но исто така и на широкиот спектар на владини извештаи и други достапни извори, издадени од неодамна.

Организираниот и економскиот криминал се тесно поврзани со мотивот за остварување на профит, добивка, а и од двата вида на криминал произлегуваат огромен број на незаконски постапки. Тие сериозно го загрозуваат развојот на демократијата, владеењето на правото и човековите права, но исто така и државната безбедност и економскиот развој во Југоисточна Европа и пошироко.

Во последно време, Југоисточна Европа, покрај огромните напори на ова поле и бројните постигнати резултати кои ветуваат, во уште поголема мера е под влијание на организираниот и економски криминал, за разлика од другите делови на Европскиот Континент.

Спречувањето и сузбивањето на организираниот и економски криминал во голема мера зависи од доброто познавање на овие транснационални појави, јасната и зацртана политичка волја, националните стратегии за борба против криминалот, стратегиите кои се во согласност со европските и меѓународни стандарди, како и нивната цврста имплементација. Без целосно разбирање на транснационалната димензија на криминалот и неговите мрежи, неизбежно, владите не ќе бидат моќни со сите свои напори да го спречат и да се борат против организираниот и економскиот криминал.

Советот на Европа веќе долго време е загрижен од долгорочното влијание од организираниот и еконимскиот криминал, особено во Југоисточна Европа. Ваквата загриженост и идното приклучување на државите опфатени со проектот во Европската Унија (ЕУ) бара суштински и редовно ажурирани анализи на опсегот, природата и особеностите на организираниот и економски криминал во регионот. На тој начин, целите на овој извештај се следните:

---

[1] „Развој на веродостојни и функционални полициски системи и зајакнување на главните активности за борба против криминалот и полициската соработка".

[2] Во моментов, под привремена администрација на УНМИК, во согласност со Резолуцијата бр. 1244 (1999) на Советот за безбедност на Обединетите Нации.

- Да се ажурира извештајот за состојбата од 2005 година во поглед на организираниот и економски криминал во Југоисточна Европа, посветувајќи посебно внимание на клучните прашања за регионот;
- Да се истакнат новите развои, закани, аналитички недостатоци и други прашања кои се однесуваат на организираниот криминал, а кои се од особено значење во Југоисточна Европа;
- Да им се помогне на луѓето кои ја кројат политиката во Европа и во регионот при донесувањето на одлуки за борба против криминалот на основа на добра информираност, како и да се посочат најистакнатите мерки за сузбивање на криминалот;
- Да се зголеми свеста кај јавноста и учеството на јавноста во стратегиите за борба против организираниот и економски криминал.

На глобално рамниште, организираниот и економскиит криминал се динамични концепти кои и понатаму се приспособуваат кон средината, која постојано се менува. Се повеќе и повеќе станува мултинационален, хетерогено структуриран и флексибилен проблем. Ова исто така важи и за организираниот криминал во Југоисточна Европа, кој во себе содржи огромна разновидност на криминални активности, како што е недозволената трговија со дрога, трговија со луѓе, криумчарење на лица и економски криминал:

- Традиционалниот Балкански канал за трговија со дрога се претвори во дво-насочен канал со димензии на трговија кои постојано се зголемуваат. Воглавно, хероинот и канабисот се насочени кон ЕУ, најголемиот пазар на потрошувачи на производи на недозволената трговија, додека прекурзорите, хемиските и синтетички droги се насочени кон исток, се повеќе во форма на повеќекратна трговија со дрога („коктел пратка"). Турските организирани криминални групи и оние криминални групи на етничките Албанци се доминантни во оваа сфера на криминал, но сите организирани криминални групи ја зајакнаа нивната меѓусебна соработка. Организираните криминални групи на етничките Албанци се повеќе се посветени на контролирање на европскиот пазар на кокаин. Заплената на хемиските droги и прекурзори, иако се зголемува, сепак, се уште е на минимално ниво. Во некои проектни области, домашните пазари на дрога се чини дека забрзано се прошируваат, како и бројот на корисниците на дрога, кои се повеќе и повеќе се корисници на различни видови на дрога. Потребно е да се зголемат не само репресивните мерки, туку, посебно мерките за заштита и зголемување на свеста кај јавноста за ХИВ вирусот/ СИДАТА.

- Трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација стана поприкриена и пософистицирана. Се наметнуваат нови предизвици во поглед на внатрешната трговија и локалната регрутација, и пораст на домашната клиентела. Ова предизвикува импликации во стратегијата не само во поглед на репресија, туку исто така бара подобра заштита и јавни стратегии за справување со здравствените проблеми кои се јавуваат како резултат на домашниот пазар на сексуални активности. Се чини дека жртвите добиваат помалку насилен физички третман, а се повеќе психолошки притисок, поточно, закани за животот на семејството на жртвата, присилни бракови и барања за азил со кои се одобрува подолг престој. Сериозна грижа претставува бројот на деца жртви на трговија со луѓе (на возраст под 18 години), кој се очекува и понатаму да расте, поради тоа што трговците и нивните помошници се повеќе се заинтересирани и се стремат кон помлади жртви, делумно како резултат на стравот од ХИВ вирусот и СИДАТА. Некои од проектните области пријавија трговија со деца за цели на

питачење, или за уште поприкриени цели, какви што се незаконско посвојување или продажба на органи.

- Нелегалната миграција е, и од секогаш била, на врвот на националните и меѓународни агенди, меѓу другите прашања во врска со неодамнешното и идно проширување на ЕУ, слободното движење на луѓе и пристапот до пазарите на трудот, како и во поглед на економските побарувања предизвикани од намалувањето на работо-способното (активно) население во ЕУ. Насочените регулаторни и полициски напори за борба против нелегалната миграција се чини дека достигнаа позитивна разлика во намалувањето на бројот на лица, жртви на прекугранично криумчарење. Како и да е, ова и понатаму е вносен бизнис за меѓународните организирани криминални групи, кој во себе носи релативно мал степен на ризик, а профитира од лошите гранични стратегии во Југоисточна Европа, како и од фактот што новиот систем за гранична контрола во рамки на проширената ЕУ се уште не функционира на потребниот начин. Сложената постапка на пренесување на голем број на лица на долги растојанија бара вклученост на софистицирани мултинационални организирани групи. Како и да е, олеснувачите кои делуваат во делот на Југоисточна Европа од каналот за недозволена трговија, често пати се државјани на земјите од регионот.

- Економскиот криминал, кој во голема мера е присутен во проектните области во регионот, и понатаму продолжува да се развива. Укинувањето на санкциите за Србија и, како последица на тоа, пресекувањето на каналот на криумчарење на нафта и цигари, како и другите полициски и регулаторни напори, значително придонесоа за зголемено собирање на приходите. На тој начин, одредени можности за недозволена трговија во регионот беа отстранети. Сепак, други и понатаму постојат, како што се зголеменото криумчарење на сите видови на стоки (цигари и тутун, оружје, експлозивни материи, алкохол, скапоцени метали), пуштање во промет на фалсификувани банкноти, фалсификување на документи и основање на непостоечки фирми – клучни алатки за избегнување на плаќање даноци и перење пари – што се чини дека е сеприсутно во сите проектни области и понатаму влијае врз довербата на јавноста во пазарната економија и системот на казнена правда. Другите форми на економски криминал, какви што се пиратеријата и компјутерскиот криминал, се чини дека се запоставени и на нив не се посветува соодветно внимание во одредени проектни области.

- Иако органите на проектните области го препознаа негативното влијание на тешкиот криминал врз нивните економии, врз општеството и демократскиот развој, се уште не се достапни проценките за загубите на јавните приходи како резултат на економскиот криминал или трошоците предизвикани од страна на домашните пазари на дрога. Приносите, како заеднички именител на различните форми на организиран и економски криминал, финансиските истраги и податоци се од суштинско значење, како и употребата на сите правни можности за заплена и конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривични дела. По барање на ЕУ, Советот на Европа, Работната група за финансиски акции и Обединетите Нации (ОН), со поддршка преку Проектот CARPO, сите проектни области формираа Единица за финансиски сознанија или некој сличен орган, ги разменија добрите пракси, спроведоа прегледи и програми за интензивни обуки, и до одредена мера, сега започнуваат со спроведување на финансиски истраги кои се поврзуваат со кривични истраги. Овие алатки, како и да е, треба да се применат на посистематски начин.

- Како што криминалните пазари созреваат, така криминалните групи прават обиди да ги зајакнат постоечките активности, да внесат разновидност и да ги претворат во други активности, како и да ги озаконат нивните приходи и поставеност во општеството. Корупцијата, како на високо, така и на ниско ниво, се јавува како главна алатка за влијаење и навлегување во политичките и стопанственички структури. Во сите проектни области, корупцијата и понатаму ги наметнува најголемите проблеми. Ветува фактот што сите воспоставија модернизирана законодавна рамка, усвоија сеопфатни стратегии за борба против корупцијата и создадоа служби за борба против корупцијата, иако и понатаму може да постои загриженост, сепак, во поглед на конкретното ниво на имплементација, како и на целосната вклученост на институциите за спроведување на законот во таа насока. Ваквите напори може да помогнат да се пресечат врските меѓу организираниот и економскиот криминал и правните и јавни структури. Како и да е, веродостојни и споредбени вредности за големината на проблемите на корупцијата не се достапни.

- Органите за спроведување на законот во Југоисточна Европа пријавија дека е тешко да се спречи и да се открие организираниот и економски криминал. Прибирањето на доказите со цел да се заснова обвинение е сложен процес, особено кога станува збор за транснационални кривични дела. На тој начин, ќе биде неопходно да се даде најголем приоритет на спречувањето и сузбивањето на организираниот и економски криминал во политичките агенди, особено во поглед на изгледите за идно пристапување во ЕУ и потребата за приближување на соодветните стандарди и пракси во согласност со Конвенциите на ОН, Конвенциите и Препораките на Советот на Европа, Директивите на ЕУ и Рамковните одлуки, како и други соодветни меѓународни стандарди.

Мерките развиени во проектните области во рамки на Проектот CARPO, но исто така и во контекст на соработката во рамки на ЕУ, Пактот за стабилност, SECI Центарот, механизмите за мониторинг на ОН или Советот на Европа, GRECO и MONEYVAL, ќе придонесат да се надминат следниве недостатоци:

- Зајакнување на постапката за собирање и анализирање на информациите од сферата на организираниот и економски криминал со цел да се подобри познавањето и разбирањето на овие појави во регионот;

- Да се изедначат националните статистички постапки во врска со криминалот со постапките на ниво на ЕУ, користење на општоприфатени поими и дефиниции, воспоставување на општоприфатен систем за известување во согласност со системите кои ги користи ЕУРОПОЛ и дваесетипетте земји членки на ЕУ (ЕНФОПОЛ 35), со посебно внимание посветено на безбедносните нивоа на доверливост (вклучително и имплементацијата на релевантните европски правни инструменти за заштита на приватноста и податоците), редовно изготвување на годишни извештаи за состојбата во поглед на организираниот и економски криминал или проценка на заканите, заеднички алатки за вреднување на криминалот на меѓу-институционално и заемно надлежно ниво, студии на ранливост на економскиот сектор и финансиското влијание на организираниот и економски криминал, соработка меѓу органите за спроведување на законот со независни истражувачи и академици.

- Механизмите засновани на податоци за дефинирање на политиките врз основа на сеопфатни проценки, создавање на стратегии или акциски планови, соработка насочена кон постигнување на одредена цел и приоритетна соработка меѓу сите органи за спроведување на законот во регионот. Ова може да се сведе на формулата: „Податок е обработена информација, наменета за преземање на активност од страна на органите за спроведување на законот" и може да се спроведе на сличен начин како и инструментот на ЕУ „заеднички тим за истраги", следејќи го „моделот на целна група" формиран од страна на Европол, вклучувајќи ги полициските сили, службите на граничната полиција, царината и другите специјализирани служби за спроведување на законот. Исто така се бара потесна соработка со земјите членки на ЕУ и другите земји, особено искористувајќи ги Амбасадите (полициските аташеа и експерти), Европол (мрежата на офицери за врска на ЕУ), Фронтекс (кој треба да се развие), Интерпол (НЦБ), SECI Центарот (националните оддели), и доколку е правно можно и соодветно, Evrojust и/ или OLAF;

- Продлабочување на вештините за водење истраги во полето на организираниот и економски криминал. Овде може да бидат вклучени и значајните напори за надминување на јазичните потешкотии преку соодветна обука за познавање на јазикот за службениците кои работат на спроведување на законот. Употребата на специјалните истражни техники, прикриените акции, лица – разузнавачи, системи за мониторинг на хемиските прекурзори, машини за таблети, заштита на сведоци и жртви, финансиски податоци, заплена на незаконски стекнат имот преку вршење на кривично дело, или други специфични методи на работа, на пример, операции со големо влијание (HIO), пристап на ниво на сектор кој е фокусиран на проектните области (SWAP), стандардни оперативни постапки (SOP);

- Мониторинг на ефикасноста на мерките за спречување и контрола на организираниот и економски криминал на систематска основа. Ова не мора да ја содржи само крајната проценка на Програмата CARDS, туку ќе го вклучи и Проектот CARPO и другите проекти кои се во фаза на имплементација[3]. Би било корисно во иднина, тогаш кога е соодветно, да се прави анализа на трошоците/ придобивките, како и да се спроведе научна студија во која ќе се анализира кои регионални форуми или проекти добро функционираат, во согласност со нивните пандани од регионот, а кои не функционираат воопшто. Се создадоа можности, но тие треба да се зграбат во поголема мера со цел да станат реалност. Формирањето на регионални или национални управувачки комитети составени од претставници од главните меѓународни тела за поддршка и локалните партнери можат дополнително да ја зајакнат синергијата и да ги намалат трошоците;

- На крајот, ратификацијата и целосната имплементација на европските инструменти ќе помогне проектните области да постигнат напредок во оваа насока и ќе ја олеснат меѓународната соработка. Поточно, овде се вклучени Вториот дополнителен Протокол кон Конвенцијата за заедничка помош во кривичната материја (CEST 182), Конвенцијата за борба против перењето, претресувањето, заплената и конфискувањето на имотот стекнат преку вршење на кривични дела и за финансирање на тероризмот

[3] На пример, MOLI-MK, PACO-Србија или PACO-Impact.

(CEST 198) и Конвенцијата за преземање акции за борба против трговијата со луѓе (CEST 197), како и усвојувањето и имплементацијата на стандардите и прописите на ЕУ[4].

Овој извештај го претставува идниот чекор во долгорочната пракса; треба да се создаде пракса за негово изготвување на годишна основа, и да биде тесно поврзан со процесите на Европол во изготвувањето на Извештајот за состојбата во поглед на организираниот и економски криминал на ЕУ. Бара повратен одговор, откривање на информациите кои треба да бидат повторно ажурирани, да се потврдат или отфрлат проценките содржани во него- како и да се вбројат на поцелосен начин придонесите за идните прашалници.

Се верува дека извештајот ќе даде насоки за лицата кои ја кројат политиката во Европа и во регионот за создавање на подобро формирана државна стратегија и одлуки за борба против криминалот, за водење на доследни акции во борбата против организираниот криминал и за да се зголеми познавањето за организираниот и економски криминал во Југоисточна Европа.

[4] Се до денешен ден, освен Албанија која ја потпиша и ратификува CETS 182, ниту една од проектните области се уште не ги има ратификувано CETS 182, CETS 197 и CETS 198.

# 2 ОРГАНИЗИРАН И ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА: РАМКА

## 2.1 ИСТОРИЈАТ И ЦЕЛ НА ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ

Организираниот и економскиот криминал се на агендата на Советот на Европа од пред најмалку две децении[5] и беа повторно утврдени како најголема причина за постоење на загриженост на Третиот Самит на Шефовите на државите и Владите, кој се одржа во мај, 2005 година[6]. На ист начин, овие прашања беа високо поставени на агендата на ЕУ, што се покажа со воспоставувањето на Европол, Eurojust и Фронтекс, особено во поглед на пристапувањето на десетте нови земји членки кон ЕУ во 2004 година, подготовката на теренот за претприем на Романија и Бугарија и отпочнувањето на преговорите со Хрватска и „поранешната Југословенска Република Македонија“.

Во Југоисточна Европа, покрај некои одделни карактеристики, се чини дека организираниот и економскиот криминал не ги имаат достигнато истите критични размери во сите проектни области. Општоприфатено е гледиштето дека организираниот и економскиот криминал во Југоисточна Европа ја загрозуваат демократијата, владеењето на правото, човековите права, стабилноста, општествениот и економски напредок во рамки на регионот. Сложениот карактер кој постојано се менува на тешкиот криминал наметнува нови закани за овие општества во транзиција, кои имаат влијание и надвор од регионот на Југоисточна Европа. Анализата на криминалот ширум Европа покажа дека неодамнешното проширување на Европската Унија во унија која брои дваесетипет земји членки и процесот за приклучување на земјите од Југоисточна Европа кон ЕУ доведе до целосна промена на теренот за организиран и економски криминал, но исто така се отворија и нови пазари и предизвици за организираните криминални групи и настапи олеснување на недозволената трговија со луѓе и трговијата на сите видови на стоки.

Зголемената размена на информации меѓу европските органи за спроведување на законот, подобрените анализи на податоци и поблиската меѓународна соработка придонесоа кон зголемување на загриженоста за организираниот и економскиот криминал во Југоисточна Европа. Ова и идното пристапување на земјите кон ЕУ бара редовно и суштинско анализирање на опсегот, природата и особеностите на организираниот и економскиот криминал во регионот, како и неговите меѓународни мрежи.

Како и да е, и покрај подобрувањето на националните законодавства во оваа сфера, се чини дека познавањето на она што го сочинува организираниот и економскиот криминал, особено на кој начин прекугранично и транснационално истите се разгрануваат, е се уште ограничено. Како одговор на ова, Советот на Европа го создаде Проектот CARPO („Развој на веродостојни и функционални полициски системи и зајакнување на главните активности за борба против криминалот и полициската соработка”), со цел да се зајакнат полициските капацитети за борба против тешкиот криминал во Југоисточна Европа[7]. Еден од очекуваните резултати од овој

[5] Види ја, на пример, Препораката Пр. бр. 8 од 1986 година на Советот на Европа за политиката во поглед на криминалот во Европа во време на промени.
[6] Варшавската Декларација, 17 мај 2005 година.
[7]Времетраењето на овој проект, спонзориран од Европската Комисија и Советот на Европа, беше 30 месеци (од март 2004 година до август 2006 година). Дополнителни информации: http://www.coe.int/cards-police

проект е да се подобри разбирањето на значењето на организираниот и економскиот криминал и заканите кои произлегуваат од нив.

Така, целта на овој извештај за состојбата, елабориран во рамки на Проектот CARPO, е следната:

- Да се ажурира извештајот за состојбата од 2005 година во поглед на организираниот и економски криминал во Југоисточна Европа, посветувајќи посебно внимание на клучните прашања за регионот;
- Да се истакнат новите развои, закани, аналитички недостатоци и други прашања кои се однесуваат на организираниот криминал, а кои се од особено значење во Југоисточна Европа;
- Да им се помогне на луѓето кои ја кројат политиката во Европа и во регионот при донесувањето на одлуки за борба против криминалот на основа на добра информираност, како и да се посочат најистакнатите мерки за сузбивање на криминалот;
- Да се зголеми свеста кај јавноста и учеството на јавноста во стратегиите за борба против организираниот и економски криминал.

Извештајот за состојбата за 2005 година[8] претставува краен резултат кој произлегува од работата на Работните групи составени од членови на релевантни агенции за спроведување на законот (пред се полициски службеници) од седумте проектни области. Покрај претставниците на специјализираните полициски единици, кои доминираа во голема мера во конечниот состав на работните групи, исто така беа вклучени и претставници на другите агенции за спроведување на законот, како што се Единиците за финансиски сознанија (перење пари), даночни и царински управи (загуби од економскиот криминал и загуби во јавните приходи), специјализирани обвинители и главниот ревизор (јавни приходи и јавни набавки).

Слично како и за годишните извештаи на Советот на Европа[9] за организираниот криминал во Европа, прашалник беше доставен до работните групи на сите седум проектни области, пролетта, 2004 година. Низа активности беа организирани за членовите на работните групи кои имаа за цел да овозможат суштинска обука за стратешка анализа на криминалот и исннтитуционални, законодавни и практични потреби за собирање на податоци кои се однесуваат на кривични дела, анализа на тие податоци и ракување со истите. Се одржаа работилници во секоја проектна област, беа организирани три регионални семинари во периодот септември 2004 година и јуни 2005 година, како и три студиски посети (на Обединетото Кралство - Националната служба за криминално разузнавање, Полицијата на Шпанија – Централната единица за криминално разузнавање, Европол – Одделот за тежок криминал) со цел да се заврши „Извештајот за состојбата во поглед на организираниот и економски криминал во Југоисточна Европа за 2005 година“.

Главните извори за извештајот за состојбата за 2006 година[10] беа одговорите на вториот (и подетално разработен) прашалник, доставен во април 2006 година до партнерите на CARPO во секоја проектна област, коментарите во врска со предлог верзијата на презентираната состојба

---

[8] Извештајот за 2005 година беше елабориран од страна на г-ца Кристина Хемон (консултант, Обединето Кралство).

[9] Види: www.coe.int/economiccrime

[10] Извештајот за 2005 година беше елабориран од страна на г. Уве Кранц (консултант, Германија).

од страна на проектните области, како и јавно достапните извештаи за состојбата со криминалот, истражувањата и други извештаи и информации изготвени од страна на Советот на Европа, Европол, Eurojust, EMCDDA, Фронтекс, ИОМ, OLAF, ОБСЕ, SECI Центарот, Пактот за стабилност, Transparency International, UNODC, Министерството за надворешни работи на САД, извештаите на голем број на универзитети, институти за истражувања и истражувачки центри кои се фокусирани на регионот, Интернет пребарувања и медиумите.

„Извештајот за состојбата во поглед на организираниот и економски криминал во Југоисточна Европа за 2006 година“ ја ажурира и ја прилагодува анализата на опсегот, природата и особеностите на организираниот и економски криминал во регионот:

- Првото поглавје ги посочува клучните откритија и препораки во форма на резиме,

- Второто поглавје дава преглед на рамката во која е елабориран овој извештај, историјатот и целта, целосниот концепт на организираниот криминал и кус преглед на организираниот криминал и неговите најистакнати особености,

- Третото поглавје дава анализа на поголем број на области за кои се смета дека се значајни криминални пазари за проектните области од регионот – трговија со дрога, трговија со луѓе, криумчарење на лица, економски криминал, трговија на законски стоки, перење пари – и обиди да се идентификуваат структурите и начинот на кој делуваат организираните криминални групи, како и релевантните трендови (ако обезбедените податоци дозволуваат некаков вид на анализа),

- Во четвртото поглавје („Презентирање на состојбата во различните проектни области“) направен е обид да се опишат и да се направи проценка на најистакнатите закани, како во однос на нивната регионална димензија, така и поединечно за секоја проектна област, и покрај потешкотијата за изнаоѓање на веродостојни средства за вреднување и споредба на тежината на секоја закана,

- Петтото и последно поглавје претставува крај на извештајот за состојбата и во него се наведени некои препораки кои се сметаат за релевантни кога се разгледува можноста за зајакнување на напорите за борба против организираниот и економски криминал.

Организираниот и економскиот криминал бележат пораст, го прошируваат нивното поле на активности во поглед на видовите на кривични дела и преку границите, исползувајќи ги законските бизниси за озаконување на нивните криминални активности, употребувајќи висока технологија, особено за запечатување и кодирање на нивните комуникации. Организираниот криминал и другите форми на економски и тежок криминал се чини дека и понатаму ќе бидат приоритет за европските општества, особено за земјите во транзиција, какви што се земјите од Југоисточна Европа.

Извештајот има за цел да послужи како основа за заедничко разбирање на појавата на организираниот и економски криминал во Југоисточна Европа, за зајакнување на соработката меѓу проектните области, дваесетипетте земји членки на ЕУ и другите земји.

## 2.2 КОНЦЕПТОТ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Најстариот мултинационален концепт на организиран криминал (1998 година), официјално изнесен во меѓународниот обврзувачки документ е дефиницијата за заедничка акција на криминалната организација, усвоена на ниво на ЕУ[11]:

> „Криминална организација значи структурирано здружение, формирано пред извесен временски период, сочинето од две или повеќе лица, кои делуваат на организиран начин во насока на вршење на кривични дела кои се казнуваат со лишење од слобода или наредба за притвор во времетраење од најмалку четири години, или потешка казна, без оглед на тоа дали ваквите кривични дела се крајна цел сами по себе, или претставуваат начин за да се добијат материјални придобивки, и кога е соодветно, влијаат врз државните органи со што се отежнува нивната операција."

Како и да е, иако беше усвоена како Заедничка акција, никогаш не беше ратификувана во ниту една од земјите членки на ЕУ.

**Советот на Европа** – во својата Препорака (Пр. бр. 11 од 2001 година) – усвои слична дефиниција за „организирана криминална група" без притоа да го ограничи доменот на транснационалните кривични дела[12].

Конвенцијата на **Обединетите Нации** за борба против транснационалниот организиран криминал (UNTOC) може да се смета за најзначаен обид се до денешен ден глобално да се усогласи концептот на организираниот криминал. Конвенцијата влезе во сила во септември 2003 година. Се до месец јуни, 2006 година, таа е потпишана и ратификувана од страна на сите проектни области, од страна на голем број на земји членки на Советот на Европа и ЕУ (во моментов од страна на 19 земји). На овој начин, Конвенцијата е најрелевантниот правен инструмент за Европа и за регионот. UNTOC се применува за тежок криминал, корупција, перење пари и попречување на правдата, само ако кривичното дело е транснационално по карактер и ако вклучува организирана криминална група, како што е дефинирано во Конвенцијата. Согласно член 2:

> (а) „**Организирана криминална група**" значи структурирана група од три или повеќе членови, која постои одреден временски период и која делува организирано, со цел вршење на едно или повеќе криминални или кривични дела утврдени во согласност со Конвенцијата, со цел да се добијат, директно или индиректно, финансиски или друг вид на материјални придобивки;
> (б) „**Тежок криминал**" значи водење на утвредни кривични дела кои се казнуваат со максимално лишување од слобода во времетраење најмалку од четири години, или потешка казна;
> (в) „**Структурирана група**" значи група која не е случајно формирана за итно вршење на кривично дело и за која е потребно да се дефинираат формално улогите на членовите во неа, континуитетот на членството или развојната структура.

---

[11] Заедничка акција 98/733/Правда и внатрешни работи, од 21 декември 1998 година, усвоена од страна на Советот врз основа на член К.3 од Договорот за ЕУ, во која за кривично дело се смета учеството во криминална организација во земјите членки на ЕУ.

[12] Препорака Пр. бр. 11 од 2001 година на Комитетот на Министри до земјите членки која се однесува на водечките начела за борба против организираниот криминал, усвоена од страна на Комитетот на Министри на 19.09.2001 година, на 765-иот состанок на Заменицитe Министри.

Одговорите на прашалниците покажуваат дека сите проектни области ја имплементираа ваквата дефиниција за организиран криминал и организирани криминални групи во нивните национални кривични законодавства.

И понатаму спречувањето и контролирањето на организираниот криминал останува да биде двосмислен концепт, формиран преку перцепцијата на она што ја сочинува формата на криминал која претставува најголема закана за општеството и која е поттикната од различните политички и институционални интереси. Се одвива во динамичен контекст кој нуди нови можности за организираниот криминал и бара одредено ниво на приспособување како од страна на криминалците, така и од страна на агенциите за спроведување на законот. Оформен е преку општествениот, економски и политички контекст во кој тој функционира, преку сложените односи меѓу организираните криминални групи, државата и општеството. Стариот концепт на хиерархиска и строга организирана криминална група е сега веќе променет во концепт на акционерско учество на членовите во организираниот криминал, со добро развиени структури за непостојани и флуидни мрежи, употребувајќи брзи и безбедни средства за комуникација, што уште повеќе ја отежнува задачата за идентификување и анализирање на организираниот криминал.

Повременото поврзување или понекогаш погрешното толкување на концептите на организиран криминал и тероризам придонесуваат кон појава на уште една двосмисленост, од која понекогаш произлегува погрешно поврзување меѓу тероризмот и одредени методи преку кои истиот се финансира или се преземаат акции. Организираниот криминал и тероризмот се – пред се – различни концепти. Првично, организираниот криминал има за цел да обезеди финансиски или друг вид на материјални добивки, додека тероризмот се занова на недискриминирачко насилство со цел да се променат воспоставените правни и уставни наредби и политики. Најголем дел од криминалните групи и мрежи во Европа се вклучени во финансиски измами и други форми на економски криминал, производство и трговија со дрога и криумчарење и трговија со луѓе, но не и со активности кои се поврзуваат со тероризмот[13]. Како и да е, постојат одредени сличности и врски меѓу организираниот криминал и тероризмот, со тенденција тероризмот да конвергира во организиран криминал – а се повеќе и повеќе постојат добри причини за да се доведе во прашање односот меѓу организираниот криминал и економскиот криминал со светски распостранетиот тероризам, што се чини дека е особено точно за al-Qaeda[14].

Терористите имаат потреба од средства за да ги вршат нивните напади. Можноста да прибираат и да пренесуваат финансиски средства, да се снабдуваат со оружје, да регрутираат и да обучуваат кадри и да комуницираат, пред се со употреба на Интернет, е од клучно значење за нив. Сепак, постојат одредени терористички групи кои можеби ги финансираат нивните активности преку одгледувањето на дрога и нелегалната миграција, други терористи делуваат преку децентрализираните мрежи, кои, кога веќе еднаш подигнале и направиле трансфер на пари преку формални канали и други легитимни извори, како што се приватните бизниси и

---

[13] Извештај за состојбата во поглед на криминалот за 2005 година на Советот на Европа, Посебен осврт на заканите од економскиот криминал, декември 2005 година

[14] Види ја Резолуцијата 1373 на Обединетите Нации, едногласно усвоена од страна на Советот за безбедност веднаш по терористичките напади од 11 септември 2001 година во Соединетите Американски Држави, во која се дефинира тероризмот на следниов начин: „Секоја акција претставува терористички акт доколку таа е наменета да предизвика загуба на живот или тешка телесна повреда на граѓаните или невоените лица со цел да се заплаши населението или да се присили владата или некоја меѓународна организација да преземе некаква акција или да се натера истата да не презема никаква акција“.

добротворни организации, сега применуваат методи кои многу потешко можат да бидат контролирани, како што се употребата на куририте за пренос на готовина и системите за алтернативни дознаки (ARS), методи за кои понекогаш се користи терминот „подземно банкарство“.

Поради тоа што прашањето на тероризмот не е посочено во прашалникот од 2006 година, од проектните области единствено се бараше да ги применат следниве критериуми[15] при дефинирањето на криминалот или криминалните групи како „организиран криминал“:

Задолжителни критериуми:

1. Соработка на три или повеќе лица
2. За подолг временски период или за неодреден времнски период
3. Осомничени или обвинети за вршење на тешки кривични дела
4. Со цел остварување добивка и/ или моќ

Незадолжителни критериуми:

5. Доделување посебна задача или улога за секој учесник
6. Користење на одредена форма на внатрешна дисциплина и контрола
7. Употреба на насилство или други средства соодветни за заплашување
8. Влијаење врз политиката, медиумите, јавната администрација, полицијата, владеењето на правдата или економијата преку копрупција или со употреба на други средства
9. Употреба на трговски или бизнис структури
10. Вклученост во перењето пари
11. Делување на меѓународно ниво.

Покрај минималните карактеристики (задолжителни критериуми, од точка 1 до точка 4), најмалку два од незадолжителните критериуми мора да бидат применливи за да се квалификува една криминална група како организирана криминална група. Ваквиот пристап има предност, а тоа исто така значи дека можат да бидат вклучени и правните ентитети или професионалци вмешани во невообичаените и тешки форми на организиран и економски криминал.

## 2.3 ВЛАДИНА И ЕКОНОМСКА СРЕДИНА

Карактерот на државата и политичките институции се чини дека се критички, одлучувачки фактори за организираниот криминал. Општи теми, во поглед на политиката и владеењето, како и дифузијата на овластувањата и променливата улога на државата. Ваквите промени се предизвикани од завршетокот на Студената војна, најразлични закани, какви што се конфликтите во рамки на државата и етничките конфликти, меѓународниот тероризам, олеснувањето на пазарот, децентрализацијата и глобализацијата, слободното движење на лица и стоки, и како никогаш до тогаш, зголемената улога на недржавните актери, какви што се

[15] Овие критериуми се повеќе или помалку исти со оние кои се применуваат уште од 1997 година во рамки на ЕУ (ENFOPOL 35 rev 2, 6204/ 97) за годишните извештаи за состојбата со организираниот криминал во ЕУ, елаборирани од страна на Европол во последните 10 години. Како последица на ова, „Аналитичките Директиви на“ Европол и правилата за размена на информации (како што е системот 4x4x3, за вреднување и класифицирање на изворите, информациите и нивна употреба) беа исто така користени во Семинарите за обука на ОКТОПОД.

наднационалните владеачки стуктури (ЕУ, ICTY и други меѓународни институции), транснационални компании и зголеменото влијание и моќ на приватните компании за обезбедување. Таквото мешање на овластувањата покренува прашања кои се однесуваат на државните приоритети за контролирање на криминалот.

Веднаш по настаните од 11 септември 2001 година и 7 јули 2005 година, мерките против тероризмот вклучуваа зајакнување на меѓународната правна рамка за контрола на организираниот криминал. Веќе постоечките договори беа повторно утврдени, а исто така нови беа усвоени, како што се конвенциите на ЕУ, Советот на Европа и ОН, одлуките, директивите, препораките или протоколите, на пример, за перење пари и финансирање на тероризмот и организираниот криминал, трговијата со луѓе, компјутерскиот криминал[16].

Во последните години, нови европски тела беа оформени како што се Европол, Eurojust и CEPOL, се повеќе се фокусираат на полициските прашања во Југоисточна Европа, или слични тела во регионот како што е SECI Центарот. На 1 мај 2004 година, за суштински развој се смета проширувањето на ЕУ за уште десет нови земји членки, по што во 2005 година следеше воспоставувањето на новата европска агенција за гранично управување, Фронтекс.

Југоисточна Европа има свои посебности кога станува збор за предизвиците за политиката и владеењето, како што беа војните во поранешните Југословенски земји, меѓународните санкции за Србија, колапсот на албанската држава во деведесеттите години од минатиот век, независноста на Црна Гора во јуни 2006 година, и преговорите кои се во тек за идниот статус на Косово. Нови граници и држави беа создадени во деведесеттите години од минатиот век кои бараа формирање на нови институции. За да се постигне ова, како во поглед на создавање на нови институции и законодавна рамка, така и во однос на реформирање на старите, се наметнуваат големи напори за веќе постоечките институционални капацитети кои се оштетени од војната и државната каса. За оние земји кои се покажаа како најуспешни во постигнувањето, се појави потешкотија во примената на новите алатки, што беше двојно зголемено со недостатокот на техничка опрема за нивна примена. Границите на ЕУ се придвижија јужно, со што поголем акцент се стави на граничното полициско работење и усвојувањето на законодавството на ЕУ од страна на идните потенцијални земји членки од Југоисточна Европа. Постои дилема дека таквата позиција во морето на земји членки на ЕУ може да придонесе кон и без тоа несигурната позиција на регионот, која бара политика на поголема вклученост на ЕУ во регионот[17].

Иако не се соочуваат со ниту еден вид на присила која е заедничка за земјите членки, кои исто така понудија исклучителни можности за организираниот криминал да се инфилтрира во владеачките и бизнис структури, криминалците извлекоа корист од нивната конкурентска предност втемелена во долгорочните и тесни регионални и меѓународни врски, служби за обезбедување, како приватни така и државни, граничната полиција и царината. Општествата во Југоисточна Европа и понатаму продолжуваат да ја сметаат корупцјата за значаен проблем. Како што легалната трговија станува се поглобална, така станува поглобална и трговијата на класичните криминални пазари, како што е трговијата со дрога, оружје, возила, цигари, како и други нетрадиционални стоки. Имајќи ја предвид несиметричноста на човечкиот развој – фактор за појава на миграцијата – луѓето се повеќе и повеќе стануваат вредна стока, па затоа се

---

[16] Види Совет на Европа, http:// conventions.coe.int/

[17] Што се однесува до оваа дилема, види го изданието на Меѓународната заедница: *Балканот како дел од иднината на Европа*, април 2005 година

јавува криумчарењето, трговијата на луѓе и нивното злоупотребување за вршење работа или нудење сексуални активности.

Новите можности за измама, финансиски криминал, фалсификување и други форми на економски криминал нудат можност за далеку поголема заработувачка, со помалку ризици, во голема мера потпирајќи се на нејасното разликување меѓу законските економски и финансиски активности. Во Југоисточна Европа, даночните и царински измами, стапката на капитал и приватизациската измама се чини дека претставуваат проблем за постоење на поголема загриженост отколку традиционалниот криминал. Ова е резултат на тоа што пред се влијанието од економскиот криминал се чувствува во самите земји, повеќе отколку надвор од нивните граници. Разликата меѓу легитимните претпријатија кои се служат со незаконски средства во водењето на бизнисот и вршат реинвестирање преку кривични дела за стекнување на имот со цел да се одржи она што се смета за легитимна економска активност, од една страна, и формирање на организирани криминални групи за цели на вршење на економски криминал кои ќе бидат управувани на начин како бизнис компании, од друга страна, не е многу јасна. Реинвестирањето преку вршење на кривични дела за стекнување на имот, кое се јавува како последица, во законската економија е придружено со корупција и од нив произлегува сериозната загриженост во однос на довербата на јавноста во судските и владеачки институции.

Огромен дел од продуктивните економски капацитети беше уништен во војната или сериозно беше запоставен во деведесеттите година на минатиот век, постепено губејќи ги меѓународните пазари на кои тие претходно се пласирале. „Изгубената деценија" стави поголем акцент на трговијата како на законски стоки така и на незаконски, со што во значителна мера се зголеми вредноста на регионалната трговија. Порастот во поглед на криумчарењето и трговијата го следеше истиот тренд, нудејќи плодна почва за организираниот криминал, што се чини дека се претвори во клучен механизам за повторно незаконско дистрибуирање на националното богатство во регионот[18].

Промената на правата на сопственост по пат на приватизација придонесе кон еден друг клучен елемент на економскиот криминал, кога пустошењето на имотот и намерното банкротирање на претпријатијата во општествена сопственост со цел да се намали продажната цена се чини дека ја предизвика најголемата загуба на доверба на јавноста во владеачките институции. Покрај загубата на јавните приходи преку избегнување на плаќање на даноци и царина, како и измамата во набавките, приватизациската измама претставува уште поголема причина за загриженост за некои од проектните области во Југоисточна Европа.

## 2.4 ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И НЕГОВИТЕ НАЈИСТАКНАТИ ОСОБЕНОСТИ

**ИНФОРМИРАНОСТ И СОРАБОТКА**

се два клучни збора за зајакнување на борбата против организираниот и економски криминал. Покрај подобрените европски политики за борба против криминалот и формирањето на европски органи како што се Европол, Eurojust, Фронтекс, EMCDDA или OLAF и големата поддршка од страна на меѓународните институции и структури како што се Советот на Европа, ЕУ, ОН, SECI Центарот, Пактот за стабилност или Меѓународната Комисија на Балканот,

[18] Види Корупција, тероризам и организиран криминал во Југоисточна Европа (2003 година) и Пренос, криумчарење и организиран криминал, (2004 година), Центар за проучување на демократијата.

организираниот и економски криминал во проектните области се уште многу често се разгледува само на национално ниво. Со ова се унапредува ширењето и развојот на структурите и општествата на организираниот и економски криминал. Само мал дел од криминалните активности, поточно оние за кои постои наредба да бидат истражени или анализирани од гледна точка на организиран криминал, се разрешуваат и се обелоденети. Експертите сметаат дека поврзаноста меѓу организираниот криминал и пријавениот криминал (кој не ги вклучува црните бројки на криминал), може да се спореди со видливиот врв на сантата мраз.

На тој начин, разбирањето на оваа појава во голема мера зависи како од стратегиите за борба против криминалот, така и од последователните полициски приоритети засновани на забележаните закани во одредено време. Споредбената, и понатаму лошо воспоставена соработка на органите за спроведување на законот е особено присутна во Југоисточна Европа. Пред се, треба да се истакне дека постојат голем број на организирани криминални структури во Југоисточна Европа и во Европа[19] кои меѓусебно се разликуваат според нивното потекло, големина, област на делување и според некои други параметри. Организираниот криминал е во голема мера незабележлив и често пати се поврзува со легитимните бизниси. Слично како и во други делови на Европа, организираниот криминал во Југоисточна Европа ја проширува својата мрежа во однос на видовите на кривични дела и преку границите, вклучува огромна разновидност на криминални активности, се повеќе се чини дека ги соединува активностите со низок ризик со оние од висок ризик и создава лесно одржливи, меѓународни односи, кои лесно можат да се приспособат и да одговорат на новите барања, предизвици и полициски стратегии.

**ВИДОВИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**
беа пријавени од страна на проектните области во широка разнообразност, особено во поглед на криумчарењето и незаконските прекугранични активности кои го забележаа својот подем и достигнаа толку високо ниво така што се сметаат за главен криминален проблем во регионот. Најголемите криминални пазари кои ги има во најголемиот број на земји во Југоисточна Европа се:

- Трговија со дрога;
- Трговија со луѓе;
- Нелегална миграција;
- Економски криминал, како што е избегнувањето плаќање на даноци и царина, измама, криумчарење (пред се на тутун/ цигари), перење пари.

Може да се каже дека се обезбедени доволно податоци од страна на проектните области, како и податоци, информации или сознанија кои беа достапни преку други извори, во поглавјето 3 „Криминални активности“ направен е еден обид да се спроведе еден вид на анализа, или подобро речено проценка на кривичните дела и криминални сфери, како и друг обид да се добијат повеќе детали, на рамниште на проектните области, во поглавјето 4, „Презентирање на состојбата во различните проектни области “.

**ОРГАНИЗИРАНИ КРИМИНАЛНИ ГРУПИ**
стануваат се посилни поради фактот што тие секогаш ги користат новонастанатите можности и најразлични пазари исползувајќи ги трговските структури со цел да делуваат во светот на легитимните бизниси, применувајќи модерни технологии за комуницирање заради одржување и проширување на нивните национални и меѓународни контакти. Преку лажни сојузи со

[19] Организираниот криминал во Европа, концепти, модели и контролни стратегии во ЕУ и пошироко, C. Fijnaut и L. Paoli, 2004 година

меѓународни организирани криминални групи и национални, тие стануваат поопасни и се придвижуваат кон меѓународните непостојани и флуидни мрежи. Како и да е, проценките кои се однесуваат на бројот на организирани криминални групи и случаи наметнува значаен проблем. Недостатокот на детални податоци за организираните криминални групи во Југоисточна Европа е втемелен во фактот дека најголемиот број на проектни области се уште не прибираат или не пријавуваат на систематски начин податоци за организираниот криминал. Како резултат на тоа, системите за разузнавачки податоци во врска со криминалот за прибирање на податоци во врска со организираниот криминал се разликуваат во различни проектни области, а дел од нив, при пријавувањето на дело на организиран криминал сторено на различни пазари, не можеа да обезбедат податоци за организираните криминални групи кои биле вклучени во тие дела. Поради тоа, строгото идентификување на организираните криминални групи и понатаму е тешко, но подобрувањето на пооперативно ориентирани анализи на криминалните мрежи и незаконскиот тек на пари, може да биде од корист да се надминат овие проблеми.

Воглавно, се чини дека се менуваат организираните криминални групи какви што се повеќефункционалните криминални организации структурирани на етничка, хомогена или хетерогена основа. Највлијателните организирани криминални групи се локални, со многу цврсти врски во регионот, а во одредени случаи и во земјите на ЕУ. Како и да е, еднородната етничка припадност стана помалку значајна. Со исклучок на албанските етнички организирани криминални групи (кои, сепак, откако ја зајакнаа нивната улога на „извршители на криминални услуги“,поврзувајќи се со мрежите на другите националности во Југоисточна Европа започнаа да ги преземаат криминалните пазари и притоа исто така зголемено прераспоредуваа одредени активности на други организирани криминални групи), постојат пред се не многу силни здруженија а не организации кои делуваат во стилот на мафија. За многу организирани криминални групи е утврдено дека нивниот состав е мултиетнички, а проектните области пријавија локални но и нелокални организирани криминални групи кои пред се се окарактеризирани како „флуидни“, „атрактивни“, „со ќелиска структура“ и „за мрежно делување“.

Организираните криминални групи се почесто во своите редови вбројуваат професионалци како што се правни лица, сметководители, експерти за финансиски услуги и други „специјалисти“ во нивните активности. Она што е заедничко за сите организирани криминални групи или мрежи во Југоисточна Европа и понатаму, како и да е, останува перењето пари со одредено ниво на корупција (ниско или високо), со што доаѓа до поврзување на законските и незаконски структури.

Во одредени сфери на криминал, одговорите на прашалниците во некои наврати делумно или ограничено информираат за бројот, големината и составот на организираните криминални групи. Поради тоа, нивната веродостојност е во одредена мера ограничена.

Во согласност со одговорите, крајната конзервативна проценка може да биде следната, дека во 2005 година, проектните области спровеле истраги за најмалку 200 до 300 организирани криминални групи. Поради тоа што ваквите групи се разликуваат во однос на бројот на сторители (од 3 до 20, а некогаш и повеќе членови се пријавени), тешко е да се процени севкупниот број на сторители на организирани кривични дела. Според извештаите, органите за спроведување на законот, поднеле кривични обвиненија за околу 2500 сторители. Имајќи ги предвид пријавените бројки на одредени видови на криминални активности кои вообичаено се извршени од страна на организирани криминални групи, се повеќе се чини дека вистинскиот

број на организирани криминални групи и сторители може да биде двојно или тројно поголем од онаа пријавена вредност, а во некои случаи и повеќекратно зголемен.

Етничките албански организирани криминални групи според својот карактер се вообичаено локални како резултат на достојниот заеднички менталитет, клански врски ширум Југоисточна Европа и пошироко, пред се со турските организирани криминални групи, а често пати со помош од брокерските услуги на египетската средна класа, азиски и јужноамерикански картели. Некои групи имаат и национални и странски членови, пред се Италијани. Според одговорот на Албанија: во 2005 година, од 40 до 80 организирани криминални групи беа подложни на истрага (до 20 групи за недозволена трговија со дрога, до 20 групи за трговија со луѓе, околу 13 за криумчарење на лица, а нема бројки за групите кои се занимаваат со економски криминал, корупција, перење пари). Во однос на големината на организираните криминални групи, се истакнува дека бројката варира меѓу 3 и 5 лица (за трговија со луѓе) и меѓу 3 и 20 лица (недозволена трговија со дрога).

За организираните криминални групи од Босна и Херцеговина се вели дека не се од посебна етничка доминација. Иако постојат сознанија за значителен број на случаи и сторители кои се поврзани со недозволеното производство и трговија со дрога, трговија со луѓе и економски криминал (особено избегнување на плаќање даноци, фалсификување на пари, корупција и перење пари), не беа обезбедени информации за бројот на организираните криминални групи вмешани во овие кривични дела.

Хрватските организирани криминални групи се во најголем дел локални групи и воглавно се вклучени во трговијата со дрога и нелегално препродавање на истата (2005 година: од 393 случаи кои се однесуваат на продавање на наркотични дроги, во 94 случаи беше наведена вклученоста на организираните криминални групи). Се верува дека хрватските организирани криминални групи, кои не се во голема мера хиерархиски структурирани, кои се единствено доминанти на пазарите за препродавање, а за големите бизниси на недозволена трговија тие одржуваат блиски врски со организираните криминални групи на етничките Албанци, Руси и Италијани. Само 2 случаи на организиран криминал кои се однесуваат на трговија со луѓе беа пријавени, а нема ниту еден случај/ или број на групи во сите други сфери на организиран криминал, и покрај значајниот пораст од 34 проценти на криумчарење на лица и забележителното зголемување на кривичните дела врз правата на интелектуална сопственост и корупција.

„Поранешната Југословенска Република Македонија" пријави вкупен број од 20 организирани криминални групи, вообичаено нивниот состав брои од 5 до 30 криминалци, на возраст од 22 до 55 години, најголемиот број од нив Македонци.

Покрај двете регистрирани групи во сферата на криумчарењето на мигранти, ниту една друга дополнителна информација не беше дадена за тоа во кои сфери на организиран криминал и економски криминал другите 18 организирани криминални групи биле вклучени. Согласно бројките кои се однесуваат на криминалните активности, се чини пред се дека станува збор за трговија со дрога, фалсификување пари и криумчарење на лица и стоки. Општо земено, како доста слабите структури така и составот на организираните криминални групи, придонесуваат до нивно мешање, често се воспоставуваат врски врз основа на семејно сродство или блиски односи, но, стереотипот за едноетнички организирани криминални групи или групи засновани на крвно сродство е надминат, а исто така е забележителен бројот на криминалци од Албанија, Бугарија, Грција, Црна Гора и Србија.

Црна Гора за 2005 година пријави вкупен број на 14 пријави против 58 криминалци кои вршеле кривични дела во организираните криминални групи , 85 кривични дела, пред се кривично дело измама (22 случаи), криумчарење (10 случаи), недозволена трговија (10 случаи), злоупотреба на службената позиција (10 случаи), перење пари и незаконско поседување на оружје и експлозивни материи, соодветно (по 7 случаи), економски криминал (6 случаи), трговија со луѓе (3 случаи) и перење пари (2 случаи), сепак, не беше поднесена ниту една пријава во врска со организирано криумчарење на лица, корупција или компјутерски криминал.

Србија не обезбеди ниту еден нумерички податок за организираните криминални групи во прашалникот од 2006 година, со исклучок на оној еден случај на трговија со луѓе. Многу голема е веројатноста голем дел од случаите кои се пријавени да се поврзани со недозволена трговија со дрога и криумчарење на лица. Според претходните извештаи и неодамнешните информации за развојот на криминалот[20], се чини дека бројот на организираните криминални групи и криминалци и понатаму може да брои меѓу 50 до 70 групи со околу 500 членови.

Со исклучок на 3 случаи на организиран економски криминал, Косово не го пријави вкупниот број на организирани криминални групи и сознанија кои се однесуваат на големината, националната припадност и слично, на ист начин како што го направи за 2003 година и 2004 година (27 организирани криминални групи во кои се забележува бројка од 830 сторители која треба да се придодаде). Иако порастот во бројот на податоци за 2005 година се должи на бројот на кривични дела кои се однесуваат на недозволената трговија со дрога, трговија со луѓе и криумчарење на мигранти и друг вид на криминал, не беа обезбедени дополнителни информации за вклученоста на организираните криминални групи и поединци.

**НАСИЛСТВО И ЗАПЛАШУВАЊЕ**

и понатаму се користат како карактеристични начини на делување, но се повеќе на попресметан и повнимателен начин. Заплашувањето и насилството врз жртвите се составен дел на кражбите и рекетарството. Исто така, овие се типични за пазарот на дрога како средства за разрешување на ривалската нетрпеливост.

Насилството се користи за да се зајакне дисциплината во рамки на организираната криминална група или за да се спречи конкуренција меѓу групите. Се истакнува дека етничките албански групи се меѓу оние најнасилните во овој контекст, иако насилни препирки меѓу криминалците исто така се забележани и во Босна и Херцеговина и во Србија. Во поглед на трговијата со луѓе и експлоатацијата на поединците, насилството беше главниот метод за да започнат жртвите да соработуваат. Како и да е, може да се заклучи, од последните трендови, дека насилството може да го привлече непосакуваното внимание на агенциите за спроведување на законот и „да го повредат бизнисот", принудувајќи ги криминалците да изнајдат алтернативни методи за да ги приморaат жртвите да соработуваат, како што е психолошкиот притисок врз членовите на семејството, принудни бракови, обезбедување на скромни примања и подобри животни стандарди, што е пракса на трговците во Босна и Херцеговина и Косово. Сепак, проектните области регистрираа тенденција, која и понатаму расте, на влијаење врз политичките и економски структури, пред се, преку корупција. Во поголемиот број случаи, се верува дека сведоците од случаите на организиран криминал се изложени на ризик, а особено ова е точно за оние жртви кои се познати како соработници на правдата. Југоисточна Европа делумно заостанува позади другите европски земји во поглед на имплементацијата и втемеленото

[20] Совет на Европа, Извештај за состојбата со организираниот криминал за 2005 година, со фокус на заканите од економскиот криминал, декември 2005 година.

функционирање на програмите за заштита на сведоци, воглавно поради тоа што се соочува со финансиски ограничувања.

**ЗАШТИТНИ ПРАКСИ**
се сметаат за многу важен начин на делување на организираните криминални групи со цел да се заштитат од полицијата и да ја задржат нивната позиција во однос на конкурентноста на пазарот на криминал. Истите претставуваат главна причина за времетраењето и сложеноста на постапките за истрага на организираниот криминал.

Најчесто користените заштитни пракси имаат за цел да ја заштитат комуникацијата меѓу криминалците и премногу употребуваните мобилни телефони со расположиви СИМ картички, како и променливите средства за комуникација и нивното често менување, шифрирани усни и пишани пораки и кодирани податоци.

Во контекст на Југоисточна Европа, забележливи се противречностите кои постојат меѓу организираниот криминал, кој е финансиски моќен да вложи во технологијата за набљудување и комуникации, и агенциите за спроведување на законот, кои се соочуваат со многу потешки буџетски ограничувања. За среќа, во одредени случаи, криминалците се чувствуваат премногу сигурни и сметаат дека ризикот е многу мал тие да бидат откриени дека се состануваат и договараат „бизнис" на јавни места, како на пример, за прекуграничен нелегален трансфер на мигранти. Одбранбената заштита од државните органи може да вклучи контра-набљудување, поткуп, стратешко мрежно поврзување, плаќање информации или преглед на истражните органи. Офанзивните пристапи се чини дека не се во пракса, но може да вклучат активно откривање на државните службеници и членови на судството кои се под притисок, исто така применет и врз членовите на нивните семејства, создавајќи услови за уценување и за други методи, а сето ова беше истакнато преку доказите во вид на анегдоти[21], кои многу ретко, ако може ова да се каже, завршуваат со јавна истрага и обвинение. Имајќи го предвид значењето на економскиот криминал и перењето пари во сите сфери и видови на криминал, употребата на законски трговски структури од страна на организираните криминални групи, на овој начин, е овозможена преку соработката со еден или повеќе инсајдери - внатрешни лица (банкарски службеници и регистри, и слично) кои поседуваат или кои вложуваат во законските структури, и кои основаат фиктивни фирми[22].

Друг фактор, кој е посебно релевантен за сузбивање на перењето пари, е готовинската економија. Наместо да се модернизираат банкарските системи во регионот, голем дел од економските активности и финансиски трансакции се уште се врши со готовински средства. Ова може да претставува уште поголем предизвик за финансиските истраги. Секторите како што се недвижнините, продажбата на автомобили, секторот за изградба и забава, коцкањето и секс индустријата, компаниите за обезбедување, градежните изведувачи, бензинските пумпи, транспортот, компаниите за увоз и извоз, банките, и сите оние вносни можности за приватизација, се особено посакувани од страна на организираните криминални групи, имајќи предвид дека сите овие се бизниси во кои се вртат готовински средства во големи количини.

[21] Интервјуата со полицајците од регионот кои беа спроведени во периодот меѓу септември 2004 година и јуни 2005 година.

[22] Употребата на трговските структури служи за различни цели какви што се: покривање и заштита за незаконските активности; за да се обезбеди логистичка поддршка и други услуги за вршење на криминалните активности; да се олесни перењето пари; за поврзување со државните органи и другите законски структури на општеството; за учество во јавните набавки; различни бизнис интереси; контрола или монополизирање на пазарите. Види Совет на Европа (2005 година), страна 57.

Како што организираните криминални групи стануваат пософистицирани и попрофесионални, секој сектор може да се искористи, од инвестиции во вид на акции во странски компании, основање или учество во странски фондови, заеми или инвестирање во компании со цел подоцнежно профитирање и преземање на истите.

**ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА КОМПАНИИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ**
има посебно значење за безбедноста и јавната доверба во владата и органите за спроведување на законот. Приватизацијата на компаниите за обезбедување во регионот на самиот почеток на деведесеттите години од минатиот век, означува глобален тренд во кој улогите на безбедноста, кои традиционално исклучиво се подведуваат во рамки на делокругот на државата, постепено започнаа да преминуваат кај приватните актери. Поточно, непостојаната субкултура во поглед на организираниот криминал води потекло од врските меѓу службите за безбедност и криминалците, кои беа воспоставени во текот на војните во деведесеттите години од минатиот век.

Голем број на фактори создадоа можност да се појават барања за обезбедување од страна на приватни компании во Југоисточна Европа во изминатата деценија, кои се протегаат од високи стапки на криминал до корупција во јавниот сектор, лоши стандарди на полициско работење, двојно зголемени од укинувањето на заштитата на државната безбедност од новоприватизираната сопственост. Сето ова доведе до забележителен пораст на приватниот безбедносен сектор. На самите почетоци, индустријата не беше регулирана и се соочи со проблеми кои беа утврдени во други економски сектори, кои се јавија како резултат на централистички управуваната економија.

Некои делови на индустријата беа тесно поврзани со елементите на организираниот криминал[23], а исто така и во некои околности со екстремните националистички политики. Во текот на изминатата деценија, секторот започна да ја унапредува својата професионалност поради тоа што владите во регионот изготвија закони со кои се воведуваат контроли. Додека во најголемиот број на случаи, членовите на индустријата за приватно обезбедување не претставуваат директна закана за државите или за државјаните на земјите од Југоисточна Европа, голема загриженост и понатаму постои, вклучувајќи ги и случаите на неправилен криминал, политички или паравоени здруженија.

Едно истражување од неодамна, кое може да се искористи како првично упатство за лицата кои ја кројат политиката, дава проценка на состојбата во сите проектни области, ја испитува средината во која ќе се спроведе приватизацијата на безбедноста, современите безбедносни закани, услуги кои ги овозможуваат приватните компании за обезбедување, како и прописот и прегледот на приватните компании за обезбедување[24]

**ЕКОНОМСКАТА НЕСИМЕТРИЈА**
е неизбежна на глобално ниво, а исто така е присутна и во Југоисточна Европа. Динамиката на понудата и побарувачката влијае како на законскиот, така и на незаконскиот пазар, каде може да се забележи слично бизнис ориентирано однесување кога ќе се земат предвид вносните

---

[23] Види Партнери во криминалот: ризикот од симбиоза меѓу секторот за безбедност и организираниот криминал во Југоисточна Европа, Центар за проучување на демократијата (2004 година) и извештаите на ICG: Србија: вртејќи ги тркалата (2005 година).

[24] Стратегијата за мало и лесно оружје и приватниот сектор во Југоисточна Европа – Причина или последица на нестабилност, 15 август 2005 година од страна на слабо развиените земји, кои се рангирани на 143 позиција и подолу. Види УНДП Извештај за развој на човештвото, 2004 година.

можности. Процесот на економската глобализација ги менува условите не само за легалните туку исто така и за нелегалните активности. Глобализацијата може уште повеќе да ја влоши несиметричноста за која се верува дека е криминогена.

Согласно показателот за развој на човештвото изнесен во Извештајот на УНДП за 2004 година, Европа се смета дека го зазема 15 место од 20 најразвиените светски нации. Како и да е, сите земји во Југоисточна Европа, вклучително Романија, Бугарија и Турција се вбројуваат меѓу средно развиените општества. Само Хрватска може да се рамни со оние земји во кои е забележан висок показател на развој на човештвото (показател за висок развој)[25], иако разликата со останатите земји соседи не е многу голема. Така, несиметричноста меѓу Европа и најблиските нејзини соседи е забележителна, според она што го покажува следната табела.

**Табела 1: Несиметричност во развојот на општествата во Европа**[26]

| Земја | Број на население (милиони) 2006 год. | Бруто домашен приход/ капитал (US$) 2005 год. | Ранг позиција 2003 год | Индекс на корупција позиција 2005 год. | Пријавени кривични дела 2000 год. | Обвинени ја 2000 год. | Притворени лица 2004 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | На 100 000 жители во 2000 година | | |
| **Албанија** | **3.58** | **4,900** | **72** | **126** | **149** | **117** | **105** |
| **Босна и Херцеговина** | **4.49** | **6,800** | **68** | **88** | | | **67** |
| **Хрватска** | **4.49** | **11,600** | **45** | **70** | **1 597** | **403** | **68** |
| **Србија**<br>**Црна Гора** | **10.83** | **2,700** | | **97** | | | **92**<br>**108** |
| **БЈР Македонија** | **2.05** | **7,600** | **59** | **103** | ***976** | ***366** | **78** |
| **Андора** | 0.07 | 24,000 | | | | | 90 |
| **Ерменија** | 2.97 | 5,300 | 83 | 88 | 360 | 203 | 92 |
| **Австрија** | 8.19 | 32,900 | 17 | 10 | 6 891 | 512 | 100 |
| **Азербеџан** | 7.96 | 4,700 | 101 | 137 | *73 | *197 | 198 |
| **Белгија** | 10.38 | 31,900 | 9 | 19 | **8 558 | 1 446 | 88 |
| **Бугарија** | 7.38 | 9,000 | 56 | 55 | 1 779 | 388 | 127 |
| **Кипар** | 0.78 | 21,600 | 29 | 37 | 575 | **126 | 50 |
| **Република Чешка** | 10.23 | 18,100 | 31 | 47 | 3 811 | 615 | 182 |
| **Данска** | 5.45 | 33,400 | 14 | 4 | 9 447 | **767 | 70 |
| **Естонија** | 1.32 | 16,400 | 38 | 27 | 4 038 | 717 | 330 |
| **Финска** | 5.23 | 30,600 | 13 | 2 | 10 262 | 3 351 | 69 |
| **Франција** | 60.87 | 30,000 | 16 | 18 | 6 405 | 957 | 91 |
| **Грузија** | 4.66 | 3,300 | 100 | 130 | 269 | 173 | 165 |
| **Германија** | 82.42 | 29,800 | 20 | 16 | 7 616 | 1 071 | 96 |
| **Грција** | 10.68 | 22,800 | 24 | 47 | 3 482 | | 83 |
| **Унгарија** | 9.98 | 16,100 | 35 | 40 | 4 445 | 1,034 | 165 |
| **Исланд** | 0.29 | 34,900 | 2 | 1 | | *719 | 40 |

[25] Земјите кои се рангирани меѓу 1 - 55 спаѓаат во групата на високо развиени земји, додека земјите кои се рангирани меѓу 55 - 142 се сметаат за средно развиени земји, по што следат слабо развиените земји, почнувајќи од 143 место па натаму. Види УНДП Извештај за развој на човештвото, 2004 година.

[26] Извори: УНДП 2005 година, рангирање на развојот на човештвото (врз основа на образованието, животните очекувања и бруто домашниот производ во куповната моќ по глава); CIA – Светската книга со факти, 2006 година, за населението во јули 2006 година (est.) и Бруто домашниот производ по глава на жител во 2005 година (est.); Индексот на корупција на Transparency International за 2005 година; Меѓународен центар за проучување на затворите, за притворените лица, 2004 година; WODC 2003 година, со податоци за криминалот за 2000 година, ако не е поинаку назначено: *UNODC 2002 година ; **во 1999 година ; ***податоци само за Англија и Велс.

| Земја | Број на население (милиони) 2006 год. | Бруто домашен приход/ капитал (US$) 2005 год. | Ранг позици ја 2003 год | Индекс на корупција позиција 2005 год. | Пријавени кривични дела 2000 год. | Обвинени ја 2000 год. | Притворени лица 2004 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ирска** | 4.06 | 34,100 | 8 | 19 | 1 928 | 193 | 85 |
| **Италија** | 58.13 | 28,400 | 18 | 40 | **4,123 | **484 | 100 |
| **Латвија** | 2.27 | 13,000 | 48 | 51 | 2,087 | 528 | 339 |
| **Лихтенштајн** | 0.03 | 25,000 | | | | | 53 |
| **Литванија** | 3.58 | 13,900 | 39 | 44 | 2,275 | 571 | 234 |
| **Луксембург** | 0.47 | 55,600 | 4 | 13 | 5 216 | | 111 |
| **Малта** | 0.40 | 19,000 | 32 | 25 | 4 345 | | 72 |
| **Молдова** | 4.46 | 2,100 | 115 | 88 | 864 | 360 | 297 |
| **Холандија** | 16.49 | 30,600 | 12 | 11 | 8 215 | 658 | 123 |
| **Норвешка** | 4.61 | 42,400 | 1 | 8 | 3 278 | 1 427 | 65 |
| **Полска** | 38.53 | 12,700 | 36 | 70 | 3 278 | 577 | 209 |
| **Португалија** | 10.60 | 18,600 | 27 | 26 | 3 616 | 534 | 128 |
| **Романија** | 22.30 | 8,400 | 64 | 85 | 1 578 | 338 | 180 |
| **Руската Федерација** | 142.89 | 10,700 | 62 | 126 | 2 022 | 811 | 532 |
| **Словачка** | 5.43 | 15,800 | 42 | 47 | 1,642 | 399 | 164 |
| **Словенија** | 2.01 | 21,000 | 26 | 31 | 3,614 | 358 | 59 |
| **Шпанија** | 40.39 | 25,200 | 21 | 23 | 2,308 | *254 | 139 |
| **Шведска** | 9.01 | 29,800 | 6 | 6 | 13,693 | 1,338 | 75 |
| **Турција** | 70.41 | 7,900 | 94 | 65 | 712 | *1,512 | 95 |
| **Украина** | 46.71 | 6,800 | 78 | 107 | 1,126 | 470 | 415 |
| | | | | | | | |
| **Обединето Кралство** | 60.60 | 30,900 | 15 | 11 | ***9,817 | ***2,684 | ***140 |

# 3 КРИМИНАЛНИ АКТИВНОСТИ

## 3.1 ТРГОВИЈА СО ДРОГА

Меѓународниот систем за контрола на дрогата се заснова на три Конвенции на Обединетите Нации за дрога (од 1961, 1971 и 1988 година)[27], кон кои постои делумна обврзаност и со кои се ограничува употребата на неколку илјади психоактивни супстанции само за медицински и научни цели. Злоупотребата на овие супстанции, првенствено на опијатите (вклучително и хероинот), канабисот, кокаинот и кокаинскиот прав и стимулансите од видот на амфетамин (ATS- стимуланси од видот на амфетамин, вклучително и екстази, амфетамини и други синтетички стимуланси), е најголем глобален проблем. Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот во 2006 година[28] го прикажува постигнатиот напредок во минатото, но исто така истакнува и некои послаби елементи во глобалниот систем за контрола на дрогата, а најзначајно од се е снабдувањето на Авганистан со хероин, побарувачката на кокаин во Европа, и снабдувањето со канабис/побарувачката на сите пазари.

Во мултилатералниот систем за контрола на дрогата, всушност, е застапен проблемот кај 5 проценти од светското население (некои 200 милиони лица на возраст од 15 до 64 години). Од овие 5% од населението кое употребува незаконски дрога, барем еднаш годишно (годишна проценка), само околу половина од нив (2,7% од населението на возраст од 15 до 64 години) користат дрога на редовна основа, а тоа значи, најмалку еднаш месечно. Бројот на оние кои вообичаено се нарекуваат зависници од дрога или проблематични корисници на дрога е околу 25 милиони ширум светот, што е рамно на 0,6% од популацијата на возраст од 15 до 64 години. Ваквата проценка се чини дека не е многу изменета во последниве години на глобално ниво, како резултат на зголемувањата во некои земји што беше урамнотежено со намалувањето во други земји[29].

Иако поголемиот број на корисници на дрога живеат во земјите во развој, проширувањето на Европа се чини дека е најпрофитабилниот пазар на дрога во светот, ако се земе предвид куповната моќ и бројот на корисници на дрога. Близината до ваквиот пазар и значењето на „Балканските патишта“ посочуваат дека трговијата со дрога треба и понатаму да биде фокус за полицијата во Југоисточна Европа во иднина.

Европа и понатаму останува најголем пазар  за стимулативните дроги, а показателите велат дека за Европа во целост, трендот на употреба на канабис, амфетамин, екстази и кокаин

---

[27] Тоа се следните Конвенции: Единствената Конвенција за опојни droги (1961 година), Конвенцијата за психотропни супстанции (1971 година) и Конвенцијата за борба против трговијата со опојни дроги и психотропни супстанции (1988 година).

[28] Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот во 2006 година, во различни делови се однесува на бројот на регионално назначените места, но за жал, тоа не се официјално назначени места. Дефинирани се на следниов начин (само за Европа): Западна и Централна Европа: 25 земји членки на ЕУ плус EFTA плус Сан Марино и Андора; Источна Европа: Европските CIS земји; Јужна Европа: Турција и Балканските земји кои не се во ЕУ; како и да е, Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот во 2006 година, експлицитно споменува само две земји од Југоисточна Европа: Босна и Херцеговина и Црна Гора, Србија.

[29] Очигледно овде се вклучени и корисниците на различни видови на дроги. Податоци според Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот во 2006 година

продолжува да забележува пораст. Употребата на дрога во Европа и понатаму останува да биде во голема мера појава застапена меѓу младите генерации, а особено меѓу младинците.

Поголем дел од бројките кои се однесуваат на Европа се добиени преку Европскиот мониторинг центар за дрога и зависност од дрога (EMCDDA)[30], а некои клучни резултати мора да бидат потенцирани и тоа на следниов начин:

- Проценето е дека меѓу 3 и 31% на возрасни лица (на возраст од 15 до 64 години) пробале канабис барем еднаш. Врз основа на неколку прегледи, може да се направи проценка, во која ќе се назначи дека 20% или 62 милиони Европејци ја пробале оваа супстанција (во текот на нивниот живот), а 6% или 20 милиони Европејци ја користеле оваа супстанција во последните дванаесет месеци (годишна проценка);
- Синтетичките дроги се вториот вид на најчество регистрирани супстанции кои се користат во Европа, поточно екстазите на повеќе начини ги надминаат амфетамините, поради тоа што истите се втората најчесто користена дрога во Европа, по канабисот;
- Во поглед на хероинот, Европскиот мониторинг центар за дрога и зависност од дрога направи непрецизна проценка дека во просек постојат од 4 до 7 случаи на население од 1000 лица на возраст од 15 до 64 години. Актуелните пресметки велат дека најверојатно постојат меѓу 1,2 и 2,1 милиони корисници на дрога во ЕУ, од кои од 850.000 до 1.3 милиони се смета дека започнале да се инјектираат од неодамна;
- Проценката која се однесува на употребата на кокаин значително е непостојана во Европа, но повторно, постои тренд кој воглавно бележи пораст. Употребата на кокаин во ЕУ се движи меѓу 0,5 до 6% (во текот на нивниот живот), соодветно, 1% од севкупниот број на возрасни лица (минатогодишна проценка). Како и да е, треба да се истакне дека младите луѓе се почесто употребуваат кокаин (од 1 до 11,6% од севкупниот број на возрасни лица, на возраст од 15 до 34 години), што значи дека околу 3 до 3.5 милиони возрасни Европејци често употребуваат кокаин.

Бројките наведени погоре покажуваат дека, од една страна, и понатаму производството на огромни количини на дрога и трговијата со дрога останува да биде една од најчестите форми на криминал меѓу криминалните мрежи кои се стремат кон Европа во целост. Од друга страна, постојат 40 милиони, пред се млади луѓе во европските земји кои во последно време ја искусиле дрогата и претставуваат огромен пазар за продажба на дрога.

Исто така треба да се очекуваат слични бројки, барем во блиска иднина, во Југоисточна Европа[31]. Поради тоа, од суштинско значење е да се имплементираат меѓународно докажаните полициски стратегии, активности и поблиска соработка во регионот, на начин кој е идентификуван во двете стратегии на ЕУ и поврзаните Акциски планови за дрога[32].

---

[30] Годишен извештај за 2005 година на Европскиот мониторинг центар за дрога и зависност од дрога.

[31] Во Југоисточна Европа, податоците за злоупотреба на дрога се нецелосни и стари. Опијати (хероин): во Хрватска, 0.7%од населението на возраст од 15 до 64 години, Албанија со 0.5, а Црна Гора, Србија со 0.4%). Кокаин: во Хрватска, 0.2 од населението на возраст од 15 до 64 години. Канабис: Хрватска, 3.9% (на возраст од 15 до 34 години), Албанија, 2.6% (на возрасто до 15 до 24 години) и Црна Гора, Србија,0.7% (на возраст од 15 до 34 години).

[32] Стратегијата на ЕУ, 2000 – 2004 година (усвоена од страна на Советот на Европската Унија, документ 9283/00, CORDROGUE 32, Брисел, 7 јуни 2000 година) и поврзаниот Акциски план на ЕУ за дрога (2000 – 2004 година), усвоен од страна на Европската Комисија, документ COM (2001 година) 301; Стратегијата на ЕУ 2005 – 2012 година (усвоена од страна на Советот на Европската Унија, документ 15074/04, CORDROGUE 77, Брисел, 16 - 17 декември 2004 година) и поврзаниот Акциски план на ЕУ за дрога (2005 – 2008 година),

Покрај тоа, активностите кои се однесуваат на Акцискиот план за дрога меѓу ЕУ и Балканските земји, усвоен од страна на Советот на ЕУ во јуни 2003 година, исто така треба да се подобрат. Оваа политичка рамка ги надополнува трите најголеми програми за борба против дрогата на ЕУ, CADAP, SCAD и BUMAD. По многугодишно искуство во однос на контролата на дрогата, како ширум светот, а посебно во рамки на Европа, добро познато е дека исклучиво разбирливата и долгорочна стратегија може да го намали снабдувањето на дрога, како и побарувачката и трговијата.

Трговијата со дрога е значајна форма на организираниот криминал насекаде во Европа, а особено во Југоисточна Европа, со добро познатите „Балкански патишта“, кои порано беа употребувани од страна на турските организирани криминални групи за трговија на хероин, а денес, за сите видови на недозволени дроги и во рамки на „трговија со различни видови на дрога“, каде за испораките се вели дека се „коктел пратки“ и вклучуваат прекурзори, хемиски супстанции и синтетички дроги.

Воглавно, трговијата со дрога вклучува локални организирани криминални групи, составени од државјани на земјите извор или транзит. Како и да е, проектните области се повеќе пријавуваат тесни врски меѓу локалните и нелокални организирани криминални групи, како за транспорт на дрогата, така и за дистрибуција, а пораст е забележан и во вклученоста на трговците со дрога во други незаконски активности, односно трговија со луѓе. Албанските организирани криминални групи прераснаа во главни снабдувачи на растението канабис (одгледување и трговија), а им даваат поддршка на турските и колумбиски трговци на кокаин, кои во последно време се обидуваат целосно да навлезат на пазарот на кокаин, со што наметнуваат се поголема закана за ЕУ[33].

Аналитичкиот пристап, кој е даден во овој извештај, внимание посветува на секоја од главните суспстанции кои се користат. Ваквиот пристап кој се темели на проучување на одредената супстанција, концептуално гледано, е лесен за да се разбере, а исто така нуди и дополнителна предност со тоа што најголемиот број на показатели на дрога која се користи е заснован на мерките на однесување од различните супстанции. Слабоста на овој пристап е во тоа што тој не го отсликува фактот дека употребата на поли – дрогите („делчето кое одговара“во трговијата на повеќе видови на дрога) е најголемиот фактор за проблемите со дрога во Европа.

Што се однесува до аналитичките способности, алатки и други сродни организациски структури, потребно е да се наведе дека одговорите многу често беа делумни и недоволни. Се јавува потреба од понатамошна техничка помош и обука со цел да се пополнат аналитичките недостатоци, за да се подобри собирањето на податоците и системите за пријавување и да им се приближат информациите во однос на трговијата со дрога и анализите на ниво на ЕУ и ОН:

---

усвоен од страна на Европската Комисија,во јуни 2005 година (CORDROGUE 25) и следниот Акциски план на ЕУ за дрога (2009 – 2012 година)

[33] Согласно полициските информации, секоја година околу 30 тони кокаин авионски излегуваат од Албанија кои се насочени кон Европа“ и „етничките албански организирани криминални групи ја проширија својата улога и во трговијата со хероин. Се објавува дека тие контролираат 80 проценти од ваквата трговија во некои Нордиски земји и 40 проценти на трговија со хероин. Во Грција, етничките албански организирани криминални групи, во блиска соработка со грчките државјани, доминираат во трговијата со кокаин. Италија објави дека етничките Албанци разменуваат хероин за кокаин и дека се вклучени во трговијата со хероин до Обединетото Кралство“ (за повеќе детални информации види: Извештај на ОН за состојабата со организираниот криминал за 2005 година, Европол).

- Првиот чекор би можел да биде елаборацијата на националните Извештаи за состојбата во поглед на организираниот криминал на годишна основа, кои по структурата и во однос на посебностите треба да бидат слични на извештаите за состојбата во поглед на организираниот криминал на Советот на Европа или на Еуропол, со посебен осврт на трговијата со дрога;
- Исто така, втор чекор би можел да биде зајакнувањето на поддршката за глобалната програма за проценување. Оваа програма отпочна во 1998[34] година, преку UNODC, како одговор на потребата да се подобри глобалната информациска база на модели и трендови во производството, трговијата и употребата на дрогата. Исто така, се дава поддршка за развојот на собирањето на податоци со обезбедување на методолошки прибор на алатки кој ќе помогне во прибирањето на високо квалитетни податоци, како и за изградба на капацитетот за собирање на податоци на национално и регионално ниво. Методите кои се применуваат од страна на глобалната програма за проценување се развиени со цел да го поддржат прибирањето на податоците околу клучната низа на показатели за злоупотреба на дрогата, кои се утврдени од страна на земјите членки и кои може да ги најдете во вториот дел на прегледаниот Прашалник во врска со ревидираните годишни извештаи. [35]
- Третиот чекор би можел да биде понатамошното приближување на националното законодавство, особено по поглед на заштита на податоци и кривичното процедурално право кон стандардите на ЕУ, како и да се преговара за Договор за оперативна соработка со Еуропол;
- Четвртиот чекор би можел да биде да се искористи што е можно повеќе SECI Центарот заради размена на информации и заради неговите аналитички капацитети.

### 3.1.1 Стимуланси од видот на амфетамини (ATS)

Групата на стимуланси од видот на амфетамини (ATS) ги опфаќа амфетамините (амфетамин, метамфетамин), екстази (MDMA и слични супстанции) и други синтетички стимуланси (метакатинон, фентермин, фенетилин и слично). Стимулансите од видот на амфетамини пред се се произведуваат во Кина, Мијанмар и на Филипините. Глобалното производство на стимулансите од видот на амфетамини (ATS) во моментов е некаде приближно до 480 метрички тони[36], од кои, три четвртини се или метамфетамин или амфетамин, а една четвртина екстази.

Со текот на годините, со забрзаниот пораст, пазарот на стимуланси од видот на амфетамини постепено се стабилизира. Заплените се стремат кон достигнување на врвот, со што уште еднаш се покажува дека популарноста на користењето дрога во некои земји забележува намалување насекаде, што ќе доведе до реорганизација на самиот пазар, особено со експлоатирањето на земјите во транзиција со послаби полициски сили.

---

[34] Во овој контекст, UNODC исто така работеше со владите и со низа најразлични организации со цел да се утврдат показатели на норми и стандарди; за подобрување на собирањето на податоците и системите за известување, како што е глобалниот показател на незаконско тргување со дрога, кој ќе даде единствена, страндардна и споредлива мерка за целокупниот проблем во поглед на дрогата во една земја, проценка направена според големината на населението. Показателот на незаконско тргување со дрога прави комбинација од сите главни категории на незаконски дроги со тоа што ги претвора во хипотетички наречени дроги, а обемот на производство на незаконски дроги, трговија и злоупотреба во една единствена мерка за можната штета која провејува низ ланецот на пазари.

[35] Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот во 2006 година.

[36] Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот во 2006 година.

**Приказ 1: Проценка на производството на амфетамини**




Sources: UNODC estimates based on UNODC, Annual Reports Questionnaire Data / DELTA and INCB, 2005 Precursors, March 2006, UNODC, 2005 World Drug Report and UNODC, Ecstasy and Amphetamines – Global Survey 2003.

Процесот на производство, вклучително и хемиската аквизиција, синтезата, производството на таблети, пакувањето и фрлањето на отпадокот, редовно се одвоени на различни локациии. Честопати, ова вклучува соработка меѓу криминалните групи кои делуваат прекугранично со што се намалува ризикот од откривање на производствените мрежи со една локација. Вакви примери се трговијата во Белгија и Холандија, на прашак на екстази во Португалија каде се пакува прашакот во таблети, како и на прашакот на амфетамин во Обединетото Кралство за сечење и повторно пакување со лого. Истрагите во земјите членки на ЕУ, ја покажаа нивнта суштинска улога како олеснувачи во снабдувањето на хемикалии, материјали и опрема која води потекло од различните земји во Европа и пошироко.

Значително големо е производството на амфетамини исто така и во Полска, додека производството на амфетамини и екстази со различен интензитет е забележано ширум Европа, особено во Балтичките земји и во Бугарија, во која се произведуваат таблети со логото ’Кептагон’, кои во големи количини се тргуваат на Арапскиот Полуостров. Се позачестените заплени во ЕУ во текот на 2004 и 2005 година на пратки на амфетамин во вредност од 500 килограми[37] (последните заплени во Србија) прикажуваат брз пораст на овој пазар и на производството на амфетамин, на ниво на тргување кое се протега ширум Европа.

## 3.1.2 Метамфетамин

За овој вид на дрога посебно се вели дека се поврзува со здравствените и општествени проблеми. На глобално ниво, постои голема загриженост за проблемите со метамфетаминот кои постојано растат. На тој начин, производството на метамфетамин во големи количини и неговата употреба во Европа се јави како серизен проблем. И понатаму производството на метамфетамин во Европа е ограничено во голема мера само во Република Чешка, и во помала мера, во соседната Република Словачка, во некои од Балтичките земји и Молдова. Бројот на откриени лаборатории за производство на метамфетамин во Република Чешка значително се зголеми во текот на изминатата деценија, од 18 во 1995 година, на 28 во 2000 година, 188 во 2003 година и 248 во 2004 година. Голем број на откриени лаборатории исто така беа регистрирани во Молдова (136 во 2004 година), а потоа и во Република Словачка (12 во 2004 година, каде претходната година беа регистрирани само 3).

[37] Извештај за состојбата со дрога на Европол, 2006 година

Врз основа на информациите за потеклото на запленетата дрога, 88 проценти од одговорите наведоа дека тоа се европските земји во периодот меѓу 2002 и 2004 година, од што може да се увиди дека и понатаму производството на амфетамини е пред се концентрирано во Европа. Холандија, Полска и Белгија, по што следат Литванија и Естонија, Бугарија и Германија, често се наведени како главни извори на амфетамин. Во поглед на откривањето на лабораториите за производство на амфетамин, Европа регистрираше 77 проценти од сите такви лаборатории во текот на периодот меѓу 2002 и 2004 година.

Бројот на откриени лаборатории за амфетамин во Западна и Централна Европа се зголеми од 25, во просек, во текот на периодот од 1995 до 1999 година, на 35 во текот на периодот од 2000 до 2004 година (47 во 2004 година). Порастот беше дури и поголем во Источна Европа (Белорусија, Молдова, Русија и Украина), каде е регистриран пораст на бројот на откриени лаборатории од 11, во просек, во текот на периодот од 1995 до 1999 година, на 94 во текот на периодот од 2000 до 2004 година (141 во 2004 година)[38].

**Приказ 2: Потеклото на амфетаминот во периодот 2002 –2004 година**




* Number of times a country was identified by other countries as a source country for amphetamine over the 2002-04 period (n = 175), based on information provided by 40 countries

Source: UNODC, Annual Reports Questionnaire Data.

Овие податоци и последните заплени покажуваат дека постои постепено пренасочување на производството на амфетамин кон Источна и Југоисточна Европа. Проектните области треба да бидат поттикнати и понатаму да ја зајакнуваат нивната поддршка за меѓународните активности и операции, како што се оние на Европол или Меѓународниот одбор за контрола на дрогата на ОН- INCB. Ова треба да се земе предвид заедно со последните откритија кои не се потврдени, кои беа пријавени во 2006 година од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Српска (Босна и Херцеговина), посочувајќи „*дека увезените количини на супстанции кои се наменети за индустриско производство ги надминуваат индустриските потреби и дека, не ретко, нивната трговија е незаконска* “[39].

Пријавените заплени на екстази бележат пораст со 87% во 2004 година, со што е постигнат нов рекорд од 8 тони изразени во соодветна вредност во килограми, од кои 51 процент беа запленети во Европа, надминувајќи ги дури и нивоата на најголемите заплени во 2002 година со 20 проценти. Значењето на Холандија и Белгија, кои се традиционални земји од кои потекнуваат екстазите, се чини дека постепено избледува, што се должи на порастот на производството во европските земји[40].

[38] Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот, 2006 година.

[39] Информација за безбедносната состојба во Босна и Херцеговина во 2005 година.

[40] Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот, 2006 година.

Вообичаено, криумчарењето на  стимулансите од видот на амфетамини потекнува од земјите на ЕУ, но се повеќе и од одредени земји од Југоисточна Европа и Источна Европа, каде забрзано се зголемува бројот на тајни лаборатории. Имајќи ја предвид природата на пазарот за стимуланси ширум Европа, кој бележи постојан пораст, можноста за распространување на употребата на метамфетамин не може да се изостави во Југоисточна Европа, а на овој начин, ова претставува значајна област за која е потребно да се посвети посебно внимание. Тенденција на пораст на домашниот пазар на стимуланси од видот на амфетамини веќе е забележана во Србија (одговорот на проектната област наведува: „многу популарни меѓу младите лица“ и „широко распространети“), Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Косово и „поранешната Југословенска Република Македонија“, како резултат на зголемената побарувачка за овој вид на дрога, но исто така и како резултат на поагресивното снабдување, кое беше регистрирано. Покрај ова, со порастот на туризмот во Турција, таа станува значајна дестинација за екстази кои водат потекло од Западна Европа. Во овој контекст, се очекува зголемена двојна употреба на „Балкансите патишта“ за криумчарење на хероин во ЕУ и екстази од ЕУ. Производството на амфетамин со логото „Кептагон“, претходно регистрирано во Бугарија, исто така од неодамна беше регистрирано во Турција[41].

Би можело да се каже дека трговијата со хемиски прекурзори бележи пораст, кои се движат низ Балканот, а кои се наменети за производство надвор од регионот, или дека првични обиди за да се започне со производство на дрогата во регионот, се направени. Метамфетамините претставуваат се поголем проблем за Југоисточна и Источна Европа, Русија и Азија, каде има лаборатории за производство на дрога кои се движат, во многу случаи, од запад кон исток, и со хемиски прекурзори, кои воглавно се движат од исток кон западi, и во обратен редослед.

Контролата на хемиските прекурзори е навистина тежок предизвик поради тоа што овие супстанции, како што се ефедринот и хемикалиите, може да се набават на тезга како лекарства кои се достапни дури и без рецепт. Тони прекурзори се пренесуваат во регионите каде работат тајни лаборатории на релативно слободен начин, особено во земјите каде нестабилноста, корупцијата и слабите полициски сили им овозможуваат на производителите за работат без никаква опасност.

Во 2005 година, агенциите за спроведување на законот во Албанија водеа истраги за два случаи, во кои значително количество на ефедрин од Кина и од Обединетото Кралство беа запленети. Босна и Херцеговина пријавија заплена, која се случи неодамна, на 34 тони на анхидрид на оцетната киселина (хемиски прекурзор за хероин), полицијата на Србија откри трговија со хемиски прекурзори увезени од Франција, Република Чешка и Романија, кои потоа преку канали на криумчарење се пренесуваат во Бугарија и Турција. Откриени беа неколку незаконски лаоратории за производство на екстази и беа запленети два милиони екстази таблети, како и 20 тони киселина.

Треба да се поттикнат проектните области се повеќе да го исползуваат Системот на Европол за кокаин лого, кој во себе ги соединува начинот на делување, фотографските и други информации за заплена на кокаин, како и лого значките и обележјата на дрогите и нивните пакувања. Системот на Европол за кокаин лого овозможува да се идентификуваат истите особености кај различните заплени со цел да се унапреди полициската соработка и размената на информации. Годишните ажурирања на каталогот на Системот на Европол за кокаин лого се изведуваат на ЦД-а и во печатена форма.

[41] Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот, 2006 година.

### 3.1.3 Производи на канабис (хашиш, марихуана, масло на хашиш)

Во основа, производството на канабис се состои од производство на три различни производи: растението канабис (марихуана), смолата од канабис (хашиш) и маслото на канабисот. Глобалното производство на канабис во изминатите години бележи пораст и се проценува на 45.000 метрички тони (2003 година: 40.000 метрички тони, 2004 година: 42.000 метрички тони)[42]. Постојат и други показатели дека глобалното производство на канабис бележи пораст. Истовремено, бројот на корисници на канабис на глобално ниво и количините на канабис запленети од страна на полицијата се зголемени во изминатата деценија.

**Приказ 3: Производство на растението канабис (проценка)**




Sources: UNODC, World Drug Reports 2004 and 2005, UNODC, Annual Reports Questionnaire Data, Government Reports and UNODC estimates.

**Приказ 4: Заплени на растението канабис во периодот 1999-2004 година**




Source: UNODC, Annual Reports Questionnaire Data.

Европа е светски најголемиот пазар на смола од канабис, каде отпаѓаат повеќе од 70% од заплените на смола од канабис на глобално ниво во 2004 година. Во текот на периодот од 2002 до 2004 година, земјите членки го идентификуваа Мароко како главна земја на потекло, а по неа и, Пакистан и Авганистан. Учеството на Мароко, како и да е, бележи мало опаѓање, од 31% во периодот меѓу 1999 и 2003 година, на 28% во периодот од 2002 до 2004 година.

Другите земји, како значајни извори на смола од канабис ги наведоа Албанија и Холандија. Во некои случаи, не е секогаш јасно подвоено, дали смолата од канабис била произведена во овие земји, или дали таа била само набавена во овие земји, а води потекло од Мароко. Како и да е, производството на смола од канабис е најзастапено во Мароко. Прегледот од 2003 година, наведува севкупно производство на смола од околу 3060 метрички тони, која се одгледува на 134.000 хектари земјиште во регионот Риф, од страна на околу 96.600 семејства. Прегледот од 2004 година покажува намалување од 10 проценти на земјиштето на кое се одгледува канабисот (120.500 хектари), со проценето производство од 2760 метрички тони. Прегледот од 2005 година покажува понатамошно намалување од 37%, на 72.500 хектари и намалување до 1070 метрички тони, со што јасно се отсликуваат интензивните напори на органите во Мароко за борба против производството на дрога[43].

И покрај сите овие напори во Мароко, се повеќе доаѓа до израз загриженоста во Европа од негативното влијание од употребата на канабис[44]. Мароко и понатаму снабдува повеќе од 80%

[42] Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот, 2006 година.

[43] Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот, 2006 година; Извештајот за дрога на Европол, 2006 година.

[44] EMCDDA Извештај за 2005 година; Шпанија, Италија, Данска, Финска и Ирска пријавија дека скоро целата количина на смола од канабис води потекло од Мароко.

од целата смола која се употребува во Европа[45], светскиот најголем пазар на смола, кој годишно дава во просек 10 милијарди евра. Покрај тоа, исто така, Пакистан и Авганистан придонесуваат во меѓународниот пазар на смола. Проценките на запленатa на смола и употребата на истата укажуваат на постоење на долгорочен тренд на пораст во глобалното производство до 7500 метрички тони и повеќе (2004/2005 година).

Достапните податоци кои се однесуваат на побарувачката на третмани од дроги во Европа покажуваат дека канабисот е вториот по ред опијат, иако на канабисот се сведуваат само 12 проценти од сите побарувачки на третман, а целосната слика е во голема мера под влијание на состојбата во релативно мал број на земји. Покрај тоа што достапните податоци укажуваат дека околу три милиони луѓе, пред се млади момчиња, можеби користат канабис на дневна основа во Европа, која е онаа мера до која оваа група на лица може да се соочи со проблемите поради употребата на дрога, не е позната. Се предвидува сличен развој да биде забележан и во земјите од Југоисточна Европа.

Потентноста од производите на канабис се определува преку количината на тетра-хидроканабинол (ТХЦ), првата активна состојка. Според прегледите спроведени во Канада, САД и Холандија, на пример, во просек, содржината на ТХЦ (потентноста) значително се зголемува (САД: од помалку од 2% во седумдесеттите години на минатиот век до 6.3% во 2003 година)[46]. Во 2003 година, во земјите за кои постојат достапни податоци, смолата од канабис, на ниво на малопродажба, беше утврдено дека има просечна ТХЦ состојка, која се менува и се движи во рамките од 15% (Полска) до 25% (Република Словачка), додека потентноста на растението канабис се движи од 1% (Унгарија, Финска) до 20% (производство на домашно одгледано растение во Холандија) до 25% (Република Словачка[47]). Единствено Црна Гора приложи груб преглед за состојбата на трговијата со канабис од Албанија, што се смета дека е „од врвен квалитет (висок степен на ТХЦ)“.

Производството на растението канабис (марихуана) е особено многу распространето, а исто така земјите од Југоисточна Европа пријавија и одредена појава на одгледување на канабис, како на пример во Србија (2003 година: одгледување во мали размери, од 2000 стебла), на Косово (2004 година: косовската полиција и УНМИК уништија 12 полиња со канабис) и во Албанија, кој и понатаму останува да биде единствената земја во регионот која произведува производи на канабис (хашиш, марихуана и масло од хашиш) за извоз (2004 година: беа уништени околу 74.000 стебла; 2005 година: беа уништени 333.000 стебла; 2006 година: беа уништени околу 2000 стебла на канабис во текот на првите пет месеци).

Земјите на дестинација на хашиш и марихуана кои потекнуваат од Албанија се пред се Грција и Италија, но постојат и регистрирани случаи на трговија со Косово, Црна Гора, „Поранешна Југословенска Република Македонија“, и во неколку случаи, со земјите членки на ЕУ, за размена со хероин. Увозот на марихуаната е во најголем број случаи организиран од страна на криминалните групи од Колумбија, Јамајка, Јужна Африка, Нигерија и Албанија. Албанските организирани криминални групи се претворија во најголеми снабдувачи на растението канабис. Поголеми количини на хашиш и марихуана воглавно пристигнуваат по поморски пат, преку меѓународни канали на криумчарење (контејнери) од земјите од Северна и Западна Африка до италијанските и словенечки пристаништа и од таму до проектните области, по

---

[45] Европол, Извештај за состојбата со организираниот криминал во ЕУ за 2005 година, октомври 2005 година.

[46] Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот во 2006 година.

[47] EMCDDA Годишен вештај

копнен пат. Исто така хашишот и марихуаната пристигнуваат и по прекуморски патишта од Албанија или директно од земјите на Јужна Америка до морските пристаништа во Хрватска, за нивна понатамошна дистрибуција („поморски канали на ʹБалканските патиштаʹ"). Транспортот на хашишот и марихуаната по копнен пат пред се се изведува од Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија.

**Приказ 5: Заплена на канабис (Кг во просек годишно)**




Извор:Оддел за дрога и криминал на Обединетите Нации (UNODC)

Во поглед на побарувачката, најверојатно, Европа е најпрофитабилниот пазар за канабис во светот. Близината до ваквиот пазар и значењето на „Балканските патишта" посочуваат дека трговијата со дрога треба и понатаму да биде фокус за полицијата во Југоисточна Европа во иднина. Незаконските производи на канабис се најшироко распространети дроги во сите земји на регионот, и во најголем дел од проектните области, тие се сметаат за најголем проблем.

### 3.1.4 Одгледување на семе на опиум и производство на хероин

Во 2005 година, експертите забележаа неколку позитивни развои: севкупната површина на која се одгледува семето на опиумот се намали, како и глобалното производство на опиум, додека глобалните заплени на опијатите (хероин, морфиум и опиум) се зголемија, особено во Југоисточна Европа. Ширум светот, проценетата површина на која се одгледува семето на опиумот се намали дури до 22 проценти (од 195.940 хектари на 151.500 хектари), пред се како резултат на намалувањето на одгледувањето во трите главни земји извор на опиум[48]. Постои проценка за глобалното производство на опиум, која изнесува 4620 метрички тони.

Авганистан учествува со најголем дел: 4100 метрички тони (89 проценти), кои беа произведени во главната земја извор во Европа. Во минатото, Авганистан цврсто го зголеми производството на опиум во периодот меѓу 2002 и 2005 година[49], дури надминувајќи ги претходните вредности во производството, пред Талибанците да стават крај на одгледувањето на семето, со што драстично беа уништени површините за одгледување кон крајот на 2000 година и пролетта 2001 година. Одгледувањето на семето на опиум и понатаму продолжува да се шири во Авганистан, посочувајќи дека пост – талибанските напори за контрола на дрогата од страна на меѓународната заедница се уште не се доведени до задоволителното ниво на успешност. За

[48] Авганистан, Муанмар и Народната демократска Република Лаос.

[49] Извештај на UNODC за состојбата со дрогата во светот во 2006 година; во 2004 годин, 67 проценти од глобалното одгледување на семето на опиумот се сведува во Авганистан.

околу половина милион луѓе се верува дека се вмешани во трговијата со опијати во Авганистан, од што е направена проценка на прометот од повеќе од 40 милијарди долари годишно.

Иако, UNODC проценува дека во Авганистан, површината на која се одгледува семето се намали за прв пат од 2001 година до 21 процент, од 131.00 хектари (2004 година) на 104.000 хектари (2005 година)[50], сега, нивоата на севкупното производство на опиум се намалени незначително[51]. Многу загрижува фактот дека одгледувањето на семето на опиум се воведува и во претходно незагрозените области, а сега може да се најде и во сите 34 општини на земјата. Покрај тоа, националниот тренд ги маскира забележителните разлики меѓу општините. Иако может да се забележат остри падови во некои општини (на пример, Нангархар, од 28.213 хектари до 1093 хектари), одгледувањето се зголеми во други (на пример, Кандахар, од 4959 хектари на 12.989 хектари).

Анализирајќи ги долгорочните опсервации презентирани од страна на UNODC, последните намалувања не треба да се истакнуваат премногу: променливоста на статистичките податоци кои се однесуваат на криминалот, какви што се „разнишаните“ бројки кои бараат одржливи програми и предизвиците кои се овде вклучени во претворањето на едногодишното намалување во долгорочен пад, структурни промени.

UNODC проценува дека 72 проценти од опиумот се преработува во хероин во Авганистан. Во 2005 година, околу 410 метрички тони на хероин беа произведени, најголемиот дел упатени кон Европа и Русија[52]. Околу 10.000 тони хемикалии, вклучително и 1000 тони анхидридна оцетна киселина се потребни за овој процес. Агенцијата за контрола на дрогата во Таџикистан проценува дека постојат повеќе од 400 лаборатории за хероин во Авганистан, од кои, 80 се лоцирани долж границата со Таџикистан[53]. Скоро целото количество на хероин кој се конзумира во Европа е во основа добиен од опиум од Авганистан (90%), за кој, „Балканските патишта “ и понатаму се сметаат за главни канали за трговија.

Во трговијата со хероин кон земјите на ЕУ и понатаму доминираат турските криминални групи и групите кои се поврзуваат со нив. Овие групи ги користат олеснувачите во Југозападна Азија преку кои се поврзуваат со домашните криминалци или брокери, кои можат да набават големи количини на хероин директно од земјите на потекло. Многу ретко пратките на хероин патуваат непрекинато од Авганистан до Европа; истите ги купуваат и продаваат различни криминални групи во текот на нивната испорака[54]. Општо земено, брзиот пораст на трговијата со стоки и патници во Европа ги намалува ризиците и резултира во поголеми инвестиции за трговците на дрога, кои особено се придржуваат кон мотото на претприемачи: “низок степен на ризик – поголем профит′.

Додека се чека да продолжи транспортот кон Западна Европа, хероинот често пати останува во земјите по должината на „Балканските патишта“. Двојната употреба на „Балканските патишта“

---

[50] Во споредба со податоците од 2004 година, ова може да се нарече годишно намалување, но во споредба со околу 80.000 хектари во 2003 година, некои 104.000 хектари, сепак и понатаму е премногу високо ниво.

[51] Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот во 2006 година; и покрај 21% намалување на одгледувањето на семе, поволните услови за пораст се јавија како резултат на поголемиот род на опиум, што доведе до севкупно намалување на производството за само 2%.

[52] Извештај на UNODC за состојбата со дрогата во светот во 2006 година

[53] Извештај за состојбата со дрога на Европол, 2006 година

[54] Извештај за состојбата со дрога на Европол, 2006 година

за криумчарење на хероин до земјите на ЕУ и екстази од земјите на ЕУ треба да се истакне[55]. Албанија е одредена да биде една од најзначајните транзитни земји за трговија со хероин од Авганистан преку Турција и другите земји во Југоисточна Европа, наспроти бројките кои посочуваат пораст или опаѓање (2004 година: 91 случај со 152 сторители; 2005 година: 67 случаи со 116 сторители).

Соодносот со заплената на опијати, изразен во хероин, по должината на маршрутата за трговија од Авганистан до Европа е зголемен од 78 проценти на 85 проценти во периодот меѓу 2002 и 2004 година, одразувајќи се на порастот на нивото на производство на опиум во Авганистан и нивоата на трговија со опиум од таа земја, кои бележат пораст.

Етничките албански криминални групи[56] и понатаму ја имаат клучната улога, имено, во големопродажбата и дистрибуцијата на хероин во Европа. Турција и понатаму останува да биде главен коридор за трговија со хероин кон ЕУ, како резултат на нејзината географска положба. Земјата служи како почетна точка на „Балканските патишта". Најголемото количество на хероин од Југозападна Азија доаѓа до Европа преку овие патишта.

Албанските криминалци увезуваат хероин преку блиската соработка која ја остваруваат со трговците од Турција, Македонија и Косово. Вообичаено, транспортот е организиран да се изврши со камиони, автобуси и автомобили преку две копнени патеки, или преку Турција - Бугарија – „Поранешна Југословенска Република Македонија" – Албанија, или преку Турција - Бугарија – „Поранешна Југословенска Република Македонија" – Косово – Албанија. Поголемиот дел од хероинот понатаму се пренесува во Грција, Италија и Босна и Херцеговина (која не обезеди информации за 2005/ 2006 година), Хрватска, Косово, Црна Гора, Србија, па дури и за пазарите во другите земји членки на ЕУ.

Само мал дел од хероинот, пред се, оној со послаб квалитет останува во Албанија за зголемените потреби на домашниот пазар. „Поранешна Југословенска Република Македонија" дава проценка на количината на хероин кој се конзумира годишно од околу 300 килограми. Црна Гора забележа дека хероинот на домашниот пазар обично е распространет и измешан со најразлични видови на супстанции. Хероинот е вториот најраспространет вид на дрога кој е присутен на пазарите во Србија, најголемиот дел доаѓа од Косово, каде е регистрирано дека хероинот е најзастапениот вид на дрога. Криумчарењето на хемиски прекурзори во Авганистан, кои се користат во незаконското производство на хероин, е другото лице на овој „нечист" бизнис. Заплената на 34 тони на анхидридна оцетна киселина (хемиски прекурзор за добивање хероин), пријавена од страна на Босна и Херцеговина во 2005 година сведочи за постоењето на трговија со хемиски прекурзори, кои се користат за производство на дроги кои се пренесуваат преку Југоисточна Европа.

И покрај сите преземени напори до сега, и успешните регистрирани заплени, согласно проценетата огромна количина на хероин која нелегално минува низ Југоисточна Европа, запленитe и понатаму се на минимално ниво.

Како последица од овој развој, UNODC, за прв пат, ги етикетираше земјите од Југоисточна Европа во својот Извештај за состојбата со дрога во светот од 2006 година, како земји во кои може

[55] Извештај за состојбата со дрога на Европол, 2006 година

[56] Во овој контекст, „албански" се однесува на лицата кои се идентификуваат себе си како такви, врз основа на нивната култура, историја, јазик, традиција или лица кои имаат такво потекло, без оглед на тоа дали живеат во Албанија, Косово, Црна Гора, Србија или било каде на друго место.

да се забележи „мал пораст“ во употребата на хероин и други опијати. Ова имаше особено големо влијание врз Европа и на Балканот, не само во поглед на достапноста на хероинот, туку исто така и во поглед на безбедноста и стабилноста, како и вeродостојноста на меѓународната заедница во врска со реконструирањето на ранливите пост - воени општества.
Проценките за употреба на дрога кои преовладуваат во одредено време се нееднакви и не овозможуваат да се идентификуваат среднорочните трендови. Слично на новите земји членки на ЕУ, земјите од Југоисточна Европа се чини дека се соочија со проблемите со хероин подоцна и имаат помалку флуидна состојба. Во најголемиот број на проектни области, хероинот и понатаму продолжува да биде основната дрога од која клиентите бараат соодветен третман. Според здравствените органи во Македонија, секоја година, меѓу 600 и 700 поединци бараат медицинска помош од употреба на дрога. Според податоците од Албанија, од центрите за третмани од зависности од дрога, во 2000 година, 968 лица побарале третман, додека во 2003 година, бројот се зголемил на 1360 лица. Последниот одговор во прашалникот од 2006 година не наведува бројки, но се вели дека е постигнат голем пораст во бројот на лица кои бараат третман. Покрај новите бројки[57], ниту една друга проектна област не обезбеди никаков статистички материјал.

## 3.1.5 Кокаин

Кокаинот се произведува од листовите на коката која се одгледува во Јужна Америка. Површината на која се одгледува коката (159.600 хектари) остана да биде стабилна во голема мера во текот на 2005 година а само 28% под највисокото ниво кое беше регистрирано во 2000 година (221.300 хектари). Во голема мера коката и понатаму се одгледува во Колумбија (54 проценти), по што следи Перу (30%) и Боливија (16%)[58].

Иако пред се е наменет за пазарот во Северна Америка, голем дел од кокаинот се пренесува нелегално од Јужна Америка во Европа преку Атланскиот Океан, очигледно по воздушен пат или по прекуморските маршрути, воглавно преку Шпанија и Холандија, додека кокаинот доаѓа во Југоисточна Европа преку пристаништата во Јадранското море и по копнени патишта како од Север така и од Југ. Траектите, карго бродовите и бродовите за контејнери и понатаму се најчестите и најповолни превозни средства за пренос на дрогата низ регионот, но трговците исто така може да користат и воздухоплови за воздушно испуштање на пратките во меѓународните води. Во 2005 година, колумбиските органи дури пријавија заплена на подморница која се уште не била целосно произведена[59].

Глобалното производство на кокаин во голема мера остана непроменето во 2005 година и практично е на исто рамниште во споредба со рамништето од пред една деценија. Можното производство на кокаин достигна 910 метрички тони во 2005 година. Можното производство на кокаин во Перу се искачи до 180 метрички тони во 2005 година, а до 90 метрички тони во Боливија. Како резултат на подобрата соработка меѓу службите за спроведување на законот и зголемената размена на разузнавачки информации, забележан е постојан пораст на бројот на заплени на кокаин: 34%во 2003 година и 18% во 2004 година (588 метрички тони), највисоката бројка која некогаш е регистрирана. Показателите предвидуваат дека ваквиот тренд кој траеше во 2005 година, најверојатно ќе продолжи и во 2006 година.

---

[57] Денес, во Албанија, цената на хероинот се движи од 11.000 до 14.000 Евра за килограм. Добивката на македонскиот пазар се движи меѓу 10 до 12 милиони Евра.
[58] Извештај на UNODC за состојбата со дрогата во светот во 2006 година.
[59] Извештај за состојбата со дрога на Европол, 2006 година; Овој пловен објект ќе можеше да пренесува 15 тони кокаин преку Карипското Море.

Глобалната употреба на кокаин се намалува незабележително. Како и да е, спротивно на развоите во Канада или во Соединетите Американски Држави, каде, од неодамна објавената студија на застапеност наменета за учениците средношколци покажува дека, кокаинот и прашакот од кокаинот, на годишна основа, за 2005 година бележат опаѓање[60], употребата на кокаинот во Европа и понатаму расте. Употребата на кокаинот во Западна и Централна Европа (1.1 проценти од населението на возраст од 15 до 64 години) е се уште пониска отколку во Северна Америка (2.3 проценти), но трендот во Европа бележи зголемување. Скоро 25 проценти од конзументите на кокаин во светот (повеќе од 3 милиони луѓе) живеат во Западна и Централна Европа. Побарувањата за третман од кокаин се повеќе се зголемуваат. Иако постојано се забележуваат варијации меѓу земјите, на кокаинот отпаѓаат околу 10 проценти од сите побарувања за третмани ширум Европа. Употребата на прашак на кокаин, вид на дрога кој особено се поврзува со здравствените и други проблеми, останува во ограничени количини во Европа.

Кокаинот стига во сите проектни области пред се по воздушен пат, скриен во багажот и облеката, со пловните објекти и бродови, или преку услугите на брзата пошта.

Трговијата со кокаин која ги користи поморските патишта (пристаништата во Грција, Црна Гора, Хрватска, Албанија и Италија), вообичаено вклучува поголеми количини (и подобра квалитет) на овој вид на опојна дрога. Поголемите трансфери на кокаин пред се имаат транзитен карактер, се пренесуваат преку копнените патишта со камиони, често спакувани во шишиња, наменети за пазарите на ЕУ.

Да утврдиме, во Албанија цената на кокаинот е околу 35.000 Евра за килограм. Српската полиција во заедничка истражна операција со другите полициски сили, пред се италијанските органи за спроведување на законот, помогнаат да се запленат 200 килограми кокаин (190 килограми беа запленети во Италија, додека 10 килограми беа запленети во Србија). Криминалните групи вклучени во трговијата со кокаин се добро организирани и користат ефикасни стратегии за транспорт.

### 3.1.6 Дрогата и криминалот

На европско рамниште, споредливи податоци за повеќето аспекти на поврзаност меѓу дрогата и криминалот во голема мера недостасуваат. Главен исклучок овде се законските кривични дела кои се однесуваат на дрога кои се регистрирани како кривични дела против законодавството за контрола на дрогата. Иако споредби меѓу земјите е пожелно да се прават, но со особено внимание, се чини дека во последните години на деведесеттите години од минатиот век и 2003 година, законските кривични дела кои се однесуваат на дрога се зголемија во многу земји на ЕУ и дека земјите од Југоисточна Европа извлекоа особена корист од ваквиот развој. Сите Кривични Законици во проектните области усвојуваат соодветни закони за борба против дрогата.

Малку се знае за цените, заработката и користењето на имотот стекнат преку вршење на кривични дела, основите за идни истраги, на пример, во перењето пари или конфискациите. Имајќи го предвид фактот дека од производството на дрога, трговијата и уличната продажба се

[60] Извештај на UNODC за состојбата со дрогата во светот во 2006 година; Според овој преглед, стапките на застапеност на кокаинот се за некои 20% пониски отколку во 1998 година.

добиваат милијарди Евра (или американски долари), се чини дека се уште постои поле за постигнување подобри резултати од страна на полицијата.

Србија ја наведе најголемата организирана криминална група, „Земунскиот клан"[61], кој имаше шест свои подгрупи кои ја покриваат продажбата и нивните сопствени дилерски мрежи. Водачите на кланот ги вложија нивните имоти, проценети на стотици милиони Евра во вид на подвижен и недвижен имот и луксузни предмети. Со цел да го обезбедат нивниот бизнис, употребувајќи ги нивните огромни финансиски моќи, проценети на стотици милиони Евра, кланот ги подмитуваше службените лица кои работат во судовите и во полицијата, и беа оснивачи на медиум преку кој вршеа влијание на јавното мислење. Нелегално стекнатиот имот се чини дека е вложен во приватизацијата, недвижнините, трговските бизниси и слично. Добивката од македонскиот пазар се чини дека се движи во рамките од 10 до 12 милиони Евра. Севкупната добивка од кривичните дела кои се однесуваат на дрога не може да се одреди прецизно, поради тоа што нема податоци за истрагите на кривичните дела на перење пари.

Хрватските криминални групи вклучуваат структури од мешан состав, честопати предводени од лице со криминално досие. Дисциплината се зајакнува пред се преку закани и насилства со цел да ги приморaат клиентите да ги платат своите долгови и со затајување на заработката од вршењето на кривичните дела. Членовите покажуваат наклонетост кон вршење други кривични дела, какви што се криумчарењето на оружје и цигари, и изнуда. Приходите во најголема мера се трошат на подвижен и недвижен имот, како што се агенциите за недвижнини на туристички локации и луксузниот животен стил. Хрватската полиција посочува дека организираните криминалци користат најразлични начини за да ги заштитат нивните активности, како што е контра – разузнавањето, зачестената употреба на шифрирани пораки и искази во текот на телефорнските разговори и е – mail комуникациите, често менување на при-пејд телефонските картички, транснационални активности, незанокски трансфери за нелегално добиените пари во банките надвор од државните граници и во странските земји.

Според органите во Албанија, вредноста на произведената или тргувана дрога преку Албанија изнесува околу 50 милиони Евра годишно.

### 3.1.7 Дрогата и СИДАТА

Кон крајот на 2005 година, направена е проценка во која се истакнува дека 38,6 милиони луѓе ширум светот се заболени и живеат со ХИВ/СИДА. Во текот на истата година, беше регистрирана проценката на нови 4,1 милиони инфекции, а 2,8 милиони починати лица. Една третина од луѓето кои се заболени од ХИВ/СИДА се на возраст од 15 до 24 години. Употребата на дрога со вбризгување претставува најголемата сила која ја движи епидемијата, на што се сведуваат 5% на пренесување на ХИВ вирусот[62]. Превентивни активности за ограничување на ширењето на ХИВ/СИДАТА меѓу оние корисници на дрога кои се боцкаат со игли, и преку нив, на нивните партнери, деца и на поширокото население се од суштинско значење.

Пред се, постоењето на СИДАта како резултат на инјектирањето на дрога бележи намалување веќе некое време. Хетеросексуалните контакти сега го заземаат местото на употребата на droги преку инјектирање и претставуваат најголем ризичен фактор за развојот на СИДАта во Европа.

[61] Земун е општина во Белград.

[62] UNODC, Злоупотреба и побарувачка на дрога, јуни 2006 година.

Ова може да се смета дека е резултат на се поголемата достапност на високо активната антиретровирална терапија (HAART) уште од 1996 година во најголемиот дел на земји на ЕУ кои се под влијание. Како и да е, покриеноста се смета дека е слаба во поголем број на Балтички и Јужноевропски земји. Несомнено, ова може да се одрази со пораст на бројот на новите случаи на СИДА меѓу лицата корисници на дрога преку инјектирање во некои од земјите во овие области. Многу малку информации беа обезбедени од страна на проектните области за ова прашање. Потребата за понатамошна внимателност треба да се истакне.

Во последните години, Европа и Централна Азија се соочија со најбрзиот пораст на епидемијата на ХИВ/ СИДА на светско рамниште. Сепак, во земјите на Југоисточна Европа, стапката на застапеност на ХИВ е под 0.,1%, што ги вбројува меѓу земјите со најниска стапка. Ова може да се должи на ниското ниво на инфекции меѓу населението или делумно како резултат на несоодветните системи за набљудување. Сите најголеми фактори кои придонесуваат за појава на епидемијата на ХИВ/СИДА се присутни во овој регион. ХИВ вирусот и СИДАта непропорционално влијаат врз младината (80% од ХИВ инфицираните лица се на возраст до 30 години или помлади)[63]. Во најголемиот број на земји, многу младо население е заразено како резултат на процесот на општествена транзиција, војни, невработеност и други фактори. Меѓу младите лица, се повеќе се употребува дрогата, а се јавува и сексуално ризичното однесување.

Поради тоа, се очекува бројот на случаи на ХИВ во сите проектни области да се зголеми, како што е и досега случај, особено во Србија. Појавата на Хепатитот Ц исто така очигледно се зголеми, што укажува на фактот дека се повеќе се практикува размената на инфицирани игли меѓу корисниците на дрога со инјектирање.

Покрај страдањата на луѓето, епидемијата на ХИВ/СИДА може да има огромно влијание врз трошоците за грижа на поединците, домаќинствата, здравствените служби и општеството во целост. Студијата на Светската банка откри слаби системи за јавно здравство и недостатоци во капацитетие за финансирање и во институционалните капацитети кои се неопходни за да се имплементираат стратегиите за борба против ХИВ/ СИДАта засновани на докази и профитабилност. Политичката заложба мора да придонесе да се зајакне итното преземање на акции. Превентивните интервенции се профитабилни и, пред се, достапни за ресурсите во рамки на една земја.

**Табела 2: Заплени на дрога на „Балканските патишта“ во периодот од 1998 до 2004 година, во килограми и единици (парчиња)**

| **Земја** | Вид дрога | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004* | 2005 | 2006 (првите 5 месеци) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Албанија | **Хероин** | **47.000** | **4.500** | **71.714** | **114.475** | 155.925 | **40.9** | **77.6** |
| | **Кокаин** | **4.000** | **0.266** | **0.006** | **1.286** | 2.4 | **2.8** | **1.0** |
| | **Растение канабис** | **6604.0** | **6915.0** | **13717.899** | **7760.170** | 4544.154 (марихуана)<br>73757(стебла) | **8,332.0**<br>**332,186+ стебла** | **379.9**<br>**1,915 + стебла** |

[63] Светска банка, ХИВ/СИДАта во земјите од Западен Балкан, октомври 2005 година, од 1 до 199 страна.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Смола од канабис | - | - | - | - | 1.185 | | |
| | Екстази | - | - | - | - | 10 ед. | | |
| | Амфетамини | - | - | 10 ед. | 50 ед. | - | | |
| Босна и Херцеговина | Хероин | 0.375 | 1.900 | 3.265 | - | 5.036 | 68.53 | |
| | Кокаин | 164.392 | - | 0.240 | - | - | 30.86 | |
| | Растение канабис | 127.982 | 467.585 | 919.545 | - | 168.192 | 318.51+ 1,956 стебла | |
| | Смола од канабис | - | 0.060 | - | - | - | 11.86 | |
| | Екстази | - | - | 1212 ед. | - | - | 3,387 | |
| | Амфетамини | - | - | 117.000 | - | - | 4.71 | |
| Хрватска | Хероин | 7.041 | 19.569 | 46.359 | 85.727 | 114.4 | 27.1 | |
| | Кокаин | 913.127 | 1.487 | 3.365 | 380.769 | 17.6 | 9.0 | |
| | Растение канабис | 797.501 | 737.911 | 608.070 | 435.037 | 428.2 | 983.2 | |
| | Смола од канабис | 1.041 | 4.559 | 2.107 | 2.281 | 5.9 | 53.4 | |
| | Екстази | 9979 ед. | 12906ед | 110632е | 29840ед | 27.048ед | 33.601ед | |
| | Амфетамини | 2.124 | 0.931 | 28.026 | 3.814 | 7.2 | 14.3 | |
| „Поранешна Југословенска Република Македонија” | Хероин | 90.789 | 110.882 | 28.572 | 66.145 | 242.000 | 69.3 | |
| | Кокаин | 4.689 | 5.860 | 0.342 | 0.342 | 0.131 | 11.0 | |
| | Растение канабис | 1333.399 | 99.115 | 29.234 | 180.681 | 550.000 | 203.2 + 3,077 стебла | |
| | Смола од канабис | 427.519 | 309.846 | 258.406 | 423.564 | - | 3.2 | |
| | Екстази | 280 ед. | 45 ед. | 0.002 kg 18341 ед | - | - | 2.857ед | |
| | Амфетамини | - | - | 7.015 | - | - | 1.8 | |
| Србија и Црна Гора | Хероин | - | 62.518 | 43.462 | 262,995.0 | 469.604 | 342.010 | |
| Црна Гора[64] | Кокаин | - | 3.723 | 1.962 | 5,336.1 | 15,468.0 | 5,321.0 | |
| | Растение канабис | - | 1230.224 | 774,284 | 1464.955 | 3901,870 | 1142,004 | |
| | Смола од канабис | - | 4.534 | 6.814 | 648.1 | 3,350.1 | 8,020 | |
| | Екстази | - | 0.079 kg 10811 ед | 10000 ед | 76,194ед | 9,260 ед | 7,539 ед | |
| | Амфетамини | - | 0.087 | - | 113.1 kg | 6.1 kg | 1.1 kg | |
| Црна Гора | Хероин | | | | | | 17.6 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кокаин | | | | | | 0.03 | |
| | Растение канабис | | | | | | 367.5 | |
| | Смола од канабис | | | | | | 10.5 | |
| | Екстази | | | | | | | |
| | Амфетамини | | | | | | | |
| Косово | Хероин | - | 0.82 | 6.11 | 46.78 | 23.28 | 36.48 | 5.81 |
| | Кокаин | - | 0.04 | 1.41 | 8.48 | 0.01 | 3.79 | |
| | Растение канабис | - | 30.72 | 48.05 | 30.82 | 23.29 + 7,983 стебла | 55.30 + 31,158 стебла | 16.16 |
| | Смола од канабис | - | - | - | - | 0.95 | 0.21 | 0.26 |
| | Екстази | - | 4 ед. | 50 ед. | 40 ед. | 56 ед. | 39.5 ед | |
| | Амфетамини | - | 0.03 | 0.02 | - | 12.0 | 13.12 | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

*Податоци за 1998-2004 година извадена од Извештајот на UNODC за состојбата со дрогата во светот, 2005 година. Податоци за 2004 година земени од Извештаите на Министерството за надворешни работи на САД за Меѓународната стратегија за контрола на опојните droги за 2003 и 2004 година, делумно, како и податоци за 2005 – 2006 година, извадени од одговорите на проектните области на прашалникот од 2006 година (види го поглавјето 4).

## 3.2 ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ[65]

Последниот извештај истакнува дека се уште постои недостаток на информации во однос на опсегот на овој вид на криминал и дека напорите за борба против трговијата до сега се покажаа во поголема или во помала мера дека се некоординирани и неефикасни[66]. Трговијата со луѓе е на агендите на Владите на многу Европски земји веќе неколку години. Ова се одразува, меѓу другото, во бројот на меѓународни конвенции и одлуки усвоени во последните години:

- Конвенцијата за правата на децата (1990 година),[67];
- Конвенцијата на Европол (1998 година)[68];
- Работната група на Пактот за стабилност за трговија со луѓе [SPTF] (2000 година)[69];
- Препораките на Комитетот на Министри за "Преземање акции против трговијата со луѓе заради цели на експлоатација" (2000 година) и за "Заштита на децата од сексуална експлоатација"(2001 година)[70];
- Директивата на Советот на Европа за надополнување на одредбите од член 26 од Конвенцијата за имплементирање на Шенген Договорот од 14 јуни 1985 година "Одговорност на превозниците" (2001 година)[71];
- Рамковна Одлука на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе (2002 година)[72];
- Незадолжителен Протокол кон Конвенцијата за правата на децата од нивна продажба (2002 година)[73];
- Европска потерница за апсење (екстрадиција) (2002 година)[74];
- UNOHCHR, Начела и упатства кои се препорачуваат во однос на човековите права и трговија со луѓе (2002 година)[75];
- Акцискиот план на ОБСЕ за борба против трговијата со луѓе (2003 година)[76];
- 'Протокол за трговија' кон Конвенцијата на UNTOC (2003 година)[77];

---

[65] Во овој извештај, намерно, не се посочени прашањата за незаконско усвојување на деца, трговија со човечки органи или детска порнографија; кои се аспекти на трговијата со луѓе.

[66] Извештајот на UNODC за „Трговија со луѓе: Глобални трендови", објавена на 24 април 2006 година.

[67] Конвенција на ОН за правата на детето, усвоена од страна на Генералното собрание со резолуцијата 44/25 од 20 ноември 1989 година, влезена на сила на 2 септември 1990 година. Земјите пристапнички кон ЕУ, Бугарија и Романија, и земјите кандидати за влез во ЕУ, Хрватска и Турција веќе го потпишаа и го ратификува овој Протокол.

[68] Конвенцијата, заснована на член К.3 од Договорот за ЕУ, за воспоставување на Европската полициска канцеларија (Конвенцијата за Европол), Анекс, член 2, 1998 година.

[69] SPTF беше оформена со цел да поттикне и да ја зајакни соработката меѓу земјите од Југоистична Европа (SEE), под закрила на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), за жал, документираните активности прекинаа во 2004 година.

[70] Совет на Европа, Пр. бр. (2000) 11 и Пр. бр. (2001) 16.

[71] Директива на Советот на Европа 2001/51/EC, OJ L 187/45.

[72] Рамковна одлука на Советот на Европа 2002/629/JHA, OJ L 203/1.

[73] Незадолжителниот Протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија стана правно обврзувачки на 18 јануари 2002 година. Се до денешен ден, повеќе од 100 земји го потпишаа и го ратификува овој Протокол (види: www.ohchr.org).

[74] Рамковна одлука на Советот на Европа 2002/584/JHA, OJ L 190/1.

[75] UNHCHR, Начела и упатства кои се препорачуваат во однос на човековите права и трговијата со луѓе, Дополнение на извештајот на Високиот Комесар за човекови права на Обединетите нации за економскиот и социјален совет, страна 2. E.2002.68.

[76] Врз основа на Министерската Декларација за трговија со луѓе, усвоена во Порто, 2002 година.

- Рамковната одлука на ЕУ за борба против сексуалната експлоатација и детска порнографија (2004 година)[78];
- Директивата на Советот на Европа за краткорочна дозвола за престој (2004 година)[79];
- Конвенција на Советот на Европа за преземање акции за борба против трговијата со луѓе (ETS 197)

Иако е неизбежно некои од жртвите на трговијата со луѓе да влезат на територијата на една држава како нелегални мигранти, како резултат на методите кои ги користат трговците, постојат две многу различни криминални сфери[80]. Спротивно на концептот на криумчарење на мигранти кој се фокусира на нелегални шреминувања на границата, трговијата со луѓе се однесува на прекршувањата на човековите права на поединецот преку експлоатација, најчесто преку мрежите на организираниот криминал[81]. На тој начин, се помалку станува збор за прашање на миграциона стратегија, а се повеќе за заштитата на жртви и нивните права, како и за казнување на трговците и нивните помошници. Трговијата со луѓе е повеќедимензионален проблем со глобален домен, кој секогаш бележи пораст[82].

Како последица на ова, шест главни предизвици за владите треба да се подвлечат:

- Да се имплементира и правилно да се користи усогласеното законодавство за борба против трговијата;
- Да се намали побарувачката, без разлика, дали на услугите обезедени од страна на робовите за сексуални услуги или за продажба на стоки по багателни цени, кои се произведени од страна на заробените лица на фармите, во фабриките и во рудниците;
- Да се зголеми соработката меѓу полициите на меѓународно ниво;
- Да се гонат криминалците кои извлекуваат профит од ранливоста на луѓето кои сакаат да се спасат од сиромаштијата, невработеноста, гладот и угнетувањето;
- Да се заштитат жртвите од трговија со луѓе, особено жените и децата;
- Да им се помогне на жртвите од трговија со луѓе во програмите за репатријација.

---

[77] Протокол за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал, усвоена со Резолуцијата A/RES/55/25 од 15 ноември 2000 година, на 55-тата седница на Генералното собрание на Обединетите Нации, кој влезе во сила на 25 декември 2003 година. Сите проектни области ја потпишаа и ја ратификуваа Конвенцијата од Палермо на ОН и Протоколот за броба против трговијата, кој се однесува на таа Конвенција.

[78] 2004/68/Правда и внатрешни работи, 22 декември 2003 година.

[79] Директива на Советот на Европа 2004/81/EC, 29 април 2004 година, (OJ L 626/19, 6.8.2004).

[80] Трговија со луѓе заради сексуална експлоатација во ЕУ: Европска перспектива, јануари 2006 година.

[81] Според член 3 (а) од Конвенцијата на ОН за борба против транснационалниот организиран криминал „трговијата со луѓе значи, избор, транспорт, трансфер, згрижување или пречек на лицата, преку закана или со употреба на сила или други форми на присила, со откраднување, измама, лага, злоупотреба на овластувања или на ранливоста на позицијата или со давање или примање исплати или добивки со цел да се добие согласноста од лицето кое ја има контролата врз друго лице, заради цели на експлоатација. Експлоатацијата вклучува, во најмала рака, експлоатација за проституцијата на други лица или други форми на сексуална експлоатација, присилна работа или давање услуги, ропство или пракси слични на ропство, слугување или отстранување на органи“.

[82] Извештајот на UNODC за „Трговија со луѓе: Глобални трендови”, објавен на 24 април 2006 година, во кој се идентификувани 127 земји на потекло, 98 транзитни земји и 137 земји на дестинација, и се донесува заклучок: „Практично, не постои ниту една земја во светот каде не е присутен криминалот од видот на трговија со луѓе заради сексуална експлоатација или принудна работа.“

Трговијата со луѓе, иако се смета за тежок криминал и злоупотреба на човековите права, и понатаму во многу земји се смета за помало кривично дело, од кое произлегуваат лесни казни, и за кое не е потребна специјална опрема или сложени мрежи за да се изведе „бизнисот“. За среќа, слично како и во најголем број на Европски земји[83], проектните области, благодарение на поддршката од Европските органи и програми, на пример, CARDS[84], Советот на Европа[85], SECI Центарот, Пактот за стабилност, ОБСЕ, ODIHR и ОН, релативно рано посветија огромно внимание на овие прашања.

Во 2003 година, проектот LARA на Советот на Европа ги идентификуваше земјите кај кои постоеше недостаток во законодавствата за овие области на криминал. Во прашалникот на Советот на Европа од 2006 година, најголем број од проектните области пријавија суштински измени на законодавството, особено на соодветните Казнени Законици[86], нови стратегии, акциски планови, организациски или структурни промени и други активности (со исклучок на Босна и Херцеговина). Неодамна, ИОМ успешно го заврши проектот кој траеше две години, со кој се обезбеди поддрршка за земјите од Југоисточна Европа за одредување на привремени дозволи за престој за жртвите од трговија со луѓе, вклучувајќи го овде и целосното учество на невладините организации, проект кој се состоеше од развој на механизми за „набљудување“. Сите проектни области во регионот го донесоа неопходноте законодавство и се согласија да дадат поддршка на регионалниот пристап[87].

Иако, разбирливо, беа постигнати многу подобрувања на ниво на законодавство[88], проблем и понатаму останува да биде конкретниот недостаток во имплементацијата на меѓународните стандарди врз основа на кои трговците на луѓе извлекуваат корист.

Трговијата со луѓе и (сексуалната) експлоатацијата на ранливите поединци е во голема мера „криминал на подземјето“ со што се објаснува тешкотијата за точно определување на големината на проблемите кои се однесуваат на различни елементи на овој вид на организиран криминал. Голем дел од напорите на полицијата исклучиво се фокусирани на видливите делови на трговијата со луѓе, особено игнорирајќи ги лицата и организациските структури кои стојат во позадина. На Европско рамниште, се уште не се знае колку често извештаите за состојбата со криминалот, на пример, во поглед на силувањата, незаконското задржување и притвор, тешка телесна повреда, провала и кражба (на документи), се скриени елементи на организираната трговија со луѓе. Дополнителни проблеми во идентификувањето на трговијата со луѓе се појавуваат со фактот дека жените жртви на трговијата често пати ги премолчуваат

[83] Европол, „Законодавство за трговија со луѓе и незаконско криумчарење на мигранти“, октомври 2005 година.

[84] Помош за заедниците за реконструкција, развој и стабилност.

[85] На пример: Совет на Европа, Проект LARA, Реформа на кривичниот закон во Југоисточна Европа за трговија со луѓе, јули 2002 – октомври 2003 година.

[86] Спротивно на ЕУ, нивоата и видовите на казни не се разликуваат меѓу различните проектни области значително, а се во целост во согласност со Конвенцијата на ОН за борба против транснационалниот и организиран криминал и со целта на стратегијата на ОН за усогласување на законодавството.

[87] Конференција за регионална соработка за сузбивање на трговијата со луѓе, Стокхолм, 9 јуни 2006 година, Меккинли, Генерален Директор на ИОМ, воведен говор, во кој тој истакна дека „тоа е пример за некои земји членки на ЕУ“.

[88] Сите проектни области ја потпишаа Конвенцијата Палермо и поврзаниот Протокол за трговија на 12 декември 2000 година. Беа ратификувани во септември 2001 година (Србија и Црна Гора), април 2002 година (Босна и Херцеговина), август 2002 година (Албанија), јануари 2003 година (Хрватска) и јануари 2005 година („поранешна Југословенска Република Македонија“)

деталите за трговците, со цел да ги заштитат нивните семејства дома, кои се под закани на организираните криминални групи.

Тргвоијата со луѓе често пати вклучува криминални организации кои користат закани или употебуваат сила, принуда, измами, лаги или други средства. Трговијата вклучува неколку различни, но меѓусебно поврзани акти, како што е регрутирањето, транспортот, сместувањето и експлоатација, што не е еднократен настан, туку активности кои се изведуваат по одреден временски период. Организираните криминални групи ги искористуваат можностите на пазарот за сексуални услуги и евтина работна сил од една страна (побарувачка) и ранливата состојба на жените и децата во многу земји, од друга страна (понуда). Покрај ова, тие се стрмат кон остварување на голем профит, и покрај промените во законодавството, релативно е мал ризикот за контрола и спроведување санкции[89], а исто така поаѓаат од фактот дека новиот систем за контрола на границите во проширената ЕУ се уште не функционира на очекуваното ниво[90].

Малите бројки пријавени и ниската стапка на обвиненија за строрителите на кривички дела трговија со луѓе се причина за постоење на сериозна загриженост која треба да се разгледа. Извештајот има за цел да ги пополни недостатоците на проектните области со решавање на прашањата на трговијата со луѓе во поглед на соодветни и усогласени казни, процедурално законодавство, заштита, вклучително и подигање на свеста, собирање на податоци и зајакнување на процесите за реинтеграција.

Не е јасно дали е постигнат вистински пораст на бројот на лица жртви на трговија од или преку земјите на Југоисточна Европа во ЕУ, поради тоа што се уште не е достапно централизирано собирање на податоци кое ќе овозможи да се одреди вистинското скалило на проблемот[91]. Недостатокот на вистински податоци и статистички податоци за појавата, организациските дефицити и релативно слабата ангажираност на полицијата во оваа проблемска област ги спречи проектните области да дадат сопфатен и подетален извештај.

Обезбедените и достапни информации од страна на оние меѓународни организации кои работат на ова поле, како и да е, укажуваат дека не е достигнат пад во трговијата, но дека може да се појави тренд на промени поради тоа што се чини дека има се повеќе ʹвнатрешно тргување' во некои од земјите на потекло, а се ʹпозатворен пазар'.

Секоја година, стотици илјади мажи, жени и деца се жртви на трговија и криумчарење на незаконски начин насекаде ширум светот. Достапните информации во врска со вистинската големина на проблемот се ограничени и варираат во зависност од различните извори. На пример, Министерството за надворешни работи на САД, во Извештајот за 2005 година за трговијата со луѓе[92] изнесува проценка дека, на светско ниво, годишно, околу 600.000 до 800.000

---

[89] Во 2006 година, Европол регистрираше казни затвор од 18 до 23 години кои им беа пресудени на обвинетите трговци во Обединетото Кралство. На тој начин, трговијата со луѓе повеќе не претставува бизнис кој може да се поврзе со идејата „низок ризик".

[90] Извештај на Еуропол за состојбата со организираниот криминал за 2005 година, 25 октомври 2005 година.

[91] Види ги сеопфатните извештаи од 2002, 2003 и 2004 година на Барбара Лимановска за „трговијата со луѓе во Југоисточна Европа – со фокус за заштита во: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, „поранешна Југословенска Република Македонија", Србија, Молдова, Романија, Црна Гора и Косово", објавена од страна на UNICEF, UNOHCHR и ОБСЕ/ ODIHR, во март 2005 година.

[92] Министерство за надворешни работи на САД, Извештај за 2005 година за трговијата со луѓе; Сосема иста проценка беше дадена во Извештајот за 2002 година (http://www.state.gov/g/tip/rls/tiprpt/2005/).

лица се жртви на трговија за цели на сексуална експлоатација и принудна работа, пренесени преку меѓународните граници, 70 проценти од нив се жени, а 50 проценти деца. ИОМ проценува дека секоја година, 500.000 жени се жртви на трговија на пазарите за проституција во Европа[93]. ОБСЕ дури обелодени проценка во која се вели дека 1.2 милиони деца (на возраст под 18 години) се жртви на трговија ширум светот годишно, купени и продадени за експлоатација за домашни работи и за работа на фарми, во рудниците и во комерцијалната секс индустрија, а исто така се користат и за питачење или вршење на ситни кривични дела.

Иако сигурни податоци не се достапни, некои од невладините организации кои работат на ова поле направија проценка дека до 30 проценти од жртвите на трговија со луѓе од Југоисточна Европа се деца. Се верува дека овие бројки може да забележат пораст поради тоа што трговците бараат да обезбедат помлади девојчиња заради сексуална експлоатација, особено оние за кои ќе се испазарат и ќе ги продадат како невини, што се поврзува со стравот од појава и ширење на ХИВ вирусот/СИДАТА. Одговорите дадени од страна на проектните области кои се однесуваат на трговијата со деца се сметаат дека не се соодветни, а бројките некомплетни и делумни. Покрај тоа, односот кон децата жртви на трговија на сосема ист начин како и односот кон возрасните лица е несоодветен, особено во оние случаи кога родителите ги продаваат своите сопствени лица.

Од тие причини, Работната група на Пактот за стабилност ги повика земјите од овој регион да развијат сеопфатни национални акциски планови за борба против трговијата со деца, и да ги имплементираат истите што е можно поскоро[94]. Проектните области, како и да е, треба да изработат вакви Акциски планови кои исто така ќе бидат во согласност со стандардите на ЕУ, како што е Рамковната Одлука на Советот на Европа за сузбивање на трговијата со луѓе и за борба против сексуалната експлоатација на деца и детска порнографија[95], како и неговите Директиви за одобрување на краткорочни дозволи за престој за жртвите на трговија кои соработуваат со надлежните органи.

Имајќи ја предвид важноста на „Балканските патишта" за криумчарење и трговија, разнообразноста на побарувачката на стоки на европските пазари, не е изненадување големиот број на жртви на трговијата со луѓе, особено жени, да транзитираат преку овие патишта[96]. Трговијата со луѓе е сериозен проблем во Југоисточна Европа веќе подолго време. Регионот се користи како транзитен пат и како место на потекло, но исто така се повеќе како место на дестинација.

Уште повеќе, близината до земјите на потекло, како што е Молдова, Романија, Украина, од една страна, и земјите за влез во ЕУ, као што се Грција и Италија, од друга страна, им овозможуват на криминалните мрежи кои се занимаваат со трговија од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Србија и „поранешната Југословенска Република Македонија" да воспостават блиска соработка.

Трговијата како бизнис, вообичаено функционира на следниов начин:

---

[93] www.iom.int/en/news

[94] Работна група на Пактот за стабилност за трговија со луѓе, Шести состанок за борба против трговијата со луѓе, Белград, 23-24 март 2004 година, Заклучоци и извештај за напредокот, Порторож, 7 јуни 2004 година.

[95] Совет на Европа, 'Трговија со луѓе', Рамковна Одлука, 19 јули 2002 година.

[96] Меѓу другите причини, „Балканските патишта" дадоа иницијатива за Работната група на Европските Шефови на полиција да го задолжат Европол да изготви специфичен Акциски план за борба против трговијата со луѓе од идентификуваната земја како проблем (Бугарија), кој беше усвоен во мај 2003 година.

- **Регрутација:** жените се пријавуваат на огласите за работа како бебиситери, модели, фризерки, танчерки, келнерки и слично, кои се објавени во весниците или на Интернет. Исто така регрутацијата се врши, или лицата се охрабрени да побараат можности за 'работа на Запад' преку нивни пријатели или роднини;
- **Фалсификување на документи за идентификација:** транспортот и документите се во надлежност на организираните криминални групи;
- **Запаѓање во долг:** честопати документите за идентификација им се одземаат со самото пристигнување, а жените се соочуваат со огромен долг кој треба да им го исплатат на трговците за транспортот, кој треба да го надоместат преку проституција;
- **Принуда:** насилството врз жените често се користи како присилно средство. Постојат бројни извештаи во кои се вели дека жените се чуваат во изолација, претепани, силувани, претворени во зависници од дроги, се со цел да ги уништат и да ги задржат за работа. Исто така, за оваа цел трговците се служат со закани упатени на семејството на жтрвата;
- **Постојана експлоатација:** жртвите се препродаваат или разменуваат меѓу криминалните групи и земји со цел да се овозможи достапност на „свежа стока" на пазарите, да се спречи нивното откривање и да се дезориентираат жртвите со што ќе ги спречат да воспостават контакти со кои ќе им се помогне да избегаат.

Меѓународното присуство, особено на Косово и во Босна и Херцеговина[97], првично создаде значителна побарувачка на сексуални услуги во доцните деведесетти години од минатиот век и во изминатите години од новиот век, со што Косово и Босна и Херцеговина се претворија во земји на дестинација за жените жртви на трговија[98]. Се до јануари 2004 година, УНМИК формираше список на барови и објекти кои се без ограничувања за персоналот на КФОР и УНМИК, за дел од нив постои сомнение дека со нивната вклученост, трговијата бележи пораст, а бројот достигнува повеќе од 200[99]. Во меѓувреме, во Босна и Херцеговина и на Косово, голем број од јавните места каде се нудат сексуални услуги беа затворени со напорите на ЕУФОР, КФОР и агенциите за спроведување на законот.

Одговорите на прашалникот на Советот на Европа од 2006 година покажуваат дека многу треба да се работи и во иднина за понатамошно подобрување на резултатите на владата и полицијата на ова поле и го предлагаат следново:

---

97 До крајот на 2005 година, КФОР броеше 16.000 мировни сили од 36 нации на Косово (http://www.nato.int/kfor); моментално бројот на ЕУФОР трупите изнесува 7.000 (http://www.euforbih.org) и повеќе од 250 меѓународни и невладини организации.

98 Види ја објавата за медиумите на Amnesty International за *Косово: Жените и девојчињата жртви на трговија со луѓе уживаат човекови права,* 5 јуни 2004 година, (http://news.amnesty.org/mavp/news.nsf/print/ENGEUR700122004) и *Косово: Меѓународните сили - придонес кон експозијата во сексуалната експлоатација, трговијата со луѓе и човековата беда,* 6 мај 2004 година; *Изневерени надежите на чуварите на човекови права: трговијата со жени и девојчиња во пост – конфликтната Босна и Херцеговина заради присилена проституција,* Том 14, бр.9, ноември 2002 година; *и Трупите на ОН на Косово „придонес кон сексуалната трговија", Вести на BBC,* 5 јуни 2004 година, news.bbc.co.uk/go/pr/fr/-/2/hi/europe/3686173.stm.

99 Бројот на места без ограничувања може единствено да понуди приближно отсликување на стапката на пораст во трговијата и проституцијата. Единицата на УНМИК за истражно гонење на случаи на трговија, Извештај од крајот на годината, 2003 година, Amnesty International и интервју со службеник на УНМИК, јули 2005 година.

**Табела 3: Бројки кои се однесуваат на трговијата со луѓе кои се регистрирани од страна на проектните области**

| 2005 | Албанија | Босна и Херцеговина | Хрватска | Косово | Црна Гора | Србија*** | "Поранешна Југословенска Република Македонија" |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Случаи | 40 (МВР) 409 (JO) | - | 6 | 45 | 3 | - | 12 |
| Случаи на ОК | - | - | 2 | - | - | - | - |
| ОК групи | 3 (МВР) or 21** | - | - | - | - | - | - |
| Сторители | 65 (МВР) 439 (JO) 75 ** | - | - | 90 | 3 | - | 40 |
| Жртви | - | - | - | - | 23 | 44 | - |

* МВР (Министерство за внатрешни работи) – JO (Јавно Обвинителство)
** Трговија со жени, оружје и луѓе;
*** 2000 - 2006 година: 314 случаи, 286 сторители, 2002 - 2006 година: 190 жртви.

*Албанија* пријави дека во 2003 година, 24 криминални групи вклучени во трговија беа кривично гонети (не беа наведени информации за бројот на случаи и сторители). Во првите девет месеци од 2004 година, 13 криминални групи беа разбиени со 74 регистрирани случаи на трговија со жени заради сексуална експлоатација со 115 сторители. Девет случаи беа исто така пријавени на трговија на деца, вклучувајќи 11 сторители. Не беа наведени податоци за последните три месеци од 2004 година. За 2005 година, полицијата пријави 30 случаи на трговија со жени со 49 сторители и 10 случаи на трговија на малолетни лица со 16 сторители. Друг полициски извор соопштува постоење на 21 организирана криминална група со 75 сторители за сторини кривични дела трговија со жени заради проституција, трговија со оружје и луѓе. За истиот временски период, Канцеларијата на Јавното Обвинителство на Албанија пријави 409 случаи на трговија со жени, со 439 сторители. Покрај ваквите различни цифри, што секако лошо влијаат врз утврувањето на фактичката состојба и спроведување на правилна анализа, Албанија потврдува дека трговијата со луѓе е проблем кој зазема се поголем замав. Како и да е, според UNODC, најпрво Албанија е транзитна земја („во најголема мера“), пред се за жртви тргувани од Молдова, Романија и Украина наменти за пазарите во Грција, Италија и Обединетото Кралство. Второ, Албанија е земја на потекло („во најголема мера“), а земји на дестинација се најчесто Белгија, Франција, Грција, Италија, Холандија и Обединетото Кралство, а поретко и Германија. Трето, Албанија е земја на дестинација („делумно“) за лица кои водат потекло од Молдавија, Романија и Украина. Посебно внимание треба да се посвети и на трговијата со деца, особено на децата Роми, Цигани и Еѓипќани. Официјалните цифри очигледно се фрагментарни, се раликуваат и претставуваат само мал дел од целосниот проблем, а поголем акцент треба да се стави на овој вид на криминална појава.

*Босна и Херцеговина (БиХ)* наведе во својот одговор на прашалникот од 2005 година дека постои мислење дека сексуалната експлоатација станува се повеќе прикриена и пософистицирана (приватни станови, услуги за придружба, Интернет). Како и да е, БиХ не наведе никакви бројки ниту материјални податоци во однос на состојбата во 2004 и 2005 година. Сепак, според UNODC, БиХ е најпрво транзитна земја („во најголема мера“), најчесто за жртвите од Бугарија, Молдавија, Романија и Украина наменети за пазарот во Италија и другите Западноевропски земји. Второ, таа е земја на дестинација („во најголема мера“), за жртвите од Бугарија, Молдова, Романија и Украина, но исто така и од Белорусија, Казахстан и Руската федерација. И на крајот,

БиХ е земја на потекло („делумно“), за жртвите со кои се тргува во Хрватска, Германија, Италија, Холандија, Шпанија и Обединетото Кралство. Жртвите се најчесто жени и девојки заради сексуална експлоатација.

*Хрватска* пријави дека нејзиниот пазар за недозволена трговија е мал во споредба со другите проектни области во регионот. Во 2004 година, регистрирани се 3 организирани криминални групи со 11 сторители, вклучени во 3 регистрирани случаи. Во 2005 година, беа поведени истраги за вкупно 6 случаи на трговија со луѓе, а само два од нив се поврзуваат со организиран криминал. Овие податоци укажуваат дека Хрватска и понатаму продолжува да биде транзитна земја, иако беше пријавено дека „статистичките показатели јасно покажуваат дека Хрватска исто така станува земја на дестинација“. Всушност, според UNODC, Хрватска воглавно го носи епитетот „делумно“, , како земја на дестинација (за жртвите од Украина), транзитна земја (за жртвите од Бугарија, Молдавија, Романија и Украина и други земји од Централна и Југоисточна Европа) и земја на потекло (особено за Австрија, Италија и Шпанија).

*Косово* пријави дека најразличните промени во полициските структури и имињата завршија на 1 ноември 2005 година и дека регионалното одделение за борба против трговијата со луѓе беше целосно интегрирано во командата на Косовската полициска служба, во рамки на Одделот за организиран криминал. Меѓународните полициски службеници го изгубија нивниот статус на набљудувачи и од тогаш па наваму, ја имаат улогата на монитори, офицери за врски. Во мај 2005 година, Косовскиот Акциски план за борба против трговијата со луѓе, консолидирана рамка на сите акции и актери кои учествуваат во активностите за борба против трговијата, беше одобрен. Косово назначи Координатор на податоци во рамки на одделенијата за борба против трговијата со луѓе, кои има задача да ги подобрат анализите во 2006 година. Во 2003 година, ИОМ забележа огромен број на случаи на внатрешна трговија на Косовари (83), особено малолетни лица на возраст од околу 15 години[100]. Во 2004 година, 48 жртви беа идентификувани, од кои 11 беа деца (на возраст под 18 години). Најголем дел од жртвите доаѓаат од Молдавија (17), Албанија (13), а само 11 од Косово. Согласно официјалната и веродостојна анализа направена од страна на Одделението за борба против трговијата со луѓе на УНМИК[101] за 2005 година, вкупно 95 кривични дела биле регистрирани, околу 90 сторители биле обвинети, а 34 уапсени. Повеќето од сторителите беа етнички Албанци (45). Било тргувано со 49 жртви, од кои 14 биле деца. 38 жртви (од кои 11 деца) се согласиле да им се помогне со засолниште и делумна репатријација (14)[102]. Во 2005 година, неколку јавни и прикриени операции од голем размер беа спроведени. До денешен ден (јуни 2006 година), Одделението за борба против трговијата со луѓе претресе 603 простории, затвори 15, уапси 20 лица заради трговоја со луѓе и проституција, идентификуваше 20 жртви, од кои на 13 им се пружи помош преку ДАС (директна помош за жртвите на трговија со луѓе, партнерство на повеќе различни агенции, вклучително и Одделението за борба против трговијата со луѓе, Министерството за правда, CSW, ИОМ и невладините организации). UNODC го класифицира Косово, најпрво, како транзитно место („во најголема мера“) за жртвите од Белорусија, Молдова, Романија, Руската Федерација и Украина кои понатаму треба да бидат тргувани во Албанија, Босна и

[100] Види Amnesty International (2004 година) и ИОМ (јули 2004 година), страна 63 - 64.

[101] Одделение за борба против трговија со луѓе – Извештај од крајот на годината, 2005 година; Како и да е, меѓународните обвинители, кои работеа заедно со УНМИК, Министерството за правда, за истиот период регистрираа само 17 случаи, сторени од страна на 37 сторители, од кои само 17 беа осудени.

[102] UNICEF/UNOHCHR/ОБСЕ-ODIHR (2002, 2003 година) и 2004 година: *Трговија со луѓе во Југоисточна Европа, 2004 година – фокус на спречување*. Мора да се подвлече дека, сепак, податоците доаѓаат од различни извори и честопати се контрадикторни. Поради тоа, секоја изјава за постоење на позитивни или негативни трендови мора да се разгледа со особено внимание, март 2005 година.

Херцеговина, Италија и други земји од Западна Европа и Црна Гора, Србија. Второ, Косово е место на дестинација („во најголема мера“) за жртвите од Молдавија, Романија, Украина, но исто така и од Бугарија и од Руската Федерација. На крајот, Косово се смета за место на потекло („делумно“) за жртвите со кои се тргува во Италија и Австрија, но исто така и во Обединетото Кралство.

*Црна Гора* пријави 28 случаи во 2003 година, 10 случаи во кои вкупно 31 сторител бил пријавен, очигледно делуваат во 7 организирани криминални групи за периодот од 2000 година до 2004 година, и само 3 случаи со 3 сторители кои тргувале со 23 жртви во 2005 година. Извештајот на UNODC за трговија беше објавен во април 2006 година, со што анализата која се однесува на Црна Гора всушност била направена на Државната Унија на Србија и Црна Гора (види подолу).

*Србија* за 2003 година пријави вкупен број од 17 случаи на трговија сторени од страна на 106 сторители кои сочинуваат 16 организирани криминални групи. Во Србија, полицијата идентификуваше 49 жртви на трговија во 2003 година[103], од кои најголем број се од Романија, Молдавија, Украина и од Руската Федерација. Појавата на жртви на домашна, внатрешна трговија со луѓе, особено на малолетни лица, се чини дека е во пораст. Споредбени бројки не беа пријавени за 2005 година (со исклучок на фактот дека бројот на тргувани жртви се чини дека бележи намалување и дека во 2005 година, од вкупно 44 жртви, 21 се странски државјани, пред се од Молдавија, Романија и Украина). Во првата половина на 2004 година, локалната невладина организација АСТРА пружи помош на 30 жртви на трговија, од кои 22 беа домашни а само 8 странски државјани. Според извештајот на UNODC за трговија со луѓе, Србија и Црна Гора, најпрво беа прогласени за транзитни земји („во најголема мера“) за жртви од централна и Југоисточна Европа наменети за пазарот во Босна и Херцеговина, а посебно за Молдавија, Романија и Украина кон Италија и други Западноевропски земји. Второ, беа регистрирани како земји на дестинација („делумно“) пред се за жртвите од Украина и во помала мера, од Молдова, а како земји на потекло („делумно“) за Холандија и Шпанија.

*„Поранешната Југословенска Република Македонија“*, од една страна, пријави дека од 2000 до 4000 жени се жртви на трговија преку земјата, со што криминалците остваруваат годишен профит од околу 30 милиони Евра. Од друга страна пак, како и да е, пријави само 21 случаи за 2004 година, во кои се вклучени 13 криминални групи со 52 сторители и само 12 случаи со 40 сторители за 2005 година. Според UNODC, најпрво, оваа земја е транзитна земја („во најголема мера“) пред се за жртви од Бугарија, Молдавија, Романија, Украина наменети за пазарот во Албанија, а дел од нив, преку Италија се упатуваат во Франција и Обединетото Кралство, но исто така и од други земји на Централна и Југоисточна Европа во Косово, Црна Гора и Србија. Покрај тоа, „делумно“ се смета за земја на потекло за жртви со кои се тргува во Италија, и како земја на дестинација за жртви од Бугарија, Молдова, Романија и Украина.

Следниве заклучоци може да се извлечат во поглед на трговијата со луѓе во Југоисточна Европа:

- Во однос на квантитетот, се смета дека трговијата со луѓе во Југоисточна Европа е „маргинална“ криминална област, која, покрај тоа, се чини дека бележи намалување или барем станува се помалку очигледна. Мал број од жртвите се враќаат од земјите во регионот во земјите од каде потекнуваат, но поголем дел од жртвите се враќаат од земјите на ЕУ во нивните земји на живеење[104]. Мал број од жртвите се чини дека бараат

[103] UNICEF/UNOHCHR/ОБСЕ (2004 година), страна 116.

[104] Ова исто така е потврдено и од страна на ИОМ, кој пријави само мал број на жени кои потекнуваат од проектните области, на пример, уапсени во Германија, повторно испратени во нивните земји (2003/ 2004

помош. Исто така има само неколку извештаи за трговија со луѓе во овој регион. Како и да е, најголемиот дел од националните извештаи се фрагментарни, реалните бројки не се откриени, не се јасно наведени и се разликуваат меѓу различните извори, па дури и во одговорите дадени од страна на еден извор, не се соодветни, и, на кусо, дискутабилни. Холандскиот национален известувач за состојбата со трговијата со луѓе проценува дека 5% од жртвите пријавуваат нивна виктимизација или се обраќаат на владините органи[105], а идентична анализа постои исто така и во други земји членки на ЕУ.

- Најголем број на луѓе, жртви на трговија постапуваат во согласност со добропознатите „фактори на побарувачка и понуда", кои исто така се карактеристични и за нелегалната миграција. Причините кои ги охрабруваат луѓето да напуштат една област и да отидат во друга се познати како „фактори на побарувачка" (како што е високата стапка на вработеност, пазарот на трудот кој не е наклонет кон полова и сексуална дискриминација, сиромаштијата, непостоењето на можност да се подобри квалитетот на животот, сексуална или етничка дискриминација, бегство од прогон, насилство, злоупотреба на човековите права или други социјални или еколошки права). Причините кои ги привлекуваат луѓето кон одредена област се познати како „фактори на понуда" (какви што се побарувачката на работници во рамки на секс индустријата, побарувачката од страна на мнозинство богати клиенти кои бараат комерцијален секс, можностите за подобро вработување, повисоки примања и подобри услови за работа или подобрен стандард и квалитет на живеење)[106].

- Профилот на жртви е јасен: најчесто, жртвите се жени и девојки кои пред се се странски државјани во земјата во која се експлоатираат. Во неколку случаи, регистрирани се деца и мажи, жртви на трговија, поточно од Албанија и Косово. Најмногу од нив се од земјите на Источна и Југоисточна Европа: Молдавија, Романија, Украина, Руската Федерација, Бугарија. Промена на профилот на жртвата исто така е забележана: зголемен е бројот на регрутирани домашни жртви од Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија и Косово, за таканаречениот „регионален пазар", до некаде, како прва фаза од долготo патување на жртвата кон западните секс индустрии. Земјите од Западна Европа (пред се Австрија, Белгија, Франција, Германија, Италија, Холандија и Обединетото Кралство) се повеќе или помалку земјите на крајна дестинација.

- Трговијата со деца не смее да се смета како неважен пропратен производ на трговијата со луѓе. Од неа произлегуваат огромни придобивки и поради тоа е во рацете на организираните криминални групи, а како последица на тоа, драматично се шири. Криминалот кој се дефинира како трговија со деца во себе вклучува комерцијална експлоатација на деца, како и детска порнографија. Но, исто така, тука може да се подведат и другите форми на комерцијална експлоатација на деца преку присилување на децата да крадат, на питачење, а не е исклучена и работата на децата во услови на

година: ниедна, 2005 година: една во Албанија, една во Хрватска и една во „Поранешната Југословенска Република Македонија", но 19 во Бугарија и 23 во Романија).

[105] Биро NRM (2005 година), трговија со луѓе, Трет и четврт Извештај на Холандскиот известувач, Хаг, Bureau NRM (http://www.victimology.nl/onlpub/national/NL-NRMEngels); исто така: Четвртиот извештај на Владата на Холандија за имплементација на Конвенцијата на ОН за отфрлање на сите форми на дискриминација на жените (CEDAW), 2000 – 2004 година.

[106] Европол, Извештај за состојбата во поглед на трговијата со луѓе, 2005 година, (www.europol.eu.int).

принудна или заробеничка работа. На децата отпаѓа значаен дел од севкупниот број на жртви. Во некои земји од Југоисточна Европа, 50 проценти од жртвите или уште поголем процент се жртви на возраст под 18 години, што значи деца[107]. Овој број се очекува да се зголеми уште повеќе поради тоа што трговците и нивните помошници се повеќе се заинтересирани за помлади жртви, делумно како резултат на стравот од појава и ширење на ХИВ вирусот/ СИДАТА[108]. Некои земји пријавија трговија со деца заради питачење, проституција или некои поприкриени цели, како што е недозволеното посвојување или трговија со органи. Посебно внимание треба да се посвети на трговијата на деца Цигани, Еѓипќани, а особено Роми заради сексуална експлоатација, питачење и посвојување[109].

- Најчесто регрутациите ги вршат лица од истата националност како  и жртвата, по што жртвата е предмет на трговија на странските пазари. Како и да е, се чини дека има измени и во регрутациите кои ги спроведуваат лицата со исто национално потекло. Ваквиот нов тренд можеби укажува поголема побарувачка за овие пазари, или дека организираните криминални групи од овие земји станале помоќни. Иако регрутацијата и понатаму се заснова на доброутврдените методи (види погоре), исто така е забележана регрутација спроведена од страна на жени, кои во најголем број случаи биле жртви на трговија[110]. Таквиот вид на регрутација се темели на посуптилните средства за контрола преку размена на сознанија за тоа од каде потекнува жртвата и кои се членови на истото семе јство[111]. Во споредба со претходните години, жртвите кои добиваат помош од ИОМ, на пример, посочија пораст во однос на свеста за можноста тие да бидат жртви на трговија, но кои се сложуваат да го прифатат ризикот само за да излезат надвор од земјата од која потекнуваат.

- Покрај насилството и заплашувањето, психолошките притисоци врз жртвите, корупцијата и тајните договори се чини дека се широкораспространети алатки за олеснување на трговијата и заштита на бизнисот. Трговијата со луѓе бара државните службеници да ги затворат очите за проблемот или нивна активна соработка (која се протега од политичките нивоа и лица кои можат да извршат влијание врз службените лицата кои работат на издавање на визи, службените лица од делот за миграција, вработените лица во амбасадите, локалните лица кои работат на издавање дозволи за работа, службениците кои работат со казнената правда, и други лица)[112].

- Трговијата на жртви преку една единствена граница, како и внатрешната трговија на домашни жртви кои го опслужуваат локалниот и регионален пазар кој се повеќе се

[107] Спас за децата (2004 година).

[108] Конференцијата на ОБСЕ на високо ниво за „Борба против трговијата со деца", Виена, 18 март 2005 година, (http://www.osce.org/documents/cTHB/2005/03/15338_en.pdf).

[109] Организација за безбедност и соработка во Европа –ОБСЕ: „Подигање на свеста за Ромите активисти по прашањето за трговија на луѓе во Југоисточна Европа", Конференција во Варшава, април 2006 година и изданијата на Европскиот центар за правата на Ромите (www.errc.org).

[110] На Косово, во одговорот се наведува дека лицата кои вршат регрутирање се до 50 проценти жени кои најчесто се поранешни жртви, експлоатирани во сексуалната индустрија.

[111] На пример, во Германија, од 1100 осомничени трговци, 31% од сомничените беа од Централна и Источна Европа, 21% жени, честопати поранешни проститутки, кои сега работат на регрутација на жени во нивните земји или тргуваат со нив во борделите или ги надгледуваат во борделите (BKA, *Извештај за состојбата со организираниот криминал во поглед на трговијата со луѓе,* 2003 година.)

[112] Совет на Европа (2002 година): *Трговија со луѓе и корупција* (Програма PACO, TP 28 рев) Стразбур.

зголемува со сексуални услуги и понатаму останува да биде сериозен проблем. Веднаш штом жртвите на внатрешната трговија стекнат мало „искуство“, можат да бидат предмет на трговија и преку границата. Жртвите на внатрешната трговија се сметаат за дел од старомодниот бизнис на проституција, а сепак, треба да бидат препознаени како криминална појава која се зголемува од страна на државните органи. Ова има импликации за жртвите (за кои и понатаму често не се одобрува заштита и не им се дава поддршка) и за полицијата (кога е потребно да се изврши депортирање за долгорочните истраги на организиран криминал). Ова може да даде објаснување за тоа зошто, насекаде во Европа, се водат само неколку истраги на организиран криминал во врска со трговијата со луѓе.

**Приказ 6: Регистрирана трговија во Европа**




Извор: Извештај на UNODC за трговија, 2006 година

- На Косово и Босна и Херцеговина, жените жртви на трговија вклучени во комерцијалниот секс бизнис се чини дека уживаат подобри услови на живот, мали но редовни примања, подобро и приватно сместување. Насилството при контролирањето на жртвите се чини дека е намалено и истото е заменето со подобар однос со цел да се оттргне непосакуваното внимание кое е во содејство со ненасилната форма на контрола – зависност од дрога и алкохол[113].

- Домашната клиентела и домашните пазари бележат зголемување и развој. Затворањето на многу барови и клубови во Босна и Херцеговина доведе до промена на пазарот, каде сексуалните услуги сега се нудат во приватните станови и во вид на услуги за придружба, што е многу потешко за се открие и да се контролира. Исто така, имајќи ги предвид ограничувањата наметнати на странските трупи во Босна и Херцеговина, како и на Косово, пазарот наменет за сексуална експлоатација сега првично служи за потребите на домашната клиентела[114]. Подобрените акции на полицијата и успешните истраги во црвените подрачја, можеби доведе до намалување на бројките. Како и да е, ваквото намалување исто така може да се објасни со јасниот тренд да се премине на

[113] ИОМ (јули 2004 година), страна 10-12.

[114] Приближно 90 проценти од клиентите на Косово се мажи Косовари, ИОМ (јули 2004 година), страна 67, цитат од TPIU на УНМИК.

активностите „од позади врата", што ги отежнува полицискит интервенции уште повеќе. Жените и девојките затворени во станови во кои се примаат клиентите, или жените жртви се пренесуваат од едно договорено место до друго, претходно договорено преку телефонски разговор или преку Интернет.

Препораки:

- Имајќи ја предвид сложеноста на ова прашање и меѓ.усебните врски меѓу различните фактори кои придонесуваат за трговија и нејзино одржување, потребно е да се најде холистички, повеќеслоен и интегриран пристап. Таквиот пристап треба да се заснова на мултидисциплинарна соработка и координација меѓу сите актери и акционери, вклучително и невладини организации, работнички организации и други релевантни актери од граѓанското општество[115]. Земјите на потекло, транзитните земји и земјите на дестинација треба уште повеќе да ја зајакнат меѓусебната соработка со цел да се постигне забележителен напредок. Исто така невладините организации играат суштинска улога не само во обезбедувањето помош за лицата жртви на трговија туку исто така и во набљудувањето и во застапувањето на имплементацијата од страна на државите во поглед на нивните заложби за почитување на човековите права.

- Треба да се охрабрат проектните области да формираат централна канцеларија каде информациите од различните извори и актери ќе се собираат и анализираат на систематски начин. Тоа може да биде и „Националниот известувач", како што е случај во Холандија, или некој друг сличен механизам. Целта би била независно да се надгледуваат и да се вршат проценки на националните стратегии и акциски планови, да се собираат податоци од сите вклучени агенции, вбројувајќи ја овде и полицијата, активно да се бараат информации од невладините организации и меѓународни тела, да се спроведуваат национални анализи, да се разменуваат сознанија со другите проектни области во регионот, и на крајот, да се известува владата или националниот парламент.

[115] Европска Комисија, Експертска група за трговија со луѓе, 2006 година.

## 3.3 КРИУМЧАРЕЊЕ НА ЛИЦА

Миграцијата е многу сложен предмет, кој истовремено претставува општествено прашање и криминален проблем. Протоколот на ОН во врска со миграцијата на лица по копнен, поморски и воздушен пат[116] има за цел спречување и сузбивање на криумчарењето на лица. Криумчарењето на лица во некои аспекти наликува на трговијата со луѓе, но сепак, постојат неколку важни разлики. Најпрво, криумчарењето на лица, иако најчесто се презема во опасни или понижувачки услови, вклучува мигранти кои се согласни да бидат предмет на криумчарење. Жртвите на трговија, од друга страна, или никогаш не се согласиле, или, ако првично биле согласни, таа согласност се смета за беззначајна за принудните, лажни акции или акции на злоупотреба на трговците. Како второ, криумчарењето завршува со приститнувањето на мигрантите на планираната, од нивна страна, дестинација, додека, трговијата често вклучува експлоатација на жртвите во текот на нивното патување во некои земји се со цел да се остварат дополнителни незаконски придобивки за трговците. Како трето, криумчарењето е секогаш транснационално, а трговијата не мора да биде транснационална („внатрешна трговија").

Глобализацијата придонесува кон значителниот пораст на криумчарењето на лица и трговијата со луѓе, со што, и криумчарењето на лица и трговијата со луѓе станаа најголеми глобални бизниси на организираните криминални групи. Слично како и со трговијата со луѓе, истакнатите вкоренети причини се типични „фактори на побарувачка" за принудното раселување на населението, како што се природните катастрофи, војните, религиозните и етнички конфликти, политичкиот прогон, граѓанската неслога, како и сиромаштијата, или катастрофалната економска состојба, кои ги мотивираат мигрантите да ја напуштат земјата од каде потекнуваат. Типичните „фактори на понуда", како што е потребата од евтина работна сила, сеопфатно социјално осигурување и стабилна економска состојба, до некаде релативната благосостојба во земјите на дестинација, владини демократски системи, политичка и општествена стабилност, и најважно, постоењето на дијаспори /заедници кои ги формираат критериумите за избор на земјата на дестинација, која во најголем број случаи е земја членка на ЕУ.

Во Европа, криумчарењето на лица – еден од називите на нелегалната миграција – е прашање кое е политички премногу обременето[117] и е поставено на највисокото место на националните и

---

[116] Член 3 од Протоколот за борба против криучарењето на мигранти по копнен, поморски и воздушен пат, кој ја надополнува Конвенцијата за борба против транснационалниот организиран криминал, кој беше потпишан и ратификуван од страна на сите проектни области, го дефинира криумчарењето на следниов начин„... набавката, со цел да се добие директно или индиректно, финансиска или друг вид на материјална придобивка, преку нелегалниот влез на лицето на државата страна во која лицето не е државјанин ниту постојан жител.". Според Конвенцијата на Европол, земјите членки на ЕУ ја дефинираат нелегалната организирана миграција на следниов начин: „... активности кои имаат за цел настојчиво да го олеснат, заради финансиски добивки, влезот, престојот или вработувањето на територијата на земјата членка на ЕУ, спротивно на правилата и условите кои се применуваат во земјите членки".

[117] Европски Парламент, Предлог мислење на Комитетот за развој до Комитетот за граѓански слободи, правда и внатрешни работи за поврзаноста меѓу легалната и нелегална миграција и интеграцијата на мигрантите (2004/2137(INI)), февруари 2005 година; Стратешкиот план на Европската Комисија за легална миграција, Брисел, 21 декември 2005 година; Зелениот документ кој се однесува на „пристапот на ЕУ за управување со економската миграција"(COM(2004)811 final). Австрија, како Претседавач со Советот на ЕУ (првата половина на 2006 година), објави најголема стратешка иницијатива со новите земји- соседи на ЕУ за унапредување на кохерентни и кооперативни стратегии и пракси во однос на прашањата на миграција и безедност.

мултинационални агенди веќе подолго време, меѓу другите прашања, во врска со неодамнешното и можното идно проширување на ЕУ, слободното движење на луѓето и пристапот до пазарите на трудот, ксенофобијата и расизмот, како и во поглед на економските побарувања предизвикани од намалувањето на активното население во ЕУ[118], со што се зајакна потребата со легална и подобро контролирана економска миграција[119].

Тешко е да се опише опсегот на нелегалната миграција[120]. Бројките од проценките најчесто се засновани на барањата за азил, кои единствено можат да се сметаат за непрецизен показател, а не како основа за утврдување на вистинската големина на нелегалната миграција. Бројките кои се однесуваат на азилот во ЕУ воглавно бележат опаѓање, а со имплементацијата на EURODAC, базата на податоци за отпечатоци од прсти за барателите на азил, која започна да функционира во јануари 2003 година, „купувањето на азил“ исто така се намали[121].

Состојбата во Југоисточна Европа значително се подобри во последните години, иако се уште постојат низа прашања кои предизвикуваат загриженост. Скоро два милиони лица се вратија назад во земјите од каде потекнуваат и во нивните домови, но околу 1.3 милиони лица се се уште раселени, вклучувајќи ја овде и цифрата од 230.000 етнички Срби, Роми и други малцинства кои го напуштија Косово. Црна Гора, Србија и Косово и понатаму згрижуваат 390.000 бегалци од претходните конфликти, со што претставуваат единствена најголема заедница на бегалци во Европа. Корупцијата и етничката нетрпеливост се широко распространети во некои области. Регионот останува да биде поставен на еден многу чувствителен крстопат и најчесто претставува транзитна област за криумчарење на лица.

Интерпол потврди дека „Балканските рути“ кои водат до земјите од Западна Европа се користат за криумчарење на мигранти од земјите во Азија и од Блискиот Исток, преку Иран, Турција и Бугарија[122]. Се поголем број на европски земји регистрирале постоење на организиран криминал кој се однесува на криумчарење на лица. Според Еуростат, Европол и Фронтекс[123], околу 500.000 нелегални мигранти годишно навлегуваат во ЕУ, покрај оние 300.000

---

[118] Се очекува населението во ЕУ да опадне за околу 20 милиони во поглед на бројот на работоспособни лица во периодот меѓу 2005 и 2030 година.

[119] Според ИОМ, од глобалните 130 милиони меѓународни мигранти, околу 20 до 40 милиони се нелегални мигранти. Околу 500.000 нелегални мигранти се верува дека влегуваат во побогатите западноевропски земји на годишно ниво. Истовремено, барањата за азил во 2003 година го достигнаа своето најниско ниво во последните 20 години, забележувајќи намалување во бројот на легални мигранти, но не и во поглед на незаконските влезови и престој во ЕУ.

[120] Види го заедничкиот проект на ICMPD и Еуропол: „Изнаоѓање сеопфатен начин на справување со мешаните миграциски текови“, и последниот состанок во Либан, во периодот 26-28 април 2006 година, на кој беа присутни претставници на 59 Арапски и Европски партнерски земји (APS-EPS), DCAF, Европската Комисија, ИОМ, Лигата на Арапски земји UNESCWA, UNODC, и UNHCR и ФРОНТЕКС кои имаа за цел да се идентификува составот на миграциските текови, постојните и новонастанати патишта, активностите на организираниот криминал, начинот на делување и прашањата од областа на граничното управување. Крајните резултати од сеопфатната проценка на заканите и анализата на ризиците, од трите работни сесии беа презентирани на вториот состанок од подготвителната фаза која беше посветена на Предизвиците за системите за управување со миграцијата, кој се одржа во периодот 7-9 јуни во Брдо, Словенија.

[121] Европол, Организираната нелегална миграција во ЕУ, март 2006 година.

[122] www.interpol.org

[123] Форнтекс е новата Европска агенција за гранично управување, усвоена со Пропис на Советот на Европа (ЕС) бр. 2007/2004 од 26 октомври 2004 година.

– 400.000 пријавени баратели на азил, поголемиот дел од коисе пренесуваат преку „Балканските патишта“.

Според подеталната анализа на Европол[124], областите кои во моментов претставуваат најголема грижа за земјите членки на ЕУ се се уште високите бројки на нелегални мигранти од „Балканскиот регион“, Руската Федерација, Кина, Ирак и земјите од Сахара, Индија, Авганистан и Пакистан. Некои од најблиските соседни земји на ЕУ се користат како контакт врски пред последната прикриена фаза од патувањето кон ЕУ. Географската близина и општествено – културните врски меѓу земјите на потекло, транзит и дестинација, постоечките законски и незаконски системи за транспорт и постоењето на дијаспората, природно, ги дефинира главните патишта кои ги користат криумчарите. Олеснувањето на нелегалната миграција е ниско ризичен бизнис за организираните криминални групи кои меѓусебно ги споделуваат различните акти на нелегална миграција во различни земји на различни организирани криминални групи, со што значително се отежнува контролата и откривањето на организираните криминални структури. Од нелегалната миграција се остваруваат огромни криминални приходи, а цената на нелегалната миграција се одредува преку националноста и благосостојбата на мигрантите, ризикот вклучен во текот на патувањето, степенот на професионалност на „снабдувачите на услуги“, и, во помала мера, земјата на дестинација.

Како резултат на идентификацијата и искористувањето на слабостите на постојните режими за контрола на миграцијата од страна на организираните криминални групи, одредени фаворизирани патишта кои делумно се меѓусебно поврзани се појавија:

- Источно - Медитеранската патека;
- Северно – Афричката патека;
- „Балканските патишта“;
- Западната Афричко – Атланска поморска патека;
- Централната и Источно – Европската патека;
- Балтичката патека.

Се смета дека Северно – Афричката патека се користи за спроведување на најголем број на нелегални мигранти во ЕУ. Значењето на Централната и Источно – Европската патека се чини дека постепено се зголемува, со што влијателноста на Балтичката патека се намалува. Најчесто користените земји на транзит пред да ги достигнат надворешните граници на ЕУ се Русија (Москва), Украина (Киев), Турција (Истанбул), и, регионално покарактеристични места во Југоисточна Европа (Сараево и Белград), кои се користат како места за заминување или собирни места за продолжување на патувањето кон ЕУ.

Што се однесува до криумчарењето на лица и организираниот криминал кој се поврзува со ова, следните трендови и прашања треба да се истакнат[125]:

*Сите проектни области (со исклучок на Косово)* се држави страни кон Конвенцијата на ОН за бегалци од 1951 година и нејзиниот Протокол од 1967 година и ги донесоа Законите за азил и ги изменија нивните кривични или казнени законици со одредби за криумчарење на лица или нелегално преминување на националните граници. До сега, проектните области во поголема или помала мера се доведоа во согласност со меѓународните стандарди и во сите проектни

[124] Еуропол, Организираната нелегална миграција во ЕУ, март 2006 година.

[125] Информации и одговори на UNHCR на прашалниците на Советот на Европа.

области, постојат скоро еднакви нивоа на казни и отежнати услови[126]. Како и да е, многу нешта остануваат да се направат со цел да се спречи и да се сузбие нелегалното криумчарење на мигранти во согласност со европските стандарди[127] или да се заштитат основните човекови права на жртвите на трговија, поради тоа што, и покрај сериозноста на проблемот, и понатаму останува да постои недостаток на детални податоци и статистички пресметки за криумчарењето на лица сторено од страна на организираните криминални групи.

Во *Албанија*, благодарение на масивната поддршка од меѓународните и европски тела, позачестените и ефикасни контроли од страна на полицијата во последните години доведоа до создавање на нови пречки за криумчарите. Значителен успех е постигнат, особено, во пресекувањето на поморските патишта кон Италија и во гонењето на огромен број на криминалци. Пред пресекувањето на поморските патишта за криумчарење од Албанија до Италија, околу 100.000 мигранти најверојатно го искористиле овој пат за влез во ЕУ, од кој можеби се оствариле околу 60 – 100 милиони Евра во вид на незаконски приходи во периодот меѓу 1998 и 2002 година. Примената на копнените патишта од тогаш станува се позначајна, имено, границата со Косово (174 км во должина) покрива навистина тешко пристапен планински терен, кои и понатаму е слабо обезбеден од страна на полицијата[128]. Во поглед на случаи, Албанија пријави 16 случаи во кои се вклучени исто толку организирани криминални групи, со вкупен број на сторители од 58 лица во 2003 година. Во првите девет месеци од 2004 година, според регистрираните податоци, заведени се 365 случаи (*или 280 според изворите на Јавното Обвинителство*) на нелегално поминување на границата, организирање и обезбедување помош за изведување на ваквите кривични дела, во кои биле вклучени 644 сторители (*или 516 според изворите на Јавното Обвинителство*), пред се лица со потекло од Косово, (*треба да се истакне дека регистрираните бројки се од различни извори и се фрагментарни*). Во 2005 година, Албанија пријави 123 случаи извршени од страна на 259 сторители, од кои, за 13 случаи беше регистрирано учество на организирани криминални групи. Се чини дека северната граница на Албанија посебно се користи за нелегално криумчарење (на луѓе, но исто така и на оружје, дрога и друг вид на стока) од страна на албанските групи кои остваруваат блиска соработка со организираните криминални групи од Косово, Македонија и Србија.

*Босна и Херцеговина (БиХ),* по Дејтонскиот мировен договор од ноември 1995 година, се соочи со процесот на враќање назад на повеќе од 730.000 бегалци. БиХ се смета за земја во транзиција каде државјаните на Албанија, Кина, Турција, Индија и Пакистан нелегално се транспортираат до земјите од Западна Европа. Тие влегуваат на територијата на БиХ преку Црна Гора и Србија, преку легалните и нелегални гранични премини на источниот дел од државата. Локалните криминлни групи ги придружуваат преку реките или нелегалните гранични премини во Хрватска. Во минатото, случаи на огромни групи на нелегални мигранти беа забележани како

---

[126] Европол, Законодавство за нелегално криумчарење на мигранти, март 2004 година, Анекс 2, Споредба на релевантното законодавсто за нелегална миграција.

[127] ЕУ- „Програмата Тампере“ [COM(2004)401], по која следи „Хашката програма“, пет годишен план за создавање на област на слобода, безбедност и правда во ЕУ (одобрена од страна на Европскиот Совет во ноември 2004 година), во која се вклучени следниве „носечки столбови“: Рамковната одлука на Советот на Европа за зајакнување на казнената рамка со цел да се спречи олеснувањето на неовластениот влез, транзит или престој (2002/94g/Правда и внатрешни работи, 28 ноември 2002 година); Директивата на Советот за одговорност на превозникот (2001/51/ЕС, 28 јуни 2001година); Ервпоската потерница за апсење од 2002 година (екстрадиција); Предлогот за Директивата на Европскиот Советот за краткорочни дозволи за престој (OJ, 2201/C 126 E/17) и Директивата на Советот за постапките за азил, усвоена на 1 декември 2005 година.

[128] ИОМ (јули 2004 година), страна 70.

влегуваат на територијата на БиХ во својство на туристи или членови на културни здруженија. Од неодамна формираната кинеска заедница се чини дека воспостави врски со организираните криминалци за олеснување на миграцијата од Кина во Западна Европа. Тесна меѓу- агенциска соработка беше регистрирана, особено редовно одржување на состаноци меѓу меѓународните и национални актери, како што се Меѓународната работна група за борба против трговијата со луѓе ('Меѓународната работна група'), која, меѓу другото, ги вклучува и ИОМ, OHCHR, ОБСЕ, UNICEF и низа локални невладини организации.

*Хрватска*, пријави дека до април 2004 година, околу 210.000 Хрватски Срби и понатаму се прогонети, најчесто во Црна Гора и Србија. Повторното стекнување на имотот и повторната изградба се најзначајните прашања кои влијаат врз враќањето на бегалците во Хрватска, која е класична транзитна земја на патот кон ЕУ. Пред се, беа регистрирани албански, турски и кинески државјани, но исто така и мигранти од други замји на Југоисточна Европа, Источна Европа, Азија (Авганистанци, Ирачани и Курди), па дури и од Африка. Хрватска забележа дека криумчарењето преку нејзината територија се организира преку непосредната соработка меѓу хрватските криумчари и криумчарите од Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија, каде беа формирани поголем број на прифатилишта за да се прифатат мигрантите додека чекаат да бидат пренесени во земјите од Западна Европа. Поголемиот дел од случаите на криумчарење на мигранти во Хрватска е сконцентриран и се одвива преку Загреб. Во 2004 година, 194 случаи на криумчарење на 223 нелегални мигранти беа пријавени, од кои 15 беа случаи на организиран криминал каде беа вклучени 11 групи. Во 2005 година, 260 случаи на криумчарењесо 270 нелегални мигранти беа пријавени, што претставува пораст од 34,02 проценти. За жал, нема пријавени бројки за вклученоста на организираните криминални групи.

Во 2003 година, *„Поранешната Југословенска Република Македонија"* пријави 8 случаи на организирано криумчарење на лица, каде беа вклучени 4 групи со вкупен број од 12 осомничени лица. Не се обезбедени податоци за 2004 година. Во 2005 година, беа пријавени 35 регистрирани случаи со 61 сторител, два од нив беа класифицирани како случаи на организиран криминал со 23 сторители. Во еден случај, организирана група сочинета од 31 член (лица од Албанија, Црна Гора, Србија и „Поранешната Југословенска Република Македонија"), преку девет најразлични активности „пренесе" 100 лица преку Македонско – Грчката граница, делумно потпомогната од тројца припадници на македонската гранична полиција.

Во извештајот на *Црна Гора* забележани се 257 случаи на нелегално преминување на границите во 2003 година, и 372 во првите девет месеци на 2004 година. Не беше истакнато колку од овие случаи беа квалификувани дека се извршени од страна на организирани криминални групи. Во 2005 година, не беше поднесена ниту една пријава во поглед на организираното криумчарење на лица. Криумчарењето на лица се чини дека бележи опаѓање како резултат на олеснувањето на регионалниот визен режим и измените на истиот, што е особено точно за криумчарењето од Албанија. Построгиот визен режим, кој обврзува албанските и косовските граѓани да поседуваат виза при влезот во Босна и Херцеговина и Хрватска, од друга страна, непланирано доведе до зголемување на побарувачката за криумчарење на лица преку границата.

Во 2003 година, *Србија* пријави 27 случаи на организирано криумчарење, во кои беа вклучени 16 групи и 64 сторители. Во 2005 година, бројките видливо се зголемија: 27 кривични дела криумчарење, 219 нелегални мигранти, 87 сторители, пред се Срби (73), но исто така и Кинези (5), Босанци (4), Македонци (3) и други. Во 2005 година, исто така Србија пријави 1076 странски

државјани кои нелегално влегле на територијата; во споредба со 2004 година, ова претставува мало зголемување од 2 проценти. Најголемиот број од тие мигранти постои веројатност да биле спроведени од страна на организирани криминални групи. Како и да е, што се однесува до полот на овие мигранти, треба да се нагласи дека бројот на жени мигранти значително се зголеми во однос на бројот на мажи (вкупно 115 жени, што претставува пораст од околу 100 проценти). Ваквиот значителен пораст се толкува како значителен пораст на процентот на оние 'мигранти' кои можеби биле жртви на трговија со луѓе заради сексуална експлоатација. Исто така забележан е пораст на криумчарењето на малолетни лица (135 нелегални мигранти, алармантен пораст од околу 60 проценти) што може да се толкува на сличен начин.

Повеќе од 220.000 припадници на малцинствата кои живеат во Црна Гора и Србија ја очекуваат нивната повторна интеграција на *Косово*, кога насилното востание кое се случи во март 2004 година ја погоди северната страна на провинцијата. Тродневните немири предизвикаа раселување на повеќе од 4000 членови на малцинството, пред се Срби, но исто така и Роми. Под закрилата на Локалниот тим на Обединетите Нации, меѓународните тела работеа заедно со Канцеларијата за враќање и заедници на УНМИК, ЦИВПОЛ, и Привремените институции на самоуправата на Косово, како што е Косовската полициска служба, со цел итно да се решаваат сите општествени и криминални проблеми кои се појавуваат. Беше регистрирано дека пазарот за криумчарење на мигранти е високо профитабилен на Косово, како и насекаде, без разлика дали преку организирање на криумчарењето или за олеснување на патните аранжмани (агенции за патување), привремено прифаќање на нелегалните мигранти низ територијата на Косово, е проценето на неколку илјади годишно (одговор на прашалникот од 2005 година). Како и да е, во одговорот на прашалникот од 2006 година, Единицата за истраги на граничната полиција при Косовската полициска служба пријави за 2005 година само 105 случаи на нелегална миграција. Меѓународниот обвинител, кој соработува со Одделот за правда на УНМИК, пријави дури само 7 случаи, сторени од страна на 27 сторители и непознат број на мигранти од Пакистан, Бангладеш и Индија. Не се дадени податоци во однос на бројот на случаи на организиран криминал.

Следниве заклучоци можат да се извлечат во врска со криумчарењето на нелегалните мигранти во или преку Југоисточна Европа:

- Покрај очигледните мали бројки кои дури бележат опаѓање (со исклучок на Хрватска, која пријави зголемување од 34 проценти) и броеви кои во голема мера се разликуваат (на пример, нелегални мигранти / лица предмет на криумчарење / трговија со луѓе, криминални досиеа / пријави / овбиненија, правда / полиција / други извори и меѓу самите проектни области во регионот), одговорите на прашалникот укажуваат на моќната улога која ја имаат организираните криминални групи кај кои се забележува модернизација на средствата кои ги употребуваат за криумчарење на лица, како и соработката меѓу различните локални криминални групи долж патиштата за криумчарење и со играчи на глобално ниво во Азија и Источна Европа. Како и да е, како соодветно документирана основа за ваквата изјава се сметаат 13 случаи во Албанија и 2 случаи во „Поранешната Југословенска Република Македонија" на криучарење на лица како дел од активностите на организираните криминални групи.

- Што се однесува до конкретните бројки на мигранти, постои јасна линија меѓу трговијата со луѓе и криумчарењето на лица преку границите, иако, очигледно не е доволно разграничена, покрај дефинициите содржани во Конвенцијата на ОН за борба

против транснационалниот организиран криминал на ниво на ЕУ[129]. Броевите на лица предмет на криумчарење и лицата жртви на трговија често пати се мешаат и се прикажуваат како една бројка, делумно како резултат на тоа што спроведувањето на лицата предмет на криумчарење бара помалку ресурси, а се заснова на депортација, додека трговијата бара сложени истраги, како и заштита за жртвите, нудејќи можност за депортација на жртвите и дефлација на нивните броеви.

- Во споредба со трговијата со луѓе, криумчарењето на лица вклучува помала оперативна модернизација имајќи ги предвид сложените цели на овој криминален пазар. Групите на средно ниво се во можност да обезбедат целосни аранжмани за патување, почнувајќи од набавка на лажни или фалсификувани документи до преминување на меѓународните граници со употреба на нелегални средства или со поткуп, потпирајќи се на превозните компании и агентите за патувања, кои често пати се директно поврзани со криумчарите или самите се криумчари. Ефектот од прикриените мерки спроведени од страна на полицијата беше наменет за да се оттргнат барателите на азил од употребата на побезбедни форми на „лажна" миграција (на пример, употребувајќи исправен авионски билет и фалсификувани патни исправи ) во „прикриени " средства, кои истовремено се поскапи и поопасни за жените, децата и мажите кои се вмешани (на пример, трагичната смрт на 20 Кинези, собирачи на школки, кои беа откриени во 2004 година, во Довер, кои беа пренесени нелегално од страна на добропознатите „Змијоглави банди").

- Патиштата преку Југоисточна Европа, иако нивниот карактер е во поголема мера регионален, припаѓаат во групата на најчесто користени транзитни патишта пред пристигањето до надворешните граници на ЕУ, областа на дестинација на скоро сите лица предмети на криумчарење. Поголемите градови во Југоисточна Европа, на пример, Сарево и Белград, се користат како места за заминување но исто така и како собирни места за продолжување на патувањето кон ЕУ (слично како Москва, Истанбул и Киев).

- Групите од повисоко ниво може да обезбедат логистичка помош за мигрантите во земјата на крајна дестинација, вообичаено се повикуваат на врските со заедниците со иста етничка припадност или националност кои се основани во таа земја. Додека мрежите на трговија со луѓе кои делуваат на територијата на Југоисточна Европа се воглавно сконцентрирани во Источна Европа, мрежите за криумчарење на лица потекнуваат дури од Бангладеш, Пакистан, Индија и Кина.

- Еден друг тренд кој е забележан од страна на проектните области е дека некои лица кои претходно биле вклучени во трговијата со луѓе, сега започнале да се занимаваат со криумчарење на лица, оружје и други стоки преку границите. Забележително е дека вештините кои се потребни за вршење на одреден вид на криминален бизнис лесно се пренесуваат и во другите криминални пазари, се менуваат и развиваат. На пример, нелегалната миграција сега веќе често ја користи предноста на претходно востановените патишта и мрежи кои се користат за трговија со дрога или оружје. Сите „стоки" можат да се пренесат паралелно, а некогаш дури и заедно.

---

[129] За да се олесни размената на информации и општото разбирање на општествениот и криминален проблем на европско рамниште, проектните области треба да ги користат истите дефиниции кои се користат во Европол (Види ја Конвенцијата на Европол).

- На меѓународно ниво, неколкупати беше отфрлена нераздвојната врска меѓу имиграцијата и институцијата на азил од една страна, и меѓународниот тероризам од друга страна[130]. Мерките кои се преземаат во контекст на преглед при влегувањето и граничната контрола можат единствено малку да влијаат врз спречувањето на тероризмот, поради тоа што многу други стратешки сфери се позначајни (на пример, соработка на службите за разузнавање, замрзнување на имото и слично). Како и да е, како што се покажа преку неколкуте истраги, а исто така и терористички настани, терористите многу почесто ги користат барањата за азил како заштитна пракса со цел да го трасираат патот за подготовка на терористичките напади, или, по таквите напади, да се скријат во безбедна средина (мирна област).

- Потребата од зголемена соработка меѓу националните полициски сили, царинските служби и правните системи е поставена како приоритет и треба значително да се зголеми и подобри. Слично на ова, активностите на меѓународните терористички групи и криминални организации профитираат се повеќе и повеќе од слободата на движење на луѓето, парите и стоките и ги користат истите за свои цели. За да се сузбие ова ефикасно, агенциите за спроведување на законот на проектните области треба и понатаму да соработуваат со нивните партнери од регионот и од земјите членки на ЕУ.

- Стратегиите за борба против криумчарењето на лица понекогаш доведуваат до појава на несакани негативни последици од гледна точка на непочитување на човековите права. Поради тоа што законскиот влез во ЕУ станува се потежок, а граничните контроли се построги, мигрантите се повеќе се повикуваат на организациите кои работат на криумчарење да го организираат нивниот транспорт. За жал, ова не се однесува на ′економските мигранти′, а, исто така, ниту за бегалците. Во овој контекст, Директивата на Советот на Европа за постапките за азил од 2005 година, која има за цел создавање на заеднички систем за азил, треба во целост да се преиспита и соодветно да се усвои во Југоисточна Европа за да може да се поплочи патот за тековното или идно присоединување кон ЕУ[131].

- Слично, азилот, миграцијата и визните мерки на Програмата CARDS на ЕУ[132] за „воспоставување на ЕУ компатибилна правна, регулаторна и институционална рамка во полето на азилот, миграциите и визните прашања во земјите од Западен Балкан“, има за цел да им помогне на проектните области да го усогласат нивното национално законодавство и административни пракси и да ги подобрат националните стратегии и акциски планови и истите да ги усогласат со оние на ЕУ, што ќе биде значаен камен-темелник за изнаоѓање понатамошни заеднички пристапи за управување со миграциите во областа на влез, престој, враќање, реадмисија, нелегална миграција, податоци и статистички пресметки.

---

[130] На пример, ICMPD, Секретаријат за специјалната седница на Будимпештанскиот процес во однос на улогата на миграцијата и граничната контрола за сузбивање на тероризмот, 22 февруари 2002 година.

[131] Директивата на Советот на Европа за постапките за азил, усвоена на 1 декември 2005 година, „камен-темелник“ на заедничкиот систем за азил во ЕУ.

[132] Вклучително и проектот кој траеше 24 месеци, „Поддршка и координација на стратегиите за интегрирано гранично управување“, кој ги покрива шестте проектни области (Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија и „Поранешната Југословенска Република Македонија“).

## 3.4 ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ

Забрзаната економска глобализација која е заснована на интеграција на глобалните финансиски пазари и слободни пазарни стратегии доведе до намалување на значењето на граничната контрола, а истовремено овозможи проширување на можностите за пробивање на економскиот криминал во Европа.

Економскиот криминал, како што е наведено во Препораката на Советот на Европа Пр. бр. 12 (81) од 1981 година[133] претставува најголема грижа за европските општества со децении. Препораката е заснована на претпоставката дека економскиот криминал предизвикува загуби на јавните приходи, има негативно влијание врз општеството во широки размери, со тоа што ја разнишува националната и меѓународна економија, и работи со цел да ја намали довербата во економскиот систем. На кратко, ја поткопува демократијата, владеењето на правото, човековите права и економскиот и општествен напредок.

Изготвувачите на Препораката на Советот на Европа Пр. бр. 11 (2001) која се однесува на „Водечките начела за борба против организираниот криминал“ ја истакнаа „силната корелација меѓу организираниот криминал и економскиот криминал, особено корупцијата, перењето пари и измамата“[134]. Како и да е, јасното разграничување меѓу организираниот криминал и економскиот криминал наметнува одредени проблеми, како што се покажа и во Конвенциите на Советот на Европа – перење пари, претрес, заплена и конфискација на имот стекнат со вршење на кривични дела и финансирање на тероризмот (CETS 198), компјутерскиот криминал (ETS 185) и Вториот дополнителен Протокол кон Конвенцијата за заемна правна помош во кривичната материја (ETS 182) и слични директиви и рамковни одлуки на ЕУ.

Мешањето на анализата на недиференцираниот „едноставен“ економски криминал со „организираниот“ економски криминал ја прави анализата уште потешка па дури и невозможна. Покрај тоа, економскиот криминал самиот по себе претставува гранка на криминалот, но и покрај препораката, јасната дефиниција и понатаму претставува потешкотија, што е особено точно за земјите од Југоисточна Европа[135].

Земјите од регионот се соочија со новите форми на организиран криминал кои се поврзуваат со приватизацијата и новите банкарски и финансиски сектори кои се во развој, придружени од капиталниот пораст, избегнувањето на плаќање на даноци, царинската измама, банкротот, измамите кои се поврзуваат со финанските кредити, корупцијата и перењето пари. Економскиот криминал се зголеми забрзано, а со тоа, особено, се создаде простор за паника и загриженост кај овие земји поради неговиот очигледен обем, огромни загуби и економско влијание, што е во голема мера очигледно за јавноста во самите земји.

Организираните криминални групи формираат криминални фирми заради вршење на кривични дела, иако тие инвестираат во легалната економија. Од друга страна, економскиот криминал ги исползува легалните фирми за легални бизниси, иако се потпираат на измама,

---

[133] Препораката на Советот на Европа Пр. бр. 12 (81) од 1981 година за економски криминал (усвоена од страна на Комитетот на Министри на 25 јуни 1981 година) ги наведува 16 специфични и неспецифични кривични дела кои се сметаат за еконмски криминал

[134] Види став 18 од Меморандумот за објаснување на Препораката на Советот на Европа Пр. бр. 11 (2001 година).

[135] Поради тоа што европските земји користат или набројуваат слични но и крајно различни видови на кривични дела, како економски криминал, тешко е да се направат споредби.

картели, монополи и корупција се со цел да ја задржи конкуретноста на легалниот пазар. И за двете форми се користат истите вештини и техники кои се изведуваат од страна на организираните структури, а се стремат кон тајност.

Интеграцијата на финанските пазари, интеграцијата на транснационалните компании и новите либерални пазарни стратегии (фискално штедење, приватизација, пазарна либерализација и намалување на трговските бариери) ги умножуваат можностите за појава на економски криминал во развиените земји што може да се види преку скандалите во Enron, WorldCom, Tyco International, VW, Flow-Tex, Elf Aquitaine и Parmalat. Иако разидувањето меѓу опсегот на економскиот криминал во поглед на вклучените фондови е огромно меѓу богатите Западноевропски земји и земјите од Југоисточна Европа, значаен фактор е релативното влијание од овој криминал врз општествата имајќи ја предвид големината и карактерот на нивните економии. Покрај тоа се верува дека приходите од економскиот криминал ги покриваат трошоците и штетите од другите видови криминал.

Во последната деценија, Советот на Европа[136], Европската Комисија и другите меѓународни тела дадоа огромна поддршка за да се надминат недостатоците кај различните проектни области за спречување и сузбивање на организираниот економски криминал, да се поплочи патот кон демократизацијата и економскиот развој, строгото владеење на правото и заштита на човековите права. Во Декларацијата и Акцискиот план усвоени на Третиот Самит на Шефовите на државите и Владите на Советот на Европа[137] ваквата активна вклученост беше подвлечена и особена нагласена.

Како последица на тоа, Земјите од Југоисточна Европа ги потпишаа, ратификуваа и усвоија скоро сите европски и меѓународни конвенции и договори од оваа сфера. Тие исто така ги елаборираа и подобрија стратегиите, акциските планови и програми, ги изменија националните Кривични Законици и Законите за кривична постапка во поглед на ефективни истраги и прогон на економскиот криминал во согласност со Европските стандарди за човекови права, формираа организациски структури слични на оние кои постојат во земјите членки на ЕУ, формираа специјални органи (како што е Единицата за финансиски сознанија), разменија добри / најдобри пракси и спроведоа прегледи на постигнувањата.

Покрај тоа, методите за проценка на загубите и влијанието се непостоечки, а и понатаму малку се знае за вистинската димензија и ефекти од организираниот и економски криминал во Југоисточна Европа.

Одлично, детално и конкретно тематско поглавје за економскиот криминал беше елаборирано во годишниот извештај за состојбата со организираниот криминал на Советот на Европа, објавен во декември 2005 година[138]. Поради тоа, анализата на економскиот и финански

---

[136] Совет на Европа, Програма ОКТОПОД 1 и 2, најразлични PACO програми за борба против корупцијата и организираниот криминал, GRECO, MONEYVAL или Проектот CARPO. Буџетот за сите проекти на Советот на Европа за борба против економскиот криминал во 2004 година беше 12 милиони Евра, а во 2005 година околу 15 милиони Евра. Преглед на актуелните иницијативи е даден во Извештајот за активности за 2005 година во поглед на „техничката соработка за борба против економскиот криминал“, јануари 2006 година.
[137] Варшавската Декларација, 16 – 17 мај 2005 година.
[138] Совет на Европа, „Извештај за состојбата со организираниот криминал, 2005 година“, фокус на заканите од економскиот криминал, декември 2005 година.

криминал дадена во рамки на овој извештај може да се потврди со последните развои и бројки кои што се доставени од страна на проектните области, на следниов начин :

**Даночна и царинска измама** е пријавена од страна на сите проектни области како најголема сфера на криминалот. Овој вид на измама, пред се, се темели на фиктивните компании регистрирани со лажни документи за идентификација (фалсификувани или украдени), кои се користат за трговија, а кои „исчезнуваат" или „банкротираат" кога доаѓа време да се наплатат даноците, се водат двојни евиденции и други вообичаени алатки. Ваквите шеми честопати се практикуваат од страна на организираните мрежи кои регистрираат фирми, отвораат банкарски сметки, и организираат контакти со сопственици на приватни или државни компании за купување или продавање на нивните производи. Клучно во овој ланец на активности е производството на лажни документи и фактури, на кое најверојатно отпаѓаат од 3 до 5% од заработениот профит, висина на трошок, која е очигледно помала од данокот за продажба (околу 20%), кој секоја компанија која работи во малопродажбата ќе мора да го плати на државата[139].

Царинските давачки се избегнуваат на начин што се пријавува помала вредност на увезените артикли како што е нафтата, се тврди дека истите ќе ја поминат транзитно земјата додека истите се продаваат на локалните „пазари на црно", и преку криумчарење на стоки преку границите. Криумчарењето на нафта и цигари во регионот, особено доминатно во периодот на санкции против Србија, се уште е присутно, но во помала димензија.

Успехот во воспоставувањето на контрола врз избегнувањето на плаќање даноци со воведување на данокот на додадена вредност е различен во различни земји. За оние земји кои бележат помал успех, измамите со ДДВ и понатаму постојат и се повикуваат на фиктивните компании како челници за увоз и извоз кои се формирани за собирање на ДДВ приходи, или ДДВ циркулација. Таквата пазарна промена која ги пренесува можностите од еден систем за собирање на давачки (данок на продажба) на друг (ДДВ систем) може да послужи како корисно предупредување за оние земји кои планираат да се преориентираат на ДДВ систем. Во одговорите на прашалникот од 2005 година, сите проектни области (со исклучок на Албанија со еден исклучителен случај и Црна Гора со точен број од 15 случаи на организирано криумчарење) не пријавија вклученост на организираните криминални групи во избегнувањето на плаќање на даноци и царински измами, дури и за конкретниот случај на криумчарење на акцизни стоки, каде организираните криминални групи доминираат;

*Албанија* даде општи изјави за даночните и царински измами и избегнување на плаќање на даноци („што особено се потпира на слабостите на албанските институции за давачки и царинската управа"), а пријави некои статистички информации кои, како и да е, не можат да послужат за анализа, поради тоа што бројките, според различните извори на Министерството за внатрешни работи и Канцеларијата на Јавното Обвинителство, значително се разликуваат и вклучуваат оргомен спектар на други видови на кривични дела. Во полето на царината, албанското Министерство за внатрешни работи пријави 120 кривични дела и 33 закони кои се однесуваат на даноците, додека Канцеларијата на Јавното Обвинителство, која има поверодостојни статистички податоци, пријави 247 случаи. Во 2005 година, царината заплени цигари, кафе и мобилни телефони, како и други артикли со вкупна вредност од приближно 4 милиони Евра, а беше пријавена и специјалната полициска операција со која се растури една организирана криминална група, која беше осомничена за криумчарење на 11 контејнери на

[139] Сите проектни области во регионот, со исклучок на Босна и Херцеговина, имаат систем за наплата на ДДВ.

цигари во земјата, а успех беше забележан и во заплената на два пловни објекти кои се користеа за криумчарење, како и два моторни чамци, два луксузни автомобили, магацин од десет илјади квадратни метри и апартман од 250 м²;

*Босна и Херцеговина* обезбеди најразновидни детални статистички податоци во врска со економскиот криминал, како во поглед на големиот број на различни видови на кривични дела, така и за сите свои четири јурисдикции[140], и, уште повеќе, на кантонско ниво. За жал, овие статистички податоци не се дадени како одговор на прашалникот. Што се однесува до бараните бројки кои беа обезбедени и кои може да се придододат, во 2005 година, пријавени беа 54 случаи на затајување на данок, а „во полето на царинските давачки", најмалку 580 случаи. Не беше можно да се направи веродостојна споредба со податоците од минатата година како резултат на дивергентните изгледи и шеми на пријавување (2002 – 2004 година: 835 случаи, кои предизвикаа загуба на јавните приходи од околу 160 милиони Евра), како и да е, бројките се чини дека се намалуваат;

*„Поранешната Југословенска Република Македонија"* пријави 114 случаи на затајување на данок, сторени од страна на 178 сторители, и воглавно, беше истакнато дека ДДВ измамите и криумчарењето и понатаму претставуваат клучен проблем, особено кога станува збор за криумчарењето на цигари, алкохол, текстил, компјутери, мобилни телефони и храна низ државата, што се смета дека претставува центар на криумчарење во регионот;

*Хрватска, Косово, Црна Гора* и *Србија* не доставија детални информации.

**Банкарска измама** – тековната реформа на финансиските институции нуди широк спектар на можности за појава на организиран економски криминал. На пример, здруженијата за заштеди/ заеми и банките се злоупотребуваат за добивање на заеми со пониски каматни стапки се со цел да се позајмат парични средства заради лихварски интереси; банкарските заеми се добиваат со користење на лажни документи; заемите се користат за цели кои не се наведуваат првично; се прават фалсификати на кредитни картички и слично. Реформите во банкарството се уште не функционираат во целост, а недостатоците на регулаторната примена придонесуваат кон ранливоста на финансискиот систем. Како и да е, премногу малку информации беа обезбедени од страна на проектните области за да може да се спроведе анализа или подетално да се испитаат истите преку споредување на податоците на проектните области од оваа сфера на кривични дела.

**Приватизација** – приватизациската измама предизвикува огромна загриженост за земјите. Уништувањето на имотот, доведувањето на фирмите до банкрот кои треба да бидат приватизирани, и други активности тесно се поврзуваат со корупцијата на јавниот сектор. Ефектите од таквиот вид на измама се загуба на продуктивните капацитети и работни места[141]. Покрај ова, државните одлевања (на пример, развојните фондови за општините, државните заеми за неуспешните фирми и слично) исто така се предмет на криминал, во голема мера вклучувајќи ги и локалните државни службеници, политичари и управители на компании. Иако ваквите проблеми тесно се поврзуваат со транзицијата во пазарната економија, а можно е, но не и задолжително, истите да се поврзани и со организираниот (економски) криминал,

[140] Босна и Херцеговина има четири јурисдикции во системот за казнена правда: државното ниво, нивото на два ентитета (Република Српска и Федерацијата на Босна и Херцегвина) и Обласга Брчко.

[141] Иако приватизацијата на компанијата може легитимно да вклучи намалување на бројот на вработени лица заради ефикасност или пренаменување на компанијата, земјите пријавија дека се загрижени, што се јавува како резултат на случаите за кои се води истрага.

постои општа согласност меѓу земјите дека криминалот кој се поврзува со приватизацијата претставува уникатен предизвик за полицијата и судството. Земјите чувствуваат дека, имајќи ги предвид вклучените сегменти, довербата на јавноста во институциите во голема мера ќе зависи од исходот на сложените истраги кои насочени кон моќните политички и економски интереси кои се поврзуваат со приватизацијата. Како и да е, премногу малку информации беа обезбедени од страна на проектните области кои не дозволуваат да се спроведе анализа или подетално да се испитаат истите со споредба на податоците за различните проектни области во поглед на ова поле на кривични дела.

**Економски криминал, генерално** – кога станува збор за податоците кои се однесуваат на криминалот, постојат некои разлики во однос на тоа како проектните области ги вреднуваат случаите кои се поврзуваат со организираниот и економски криминал.

За извештајот за 2005 година, проектните области, со исклучок на Црна Гора, пријавија податоци за организиран криминал, а не за севкупната состојба изразена преку статистички податоци за криминалот за 2004 година. За извештајот од 2006 година, некои проектни области пријавија општи статистички податоци за криминалот, некои испратија детални информации за одредени видови на криминал, а некои дадоа поопшти изјави. На кусо, одговорите на прашалниците од 2005 и 2006 година се фрагментарни, различни меѓу себе, не можат да се споредат и е тешко истите да се искористат за да се направи веродостојна анализа, а единствено овозможуваат да се утврдат некои заеднички обрасци.

Проектните области треба да се охрабрат да воспостават правилен систем за регистрирање кој ќе биде заснован на општо разбирање, дефиниции и правила (слично како и системот создаден од страна на институциите за спроведување на законот во ЕУ) со што ќе се осигура детална споредба на развојот на организираниот криминал во Европа.

Сепак, врз основа на одговорите на двата прашалника, следните заклучоци можат да се донесат:

- И понатаму останува неразјаснето, дали економскиот криминал е во пораст или бележи опаѓање. Вреднувајќи ги сите одговори на двата прашалника и споредувајќи ги резултатите со другите меѓународни прегледи, економскиот криминал се чини дека бележи пораст.
- *Албанската* полиција пријавила помал број на кривични дела (- 22 проценти), а наводно повела истрага и пријавила до Канцеларијата на Јавното Обвинителство само 1024 случаи[142] на економски криминал, сторени од страна на 1227 сторители. Најголемиот процент од овие кривични дела се состои од фалсификување на документи, за што се пријавени 718 случаи[143], кривични дела од сферата на царината, со регистрирани 120

[142] Бројките обезбедени од страна на Канцеларијата на Јавното Обвинителство се значително поразлични отколку оние обезбедени од страна на Генералната Дирекција на полицијата. Воглавно, обезбедените податоци од страна на Канцеларијата на Јавното Обвинителство се посеопфатни поради тоа што овој орган ги прибира сите криминални извештаи од сите вклучени страни (институции, или поединци) кои не мора да бидат исфилтрирани од страна на полицијата.

[143] Според статистичките податоци дадени од страна на Канцеларијата на Јавното Обвинителство, бројот на случаи регистрирани за фалсификување на документи достигнува до 1632 случаи; податоците кои се однесуваат на кривичните дела од сферата на царината укажуваат на вкупен број од 454 пријавени случаи, со вкупен број од 238 вклучени лица. Податоците од Канцеларијата на Јавното Обвинителство во однос на кривичните дела затајување на данок, за 2005 година, се 247 случаи со вкупен број од 163 вклучени лица.

случаи[144] и 90 случаи на измама[145]. Како и да е, според Канцеларијата на Јавното Обвинителство, реалните бројки на економскиот криминал се зголемуваат и се приближуваат кон 10.000 случаи. Полицијата во *Босна и Херцеговина* (БиХ) пријавила околу 1342 случаи на државно ниво, што претставува намалување приближно до 6 проценти што е очигледно предизивикано од огромното и изменадувачко опаѓање во Федерацијата на Босна и Херцеговина (- 62,4 проценти), додека во Република Српска (+ 16 проценти) и Областа Брчко (+ 28,9 проценти) е регистриран пораст на бројките. Најголем број од случаите се однесуваат на злоупотреба на службената должност и надлежности, фалсификување на пари, фалсификување на документи, несвесно вмешување и водење на бизнис и лаги за да се добие заем и други привилегии. *Хрватска* пријави околу 6600 случаи (2, 35 проценти помалку отколку во 2004 година), најголем дел од кривичните дела од економски криминал се однесуваат на службената должност и службените овластувања, незаконска употреба на авторските дела, избегнување на карински контроли, злоупотреба на овластувањата во економските бизниси и фалсификување на официјалните документи. *„Поранешната Југословенска Република Македонија“* не пријави бројки кои се однесуваат на општиот развој и не истакна никакво зголемување ниту намалување, но, информираше за најчестите форми на економски криминал, каде повторно злоупотреба на службената позиција и овластувања изразена преку 275 случаи е доминантна, по што следат 140 случаи на фалсификување или уништување на финансиските досиеја, 114 случаи на затајување на данок и 51 случај на фалсификување на официјални документи за идентификација. Во 2005 година, полицијата во *Црна Гора* регистрираше 1872 случаи на економски криминал (+ 10,4 процент во споредба со 2004 година), а исто така пријави и забележително зголемување на загубата на приходите од 17,2 милиони Евра (2004 година) на 30,5 милиони Евра (+ 88,6 проценти). *Србија* и *Косово* не доставија никакви податоци и бројки за економскиот криминал за 2005 година.

- Економскиот криминал во себе вклучува огромен број на случаи кои се поврзуваат со организираниот економски криминал. За жал, одговорите даваат само малку информации кои не дозволуваат да се направи сеопфатен и споредбен преглед како на ниво на проектните области, така и на средишно ниво. Албанија (17) и Хрватска (14) пријавија случаи на организиран економски криминал за 2004 година, но и двете проектни области не обезбедија никакви информации или споредбени бројки за 2005 година. Босна и Херцеговина не го пријави конечниот број на криминални организиации кои се вклучени во економскиот криминал, но според некои од пријавените кривични дела (фалсификување на пари, фалсификување на документи, фалсификување на заштитни знаци), кои вообичаено ги вршат организираните криминални групи, треба да е забележан пораст. *Црна Гора*, која за 2005 година пријави забележителен пораст на економскиот криминал воопшто (+ 10,4 проценти) каде може да се забележи вклученост и на организираниот криминал[146], особено во сферата на фалсификување на пари, единствено можеше да обезбеди информации за 6 пријави за

---

[144] Податоци добиени од страна на Канцеларијата на Јавното Обвинителство за кривични дела од областа на затајување на данок, за 2005 година, се 247 случаи со вкупен број од 163 вклучени лица.

[145] Податоци добиени од страна на Канцеларијата на Јавното Обвинителство потврдуваат вкупен број од 218 случаи на измама.

[146] Поимот „организиран криминал“, кој беше воведен во април 2004 година, не постоеше во кривичното законодавство на Црна Гора во времето кога споменатите криминални случаи беа регистрирани. Дали некое од регистрираните случаи вклучува степен на организираност не можеше да биде предмет на законска квалификација.

54 кривични дела сторени во сферата на организираниот криминал, пред се, криумчарење (15), измама (15), перење пари (7) и фалсификување пари (3), но иста така и 10 случаи на злоупотреба на службената позиција, во рамки на организираниот економски криминал. *Србија*, која во одговорите на минатогодишниот прашалник ја истакна доминантната улога на организираните криминални групи на полето на економскиот криминал (2003 година: 12 организирани криминални групи, 38 случаи на организиран економски криминал) и годишна загуба приближно од 300 – 500 милиони Евра, како резултат на економскиот криминал[147], не обезбеди слични податоци и информации за 2004 година и 2005 година. Сличен заклучок може да се донесе и за *Косово*. *„поранешната Југословенска Република Македонија"* пријави криумчарење, фалсификување на пари и фалсификување на официјалните докуметни за идентификација во големи размери, типични кривични дела на организиран криминал, но не обезбеди никакви конкретни податоци и бројки.

- Економскиот криминал во Југоисточна Европа е значително ***регионален*** по својот карактер, а, и покрај специфичните разлики меѓу проектните области, се развива на претходните блиски регионални врски. Сите земји веруваат дека економскиот криминал претставува најголема закана за нивните економии и општества. Една од причините е поради тоа што влијанието на економскиот криминал пред се се чувствува во самите земји, што не е задолжително случај со другите видови на организиран криминал, како што е трговијата со дрога, криумчарењето на лица и слично, чие влијание се чувствува во ЕУ и во другите земји. Покрај тоа, економскиот криминал исто така ја поткопува и довербата во економскиот и правен систем. Во Хрватска, а исто така и во другите проектни области, очекувањето на јавноста за преземање на акции против приватизациската измама и измамите кои се однесуваат на добивање на профитабилни крајбрежни ресурси е големо. Недостатокот од ваква акција може да ја поткопа јавната доверба во системот[148].

- Економскиот криминал самиот по себе предизвикува загуби на јавните приходи и го уништува легалниот пазар. Само неколку проектни области (Босна и Херцеговина и Црна Гора) пријавија загуби од милиони Евра, пред се, од сферата на затајување на даноци, криумчарењето и измамата.

- Фалсификувањето на пари и фалсификувањето на документи се од особено значење во проектните области, а посебно се чини дека фалсификувањето на пари прераснува во голем пазар во регионот, вклучително и фалсификување на монети. Бројот на фалсификувани евра се зголемува од година во година. Потребната технологија станува се поефтина и полесно достапна, моќта на еврото и неговата широка распространетост како платежно средство, особено во Југоисточна Европа, придонесоа тоа да биде поатрактивно за фалсификување, во споредба со американскиот долар. Анализата која ја спроведе Еуропол вели дека повеќето од Евро банкнотите со подобар квалитет се верува дека се произведуваат од страна на криминалците во Југоисточна Европа (воглавно Бугарија) и Балтичкиот регион[149] и дека фалсификувањето на еврото е сведено на тие криминални пазари, кои се очекува да привлечат се повеќе и повеќе

[147] Интервјуа со полициските службеници, септември 2004 година.
[148] Одговорот на прашалникот кој го обезбеди Хрватска и интервјуата со хрватските полициски службеници, септември 2004 година.
[149] Извештај за организираниот криминал во ЕУ, 2005 година, Еуропол.

внимание во годините што следат[150]. *Албанија* пријави повеќе од 1600 случаи на лажни документи. *Босна и Херцеговина (БиХ)*, меѓу најзначајните кривични дела на економски криминал го наведе воведувањето во употреба на фалсификуваните пари (во Федерацијата на Босна и Херцеговина и Република Српска, 242 случаи) и фалсификување на документи. *Црна Гора* пријави само 3 случаи на фалсификување на пари, *Хрватска*, *Косово* и *Србија* не обезбедија никакви информации за фалсификување на пари. *„поранешната Југословенска Република Македонија"* пријави огромен број на фалсификувани банкноти (195 случаи), пред се со ниска номинална вредност од 100 македонски денари, но исто така и во вредност од 500 и 1000 македонски денари, евро банкноти и долари.

- Поврзаноста меѓу економскиот и организираниот криминал се чини дека е заснована на корупцијата, како на ниско, така и на високо ниво. Поткупот и другите коруптивни пракси кои се користат за регистрирање на компании и движен и недвижен имот, за местење на тендерските постапки, за пренос на стоките преку граница, потплатување на судиите и обвинителите или за затајување на случај, влијателно тргување со приватизацијата, и безброј други дела се сметаат за пракси кои се користат за унапредување на двата вида на криминал. Некои од проектните области искажаа огромна загриженост за моќта и можното влијание на организираните групи врз владеачките структури и општество, издвојувајќи ја корупцијата како единствена најголема закана која се поврзува со сите аспекти на организираниот и економски криминал.

- Во повеќето од проектните области криумчарењето е значаен пазар за организиран криминал. Војната во Југоисточна Европа во деведесеттите години од минатиот век воопшто, а посебно ембаргото врз трговијата и оружјето против Србија, отворија исклучителни можности за криумчарите и доведоа до побарувачка на високотарифни стоки, вклучувајќи ја и симбиозата меѓу безбедносните службени лица, политичарите, полициските и царински службеници, и организираните криминалци. Санкциите го поттикнаа развојот на регионалните канали за криумчарење, преку Албанија, Бугарија, Црна Гора, Романија и „Поранешната Југословенска Република Македонија", пред се, со пренос на нафта, цигари, оружје, возила и други стоки. На тој начин криумчарењето стана важен извор на приход за различните групи, како за политичките елите, така и за луѓето кои живеат во пограничните области. Иако степенот на криумчарење се намали како резултат на постепената нормализација на регионот[151], мрежите за криумчарење кои беа воспоставени во текот на деведесеттите години од минатиот век, се се уште активни. Реформите на граничните служби и царината кои во моментов се во фаза на имплементација во регионот, имено, преку програмите за помош на ЕУ, како што е мисијата на Европската Комисија CAFAO и твининг програмите, доведоа до подобрување на граничната контрола и затворање на нелегалните гранични премини. Како и да е, корумпираноста на царинските службеници и службениците на граничната полиција и понатаму е клучна за активностите на криумчарењето, како и употребата на недостапни, фиктивни или паралелни компании[152], лажни документи за

[150] Проценка на заканите од организираниот криминал во ЕУ, 2006 година.

[151] Нововоспоставените ДДВ режими и олеснетата трговија меѓу земјите ќе има за цел да ја намали – но не и во целост да ја укине – зависноста на акцизните приходи и царински давачки.

[152] „Недостапни" компании се оние кои се регистрирани на непостоечка адреса или за кои се користат лажни документи за регистрирање; „фиктивни" компании се оние кои се регистрирани користејќи лажни документи за идентификација; „паралелни" компании се оние кои користат копии од документите за

идентификација и фактури за пренос на товар преку границата без службеник „спроводник", со што се укажува на степенот на софистицираност на она што се смета за развиен и активен криминален пазар со цел да се трасира патот до легалните структури.

- Според проценките на Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд, владите на ЕУ и другите органи, како што е Европол, Фронтекс и OLAF, влијанието од криумчарењето на цигари од Југоисточна Европа и понатаму ги задржува своите загрижувачки пропорции, особено тоа што од неодамна турските организирани криминални групи се чини дека се вклучени во трговијата со цигари, а исто така и на хероин[153]. Криумчарењето на цигари ги лишува земјите членки на ЕУ, како и проектните области од регионот од остварување на добивка од милијарди евра на годишно ниво[154]. OLAF, Европската канцеларија за искоренување на измамите, веќе упати апел за предупредување во својот Извештај за 2004 година до Советот на Европа и Европскиот Парламент[155] дека криумчарењето на цигари предизвикува значителна штета на буџетите на земјите членки на ЕУ и на другите земји и ги пријави добрите резултати од борбата против криумчарењето на цигари, како што е упатувањето на граѓанските акти до судовите во Њујорк против компанијата за цигари РЈ Рејнолдс и други, за вклученост во криумчарењето на цигари и перење пари или договор со Филип Морис Интернешнл, на 9 јули 2004 година, кој веќе покажа дека постои подобра соработка меѓу Филип Морис Интернешнл и Одделите на Комисијата, особено со OLAF. Како и да е, на крајот на 2005 година, OLAF постапуваше по уште 33 отворени случаи кои се поврзуваат со криумчарење на цигари, а во својот последен годишен извештај за 2006 година[156] ја пријави својата успешна операција „Фалсификати" во мај 2005 година (операција контејнер во соработка со DG TAXUD која имаше за цел откривање на криумчарењето на фалсификувани стоки од Азија) доведе до заплена на 140 пратки во авионскиот карго товар и на 60 длабински контејнери. Вкупната тежина на фалсификувани стоки беше приближно 500 тони. Повеќе од 1.2 милиони паковки на фалсификувани цигари беа запленети, како и околу 0.8 милиони други артикли. Покрај цигарите, другите материјали, предмет на фалсификување се, пред се, текстилот, електрониката и лековите. Заплени беа извршени на глобално ниво, а во одредена мера исто така и во Југоисточна Европа. За прв пат OLAF ги пријави отворените случаи на криумчарење на цигари во земјите кандидати: Хрватска (2 случаи) и „поранешната Југословенска Република Македонија" (четири случаи).

---

регистрација со изменети имиња на сопствениците. Таквите копии потоа се користат за да се отворат нови компании, кои не можат да се лоцираат, банкарски сметки. Во 2004 година, Босна и Херцеговина мораше да даде карактеристика за 1187 правни ентитети како недостапни, фиктивни или паралелни.

[153] Извештај за организираниот криминал во ЕУ, 2005 година, Еуропол.

[154] Според германското Министерство за финансии, во 2005 година, само Германија забележа загуба проценета на 2.7 илјади милиони Евра во давачки за тутун, објавено во германскиот неделен весник ФОКУС, 20/2006; исто така види ја табелата за влијанието на случаите на OLAF.

[155] COM (2005) 323, објавен на 19 јули 2005 година.

[156] Годишен извештај на OLAF за 2005 година, 13 јули 2006 година.

**Табела 4: Финансиското влијание на отворените и затворени случаи на OLAF (на крајот на 2005 година)**

| Сектор | Отворени (милиони €) | Затворени (милиони €) | Вкупен број (милиони €) |
|---|---|---|---|
| Земјоделство | 112,1 | 222,2 | 334,3 |
| Алкохол | 0,0 | 179,8 | 179,8 |
| Цигари | 344,6 | 972,3 | 1.316,9 |
| Барински давачки | 216,9 | 503,1 | 720,0 |
| Непосредни трошоци | 175,2 | 86,9 | 262,1 |
| ESTAT | 102,9 | 3,1 | 106,0 |
| Надворешна помош | 130,0 | 172,2 | 302,2 |
| Внатрешни истраги | 18,2 | 230,2 | 248,4 |
| Мулти- агенциски истраги | 0,0 | 3,7 | 3,7 |
| Прекурзори | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Структурни фондови | 390,2 | 1.144,9 | 1.535,1 |
| Трговија | 0,0 | 934,7 | 934,7 |
| ДДВ | 435,1 | 242,9 | 678,0 |
| Вкупно | 1.925,2 | 4.696,0 | 6.621,2 |

Извор: Годишен извештај на OLAF за 2005 година

- Во октомври 2005 година, преку една друга заедничка специјализирана операција на полицијата и царинската управа во Бугарија, беше остварена заплена на шверцувани цигари, а воено беше спречено и криумчарење на повеќе од 8,5 милиони парчиња цираги од англискиот бренд Супер Кингс. Контејнерите во кои се превезуваа цигарите (наводно во нив се превезувале кинески производи направени од стакло) својот пат го започнаа од Кина, поминаа преку Турција, а потоа беа транспортирани до грчкото пристаниште во Солун. Оттаму, цигарите беа натоварени во возови кои патуваа за Бугарија, за понатамошна дистрибуција до земјите од Западна Европа, каде штетата на буџетот на ЕУ би се искачила приближно до 3,1 милиони Евра[157].

  Во насока на ова, регионалната економија и државните трезори и понатаму ќе претрпуваат загуби[158]. Поради тоа, формирањето на Координативни структури за искоренување на измамите (AFCOS), што е можно поскоро, е од суштинско значење. Овие централизирани контакт лица за координација на сите законодавни, административни и оперативни аспекти за заштита на финансиските интереси на ЕУ се веќе оперативни во земјите пристапнички во ЕУ: Бугарија и Романија[159].

---

[157] http://ec.europa.eu/comm/anti_fraud/budget/2005/bg.pdf

[158] Види го извештајот на Центарот за проучување на демократијата: *Корупција, криумчарење и организиран криминал во Европа (2003 година)*, страна 8.

[159] Состанокот на AFCO во Букурешт, 1 јуни 2006 година, каде OLAF и експертите за сузбивање на измамите и лица кои спроведуваат истраги од десет земји членки на ЕУ кои се присоединија со Унијата во 2004 година, ги разменија нивните оперативни искуства со колегите од земјите пристапнички во ЕУ, Романија и Бугарија, како и со земјите кандидати за ЕУ, Хрватска и Турција, на кои исто така ќе им биде претставено,

*Албанија* во 2004 година пријави дека бројот на регистрирани случаи станал скоро двојно поголем и изнесува 164 случаи, од кои 14 случаи се поврзуваат со 14 организирани криминални групи составени од 62 сторители. Сепак, Албанија не пријави споредбени бројки за 2005 година. *Босна и Херцеговина* пријави експазија на криумчарење и продажба на пиратски производи од секаков вид (алкохол, тутун, храна и слично) која започнува уште од 2003 година. Во 2004 година 22 случаи на криумчарење предизвикаа вкупна загуба од 28,301.319 Евра[160], а во 2005 година, регистрирани се дополнителни 30 случаи, вклучително и една нелегална зделка со нафтени производи во Областа Брчко, со што се направи штета од околу BAM 2 милиони. Клучната причина за доминантност на пазарот на криумчарење се наоѓа во разделувањето на внатрешните економски зони на Босна и Херцеговина, со што се овозможи создавање на уникатни услови за даночно и царинско затајување во регионот, и постоење на пазари на кои се продава шверцуваната роба, како што е пазарот Аризона во Областа Брчко. Канцеларијата на Високиот претставник и Владата на Босна и Херцеговина ги соединија своите напори за да го унифицираат разделениот систем за собирање на даноци и ја основаа Агенцијата за посредно оданочување, која се очекува да даде позитивни резултати во иднина[161]. Хрватска, која во 2003 година пред се страдаше од криумчарење на акцизна стока, пријави 18 случаи кои се поврзуваат со организираниот криминал, вклучувајќи 17 групи со 127 сторители, а не пријави ниту еден случај на криумчарење во прашалникот од 2006 година. Трговијата во *Црна Гора* со шверцуван тутун од последните неколку години од минатиот век бележи намалување како резултат на комбинацијата на меѓународен притисок и напорите на локалната влада[162]. Во 2003 година, криумчарењето на акцизни стоки, особено нафта и петролеум преку Црна Гора и Босна и Херцеговина и криумчарењето на жив инвентар преку албанските граници придонесоа до појава на загуба на приходите од околу 9 милиони Евра и заплени, пред се на цигари и алкохол во висина од приближно 1.7 милиони Евра. Иако Црна Гора не даде конкретни бројки за 2005 година, неодамнешниот висок пораст на загубите на приходи (88,6 проценти, или 30,5 милиони Евра) кој се поврзува со сите видови на економски криминал, најверојатно се јави како резултат на 15 пријавени случаи на криумчарење од вкупно 54 случаи на организиран економски криминал. *Косово* беше место на дестинација за шверцуваниот алкохол и цигари кои потекнуваат од Словенија, Австрија, Грција, Црна Гора, Србија и „поранешната Југословенска Република Македонија", додека фалсификуваните брендови се произведуваат воглавно на Косово, но исто така и во соседните земји, од каде тие се шверцуваат на Косово. Во 2004 година и во првата половина на 2005 година, 332 случаи на криумчарење на стоки беа регистрирани, како и да е, не беа обезбедени други дополнителни информации во прашалникот од 2006 година. Во *Србија* значително се намали криумчарењето на акцизните стоки. Кога познатата патека за криумчарење на

---

доколку тие сметаат дека е потребно, воспоставувањето на нивните AFCOS, во нивните подготовки за идно членство во ЕУ.

[160] Податоците се обезбедени преку Канцеларијата за даночна администрација на Република Српска, Федерацијата Босна и Херцеговина и Областа Брчко.

[161] Види ја одлуката на Високиот претставник од оваа област на www.ohr.int/decisions/econdec/archive.asp.

[162] OLAF, Изјава за медиумите, OLAF/12/2003,, OLAF обезбедува докази за судскиот процес на „Црногорската врска" кој беше вклучен во меѓународната трговија со цигари, 30 април 2003 година, europa.eu.int/olaf; статија - Сондажа во врска со улогата на Црна Гора во нелегалната трговија со цигари, Financial Times, 9 август 2001 година; статија: Црна Гора: Премиерот ги отфрла наводите за криумчарење на цигари, Радио Слободна Европа, 7 ноември 2003 година, и Транспорт, криумчарење и организиран криминал, Центар за проучување на демократијата, Софија, 2004 година.

цигари преку Црна Гора беше затворена, а новите патишта сега водат преку Косово, „Поранешната Југословенска Република Македонија“, Бугарија, Романија и Хрватска. Криумчарењето на артикли кои подоцна се препакуваат и се продаваат на пазарите е релативно нов тренд во регионот, а не само во Србија. 17 организирани случаи на криумчарење се пријавени во 2003 година, каде се вклучени 9 криминални групи, сепак, не беа наведени информации за 2004 и 2005 година. *„поранешната Југословенска Република Македонија“* и понатаму останува да биде транзитна земја за шверцувани цигари, алкохол и техничка опрема, како на пример, мобилни телефони, компјутери и делови за компјутери кои се шверцувани на Косово и Грција, како и текстилни стоки кои водат потекло од Кина, кои се пренесуваат преку Турција и Бугарија. Повторното пакување, етикетирање и продажба на прехранбени производи со поминат рок на траење, како и фалсификувањето на прехранбени производи, бара поголема софистицираност. Во 2003 година, земјата регистрираше 174 случаи, во кои се вклучени 8 организирани криминални групи. Во првите девет месеци од 2004 година, националните органи запленија акцизна стока во висина приближно од 1.72 милиони Евра. Не беа дадени никакви цифри за 2005 година.

Пошироко гледано, Европа и понатаму се смета за најголем пазар на цигари. На земјите членки на Советот на Европа отпаѓа околу 30% од светското производство на цигари, 60 проценти од глобалниот извоз и повеќе од 50% од глобалниот увоз. Имајќи ја предвид големината на пазарот и можноста за заработување на дополнителна придобивка со избегнување на плаќање на давачките за приходи, околу 25% од глобалното производство на цигари, или повеќе од 210 милијарди цигари (разликата меѓу пријавените извози и увози) отпаѓа на пазарот на црно. Од нив, за околу една третина се верува дека се шверцуваат во рамки на земјите членки на Советот на Европа. Неодамнешната забрана за пушење на јавни места во голем број на земји на ЕУ може да придонесе да се намали пазарот во Западна Европа.

- Пиратските продукти, кривичните дела врз интелектуалната сопственост и измамата во врска со правата на сопственост, најверојатно го имаат најголемото влијание врз земјите членки на ЕУ во поглед на даночни загуби и вработувања[163], а исто така стана се поголем криминален пазар во Југоисточна Европа. *Албанија, Косово, Црна Гора* и *„поранешната Југословенска Република Македонија“* не обезбедија нови бројки ниту некаков извештај за овој вид на криминал. За *Босна и Херцеговина*, Канцеларијата на Обвинителот пријави 20 случаи на кривични дела кои се однесуваат на прекршувања на авторските права, односно, неовластено користење на авторските права. Овие активности се исто така во тек и во Република Српска. *Хрватска* пријави дури 342 кривични дела на измама во врска со правата на сопственост и други 7 случаи на прекршување на авторските права, што бара да бидат разгледани истите во поглед на развојот на пиратските производи во Хрватска. Во *Србија,* пиратеријата го доживеа својот подем во доцните деведесетти години од минатиот век. Во одговорот на првиот прашалник, Србија пријави заплена на повеќе од 60.000 видео лентии, ЦД-а, како и огромна количина на видео и аудио опрема која се користи за гласовно снимање и видео приказ, како и компјутерски Софтвер; но сепак, информации за 2004 и 2005 година не беа обезбедени.

[163] Извештај на Европол за организираниот криминал во ЕУ, 2005 година.

- Компјутерскиот криминал и предностите кои ги нуди Интернетот во поглед на информатичката и комуникациска технологија се екстремно корисни за организираните криминални групи. Културите од подземјето кои се изградија врз одредрен високотехнолошки развој се одлични за да дадат поддршка, за контакти, кодирање на комуникациите, регрутација и за советување. *Албанија, Босна и Херцеговина, Косово* и *Србија* не доставија никакви информации ниту статистички податоци за компјутерскиот криминал во прашалникот од 2006 година. ***Хрватска*** забележа пораст на бројот на кривични дела кои се однесуваат на компјутерскиот криминал и бројот на кривични дела против правата на интелектуална сопственост (2004 година: 928 кривични дела, 2005 година: 1009 кривични дела[164]) што секако мора да се сфати како последица на зајакнатите правни и административни структури и од неодамна воведените механизми за контрола. Направена е проценка дека сторителите на кривични дела од областа на компјутерскиот криминал не работат како членови на организирани криминални групи и дека регистрираните цифри се уште не се високи. Во 2005 година, беа регистрирани две кривични дела на детска порнографија во компјутерскиот систем, 11 кривични дела против интегрирањето на компјутерските податоци, програми и системи, 6 кривични дела на компјутерско фалсификување и 15 кривични дела на компјутерска измама. Како и да е, поради тоа што поголемиот дел од она што се нарекува компјутерски криминал е исто така познато како „контролиран криминал" (ниту една жртва не е пријавена на полицијата, па така полицијата треба да ги открива ваквите видови на кривични дела преку надгледување на интернет и со спроведување на оперативни анализи), бројките се зголемуваат. *Црна Гора* пријави дека компјутерскиот криминал во периодот не бил толку значаен во земјата. Во 2005 година, само 2 кривични пријави биле поднесени против 7 сторители кои извршиле 7 кривични дела од кои извлекле криминален профит од околу 27.000 Евра. *„поранешната Југословенска Република Македонија"* воведе измени во Кривичниот Законик во поглед на компјутерскиот криминал. Иако не беа наведени конкретни цифри, деталeн преглед за актуелните трендови и шеми беше презентиран. Најчестите кривични дела во проектната област беа, најпрво, набавка на производи преку Интернет со употреба на податоци од нелагално стекнати кредитни картички кои се претходно украдени или се добиени на хакерски начин[165], како второ, со замрзнување на услугите на конкурентските снабдувачи[166], и како трето, пиратски производи со нелегално умножување, како приватно, така и во рамки на бизнисот со софтверски производи, пред се, на производи на Microsoft (Windows XP и Windows Office). Други кривични дела кои се значајни да се споменат се случаите на „phishing", релативно нова

---

[164] Како што беше пријавено од страна на Центарот на надлежности на Југоисточна Европа при Универзитетот во Грац (Австрија), пиратеријата на Софтверот во Хрватска е се уште на високи 58 проценти. Штетата која им е направена на производителите на Софтвер се зголеми на 5 милијарди американски долари до околу 50 милијарди, што беше прикажано во анализата на една компанија IDC CEMA, која беше доставена и до Здружението на бизнис алијансата (BSA) во Загреб, декември 2005 година.

[165] Влегувањето во базата на податоци, на пример, на некоја компанија, трговец, трети процесори или банки и умножување на складираните податоци во овие бази на податоци, подоцнежно лажно користење на истите за различни цели, како што е производството на фалсификувани кредитни картички или слично. Во 2005 година, заедничка оперативна активност беше спроведена заедно со NTHCU од Обединетото Кралство против македонски државјани кои користеле лични податоци од кредитни картички од IP адреса во Виетнам и ја продале истата на британски државјанин, кој ги оштетил британските банки во вредност од 1.000.000 британски фунти.

[166] На пример, многу вешти сторители развиваат специфичен Софтвер за да произведат огромна трговија на Интернет за да ги блокираат мрежите на жртвите се до конечното „отфрлање на услугите".

технологија во Југоисточна Европа која се користи за да се добијат лични и финансиски податоци со цел да се изврши кражба на идентитетот или, „Нигериски е- mail пораки“ (лажни пораки во кои се бара услуга), фалсификување на кредитни картички, и други слични кривични дела. Според обезбедените информации, кои се однесуваат на искуството на сторителите, забележани се поединци, млади лица од македонија па дури и менаџери и професионалци од различни фирми од сферата на информатичката технологија. До денешен ден, нема докази за вклученост на организирани криминални групи. Поради тоа што ваквите истраги се многу сложени и бараат блиска меѓународна соработка, а бидејќи размената на информации која се одвиваше преку Интерпол беше премногу бавна, во рамки на SECI Центарот, специјален проект отпочна (SCIMER) кој има за цела зајакнување на соработката меѓу полицијата и банките.

# 3.5 ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Сузбивањето на перењето пари е едно од најефикасните средства за искоренување на организираниот криминал, поради тоа што она што е заедничко за сите видови на организирани кривични дела и тешки кривични дела е остварувањето на профит. Моќта, интегритетот и стабилноста на кредитните и финансиски институции и довербата во финансискиот систем во целост можат сериозно да бидат загрозени од напорите на криминалците и нивните помошници, што може да се манифестира преку прикривање на потеклото на криминалниот имот, или за канализирање на законски средства за терористички цели. Незаконски остварените придобивки може повторно да бидат инвестирани во криминални бизниси или законски бизниси, кои може да се трошат или се чуваат на страна. За да се спречи нивната заплена и конфискација, имотот се пере, со што истите нема да се разликуваат од парите кои се стекнати на легитимен начин. Парите се перат на многу различни начини, а во голема мера перењето е олеснето и со електронското банкарство и методи на исплата.

Перењето пари вообичаено се изведува во меѓународен контекст со што криминалното потекло на фондовите може подобро да се прикрие. Мерките кои се усвоени исклучиво на национално ниво или дури на ниво на заедница, без да ги земат предвид меѓународната координација и соработка, би имале премногу ограничен ефект. Со цел да се избегне усвојувањето на мерки од страна на европските земји за да се заштитат нивните финансиски системи, кои може да не бидат доследни со функционирањето на европските пазари, заеднички и вообичаени акции во оваа област се неопходни – во рамки на сите иницијативи ( на ЕУ, Советот на Европа, ОН).

Перењето пари е кривично дело кое се чини дека го вршат сите организирани криминални групи со цел да ги озаконат нивните незаконски фондови, а на глобално ниво, наметнуваат уште поголем предизвик, особено во поглед на финансирањето на терористите. Во европските земји, најголем дел од истрагите за организиран криминал се поврзуваат со кривични дела со дрога, од што може да се донесе заклучок дека најголемиот број на случаи на перење пари се откриени во врска со дрогата. Како и да е, пријавените информации за перење на имотот стекнат со вршење на други кривични дела, како што се трговијата со луѓе или криумчарењето на лица, кривичните дела кои за кои се смета дека се „надоврзуваат“[167] со перењето пари, се повеќе добиваат на значење. Покрај тоа, имајќи го предвид значењето на економскиот криминал во Југоисточна Европа, перењето кое се поврзува со главните пријавени области на (организиран) економски криминал можеби имаат подеднакво значење. Како последица на тоа, таквите кривични дела кои се „надоврзуваат“ и делата на перење пари кои се во врска со економскиот криминал можеби ќе претставуваат најголем интерес за поведување истраги во иднина.

Организираните криминални групи се повеќе и повеќе се потпираат на законските трговски структури и како резултат на тоа што границите меѓу законските и незаконски структури стануваат се понејасни, перењето пари се повеќе отвора простор за загриженост во врска со навлегувањето во законската економија преку криминално стекнатиот имот и методи на исплата. Општо е познато дека перењето пари најчесто се заснова на три фази:

[167] Извештај на Европол за состојбата со организираниот криминал за 2005 година, 25 октомври 2005 година.

- **Вложување** – начините на кои непосредниот имот, стекнат од вршење на кривични дела, се канализира во финансиските системи, вообичаено во форма на готовински исплати;
- **Напластување** – циркулацијата на фондовите преку низа на финансиски трансакции за да се избрише можното поврзување на вложениот капитал со неговото криминално потекло, вообичаено преку трансфер на пари или чекови;
- **Интеграција** –вложување на оригинален криминален имот во законските и економски текови, вообичаено во недвижнини, капитал за бизнис, вредни предмети.

Теоретски, делумно добар систем за спречување на перењето пари, за набљудување и откривање на овој вид на криминал е создаден уште од почетокот на деведесеттите години на минатиот век:

- Конвенцијата на ОН за борба против нелегалната трговија со опојни дроги и психотропни супстанции (1988 година)[168];
- Конвенцијата на Советот на Европа за борба против перењето, претресот, заплената и конфискацијата на имотот стекнат со вршење на кривични дела од 1990 година (ETS 141);
- Работна група за финансиски акции[169], 40 Препораки (1990 година), ревидирани во 1996 година, и најразличните Забелешки за толкување, кои беа создадени за да ја појаснат примената на специфичните препораки и да обезбедат дополнителни упатства;
- Работна група за финансиски акции, измени кои се однесуваат на финансирање на терористите, октомври 2004 година (40 + 9 Препораки);
- Резолуција на Советот на безбедност на ОН 1617 (2005 година) со која „сите земји членки се обврзуваат итно да ги имплементираат сеопфатните меѓународни стандарди“, претставена преку Четириесетте Препораки на Работната група за финансиски акции за перење пари и Деветте специјални препораки за финансирање на тероризмот;
- Новата Конвенција на Советот на Европа за перење пари и финансирање на тероризмот (2005 година)[170];

---

[168] Конвенцијата на ОН за борба против нелегалната трговија со опојни дроги и психотропни супстанции (1988 година) првенствено имаше за цел конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривични дела со дрога, додека усвојувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за борба против перењето, претресот, заплената и конфискацијата на имотот стекнат со вршење на кривични дела од 1990 година (ETS 141) и препораките кои произлегуваат од работната група за финансиски акции имаа за цел воспоставување на систем за борба против перењето пари, пред се, на имотот стекнат со вршење на сите видови на кривични дела. За повеќе детали, види го Извештајот на Советот на Европа за состојбата во поглед на организираниот криминал за 2005 година, фокус на економскиот криминал, декември 2005 година, страна 45.

[169] Мандатот на работната група за финансиски акции беше за последен пат обновен во мај 2004 година на Министерскиот состанок на работната група, за временски период од 8 години (2004 – 2012 година). во октомври 2001 година, како одговор на нападите од 11 септември во Соединетите Американски Држави, работната група за финансиски акции го продолжи својот мандат и издаде Осум специјални Препораки за решавање на специфичните прашања кои се поврзуваат со финансирањето на тероризмот. Постојаниот развој на техниките за перење пари резултираа со спроведување на втора ревизија од страна на Работната група за финансиски акции на нејзините 40 Препораки, што пак резултиташе, во јуни 2003 година, со целосно ажурирање на 40 Препораки. Покрај тоа, во октомври 2004 година, Работната група за финасиски акции објави Девет специјални Препораки, со што се создаде еден стандард – 40 + 9 Препораки - сеопфатна рамка за владите да ги развијат своите внатрешни напори за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот. За повеќе детали, види: http://www. fatf-gafi.org

- Директивата на Советот на Европа од 2005 година за перење пари и финансирање на тероризмот[171] со која се предвидува формирање на единица за финансиски сознанија во секоја земја на ЕУ се до крајот на 2007 година, која ќе биде одговорна за прием и анализа на информациите кои се однесуваат на можното перење пари или активности за финансирање на тероризмот со што ќе се овозможи воспоставување на сеопфатен систем за борба против перењето пари на светско рамниште;
- Типолошките извештаи на Работната група за финансиски акции кои во минатото служеа како општ извор на информации за секторот за да се разберат основните методи на перење на пари и финансирање на тероризмот. За жал, овие извештаи се меѓу оние документи до кои може најлесно да се дојде бидејќи се најпристапни и се прикажани на официјалната веб страна на Работната група за финансиски акции;
- Формирање на стилизирани регионални тела на Работната група за финансиски акции, кои неодамна го стекнаа статусот „придружни членови" (на пример, Избраниот Комитет на експерти на Советот на Европа за евалуација на мерките за борба против перењето пари (MONEYVAL), меѓу другото, за сите проектни области).

Кога станува збор за таквата одлична рамка за пријавување на сомнителни финансиски трансакции ширум Европа, забележан е пораст на бројот на пријави во последните неколку години[172], што можеби не го одразува само зголемувањето на активностите за перење на пари туку исто така и исцрпувачките активности за откривање на финансиите наменети за терористички цели по настаните од 11 септември, проширен список на ентитети кои пријавуваат такви активности, како и подобрени системи за перење пари беа воспоставени во многу европски земји со многу поголема активност на финансиските единици.

Инспирирани од ваквата состојба, земјите од Југоисточна Европа исто така започнаа да размислуваат за воспоставување на рамка за борба против перењето пари и единици за финансиски сознанија. Во сите проектни области, единици за финансиски сознанија се веќе формирани, во дел се уште се наоѓаат во почетните фази на делување. Како и да е, финансиските истраги, како суштинска алатка за откривање на имотот стекнат со вршење на кривични дела, се очекува во иднина да станат функционални. Како последица на тоа, покрај смешните докази и набљудувања од страна на агенциите за спроведување на законот во регионот, никакви податоци, или евентуално делумни и сиромашни официјални податоци беа пријавени во однос на тоа како функционираат системите за борба против перењето пари.

Методите за перење пари во Југоисточна Европа може да се каже дека се помалку софистицирани за разлика од методите кои се применуваат во европските и другите земји со подобро развиени финансиски пазари[173]. Иако најголемиот број на европски земји известија

---

170 Конвенцијата на Советот на Европа за борба против перењето, претресот, заплената и конфискацијата на имотот стекнат со вршење на кривични дела и финансирање на тероризмот (CETS 198), доставена за потпис во мај 2005 година.

171 Директива за спречување на употребата на финансискиот систем за цели на перење пари и финансирање на тероризмот, 20 септември 2005 година, 3631/05 + COR1, 11443/05 ADD.

172 Извештајот на Советот на Европа за состојбата во поглед на организираниот криминал за 2005 година, фокус на економскиот криминал, декември 2005 година, страна 47.

173 Работната група за финансиски акции ги посочи следниве трендови на перење пари и можната поврзаност со финансирањето на тероризмот: „жичани трансфери"; злоупотреба на непрофитабилни организации (кои може да се сметаат за специфичен, сериозен проблем за финансирање на тероризмот); „ранливоста на осигурителниот сектор"; „ДДВ измама"; „казината и коцкањето"; „осигурителни компании и високо каматни банки"; „вратари". Покрај ова, Европол информираше за „системите за

дека влогот на кримиалниот имот во законските бизниси стана редовна постапка во начинот на делување на организираните криминални групи (и има огромно влијание врз општествениот, економски и демократски развој на сите земји), што може да се забележи, меѓу другото, преку зголемувањето на бројот на истраги, гонење и обвиненија за кривични дела перење пари, ваквата пракса треба во иднина да се спроведе во земјите од Југоисточна Европа[174].

Проектните области пријавија појава на сите три фази и обезбедија примери на кривични дела на перење пари кои се карактеристични за регионот:

Во *Албанија*, огромна количина на „нечисти" пари потекнува од кривичните дела кои ги вршат албанските организирани криминални групи во странски земји. Најдоминантен сектор се чини дека е градежништвото, додека крајбрежните и урбани средини се чини дека се најатрактивни, поради тоа што тие нудат можност да се заработат повратни средства во големи количини, од оние средства кои се првично вложени. Една од главните пречки за спроведување на правилен преглед на состојбата со економскиот криминал и перењето пари е недостатокот на податоци и нивниот различен карактер. Обезбедените статистички податоци се недоволни и фрагментарни: албанските органи пријавија само два случаи на перење пари во 2003 година, шест во 2004 година, а ниту еден податок за 2005 година.

Методите на перење пари во *Босна и Херцеговина (БиХ)* се слични на оние кои се применуваат за затајување на даноците. Најзначаен начин за перење пари од затајувањето на даноците и царинските давачки е употребата на фиктивни компании, кои се отвораат врз основа на фалсификувани документи за идентификација и корупција. Ваквиот метод наводно вклучува висок степен на вертикална интеграција во законските структури благодарение на соработката меѓу политичката и економска елита[175]. Клучен елемент во оваа шема е внатрешната подвоеност во рамки на ентитетот меѓу Република Српска и Федерацијата на Босна и Херцеговина, каде има посебни полициски структури, банкарски и даночен систем и регистар. Суми од над 15.000 Евра се поделени на помали депозити со цел да се избегне нивното откривање и се распределени во неколку различни банки на различни банкарски сметки, а се користат, за оваа цел, и платени курири. Имотот е интегриран преку тргување со недвижнини, луксузни стоки и приватизација. Во 2005 година, на полицијата на државно ниво, Канцеларијата на Јавниот Обвинител и судот им беше доверена надлежноста за кривичните дела перење пари. Во 2004 година, БиХ регистрираше 16 случаи (+ 100 проценти споредено со 2003 година). Количината на пари која е предмет на перење достигнува вредност од приближно 26.5 милиони Евра, од кои за приближно 1 милион Евра се вели дека потекнува од затајувањето на давачките. Според одговорот кој го обезбеди БиХ, во 2005 година, беа забележани само 2 случаи на перење пари од

---

алтернативни дознаки". Во јуни 2006 година, Работната група објави извештај за „перењето пари кое потекнува од трговијата", осврнувајќи се на ранливоста на операциите за увоз и извоз, а новиот извештај за „недвижнини" е во подготовка.

[174] Редовна евалуација на ефикасноста на активностите за борба против перењето пари се врши од страна на механизмите за надгледување на Советот на Европа, MONEYVAL (www.coe.int/moneyval).

[175] Отстранувањето на Драган Човиќ, член на Претседателството на БиХ, од страна на Високиот претставник, Лорд Ешдаун, во март 2005 година, се поврзува со наводната злоупотреба на службената должност. г. Човиќ е обвинет од страна на Јавниот обвинител на БиХ за наводно дозволување на неоправдани даночни олеснувања за неговите бизнис партнери, додека бил на позиција Министер за финансии, во периодот меѓу 2000 и 2003 година. Дали г. Човиќ е виновен или не треба да се докаже пред судот. За повеќе детали види ја статијата на BBC News, Ешдаун го разрешува главниот Босански Хрват, 29 март 2005 година, .co.uk/1/hi/world/Europe/4390635.stm. Одлуката на Високиот претставник за разрешување на г. Човиќ од служба е достапна на www.ohr.int/decisions/removalssdec/archive.asp.

страна на Федерацијата на БиХ. Како и да е, вистинската бројка се смета дека може да биде прикриена со другите видови на кривични дела кои се регистрирани од страна на Република Српска и Областа Брчко. Сепак, до мај 2005 година, Судот на БиХ изрече 8 обвиненија и парични казни во висина од 690.000 Евра. Вредноста на испраните пари е 554.100 Евра, додека вредноста на затаениот данок е 8.13 милиони Евра. Затајувањето на давачките беше предикативно кривично дело во сите 8 случаи. Со истрагите кои беа поведени за првите осум обвиненија беа регистрирани 643 правни ентитети осомничени за перење пари.

Во *Хрватска*, можности за перење пари се отворија со приватизацијата, поради тоа што за самиот процес не е потребно да се изврши проверка и контрола на потеклото на вложените пари. На тој начин, не се знае кое количество на пари е испрано во приватизационата фаза во Хрватска. Што се однесува до интеграцијата на незаконскиот имот, хрватското приморје се чини дека е најпрофитабилно (фирмите и недвижнините) и ги привлекува руските и домашни инвеститори. Во просек, 50 известувања за сомнителни трансакции беа пријавени до овластените органи. Во периодот меѓу 1999 и 2004 година, хрватската полиција спроведе истрага за 42 кривични дела на перење пари, извршени воглавно од страна на хрватски државјани, со предикативни кривични дела кои пред се се поврзуваат со дрога и даночна измама. Во текот на овој период, беа изречени 2 пресуди кои се однесуваат на кривични дела перење пари, што резултираше со конфискација на 2.5 милиони Евра остварени преку бизнисот со дрога. Хрватска не обезбеди детални информации и конкретни бројки во одговорот кон прашалникот за 2006 година во врска со кривичните дела перење пари.

*Косово* усвои нов Привремен Кривичен законик во април 2005 година и ја утврди организационата рамка за спречување и искоренување на перењето пари. УНМИК формираше Оддел за економски и финансиски криминал, а во септември 2004 година се оформи и Информативниот центар за финансии, кој се уште се наоѓа во оперативна фаза. Иако, наводно, неколку случаи се отворени и се води истрага за истите, не беа обезбедени никакви бројки за поднесени обвиненија. Само општи информации за тоа дека фиктивните компании се користат беа наведени во прашалникот за 2005 година. Никакви информации за перење пари не беа дадени во одговорот на прашалникот за 2006 година.

Во *Црна Гора*, слично како и во Албанија и Хрватска, најранлив сектор за перење пари се чини дека е крајбрежјето кое привлекува руски незаконски капитал, додека крајбрежната област која се граничи со Албанија и околината на градот Улцин, се чини дека е привлечна за албанскиот незаконски капитал. Исто така беа забележани случаи на прекугранични готовински трансфери[176]. За 2005 година, Црна Гора единствено пријави вкупен број од 7 случаи на перење пари кои се поврзуваат со организираните криминални структури, но не беа дадени дополнителни информации за вредноста на испраните пари, ниту за обвиненија, трендови и слично.

Во *Србија*, финансискиот криминал, во кој е вклучено и перењето пари и корупцијата, се смета за особено штетен за земјата. Големи суми на незаконски стекнат имот се чини дека потекнуваат од затајувањето на даноци и царински давачки, како и од кривични дела со дрога, трговија со луѓе и насилен криминал. Имотот се пере преку процесот на приватизација, а исто така и преку тргувањето со недвижнините и подвижните стоки, со употреба на банкарски сметки во земјата и во странство. Беше откриен случај на перење пари преку истрага на кривично дело киднапирање, во кое беше вклучено и инвенстирањето на стекнатиот имот за

[176] Податок кој е извлечен од интервјуата со полициските службеници на Црна Гора за време на Работилниците и Семинарите преку проектот CARPO.

купување на апартмани и луксузни автомобили. Инаку, одговорите на двата прашалника не даваат никакви докази/ бројки за случаите на перење пари.

Во *„Поранешната Југословенска Република Македонија“*, првична можност за перење пари се создаде во 2000 година, со промена на Евро валутата. Уште од тогаш, огромни суми на готовина од Косово беа депонирани, со што земјата не регистрира промет во електронското банкарство. Слично како и во другите земји од регионот, националните власти спроведоа само неколку истраги од 1997 година, но сепак, овие неколку случаи укажуваат на постоењето на многу цврсти меѓународни врски. Најголемиот дел од вложувањата и напластувањето на имотот стекнат со вршење на кривични дела се врши со злоупотреба на нерезидентните банкарски сметки; жични трансфери; систем за брз трансфер на пари; тргување со недвижнини и други стоки; соработка со компании кои се основани во крајбрежни центри; злоупотреба на фирмите за увоз и извоз, со само едно вработено лице, формирани со цел притајување на имотот; и физички прекуграничен трансфер на готовина[177]. Проектната област не даде одговор со детални информации и бројки за случаите на перење пари.

[177] Види ги примерите регистрирани во Извештајот од 2005 година на Советот на Европа за сосојбата во поглед на организираниот и економски криминал во Југоисточна Европа, август 2005 година.

## 3.6 КОРУПЦИЈА

Корупцијата во Југоисточна Европа не се смета за специјално прашање. Корупцијата е стара колку што е старо и човештвото, а е онолку распространета колку што е голема нашава планета. Како и да е, економската нееднаквост меѓу земјите од регионот, земјите членки на ЕУ и другите европски земји може да доведе до создавање на притисок кој многу лесно може да им послужи на организираните криминални групи, доколку не се постапува соодветно. Во земјите во транзиција или во кризните земји[178], се чини дека корупцијата е длабоко навлезена во најголем број од структурите на јавниот живот, вклучително и во полицијата и во системите на казнена правда. Ниските месечни примања, невработеноста, несигурноста и сиромаштијата честопати се примери кои ги посочуваат вишите службени лица, со што службените лица стануваат ранлива цел и веродостојни партнери на организираните криминални групи. Колку повеќе е навлезена корупцијата во правниот систем и управувачкиот сектор, толку поголема е флексибилноста на организираниот криминал за приспособување кон новонастанатите околности и промената на начинот на нивно делување.

Во Југоисточна Европа, корупцијата како појава постојано беше идентифукувана од страна на Советот на Европа и Европската Комисија како сериозен проблем[179]. Таа влијае врз јавната администрација, политичарите, даночната и царинска управа, службите на граничната полиција, системот на казнена правда, медиумите и приватниот сектор преку употреба на поткуп и други средства на корупција, како што е довербата во односот патрон – потрошувач; непотизмот, фаворизирањето, семејните врски, етничката поврзаност, односот со лицата поставени на силни позиции или 'политички експонираните лица' – се сметаат за примарни алатки за организираните криминални групи за стасување до правниот сектор. Финансирањето на политичарите поединци, на политичките партии и изборните кампањи, а во одредени случаи и воени криминалци, игра значајна улога, во оваа насока. Корупцијата се заснова на долгорочни односи кои се во поголема мера одржливи и посигурни отколку оние кои се засновани со употреба на насилство и заплашување.

Корупцијата и организираниот / економски криминал се смета дека се двете страни на истиот медал. Вклучува поткуп и други видови на коруптивни активности, а се стреми подеднакво кон државните службеници на пониско ниво заради решавање на оперативните потреби (полицијата, царината, службените лица кои работат во државниот регистар и слично) и службениците на повисоко ниво (обвинители и судии, политичари, членови на парламентот, разузнавачи и слично) заради постигнување на подолгорочни цели.

Корупцијата исто така претставува многу значајна пракса за заштита на активностите на организираниот криминал. Организираните криминални групи ја користат корупцијата за да се инфилтрираат во државните правни економии, а за полицијата и политиката се вели дека се помоќни и до одреден степен заштитени.

---

[178] Associated Press, 29 октомври 2005 година, цитирајќи го Главниот иследник на ОН, Пол Фолкер, кој го презентираше крајниот извештај за ирачкиот скандал „нафта за храна“ (Oil-for-Food), што јасно укажува на распространетоста на корупцијата на светско ниво: Иследниците открија дека фирми и поединци од 66 земји незаконски дале мито исползувајќи најразлични методи.

[179] Шестиот извештај на GRECO за општите активности во текот на 2005 година. Во овој контекст, исто така види Совет на Европа, 2004 година: Иднината на демократијата (Интегриран проект „Оперативноста на демократските институции“), Стразбур, и годишните извештаи на Европската Комисија за Напредокот на земјите пристапнички.

Деведесеттите години на минатиот век, се чини дека беа посветени на „изградба“ на незаконитите бизниси. Во годините кои следеа, во 2000 година, организираните криминалци го насочија своето внимание и интерес на зацврстување на нивните бизниси и најразлични инвестиции во правната економија, а корупцијата беше регистрирана како едно од главните средства кои се употребуваат за таа цел.

Проектните области преземаа најразлични мерки, законодавни пред се, но и друг вид на мерки, со цел да го посочат и разрешат овој вид на криминална појава:

Сите проектни области ја потпишаа и ратификуваа Конвенцијата на ОН за борба против корупцијата[180], Конвенцијата од областа на кривичното право на Советот на Европа за борба против корупцијата (ETS 173) и нејзиниот дополнителен Протокол (ETS 191), како и Конвенцијата од областа на граѓанското право на Советот на Европа за борба против корупцијата (ETS 174). Дел од нив, исто така ја разгледаа и Конвенцијата на ЕУ за борба против корупцијата во која се вклучени службени лица од Европските заедници, земјите членки на ЕУ, потоа, Конвенцијата на OECD за борба против поткупувањето на државните службеници во меѓународните бизнис трансакции, Ревидираните Препораки на OECD за сузбивање на поткупувањето во меѓународните бизнис трансакции и Правилата на однесување на Меѓународната Трговска Комора за искоренување на изнудата и поткупот, и Бизнис начелата за борба против поткупувањето.

Националните кривични законици беа изменети, или специјални закони за спречување и искоренување на корупцијата (која често пати оди во комбинација со организираниот криминал) беа усвоени. „Поранешната Југословенска Република Македонија“ изготви специфичен закон во кој е содржана правна дефиниција за корупцијата[181], а сите други проектни области пријавија дека корупцијата е застапена и се состои од неколку различни коруптивни кривични дела. Во некои од нив, корупцијата во приватните бизниси и во поглед на избраните лица е предмет на последните измени на кривичните законици.

Подеднакво, сите проектни области лансираа национални програми, стратегии и акциски планови за сузбивање на корупцијата, а исто така формираа централизирани тела за сите активности за броба против корупцијата – од Народниот Правобранител (Омбудсманот) до автономната и независна „Државна Комисија“ – и специјални оддели или единици за истрага на корупцијата. Постојано се дава поддршка на развојот на прашањата од областа на искоренувањето на корупцијата, која особено е изложена на надгледување од страна на Советот на Европа и OECD[182]: во 2004 и 2005 година, Тимовите на GRECO за евалуација добија задача во Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска и во „поранешната Југословенска Република Македонија“. Годишните проценки на ЕУ за земјите пристапнички, како и Управувачкиот Комитет на Иницијативата за борба против корупцијата на Пактот за стабилност (SPAI) и понатаму врши евалуација на проектните области и редовно изготвува извештаи на проценка.

---

[180] Конвенцијата на ОН за борба против корупцијата, усвоена во 2003 година; Конвенцијата е потпишана од страна на 140 земји, а е ратификувана од страна на 38 земји. Главните столбови на договорот вклучуваат заштита, криминализација, меѓународна соработка и враќање на имот.

[181] Корупцијата се смета дека е злоупотреба на функцијата, службеното овластување на службената должност или позиција, со цел да се оствари некаква добивка за себе или за некое друго лице.

[182] Студијата на OECD за „Инструменти за борба против корупцијата и Упатства на OECD за мултинационални компании, септември 2003 година; Упатството е еден од деветте инструменти за глобално решавање на проблемот корупција.

Иако постои општо гледиште – според она што е пријавено од страна на повеќето проектни области – дека постојат непосредни и тесни врски меѓу корупцијата и организираниот криминал, веродостојни податоци, споредбени бројки и прецизни анализи во однос на поврзаноста меѓу случаите на корупција и организиран криминал скоро и да не постојат. Албанија исто така истакна дека организираните криминални групи вообичаено не практикуваат да изведуваат коруптивни активности, но може да вклучат посредници кои најчесто делуваат во корист на одредени лица.

Хрватска пријави 2 случаи на корупција кои се поврзуваат со две организирани криминални групи, во кои се вклучени 6 лица. Други случаи на корупција беа исто така пријавени, вклучително и оние во кои се вмешани судии и судски службеници кои работат во регистрите, кои работат на издавање титули и документи. Косово пријави 20 случаи на економски криминал и корупција. Црна Гора регистрираше 221 случај на корупција во 2004 година, а за ниту едно дело не беше наведена поврзаност со организираниот криминал. Србија пријави 18 случаи, во кои се вклучени 4 организирани криминални групи. „Поранешната Југословенска Република Македонија" забележа 536 случаи на корупција. Не беше наведена никаква поврзаност со организираниот криминал.

Во 2005 година, согласно одговорите дадени во поглавјето 7 од прашалникот за 2006 година[183], со исклучок на Албанија, која не можеше да ги открие врските меѓу корупцијата и организираниот криминал, проектните области пријавија нула случаи на корупција која се поврзува со организираниот криминал, а две проектни области не пријавија бројки ниту детални информации за корупцијата воопшто (Србија и „Поранешната Југословенска Република Македонија"). Сите други проектни области дадоа општи информации, а обезбедија и повеќе или помалку детални бројки:

Министерството за внатрешни работи на Албанија спомена 8 случаи, а во Босна и Херцеговина (БиХ), само  Федерацијата на БиХ пријави 167 случаи. Хрватска, единствената проектна област која го направи тоа, и во текот на годините од 2002 до 2005 пријави детални податоци. Во 2005 година беа регистрирани 442 случаи на корупција (+66 проценти). Косово даде само општи информации за случаите на ниско ниво (поткупување во вредност од околу 250 Евра) додека Меѓународниот обвинител кој работи заедно со Одделот за правда на УНМИК, пријави дека се поднесени кривични пријави против 177 сторители во 62 случаи. Црна Гора пријави вкупно 207 случаи а подетално информираше за другите видови на коруптивни кривични дела.

Според двете проектни области кои презентираа подетални информации, најголем број на коруптивни кривични дела се злоупотреба на службената положба и службените овластувања, злоупотреба во вршењето на владините должности и злоупотреба на овластувањата во областа на економијата (приближно 90 проценти). Во секој случај, корупцијата се смета за најопасна појава во процесот на приватизација, урбанистичкото планирање, инженерството, и јавните набавки. Класичната форма на корупција (давање и земање поткуп) се смета дека е претставена со процент изразен од само една бројка.

Експертите проценуваат дека во земјите од Југоисточна Европа севкупната разновидност на поткупувањето и сите видови на коруптивно влијание се посочени: основното поткупување,

[183] Споредено со подеталните информации забележани во прашалникот за 2005 година за Извештајот на Советот на Европа за состојбата во поглед на организираниот криминал за 2005 година, Фокус на заканите од економскиот криминал, декември 2005 година, се чини дека се намалува интересот, или недостасува капацитет за анализа на организираните криминални структури.

системското поткупување и политичкото поткупување. Врз основа на овие мали и основни податоци, сепак сеопфатна анализа за карактеристиките, пресвртот – секторите кои се под особено влијание, влијанието врз општетството, економијата, владеењето на правото, демократијата и слично – не можеше да се направи. Со цел да се подобри состојбата, еден поцелосен пристап кој во себе ги комбинира истовремено и ефективната заштита и искоренувањето на корупцијата, симптом кој е сеприсутен во сите видови на активности на тешки кривични дела, кој веќе не се смета за причина за негово постоење, треба исто така да се изнајде, како и правилен систем за известување. И понатаму, многу работи остануваат неразјаснети во поглед на ефективноста на стратегиите за спречување и искоренување на корупцијата и нивна успешна имплементација[184].

Transparency International, која има долгогодишно искуство и глобално прифатени и признаени статистички податоци, може да се смета за цврст и веродостоен набљудувач[185]. Според нејзиниот Показател на корунтивно однесување за 2005 година, проектните области се рангирани во долниот дел на листата[186].

Резултатите од Глобалниот барометарот на корупција за 2005 година на Transparency International кој што дава приказ на перцепциите и искуствата на граѓаните во поглед на корупцијата во нивните земји ја одразува општата недоверба на јавноста во нивните национални политички и судски системи, истовремено сметајќи ги политичките партии, парламенто, полицијата и судството за сектори кои се под најголемо влијание на корупцијата.

## Приказ 7: Сектори и институции кои се најмногу изложени на корупција

[184] Иницијативата на Советот на Европа за искоренување на корупцијата. „Група на земји во борбата против корупцијата"GRECO и нејзините Извештаи од проценката, на пример, Босна и Херцеговина, беше усвоена од страна на GRECO во периодот од 17 до 20 мај 2005 година, Црна Гора, Србија, усвоена од страна на GRECO, во периодот од 10 до 14 октомври 2005 година, а Хрватска, беше усвоена во периодот од 5 до 9 декември 2005 година.

[185] За подетални информации за Показателот на корунтивно однесување и Показателот за потплатувачи види: (www.transparency.org).

[186] Види ја табелата 1 од овој Извештај. Во периодот меѓу 2003 и 2005 година, Албанија забележа скок во позицијата на 126 место, преку 108 место, почнувајќи од 92 место; Босна и Херцеговина, од 70 место, преку 83 место, на 88 место; Хрватска се спушти од 60 место, преку 67 место, на 70 место,; „Поранешната Југословенска Република Македонија" го достигна 103 место, од високото 108 место, преку 99 место; само Црна Гора и Србија бележи подобрување од 109 место, преку 100 позиција на 97 место.




Извор: Глобален Барометар на корупција на Transparency International 2005 година
(1 некорумпирани – 5 екстремно корумпирани)

Резултатите на регионално ниво малку се разликуваат, граѓаните на Југоисточна Европа истакнуваат дека нивните партиски системи и полиција се еднакво корумпирани. Извештајот дава вредни прегледи за тоа како зачестеноста на поткупувањето се разликува во различни земји: државјаните на Србија (и Црна Гора) пријавија дека многу почесто тие платиле поткуп во изминатите 12 месеци отколку државјаните на Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово или „поранешната Југословенска Република Македонија". Ова соодветствува со резулататите од очекувањата на граѓаните: оние кои живеат на Косово (слично како и оние од Романија и Украина) беа најпозитивни (една третина веруваат дека состојбата ќе се подобри), во спротивно, граѓаните на Босна и Херцеговина, кои беа големи оптимисти минатата година, од кои 40 проценти веруваа дека корупцијата ќе се намали, сега се покажаа како најголеми песимисти, 40 проценти очекуваат дека корупцијата ќе се зголеми во следните три години. Разгледувајќи ги резултатите, елаборирани од страна на Тимовите за евалуација на GRECO, во првата и втора рунда на евалуација во Југоисточна Европа, се чини дека таквите очекувања се поверодостојни.

# 4 ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА СОСТОЈБАТА ВО РАЗЛИЧНИТЕ ПРОЕКТНИ ОБЛАСТИ[187]

## 4.1 АЛБАНИЈА

Процесот на транзиција во Албанија кој започна уште во далечната 1991 година, беше под огромно влијание на неколку фактори, меѓу кои ќе ги издвоиме следниве:

- Драматичните промени во политичкиот систем, кои беа придружени со промените во економскиот систем во поглед на приватната сопственост, а беше под влијание на партиските препораки, политичките притисоци и корупцијата;
- Кризата на пирамидалната шема во 1997 година, во која огромни финансиски ресурси беа пренесени во рацете на неколкумина, што доведе до незадоволство меѓу јавноста и промена на владата;
- Големиот прилив на Косовските бегалци во Албанија[188], по Косовската криза во 1999 година;
- Миграцијата од огромни размери на Албанците, особено во соседните земји како што се Грција и Италија.

Временскиот период кога се појавуваат ваквите промени и најразличниот нивен карактер предизвикуваат наметнување на уште поголем притисок на процесот на демократизација на албанските институции. Организираниот криминал во Албанија, како што може да се заклучи од фактите уште од деведесеттите година на минатиот век, е во целост појава карактеристична за транзициониот период. И понатаму останува организираниот криминал да биде нејасен концепт во албанското општество, кој и понатаму се смета дека е етнички хомогена појава која е формално и хиерархиски структурирана.

Вистина е дека уште од 1998 година, годината по колапсот на финансиската пирамидална шема, Владите постојано правеа напори за правна и институционална реформа. На пример, специјални Дирекции за борба против организираниот криминал беа создадени, како во рамки на Канцеларијата на Јавниот Обвинител, така и во рамки на поранешното Министерство за јавен ред (сега Министерство за внатрешни работи), или Центарот за борба против трговијата. И покрај сите овие оживувања на законодавството и ратификацијата на Конвенцијата за борба против транснационалниот организиран криминал во јули 2002 година, законодавството многу често се донесува избрзано и без соодветна интеграција со постојните закони. Законите се имплементираат недоследно, усогласени се само во дел, а се спроведуваат активно од страна на органите за спроведување на законот, односно се водат пред се „скромни“ активности од страна на институциите кои работат на искоренување на организираниот и економски криминал[189]. Да

[187] Само ако не е поинаку наведено, сите информации кои се презентирани во делот „Презентирање на состојбата во различните проектни области“ се засновани на одговорите на прашалникот.

[188] Како што беше истакнато за време на работилниците и работата на подготовката на Извештајот за состојбата во 2005 година.

[189] Види го Извештајот на проценката на Европската помош за полициското работење во заедницата за Албанија и Препораките за идната мисија на Европската помош за полициското работење во заедницата, 22 јули 2002 година.

резимираме, исполнувањето на обврските и задачите на полицијата и судството можеше да биде на повисоко ниво.

Исто така, Албанија ја подобри меѓународната размена на информации не само со тоа што ја зајакна правната рамка, туку исто така и на индивидуално ниво, преку интензивни обуки поддржани од страна на различни меѓународни органи. Во 2004 година, најразлични дополнителни измени беа внесени на Казнениот Законик, се со цел, истиот да одговара на меѓународните и европски критериуми, беа усвоени дополнителни закони, како што е Законот бр. 9248 за „Спречување и сузбивање на организираниот криминал", Законот бр. 9084 кој го менува Законот бр. 8610 за „Спречување на перење пари" или Законот бр. 9258 за „Мерки за борба против финансирањето на тероризмот".

Во денешно време, Албанија се чини дека е се повеќе посветена на борбата против организираниот и економскиот криминал. По Главните избори во 2005 година, новата албанска Влада смета дека организираниот и економскиот криминал се два најсериозни проблеми со кои се соочува државата:

*„Албанија и Албанскиот народ се соочуваат со највисокото ниво на организиран криминал: многу моќен организиран криминал кој поседува премногу големи суми на пари од недозволената трговија. Ваквиот криминал влијае повеќе отколку било што друго врз слободите и правата на Албанските државјани. Криминалот се заканува по нашите животи и имот, а во голема мера негативно влијае и врз имиџот на нашата земја и нејзините напори да се интегрира во рамки на Евро-Атланското семејство... Би сакал да ве уверам дека, во програмата на Владата со која јас раководам, борбата против организираниот криминал, трговијата со луѓе, опојните дроги и другите видови на недозволена трговија, перењето пари, како и финансирањето на тероризмот и терористичките организации се главните цели кои треба да се исполнат. Се залагаме за „нула толеранција" на криминалот. Во овој контекст, сметам дека е донесена конечна одлука да се пресечат врските на организираниот криминал со политичките структури. Ова е и понатаму ќе биде мое недвосмислено убедување дека организираниот криминал е под закрилата и покажува политички аспирации во Албанија, но не само во Албанија туку и пошироко во целиот регион, поради тоа што се докажа дека некои кривични дела на организиран криминал потекнуваат и се вршат и во другите земји од регионот... Сметаме дека зајакнувањето на Казнениот Законик, негово усогласување со агресивноста на организираниот криминал е неопходно да се направи со цел криминалот да си го добие она што го заслужува во вид на институционален одговор. Така, во овој контекст, се обврзуваме да извршиме повторен преглед на Казнениот Законик, како и на законикот за кривична постапка, и на мислење сме дека на овој начин „нула толеранцијата" за криминалот ќе стане реалност."*[190].

Во албанското законодавство, „организираниот криминал" се дефинира на следниов начин:

- „Криминална организација", која се смета за најсложен и неколкупати казнуван криминал во албанскиот Казнен Законик;
- „Структурирана криминална група", полесна форма на организиран криминал, во која членовите имаат послободни контакти, но и понатаму се во формациски вид, не по случаен избор туку заради вршење на тешки кривични дела;
- „Вооружена банда".

---

[190] Премиерот Бериша, во своето воведно обраќање на Меѓународната Конференција за прекуграничните предизвици во Југоисточна Европа, „Борба против организираниот криминал и тероризам", Тирана, 9 и 10 ноември 2005 година.

## ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И НЕГОВИТЕ НАЈИСТАКНАТИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Според одговорите дадени за прашалниците на CAPRO, организираниот криминал стануваше се помоќен уште од самото негово појавување[191] и ја користи предноста од новите можности. Се појави во најразлични облици на новите пазари во форма на трговија со дрога, криумчарење на лица, цигари, оружје и други стоки, економски криминал, корупција, а исто така ги зајакна и неговите врски во странските земји. Ваквиот развој беше забрзан и од фактот што старите концепти и менталитети како што е бирократијата, апатијата, изборот и пополнувањето на празните државни работни места на основа на политички и коруптивни критериуми преовладуваат и понатаму, со што се унапредува корупцијата и организираниот криминал.

Миграционите текови кои започнаа во доцните деведесетти години на минатиот век, исто така ги потхрануваат блиските врски меѓу новоформираните дијаспори во рамки на ЕУ, но и ширум светот, и родната земја, кои служат како превозни средства за пренос на новите незаконски пракси. Како резултат на истиот менталитет (достоинство, лојалност), јазик, обичаи, пријателски врски и семејно сродство, беа формирани етнички албански криминални групи со цврсти врски, кои соработуваа во долгорочните активности кои се преземаат не само во Југоисточна Европа туку и во целата Европска Унија[192] и пошироко. Организираните криминални групи се релативно „старомодни", слично како и структурата на италијанската мафија пред четириесет години[193].

Сепак, некои групи се составени од национални лица, но исто така и од лица државјани на странски земји, во кои не-државјаните се пред се Италијани, но исто така и Белгијци, Германци, Грци и Британци[194]. Вообичаено, овие организирани криминални групи ги поврзуваат нивните незаконски активности со некој законски бизнис. Членовите често се високо образовани лица; понекогаш дури тие се службеници во државната администрација, судството и во владата. Членови на даночната управа, економисти, адвокати, царински и полициски службеници беа исто така пријавени. Во спроведувањето на нивните криминални активности, овие групи употребуваат многу софистицирани техники, како што е контра-разузнавањето, зачестената употреба на шифрирани пораки и изрази во телефонските разговори и e-mail комуникациите, често менување на при – пејд картичките за мобилни телефони, транснационални активности, како и незаконски прекугранични трансфер на нелегално стекнати пари и во странски банки.

---

[191] Како што беше забележано во Извештајот за состојбата во поглед на организираниот криминал за 2005 година на Советот на Европа, Фокус на Заканите од економскиот криминал, декември 2005 година, 1448 кривични дела во кои се вмешани 1353 сторители кои се поврзуваат со организираниот криминал, криумчарење, трговија со луѓе и корупција беа регистрирани во Албанија, а 16 обвиненија беа поднесени директно за криминалните организации.

[192] Како последица на тоа, Европол уште во 2001 година објави сеопфатна проценка на заканите, насловена како „Етничките албански криминални групи", создаде специфичен проект, ја поддржа таканаречената „Лондонска Конференција" во ноември 2002 година, а во 2003 година достави ажурирана верзија од проценката на заканите до Работната група на Европските Шефови на полиција, во која се наведени и алармантни информации. До денес, „Етничките албански криминални групи"е еден од најоперативните и најуспешни проекти на Европол. Види го исто така и Извештајот на ЕУ за состојбата со организираниот криминал во 2005 година, подготвен и објавен од страна на Европол.

[193] „Состојбата во поглед на организираниот криминал во земјите од Југоисточна Европаи незаконските активности извршени од страна на организираните криминални групи", проценка за Пактот за стабилност, подготвена од страна на TRANSCRIME, Центарот за истражувања на транснационалниот криминал при Универзитетот во Тренто, јануари 2003 година.

[194] Ibid, Презентација на состојбата во Албанија, страна 29 – 36.

Би било сосема исправно да се истакне дека неодамнешното откривање и уништување, како и апсење на неколку лица со оргомно криминално досие и на членови на различни организирани криминални групи нанесе тежок удар на царството на организираниот криминал во Албанија. Од ноември 2005 година, не може да помине ниту една недела а да не се објават вести за нови апсења на криминалци, трговци, организирани криминални групи, па дури и корумпирани полицикси службеници. Со ова се наговести определбата и цврстата волја на новата албанска Влада за сузбивање на сите видови на организиран криминал, со што ќе се зголеми угледот на Министерството за внатрешни работи и албанската државна полиција.

Албанија не обезбеди општи бројки за организираниот криминал во прашалникот од 2006 година. Како и да е, во официјалниот документ за состојбата во Албанија за 2005 година, во поглед на организираниот криминал, беа регистрирани 2316 организирани кривични дела, извршени од страна на повеќе од 2600 криминалци, од кои, 50 проценти беа уапсени. Најголемиот број на кривични дела се поврзуваат со економскиот криминал и перењето пари (49 проценти), дрога (28 проценти) и недозволена трговија (20.5 проценти).

## НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА

Албанија, како дел од јужната гранка на таканаречените „Балкански патишта“, се смета за транзитна земја повеќе отколку потрошувачки пазар. Како и да е, бизнисот со дрога бележи развој и во себе го вклучува истовремено и производството и дистрибуцијата на дрогата на националниот пазар. Како одговор на ваквиот развој, Албанија ги усвои сите Конвенции на ОН, воведе измени во националното законодавство, а во мај 2004 година ја изготви „Националната Стратегија за борба против трговијата со дрога за периодот 2004 – 2010 година“. Во септември истата година, национален Акциски план беше изготвен во согласност со Стратегијата за борба против трговијата со дрога. Покрај тоа, последните законски измени, во кои се вклучени локалните владини службени лица во борбата против одгледувањето на канабисот, како и нивната одговорност доколку се затаи случај, од полициска гледна точка, се смета за добра можност за постигнување на посакуваните резултати, само ако истите се имплементираат на правилен начин.

Албанија забележа дека синтетичките дроги не претставуваат проблем за неа се уште, поради тоа што потрошувачите не ги познаваат. Исто така, ова беше јасно истакнато со статистичките податоци (2004 година: 1 случај, 1 сторител, 10 таблети; за 2005 година не се пријавени податоци). Како и да е, треба да се спомене производството на синтетички дроги и прекурзори. Европските експерти за дрога добро знаат дека криминалците не оснивaат незаконски лаборатории доколку не постои пазар во близина (со цел да се намали бројот на алки во синџирот на дистрибуција, со што се овозможува поголема заработка во секоја поединечна фаза). Но производството и трговијата со синтетички дроги или прекурзори не е во основата на постоењето и делувањето на големите организирани криминални групи кои делуваат самостојно. Искуствата на земјите од ЕУ покажаа дека овој тренд се сведува на активностите на малите групи со врвни криминалци на 5-6 нивоа (на пример, финансиери, лаборанти, набавувачи на сирови материјали, пакување на таблети и курири) со цел да се остварат огромни добивки.

Како што може да се забележи, незаконски лаборатории се откриени скоро во сите земји членки на ЕУ, па така, би било изненадување, албанските криминалци да не ја искористат можноста да се стекнат со незаконски парични средства, имајќи предвид дека ваквиот вид на криминална активност во себе носи низок степен на ризик, а од неа се остваруваат огромни добивки.

Поради тоа, човек може да си го постави прашањето дали системите за набљудување на ЕУ за прекурзори, важни хемикалии (реагенси и раствори) и катализатори, набавка на лабораториска опрема, машини за производство и пакување на таблети, посебни системи за затоплување и слично се имплементирани во доволна мера во земјата.

Во 2005 година, беа пријавени само два случаи на истрага на албански компании кои се обиделе да увезат значителни количини на ефедрин од Кина и од Обединетото Кралство, при што користеле лажни дозволи и овластувања. Ова претставува доказ за постоењето на пазар за синтетички дроги во Албанија, барем на ниво на производство. Подобрувањето на меѓународната соработка, воспоставувањето на сеопфатни и моќни системи за набљудување, како и формирањето на зајакната единица за борба против трговија со дрога се алатки кои би биле многу корисни за откривање на повеќе незаконски лаборатории.

Албанија и понатаму е единствената проектна област во регионот која произведува канабис (хашиш, марихуана и масло на хашиш) за извоз, а како што беше пријавено, ваквиот тренд бележи опаѓање. Во 2004 и 2005 година, значајни резултати беа постигнати од уништувањето на полињата каде се одгледува канабисот, што се одрази со голем пораст на цените на албанскиот пазар (од 25 до 30 Евра за килограм во 2003 година, на 100 до 130 Евра за килограм во 2005 година). Само неколку области каде се одгледува канабисот се познати, како што се Валона, Шкодра и Фиери, додека во претходните години беше забележано одгледување на канабисот на целата територија на државата. И покрај пријавените резултати, статистичките податоци покажуваат зголемен број на запленети растенија на канабис (2004 година: 155 случаи со околу 74.000 стебла; 2005 година: 458 случаи со околу 330.000 стебла; 2006 година, во текот на првите пет месеци: 1915 стебла на канабис беа уништени, односно 1453,6 килограми), трговија на хашиш и марихуана (2004 година: 93 случаи, 2005 година: 228 случаи), и заплени (во периодот јануари – мај 2006 година: 379,9 килограми).

Земјите дестинација за хашишот и марихуаната се пред се Грција и Италија, но исто така добиени се извештаи за трговија во Косово, Црна Гора и „поранешната Југословенска Република Македонија“ и во земјите членки на ЕУ. Во неколку случаи, исто така, и во замена на хероин со Турција. Вообичаено, хашишот и марихуаната се пренесуваат во Грција и во другите земји на Југоисточна Европа и понатаму во другите земји членки на ЕУ по копнен пат, со камиони. Зајакнатите мерки за гранична контрола придонесоа за успешно прекинување на патиштата по кои се пренесува дрогата во Италија, со брзи бродови, но исто така често се употребуваат и траектите за трговија на дрогата во регионот.

Албанија и понатаму останува да биде транзитна земја за трговија на хероин од Авганистан преку Турција и други земји од Југоисточна Европа, наспроти порастот или намалувањето на бројките (2004 година: 91 случај со 152 сторители; 2005 година: 67 случаи со 116 сторители). Албанските криминалци увезуваат хероин преку блиската соработка со турските, македонски и косовски трговци. Вообичаено, транспортот е организиран со камиони, автобуси и автомобили, пред се преку две копнени патеки, или преку *Турција -Бугарија – „Поранешна Југословенска Република Македонија“ – Албанија, или преку Турција -Бугарија – „поранешна Југословенска Република Македонија“ – Косово – Албанија.* Поголемиот дел од хероинот понатаму се пренесува во Грција, Италија и западните земји од Југоисточна Европа, и понатаму на пазарите на другите земји членки на ЕУ. Само мал дел од хероинот, пред се, оној со послаб квалитет, останува во Албанија за да ја задоволи зголемената побарувачка на домашниот пазар.

Според податоците дадени од страна на Центрите за третман на зависници од дрога, во 2000 година, 968 лица побарале да бидат подложни на третман, додека во 2003 година, бројот се зголемил на 1360 лица. Одговорот на последниот прашалник за 2006 година не наведува никакви бројки, но истакнува дека е забележан стабилен пораст на бројот на лица кои побарале третман[195]. Денес, во Албанија, цената на хероинот е променлива и се движи во рамки од 11.000 до 14.000 Евра за килограм. Употребата на хероин исто така веднаш се поврзува со појавата на ХИВ вирусот и СИДАта, значаен аспект кој мора да биде проучен, проценет и инкорпориран во целосната слика за употребата на дрога на национално ниво.

Кокаинот во Албанија пристигнува пред се преку курири по воздушен пат или преку поштенски услуги. Потекнува од САД или Јужна Америка (Колумбија, Перу, Панама, Мексико и слично). Само неколку случаи беа пријавени, во кои кокаинот беше дистрибуиран за тргување во Грција или Италија, а разузнавачките податоци, истрагите и заплените во овие земји потврдуваат дека пазарот за кокаин во Албанија не е голем. Денес, во Албанија, цената на кокаинот достигнува 35.000 Евра за килограм.

Долгогодишната вмешаност во криминалните активности кои се поврзуваат со дрога придонесоа албанските криминални групи да бидат добро познати на агенциите за спроведување на законот во земјите на ЕУ. Нивната ефикасна организираност се заснова на етничката еднаквост и блиски односи со Грција, Италија и другите земји на ЕУ каде има големи албански заедници. Беше истакнато дека албанските банди се на клучни позиции во трговијата со дрога во регионот, држејќи ги највисоките места во хиерархијата и во управувањето на набавките и дистрибуцијата на огромни количини на дрога, додека помалку значајните и основни задачи им се доделени на организираните криминалци со различен ентитет во другите земји од регионот.

Криминалната група често пати е од хиерархиски вид ако добивката која ја остварува се дели согласно позицијата и улогата на лицата во организацијата. Соработката во рамки на криминалната структура е релативно стабилна, така што оние лица кои се уапсени, лесно се заменуваат со други. Криминалците кои се вклучени во трговијата со дрога, честопати со криминална историја, можеби употребуваат насилни методи (често и убиства), а претходно биле вмешани во трговијата со жени и криумчарењето на лица. Криминалните групи кои се занимаваат со трговија со дрога се поврзани на основа на семејни, регионални или општествени врски, а се практикува строга дисциплина и огромно внимание заради зачувување на тајноста. Иако овие групи пред се се составени од Албанци, исто така, контакти се воспоставени и се одржуваат со странските криминалци од Турција, Италија, Црна Гора, „поранешната Југословенска Република Македонија“ и слично. Албанските агенции за спроведување на законот во моментов следат 20 организирани криминални групи кои се вмешани во трговијата со дрога, составени од 3 до 20 членови, во зависност од различните фази на соодветните кривични дела (одгледување, набавка, обработување, пренос, дистибуција, курири и слично).

Капацитетот на организираните криминални групи, како финансиски така и технички, често пати го надминува капацитетот на албанските агенции за спроведување на законот кои особено се предизвикани од сложените, огромни и долготрајни истраги кои бараат употреба на специјални истражни средства, меѓународна соработка и заеднички активности (што секако значи поседување на јазични вештини ), одземање и управување со запленетиот имот, заштита на сведоци, како и поефикасен судски процес. И на крајот, моменталната состојба се чини дека

[195] Податоците, собрани од различни државни агенции и невладини организации, посочуваат дека во Албанија се регистрирани 30.000 корисници на дрога.

е во целост променета, што се однесува до волјата и заложбата на албанските агенции за спроведување на законот за спречување на криминалните активности, особено на оние кои се поврзуваат со дрогата.

Во поглед на начинот на делување, корупција на полициските, царинските и разузнавачките службеници се уште се користи со цел да се олесни трговијата со дрога. Некои од криминалните групи настојуваат да ги прошират нивните активности, а особено се стремат кон контролирање на целосниот ланец на бизнисот со дрога (финансирање, производство, достава, пренос и дистрибуција / продажба).

Вредноста на произведеното или тргувано количество на дрога преку Албанија изнесува приближно, според албанксите власти, 50 милиони Евра, годишно[196].

**Табела 5: Табеларен преглед на запленетите количини на опојни дроги (Албанија)**

| Опојни дроги | 2001 год. | 2002 год. | 2003 год. | 2004 год. | 2005 год. | 2006 год. (јануари - мај) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хероин (kg) | 4.5 | 71.7 | 114.5 | 156.0 | 40.9 | 77.6 |
| Хашиш (kg) | | | | 4,544.2 | 6,332.0 | 379.9 |
| Марихуана (kg) * | | | | | | |
| Кокаин (kg) | 0.27 | 0.006 | 1.3 | 2.4 | 2.8 | 1.0 |
| Амфетамини (kg) | | | | | | |
| Екстази (MDMA) | | | | 10 | | |
| Канабис (растение) | 6,915 | 13,718 | 7,760 | 73,757 | 332,186 | 1,915 |
| Семе (растенија) | | | | 695 | | |
| LSD (дози) | | | | | | |

Извор: Албанското Министерство за внатрешни работи - јуни 2006 година
(*дадена е една заедничка бројка за хашишот и марихуаната)

## ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Сега, Албанија се смета дека е земја на потекло, за разлика од мислењето кое преовладуваше до неодамна, дека е транзитна земја за трговија со луѓе. Со луѓето се тргува преку граничните премини, но и надвор од нив. Во 1995 година, суштински промени беа направени на албанскиот Казнен Законик, како и соодветните измени на истиот од 1996, 1997, 1998 и 2004 година, резултираа со зголемување на предвидените казни за трговија со луѓе, се со цел, албанскиот закон да се приближи до барањата за изедначување со меѓународните и европски стандарди. Овие измени се однесуваа на трговијата со луѓе (член 110/а), трговијата со жени (член 114/ б), и трговијата со малолетни лица (член 128/ б), сите членови со исти дефиниции. Казните за потешките случаи се состојат од повисоки парични казни. Доколку кривичното дело заврши со смрт на жртвата, казната нема да биде помала од 20 години казна затвор.

[196] Вредноста е пресметана врз основа на заплените во Албанија и надвор од неа (за дрогата со која се тргува преку Албанија). Приближната вредност на добивката е 20 проценти за еден килограм хероин, така што, во Турција, цената варира меѓу 8000 и 10.000 Евра за килограм, додека албанската продажна цена се движи меѓу 11.000 и 14.000 Евра за килограм.

**Приказ 8: Пријавени случаи на трговија со жени и деца**




И покрај таквата законска поткрепа, со која се овозможува различен пристап на презентирање на податоците и разузнавачките извештаи од други (Југоисточни) земји, кои укажуваат на албанските организирани криминални групи кои се вклучени во трговијата со луѓе, пријавените бројки се мали, а статистичките податоци меѓусебно се разликуваат и се фрагментарни:

2003 година: кривично гонење на 24 групи, обвинети за нелегална трговија со луѓе и криумчарење на лица;
2004 година: во првите 9 месеци, 74 случаи на трговија со жени, со 115 вклучени лица и 9 случаи на трговија со деца, со 11 сторители;
2005 година: трговија со луѓе (член 110/ 1) – ниту еден случај.

> Трговија со жени и малолетни лица (член 114/ б и 128/ б) *„бројките со кои располагаме за 2005 година и 2006 година не ја одразуваат реалната состојба и постојните трендови кои се во опаѓање. Најголем број од регистрираните случаи во овие години се случиле во минатото, но не биле пријавени веднаш од страна на жртвите, како резултат на постоечката општествена стигма“.*
> *„Во текот на 2005 година, 3 криминални организации кои се занимаваат со трговија со жени се идентификувани и растурени“.*
>
> Во 2005 година, Канцеларијата на Јавниот Обвинител наведе вкупен број од 409 случаи на трговија со луѓе, со 439 сторители, додека полициските извори соопштија 30 случаи на трговија со жени заради сексуална експлоатација со 49 сторители и 10 случаи на трговија со малолетни лица, со 16 сторители.

Иако бројките меѓусебно се разликуваат, што не дозволува да се создаде една реална слика за развојот на овој вид на криминална област, како и да се добие јасен впечаток за постигнувањата

на Албанија[197], општо земено, се вели дека трговијата со луѓе е проблем кој е во пораст. Подобро организираните активности на полицијата, пред се во рамки на регионот[198], ефективните гранични контроли и откривањето на неколку групи кои се занимаваат со трговија, се клучните зборови за намалување на трендовите кои се забележани. Сега, патеката Драч/ Валона до Италија е скоро затворена. Како и да е, сега е достапно поудобно и помаку опасно водење на бизнисот трговија преку граничните премини и со употреба на фалсификувани документи. Покрај тоа, забележано е дека трговците се повеќе се стремат и кон други криминални области, како што е трговијата со дрога.

Во контекст на  Програмата CARDS и помошта од страна на ИОМ во Тирана, „Националната Стратегија за миграции" беше утврдена и одобрена од страна на албанската влада со Одлуката бр. 760, од 19.11.2004 година. По ова следеше разработка на детален „Акциски план за миграции" од страна на работната група која беше сочинета од неколку владини институции и невладини организации, кој беше одобрен од страна на Владата на Албанија, со Одлуката бр. 296, од 06.05.2005 година.

Како и да е, конкретната состојба со трговијта со деца мора да се доведе во прашање. Децата се предмет на трговија и се злоупотребуваат не само заради сексуални цели. Италијанските и грчки печатени медиуми редовно известуваат, а исто така и регионални студии од страна на невладини организации се спроведени во кои се истакнува дека многу албански деца се приморани да питачат од страна на Цигански и Ромски криминални групи, додека други деца дури и се продаваат од страна на нивните родители заради сексуална експлоатација или незаконско посвојување. Официјалните бројки се уште претставуваат само мало делче од реалноста, а поголем акцент треба да се стави на овој проблем[199]. Фактот дека жртвите Роми и Еѓипќани се присутни во огромен број меѓу жртвите на трговија, ја истакнува нагласената ранливост на етничките малцинства и потребата од напори за спречување и заштита кои имаат за цел задоволување на специфичните потреби на овој профил на жртви.

Неколку меѓународни организации кои делуваат на територијата на Албанија, како што се UNODC, ИОМ Тирана, 'Спас за децата' и други направија анализа на состојбата на жртвите од трговијата и потребата за помош и заштита на жртвите во рамки на државата. Најголем дел од студиите и истражувањата кои се спроведени водат до еден заклучок, а тоа е дека најистакнатите причини за трговија со луѓе во Албанија вклучуваат лоши семејни односи, семејно насилство и злоупотреба, недостаток на економски можности, општествена приклештеност и сиромаштија. Студиите покажуваат дека најголем дел од жрвите Албанци биле предмет на трговија од страна на лице кое им е ним познато[200]. Кога станува збор за трговија со луѓе, жртвите најчесто се регрутираат преку лажни огласи за вработување, бракови,

---

[197] Во 2001 година, албанскиот Совет на Министри ја утврди бројката на вистински жртви на трговија со луѓе, односно, жените Албанки кои се принудени да проституираат во странство, бројот изнесува 8000; Види: Организираниот криминал во Европа, 2004 година, C. Fijnaut and L. Paoli.

[198] Како што е заедничката операции „Харем" на Канцеларијата на јавниот обвинител за тешки кривични дела и Италијанската полиција  која ги координираше граничните операции за обезбедување на границата и која поведе истраги по должината на Албанско – Грчката граница, во блиска соработка со Грчкиот полициски офицер за врски, или некои други заеднички оперативни активности со француската полиција и судство.

[199] Според извештајот „Трговија со деца во Албанија", во 2001 година, подготвен од страна на D. RENTON за невладината организација „Спас за децата", околу 1000 деца Роми од Албанија се злоупотребуваат само во Солун, вториот по големина град во Грција.

[200] Втор годишен извештај во врска со жртвите на трговија во Југоисточна Европа, ИОМ, 2005 година.

кои имаат за цел сексуална експлоатација или оглас за работа, додека децата, пред се, се предмет на трговија заради нивно вклучување во бизнисот на принудно питачење или работа (привремена продажба) и деликвенција. Пријавени се случаи во кои трговците се потплатени со цел да обезбедат превоз преку контролните гранични премини. До сега, начинот на делување за регрутирање, пренос, трансфер и злоупотреба не се разликува ниту во другите проектни области и е сличен на искуствата кои се стекнати во ЕУ.

Во Албанија, структурата на криминалните групи кои се занимаваат со трговија со луѓе е прилично едноставна, и е организирана во неколку помали ќелии составени од 3 до 5 лица. Честопати, тие воглавно се поврзани со други криминални групи кои делуваат во полето на криумчарењето на лица, трговијата со дрога, кражбите и трговијата со украдени возила и слично. Албанските организирани криминални групи, кои се занимаваат со трговија со луѓе, исто така соработуваат со трговците и фалсификаторите на документи од соседните земји (Црна Гора, и „Поранешната Југословенска Република Македонија"). Насилството е една од карактеристиките на групите.

Полицијата пријави дека постојат огромни потешкотии кои се појавуваат за време на водењето на истрагите поради тоа што организираните криминални групи користат непријавени мобилни телефони, шифрирани телефонски разговори, лажни идентитети и брзи автомобили, кои тешко може да се набљудуваат.

Имотот стекнат преку вршење на кривични дела се вложува во изградбата на вили, хотели, продавници и други бизниси. Заработувачката на макроата се проценува на 800 до 1800 Евра на дневна основа.

**КРИУМЧАРЕЊЕ НА ЛИЦА**

Огромен прилив на Косовски бегалци во Албанија започна да се забележува во текот на косовската криза во 1999 година, и како последица на тоа, миграција на Албанци од огромен размер[201]. Како што криумчарите стануваа се поефикасни во својот бизнис, така Европската Комисија, во својот Извештај за стабилизација и асоцијација на Албанија од 2004 година, и понатаму ја советува албанската влада итно да преземе одлучни чекори, доколку сака да се справи со проблемот криумчарење на лица и трговија со луѓе на соодветен начин.

Криумчарењето на лица е утврдено со изменетиот член 298 од албанскиот Казнен Законик, и се казнува со парична казна или казна затвор во времетраење од една до четири години, а за потешките случаи, од три до десет години, а доколку кривичното дело резултира со смрт на повредената страна, тогаш казната не е помала од 15 години.

Земји на дестинација, во првата фаза, беа соседните Грција и Италија, но Албанците исто така трагаат по подобри животни услови во Белгија, Франција, Германија и Шведска, но исто така и во најразлични други земји членки на ЕУ, каде формираат дијаспори од големи размери. На тој начин, се формира основата за целосно оперативна гранка на организираните криминални активности во сферата на нелегалната миграција. За подобра организација на нивните криминални активности, албанските криумчари многу рано започнуваат да соработуваат со

---

[201] Во текот на првите десет години на транзиција, околу 25 проценти од населението емигрираше од Албанија Види: Организираниот криминал во Европа, 2004 година, C. Fijnaut and L. Paoli, страна 546 ff.

странските, пред се Апулијски криумчари од Здружението на светата круна, како и со корумпираните полициски службеници и други државни претставници.

Зачестените и ефикасни контроли спроведени од страна на органите за спроведување на законот во последните години доведоа до создавање на нови пречки за криумчарите. Значаен резултат е постигнат, особено во откривањето и затворањето на поморските патишта до Италија, а беа обвинети голем број на криминалци за оваа активност.

Стотици гумени чамци и моторни чамци во кои се пренесуваа десетици илјади мигранти беа сопрени во Италија и вратени назад во Албанија. Подобро координираните активности на полициските служби, пред се во рамки на овој регион[202], ефикасните гранични контроли и откривањето на неколку групи кои работат на фалсификување, доведе до период на сериозна криза за криумчарите.

Според албанските власти, бројот на лица предмет на криумчарење значително се намали, како и да е, пријавените бројки се разликуваат и се делумни (2003 година: 85 лица, во периодот јануари – септември 2004 година: 516 лица и 280 случаи, 2005 година: 259 лица во 123 случаи, од кои 13 случаи во кои се вклучени организирани криминални групи).

Согласно извештајот на италијанското Министерство за внатрешни работи, во текот на периодот од 1998 година до 2005 година, 95.822 лица нелегално мигрирале во Италија (види ги бројките подолу), а секој поединец се верува дека платил сума од 500 до 1000 Евра, која соодветствува на просечната криминална заработувачка од околу 80 милиони Евра. Од оваа бројка, 22.815 беа нелегални албански мигранти. Албанија пријави исплати од лицата предмет на криумчарење за организаторите од 300 до 3000 Евра, во зависност од земјата на дестинација. Како што е пријавено, имотот стекнат со вршење на вакви видови на кривични дела е вложен во основање на туристички агенции, изградба на фирми и игри на среќа или за купување на недвижнини.

Сторителите се организирани во мали криминални групи, пред се имаат јасно дефинирани улоги и одговорност во организацијата (фалсификување на документи за лична идентификација, „брокерски услуги" од страна на регрутираните мигранти, водачи, финаниски олеснувачи и слично). Насилството и заплашувањето како методи не се користат, но влијаењето преку поткупувањето и корупцијата е суштинско во овој вид на криминален бизнис. Многу групи ја имаат улогата на „туристички компании" или организатори на „туристички прошетки". И други заштитни пракси се вообичаени, како што е набљудувањето на механизмите за гранична контрола и фрекфенциите, честото менување на мобилни телефони, употребата на непријавени мобилни телефони, шифрирани начини на комуникација и слично.

## ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

Иако албанскиот Казнен Законик е во согласност со Препораката Пр. бр. 12 (81) на Советот на Европа за економски криминал и утврдува голем број на криминални активности во сферата на различните видови на измами (се разбира вклучувајќи го овде и посебниот член за лажни пирамидални шеми), фалсификати и криумчарење, затајување на давачки, регулирање на валутата, банкрот, злоупотреба на службената должност и службените овластувања и други

[202] Како што е SECI Иницијативите „Mirage 1 - 3" и „Work", кои се спроведуваат заедно со италијанското Министерство за финасии, Полицијата на Црна Гора, Србија и Грција.

привилегии, не дава јасен концепт за економскиот криминал, како таков, ниту за неговата поврзаност со организираниот криминал. Покрај тоа, различни дефиниции се користат, како и различни видови на кривични дела се наброени под терминот „економски криминал".

Финансискиот и другите видови на капацитети кои организираниот криминал ги стекна во изминатата деценија служат за зацврстување и проширување на операциите во правниот сектор, истовремено преку поефективно навлегување во државните структури, како и преку распределбата на активностите во трговскиот сектор. Економскиот криминал, претставен преку измамите со ДДВ, другите форми на затајување и неплаќање на даноци и царински давачки и фалсификувањето на законските производи, особено се потпира врз слабостите забележани во албанските институции за даноци и царинската управа, кои работат на контрола на јавните приходи. Покрај фактот дека економскиот криминал се смета за најголема закана која му се наметнува на албанското општество, сепак и понатаму не се наведени проценки за штетата која тој ја предизвикува врз државниот буџет. Одговорот на прашалникот за 2006 година гласи:

„Економскиот криминал, како и другите форми на криминал, го доживува својот подем, во оној момент кога ќе најде соодветно поволна можност, што значи, пред се, несоодветна и нецелосна законска рамка и нефункционални државни институции, особено оние кои се надлежни за борба против корупцијата и фискалното затајување. Иако економскиот криминал претставува сериозна закана за демократското општество воопшто, не е наведена никаква проценка за соодносот на штетата која овој вид на криминал ја нанесува на државниот буџет во Албанија."

Како што беше и претходно подвлечено, една од главните пречки за спроведување на едно правилно истражување за економскиот криминал е недостатокот на податоци и нивниот карактер, кој е различен. Статистичките податоци, кои се наведени, се во недоволен број и се фрагментарни. Во 2003 година, беа пријавени вкупно 91 случај на царинска измама, сторени од страна на 98 сторители кои беа обвинети, додека во 2004 година, овие бројки се зголемија на 163 случаи во кои беа вклучени 224 сторители. Покрај 66 кривични дела, 71 сторител беше рагистриран во рамки на законите за давачки и 852 кривични дела со 929 сторители на полето на фалсификување, кое нуди најразлични можности (вклучително и пиратските производи).

Во 2005 година, според албанското Министерство за внатрешни работи, 22 проценти помалку кривични дела беа пријавени во споредба со 2004 година. За вкупно 1030 случаи со 1236 сторители во текот на 2005 година беа спроведени кривични истраги кои беа пријавени до Канцеларијата на Јавниот Обвинител. Табелата подолу наведува некои од кривичните дела[203] пријавени од страна на Министерството за внатрешни работи и Канцеларијата на Јавниот Обвинител на полето на економскиот криминал. Обезбедените податоци од страна на двет агенции за спроведување на законот покажуваат постоење на видливо разидување:

**Табела 6: Пријавени кривични дела од областа на економскиот криминал**

| Кривични дела пријавени од: | Фалсификување на документи | Затајување на царински данок | Измама | Неплаќање давачки | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| МВР | 718 | 120 | 90 | 33 | 1,030 |
| ЈО | 1,632 | 359 | 218 | 228 | 9,678 |

Извор: Министерството за внатрешни работи (МВР) и Канцеларијата на Јавниот Обвинител (ЈО), Тирана

[203] Кривични дела како нелегално водење на игри на среќа, кривични дела против државата и судскиот систем, фалсификување на банкноти и трговски договори, корупција и кражба на имот, исто така се пријавени во оваа категорија на кривични дела, како од страна на Министерството за внатрешни работи, така и од страна на Канцеларијата на Јавниот Обвинител.

Иако се смета дека бројките дадени од страна на Јавното Обвинителство се поцелосни и поверодостојни, треба да се земе предвид дека статистичките податоци за 2005 година даваат информации за лицата против кои се поведени кривични истраги, кои беа започнати во текот на 2005 година, како и оние кои се водеа во текот на 2004 година. Тешко е да се даде објаснување или да се толкува постоењето на толку различни бројки. Поради тоа, Албанија треба да настојува, и тоа што е можни поскоро, да ги подобри структурите, методите и алатките за усогласување на нејзините национални статистички податоци во поглед на криминалот.

Според она што е забележано, вообичаено припадниците на машкиот пол, Албанци сторители на кривични дела од областа на економскиот криминал се високообразовани лица и имаат професионално искуство како менаџери на компании и одржуваат блиски односи со другите криминални елементи од различни држави и националности. Тие вклучуваат, или преземаат, преку уцена, најразлични законски активности или регрутираат и вработуваат лица со познавања од правна или економска сфера како извршители. Со цел да ги постигнат своите цели, тие не се колебаат при изборот дали да употребат насилство или заплашување врз конкурентите, понекогаш тоа завршува и со смрт, а во многу случаи, беше потврдено регрутирање на виши службеници на полицијата или владината администрација.

Не беа обезбедени податоци за вредноста на имотот стекнат со вршење на кривични дела, но беше наведено дека незаконски стекнатите средства и добивки се вложуваат во градежништвото, игрите на среќа и слично.

Спротивно на 2004 и 2005 година[204], во прашалникот од 2006 година не беше пријавено колку случаи на регистрирани кривични дела од областа на економскиот криминал во 2005 година навистина претставуваат, според дефиниција, дела на организиран криминал. Ефективното спречување и истрага на економскиот криминал е отежнато од поделената институционална рамка на даночната управа и другите агенции за спроведување на законот, со свои канцеларии во различни градови и региони кои и понатаму остануваат да бидат неповрзани и без никакви средства. Ова негативно влијае и врз развојот на стратегиите, зајакнувањето на истрагите, доведува до усложнување на процесот за размена на информации и ги доведува во прашање резултатите од анализите. На крајот, не дозволува да се оформи јасна слика за севкупната состојба во поглед на економскиот криминал и не дава да се одредат на пример, недостатоците во законодавството, потребите за обука и областите во кои полицијата треба да ги зајакне своите активности.

Не беа дадени нформации во поглед на компјутерскиот криминал.

---

[204] Табела 2004 година: Економски криминал: 17 случаи кои се поврзуваат со организиран криминал со 17 организирани криминални групи и 52 вклучени сторители; Трговија со дрога: 40 случаи кои се поврзуваат со организиран криминал со 40 организирани криминални групи и142 вклучени сторители: Трговија со луѓе: 17 случаи кои се поврзуваат со организиран криминал со 17 организирани криминални групи и 61 вклучен сторител; Нелегална миграција: 16 случаи кои се поврзуваат со организиран криминал со 16 организирани криминални групи и 58 вклучени сторители; Криумчарење: 14 случаи кои се поврзуваат со организиран криминал со 14 организирани криминални групи и 62 вклучени сторители; Корупција: 1 случај кој се поврзува со организиран криминал со 1 организирана криминална група и 4 вклучени сторители.

## ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Покрај измамата и операциите за фалсификување, албанските криминални групи, рутински, ги вложуваат парите кои потекнуваат од нелегалната трговија и нелегитимните активности во законската економија во нивната земја, но исто така и во странство (имено, преку нивната дијаспора). Што се однесува до циркулацијата на средствата од перењето пари, наведени се неколку стидии, направени од страна на меѓународните организации, кои посочуваат дека околу 50 проценти од бруто домашниот производ во земјите од Југоисточна Европа се користи за цели на перење. Како резултат на тоа, интегритетот и стабилноста на финансиските и кредитни институции, како и довербата во финансискиот систем во целост, како и владеењето на правото, се сериозно разнишани. Меѓу кривичните дела од кои се стекнува најголемиот криминален приход, Албанија ги споменува трговијата со дрога, трговијата со луѓе, проституцијата, криумчарењето затајувањето на даноци и коруптивните активности.

Уште од доцните деведесетти години на минатиот век, се покренуваат обвиненија за кривичните случаи на перење пари, но само повремено. Во 2003 година, беа регистрирани само 2 кривични дела, во 2004 година, како резултат на подобрата соработка со нововоспоставената албанска Агенција за координирање на напорите за спречување на перењето пари (албанската Единица за финансиски сознанија), 6 случаи на перење пари беа пријавени, но беше исто така споменато дека само за еден случај се претпоставува дека се поврзува со организираните криминални групи, каде се вклучени 2 лица (со што не се исполнува критериумот за постоење на организирана криминална група). Во 2005 година, само 4 случаи на перење пари беа пријавени, три случаи на перење „на сопствениот имот“ и еден случај на перење „во корист на други страни“. Покрај ваквите мали бројки, беше забележано дека праксата на перење пари во Албанија несомнено се поврзува со криминалните активности. Главните особености на активностите на перење пари во Албанија ја вклучуваат употребата на се уште постоечките законски дупки, широкиот спектар на неформалности во албанската економија, софистицираноста на финансиските трансакции[205], како и прикривањето на ваквите активности преку фиктивните законски бизниси и компании. Перењето пари во голема мера вклучува вложување во недвижнини, земјиште и туризам. Голем број на згради се изграден на незаконски начин, додека некои од нив се веќе уништени. Како и да е, тешко е да се одреди висината на вкупната сума од тоа колку незаконски изградените објекти потекнуваат од перење пари (дрога, затајување на даноци или дознаки заработени преку сезонски работи во странски земји), и за тоа колку е оштетен секторот градежништво од незаконски изградените објекти.

## КОРУПЦИЈА

Се верува дека корупцијата не се изведува од страна на организираните криминални групи[206], но, исто така, се смета дека може постојат посредници кои вообичаено делуваат во корист на лицата, од кои се овластени. Иако се направени мали напори, корупцијата и понатаму продолжува да влијае врз државните институции, пред се, врз државната администрација и судството[207], но истовремено влијае и врз приватниот сектор. Во 2004 година, Канцеларијата на

---

[205] Депонирање на монетарни приходи за кратки временски периоди без надминување на ограничувањето кое обврзува потврда на потеклото.

[206] Во 2005 година, сторителите за кои се поведени кривични истраги заради корупција не се организирани во ниту една организирана криминална група ниту криминална организација.

[207] Албанскиот Центар за економски истражувања наведе во својот Албански емпириски извештај 2000 година, дека корупцијата се смета за најголем проблем во земјата заедно со криминалот, кој вбројува исплата на поткуп на државните службеници, на пример, за да се избегне плаќањето на давачки и исплати,

Јавниот Обвинител регистрираше 443 осомничени лица кои се гонеа за корупција. Во 2005 година, 442 случаи во кои беа вклучени 237 сторители кои беа обвинети. Во голема мера, односно, поголемиот дел од овие кривични дела (377) се поврзуваат со злоупотреба на службената должност и арбитрарните одлуки. Само за шест кривични дела беа покренати истраги за активен поткуп, а 24 за пасивен поткуп. 159 сторители беа државни службеници од централната и локална администрација. Во овој извештај кој беше доставен до Парламентот во април 2006 година[208], Јавниот Обвинител на Албанија истакна редица прашања кои загрижуваат:

- Високото ниво на перцепција на корупцијата, кое, пред се, се поврзува со политичките структури кои работат на донесување одлуки во врска со управувањето на државните фондови, особено на директните јавни набавки на основа на итност,
- Правилата за управување и водење на трговски компании со државен капитал, кои оставаат премногу празен простор за толкување, и, на тој начин, за корупција,
- Во поглед на јавните набавки, иако вистинскиот тендерски процес се подобрува, многумина веруваат дека истиот е прифатлив за склучување на договори и за добивање на несоодветни исплати (тангенти), пред одржување на тендерските постапки.

---

продажбата на судски и арбитрарни одлуки, придонесот на приватните интереси за политичките партии, продажбата на парламентарни гласови, како и претседателски декрети, назначување на пријатели или роднини на државни позиции (http://www1.oecd,org/daf/SPAIcom/pdf/AlbEmp.pdf).

[208] Извор: Извештај на Јавниот Обвинител за Парламентот на Албанија (од 27 април 2006 година) за состојбата со криминалот во Албанија за 2005 година.

## 4.2 БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Пост воената состојба во Босна и Херцеговина (БиХ) се карактеризира со повеќе од еден милион раселени државјани, пустошење на имотот и поделена држава со разводнета сила и органи. Политичкиот и правен вакуум предизвикан од војната беше грижливо исполнет со напорите на меѓународната и локална заедница уште од 1996 година. Во доцните деведесетти години од минатиот век, непостоењето на институции, како што се, гранична служба, подвоен судски, законски и економски делокруг, како и регионални врски воспоставени во воената економија овозможија појава на уникатна низа на можности за организираниот криминал. Пост- воените и транзициони фактори, какви што се промената на правата на сопственост, економското опаѓање, и довербата во трговијата понудија една друга низа на можности. УНДП[209], при повторната класификација во 2004 година, ја окарактеризира БиХ како земја во транзиција. Како и да е, и понатаму постои слаб приватен сектор и влада која остварува потрошувачка од околу 50 проценти од бруто домашниот производ, 20 проценти од населението е невработено, 18 проценти се сиромашни, а 30 проценти премногу чувствителни на шоковите од променливоста на нивните примања, што може да ги одведе до беда. На овој начин, тешкиот криминал, ја искористи предноста, додека органите во БиХ се обидуваат да ги спроведат многуте институционални и законски реформи , дел од нив се веќе завршени во изминативе неколку години, а уште многу од нив се заглавени некаде во машинеријата, што може да се види од Извештајот на GRECO за усогласеноста[210], Прегледот на безбедносната состојба за 2005 година, поглавје „Предложени мерки и активности“, документите од Договорот за стабилизација и асоцијација и други последни извештаи.

Една карактеристика на Босна и Херцеговина е врската меѓу организираниот криминал и обвинетите воени криминалци, што доведува до појава на огромна загриженост за дел од властите на БиХ. Финансирањето на обвинетите воени криминалци, поточно на Ратко Младиќ и Радован Караџиќ, се чини дека е добро организирано и дека се поврзува со поголем број на институции, како што се банките, владеачките и други државни институции и политичките партии во Република Српска. Во 2004 година, банкарските сметки на оние осомничени лица кои ги поддржуваат обвинетите воени криминалци се блокирани, а десетици лица се разрешени од нивните службени работни места од страна на Високиот претставник во БиХ, Лорд Ешдаун[211].

Напори се направени за консолидирање и усогласување на гломазниот систем за казнена правда на БиХ[212] (пред се службите на прогон и судството), кои веќе започнаа да покажуваат позитивни резултати. Сепак, агенциите за спроведување на законот и понатаму остануваат да бидат подвоени, неповрзани и премногу гломазни. Исто така и размената на информации во државата е процес кој е премногу гломазен.

---

[209] Извештај на УНДП, 10 јули 2005 година.

[210] Извештајот на GRECO за усогласеноста на Босна и Херцеговина, GRECO RC-I (2005) 1E

[211] Во 2004 година, Лорд Ешдаун донесе 82 одлуки кои се однесуваат на разрешување од службени позиции на оние лица осомничени за поддржување, финансирање и други активности на обвинетите воени криминалци, како и затворање на банкарските сметки, кои наводно се користат за оваа цел. Одлуките се објавени на http://www.ohr.int/decisions/war-crimes-decs/archive.asp?m=&yr=2004.
Конечниот исход од овие истраги ќе биде донесен во иднина.

[212] Босна и Херцеговина (БиХ) има четири јурисдикции во системот за казнена правда: државно ниво, ниво на два ентитета (Република Српска и Федерацијата на БиХ) и Областа Брчко.

Моменталните трендови на организиран криминал, како и да е, бараат поткрепени полициски сознанија и ефективна размена на информации, како во рамки на земјата, така и на меѓународно рамниште[213]. Во случајот на БиХ, реформата на полицискиот систем – унифицирана полициска структура која може да послужи за да се елиминираат голем дел од овде споменатите проблеми – и понатаму го зазема приоритетното место на агендата, а се предвидува да заврши најдоцна во 2006 година. Како и да е, втората официјална рунда на преговори за Договорот за стабилицазија и асоцијација, потврди дека е постигнат само мал и ограничен напредок во повеќето европски партнерски области, а реформата на полицијата претставува главна отскочна даска[214] .

Главните закани за БиХ се дрогата, трговијата со луѓе и економскиот криминал.

## ТРГОВИЈА СО ДРОГА

Како што беше објавено во Извештајот за состојбата од 2005 година, во групите кои се занимаваат со трговија со дрога не доминира одредена етничка припадност меѓу членовите, но сепак постојат цврсти регионални врски со соседните земји, во кои доследноста кон групата се заснова на заедничко потекло и географска локација. Факторите како што се релативно порозните граници, законската и институционална рамка која се уште е во развој, недостатокот на техничка опрема и внатрешната подвоеност на системот за казнена правда, сите подеднакво, се корисни за криминалците, а со тоа БиХ станува се поатрактивна транзитна област, поволно место за повторно пакување и дистрибуција на дрогата.

Иако бројките кои беа обезбедени се фрагментарни и нецелосни, БиХ може очигледно да се смета за ’центар за повторно дистрибуирање’ на дрогата, и како транзитна земја за трговија со дрога. Покрај трговијата со дрога, се чини дека пазарот на домашни корисници на дрога се зголемува, пред се лица кои користат синтетички дроги, како што се екстазите и амфетамините, но исто така и канабисот, што може да се потврди преку зголемениот транспорт на канабис од Албанија, преку Црна Гора во БиХ.

Конфискувањето на 34 тони на анхидридна киселина (хемиски прекурзор за производство на хероин), регистрирано во 2005 година, а во тоа време актуелно, сведочи за постоење на трговија со хемиски прекурзори кои се употребуваат за производство на дрога. Ова мора да се гледа во согласност со последните откритија пријавени во 2006 година од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Српска, во кои се истакнува *„дека увезените количини на*

---

[213] Ова исто така може да се забележи и во одговорите на прашалникот за 2006 година, кој најпрво беше испратен неколку недели по истекот на крајниот рок за поднесување (поконкретно: неколку дена пред планираниот датум за финализација на предлог извештајот), а второ, претставува Преглед на безбедносната состојба за 2005 година, кој, се разбира, беше детален и сеопфатен, како во поглед на содржината (миграциони прашања, сите видови на криминал, сообраќајни незгоди, соработка со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија и Имплементација на враќањето и повторното стекнување на имотот), и административно – географски (сите четири јурисдикции, како и на ниво на кантони), но не ги интегрираше бројките кои меѓу себе се разликуваат на државно ниво, ниту одговорите на прашалникот, ниту посебно го издвои организираниот криминал.

[214] Извештајот од седниците на RPM и втората официјална рунда на преговори за Договорот за стабилизација и асоцијација, Сараево, 22 јуни 2006 година, особено споменувајќи го отфрлањето на предлог законот за борба против организираниот криминал од страна на Врховниот Суд и Советот на обвинители, како резултат на наводното непочитување на барањата за средби кои ќе ги води независното тело, што доведе до оставка на Главниот обвинител од Одделното Обвинителство на Република Српска и други обвинители во мај 2006 година.

*супстанции кои се наменети за индустриско производство ги надминуваат индустриските потреби и дека, не е редок случајот, истите да бидат предмет на нелегална трговија“*[215]. БиХ, за 2005 година, пријави вкупно 1595 кривични дела кои се поврзуваат со незаконско производство, трговија и поседување на опојни droги, што претставува пораст за повеќе од 13.5 проценти, во споредба со 2004 година. Не беа дадени информации за тоа колку случаи се поврзуваат со организираниот криминал.

Иако беа обезбедени голем број на статистички податоци, како резултат на недостатокот на централизирана анализа и различните изјави и структури за известување, развојот на недозволеното производство и трговија со дрога останува неразјаснет:

- Федерацијата на БиХ: 363 случаи (+ 29.6 проценти), сторени од страна на 377 сторители, и огромна бројка од 12 смртни случаи;
- Република Српска: 199 случаи, пораст од 55 проценти и во бројот на сторители (овде исто така е вклучено и поседувањето и уживањето на опојните droги, со што не е возможно да се направи споредба);
- Областа Брчко: 9 случаи, намалување од 44 проценти и во бројот на сторители (овде исто така е вклучено и поседувањето и уживањето на опојните droги, а регистриран е еден смртен случај);
- Државната гранична служба: 38 случаи (- 2.5 проценти), сторени од страна на 49 сторители.

И покрај обезбедените статистички податоци, кои во секое судство очигледно се забележани преку бројот на случаи, сторители, малолетни лица и рецидивисти, но на различен начин, не се направени студии на државно ниво, ниту прегледи за тоа колку голем овој пазар може навистина да биде, кои лица се корисници на дрога и трговци, и колку организирани криминални групи се откриени, доколку постојат незаконски лаборатории и други важни информации од сферата на организираниот криминал. Со цел соодветно да му се пристапи на овој проблем, Босна и Херцеговина ќе мора да спроведе такви истражувања и да воспостави систем за информации и сознанија со цел да се направат правилни анализи на шемите и структурите на организираниот криминал.

**Табела 7: Табеларен преглед на запленетите количини на опојни droги (БиХ)***

| Опојни droги | 2001 год. | 2002 год. | 2003 год. | 2004 год. | 2005 год. | 2006 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хероин (kg) | | | | | 68.53 | |
| Хашиш (kg) | | | | | 11.86 | |
| Марихуана (kg) | | | | | 318.51 | |
| Кокаин (kg) | | | | | 30.86 | |
| Амфетамини (kg) | | | | | 4.71 | |
| Екстази (парчиња) | | | | | 3,387 | |
| LSD (дози) | | | | | | |
| Канабис (растенија) | | | | | 1,956 | |
| Семе (растенија) | | | | | | |

*Бројките, кои се доставени од страна на Федерацијата на БиХ, Република Српска, Областа Брчко и Државната гранична служба се интегрирани, како и да е, материјалните податоци беа премногу оскудни / различни за да може да се направи споредба со 2004 година, или за целиот временски период.

[215] Информација за безбедносната состојба во Босна и Херцеговина во 2005 година.

## ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Во поглед на трговијата со луѓе, праксата се измени како резултат на напорите кои ги прави полицијата и затворањето на голем број на стиптиз барови и бордели во земјата. Како последица на тоа, сексуалната експлоатација стана се поприкриена и пософистицирана, започна да се одвива во приватни станови и во вид на услуги за придружба, а се прошири и на Интернет. Исто така се чини дека односот кон жртвите е помалку насилен, имаат подобри услови за животи во моментов, пред се, го опслужуваат домашниот пазар. Таквата промена на пазарот укажува на софистицираност на управувачката работа на криминалците кои се вклучени во бизнисот на недозвоелна трговија, што претставува нов предизвик за истраги и прогон на ваквите видови на кривични дела.

Лицата вклучени во трговија со луѓе се пред се државјани на БиХ, често пати се сопственици на ноќни клубови или имаат бизнис врски со други лица сопственици на барови. Групите кои се вклучени во овој вид на бизнис лесно ги премостуваат етничките, националните, верски и други разлики, и пред се соработуваат со трговците од Србија, која, според нејзината местоположба, се наоѓа на главната патека за трговија од Романија, Молдавија и Украина. Регистрираните случаи покажуваат дека дилерите од БиХ имаат свои криминални монополи во Романија и Молдова[216]. Локалната регрутација, внатрешната трговија и доминантноста на домашната клиентела доведува до импликации на политиката, не само во поглед на сузбивање, туку исто така бара стратегија за подобра заштита и стратегија за јавното здравство за да може да се решаваат здравствените прашања кои се јавуваат како резултат на развивањето на домашниот секс пазар.

Во 2004 година, ИОМ во БиХ пријави мали промени во трендовите на трговијата, како што е промената на местото на давање услуги, односно од ноќните клубови во приватните домови и апартмани, „платената роба“ се пренесува со такси возила до клиентите, принудни бракови и барања за азил со кои се овозможува подолг престој и правен статус во БиХ, како и психолошките притисоци кои служат како замена на физичките заплашувања и повреди, особено закани по животите на членовите на семејството на жртвата.

Иако „Државниот координатор на БиХ за борба против трговијата со луѓе и нелегална миграција“ беше воспоставен во 2003 година, вториот „Национален план за сузбивање на трговијата со луѓе, 2005 -2007 година“ беше утврден, заедно со ИОМ и други меѓународни организации, во 2004 година, „Протоколот за управување со прифатилиштата за жртвите на трговија од странски земји во БиХ“ беше потпишан од страна на Министерството за безбедност и пет локални невладини организации на почетокот на 2005 година, потпишувањето на „Упатствата (постапките) за однос кон жртвите на трговија со луѓе“ во јули 2005 година и општиот напредок кој беше постигнат во градењето на сеопфатна законодавна рамка, на БиХ и понатаму и недостасува одржлива оперативна мрежа, како што е посочено во извештајот „Информација за безбедносната состојба во Босна и Херцеговина во 2005 година“, во кој се споменува трговијата со луѓе во голем број на случаи кои треба да се разгледаат, само во Федерацијата на БиХ (2 случаи, 2 сторители) и во Република Српска (12 случаи со 18 сторители).

Не беа дадени никакви дополнителни информации.

[216] Одговор на БиХ за прашалникот од 2005 година.

## КРИУМЧАРЕЊЕ НА ЛИЦА

БиХ се смета за транзициона земја во која државјани на Албанија, Кина, Турција, Индија и Пакистан нелегално се транспортираат во земјите од Западна Европа. Тие влегуваат во БиХ преку Црна Гора и Србија, преку легалните и нелегални гранични премини на источниот дел од БиХ, пристигнуваат во Сараево од каде се упатуваат во западниот дел на БиХ, најчесто со такси. Од таму, локална криминална група ги придружува преку реките или нелегалните гранични премини во Хрватска. Во минатото, случаи на огромни групи на нелегални мигранти беа забележани кои влегуваат на територијата на БиХ како туристи или членови на кутирни здруженија. Од неодамна формираните кинески заедници се чини дека се поврзуваат со организираните криминални групи и ја олеснуваат миграцијата на луѓето од Кина до Западна Европа. Пазарот за криумчарење на лица е голем и се чини дека се потпира на тесната соработка меѓу организираните криминални групи од различни земји во регионот[217].

Информацијата за безбедносната состојба во Босна и Херцеговина во 2005 година во голема мера дава информации за сите видови на миграциони прашања, како што е транспортот на лица, одбиените барања за влез (најчесто поради непоседување на соодветни патни исправи и визи), влезот на граѓаните кои претставуваат висок миграциски ризик (пред се државјаните на Турција, Либан, Кина, а се повеќе и од Иран, Индија и Сирија), прифаќање на државјани на трети земји, согласно договорот со Хрватска, депортирање на лица и обиди за нелегално преминување на границите (655 лица, најголем број од Албанија, БиХ, Хрватска, Црна Гора и Србија, нема други дополнителни информации). Како и да е, извештајот дава само една точна бројка на случаи на криумчарење на лица: 2 случаи во Федерацијата на БиХ. Не се наведени информации за организираните структури, а не се обезбедени ниту други релевантни информации.

## ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ

Економскиот криминал го доживува својот период на доминација како резултат на подвоената економска сфера, јурисдикциската поделеност меѓу агенциите за спроведување на законот во БиХ, како и широкораспространетото присуство на измама со документите за идентификација, која стана се подостапна со постоењето на огромен број на раселени лица или лица кои загинаа во војната, како и внатрешната поделеност на државата. Главниот механизам за екстремното затајување на јавните приходи беа фиктивните компании кои релативно лесно можеа да се регистрираат. Според даночните власти на Федерацијата на БиХ, во 2004 година, 1187 правни ентитети во Федрацијата БиХ беа утврдени како недостапни, фиктивни или паралелни, а уште од 2002 година беа регистрирани 835 случаи на избегнување на плаќање на даноци, што доведе до загуба во приходите од приближно 160 милиони Евра. Даночните власти на Република Српска пријавија 464 недостапни компании, 73 фиктивни компании и 21 „паралелни" компании во истиот период[218].

---

[217] Ibid.

[218] Одговор на БиХ на прашалникот за 2005 година. „Недостапни" компании се оние кои се регистрирани на непостоечка адреса или за кои се користат лажни документи за регистрирање; „фиктивни" компании се оние кои се регистрирани користејќи лажни документи за идентификација; „паралелни" компании се оние кои користат копии од документите за регистрација со изменети имиња на сопствениците. Таквите копии потоа се користат за да се отворат нови компании, кои не можат да се лоцираат или банкарски сметки.

Нудејќи вакви можности, БиХ стана атрактивна област преку која се спроведува недозволена трговија во регионот. Последните напори на органите на БиХ од сферата на давачки и регистрирање на бизниси, кои имаат за цел да ја зголемат внатрешната поврзаност и усогласување на системот за даноци и регистрирање на бизниси, веќе изродија позитивни резултати.

Наведениот извештај, Информацијата за безбедносната состојба во Босна и Херцеговина во 2005 година, во дел, ќе послужи како извор за користење на подетални информации. Во 2005 година, вкупно 1324 случаи на економски криминал на државно ниво беа регистрирани, а со тоа, беше реализирано намалување од приближно 6 проценти, што очигледно е предизвикано од огромното опаѓање на бројот на случаи во Федерацијата на БиХ (- 62.4 проценти) што отвара безброј прашања, додека беа земени предвид и зголемувањата во Република Српска (+ 16 проценти) и Обласа Брчко (+ 28.9 проценти).

Најголем број од случаите се однесуваат на злоупотреба на службената должност и надлежност, фалсификување пари, несвесни бизнис зделки и лаги заради добивање заеми и други привилегии. Што се однесува до бараните бројки кои беа обезбедени и кои може да се придодадат, во 2005 година, пријавени беа 54 случаи на затајување на данок, а „во полето на царинските давачки“, најмалку 580 случаи. Не беше можно да се направи веродостојна споредба со податоците од минатата година како резултат на дивергентните изгледи и шеми на пријавување (2002 – 2004 година: 835 случаи, кои предизвикаа загуба на јавните приходи од околу 160 милиони Евра), како и да е, бројките се чини дека се намалуваат.

Во извештајот се наведени, во делот најзначајни кривични дела на економски криминал, 256 случаи на фалсификување на пари, кои се случиле на територијата на Федерацијата БиХ (139 случаи извршени од страна на 130 сторители, од кои, 37 се малолетни лица или рецидивисти, намалување од околу 29 проценти, во споредба со 2004 година), Република Српска (103 случаи, 99 сторители, зголемување од 26 проценти во споредба со 2004 година) и Обласа Брчко (14 случаи, не е наведен бројот на сторители, пораст од околу 29 проценти). Иако извештајот дава дополнителни општи гледишта за поведените истраги за лицата фалсификатори („високо образовани“, имаат познавање во печатењето и графичките операции) и за „растурачите“ („вешти“), не беа обезбедени никакви бројки ниту дополнителни информации за бројот на лица фалсификатори, организирани криминални структури, локациите каде се врши незаконското печатење, техниките, фалсификуваните валути и номинални вредности, заплените и слично, а ниту било какви други анализи не беа наведени.

Не беа обезбедени информации за состојбата со компјутерскиот криминал.

## ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Методите на перење пари во Босна и Херцеговина (БиХ) се смета дека се слични на оние кои се применуваат за затајување на даноците. Во Република Српска, бројот на кривични пријави против лицата вклучени во затајувањето на даноците и перењето пари двојно се зголеми во периодот меѓу 2002 и 2004 година. Во 2005 година, на полицијата на државно ниво, Канцеларијата на Јавниот Обвинител и судот им беше доверена надлежноста за кривичните дела перење пари. До мај 2005 година, Судот на БиХ изрече 8 обвиненија и парични казни во висина од 690.000 Евра. Вредноста на испраните пари е 554.100 Евра, додека вредноста на затаениот данок е 8.13 милиони Евра. Затајувањето на давачките беше предикативно кривично

дело во сите 8 случаи. Со истрагите кои беа поведени за првите осум обвиненија беа регистрирани 643 правни ентитети осомничени за перење пари[219].

Според известувањето за медиумите[220], Агенцијата за државни истраги и заштита (SIPA) пријави 27 трансакции на пари, кои се предмет на кривично дело перење пари, регистрирани во 2005 година, а извршени од страна на 52 лица. Прелиминарните истраги покажуваат дека приближно 58 милиони Евра се предмет на овие незаконски трансакции. Во својата изјава, SIPA истакна дека перењето пари од страна на фантом компаниите се користи насекаде во светот, но одрече дека постојат околу 4000 фантом компании кои работат на перење пари. И покрај ваквите бројки кои јавно се обелоденуваат, извештајот, „Информацијата за безбедносната состојба во Босна и Херцеговина во 2005 година " само споменува два случаи на перење пари во Федерацијата на БиХ, а не обезбедува никакви дополнителни информации.

Во поглед на пријавените информации за корупција, исто така може да се забележи дека истите се оскудни, особено што се однесува до пронајдоците од првата рунда преговори на GRECO во мај 2005 година[221], како и мерките кои се споменати во истиот, а кои се преземени од страна на органите на БиХ како одговор на 18 препораки.

И покрај големото подобрување од мај 2003 година, како што е воспоставувањето на централизирано тело за сите активности за борба против корупцијата (кое претходно постоеше во рамки на Министерството за безбедност и неговата организациона единица SIPA), воспоставувањето на посебен Оддел за истраги на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција, пренасочувањето кон предлог одлуката на Советот на Европа за формирање на Канцеларија за борба против корупцијата во иднина, реформата на Кривичниот Законик (кој, за жал, не содржи ниту еден член кој се однесува на „корупцијата" како кривично дело само по себе, но ги покрива сите коруптивни активности во рамки на неколку одделни кривични дела, така наречените „коруптивни кривични дела"), креирање на мрежа на аналитичари на кривични дела (CAN), а, на крајот, информациите кои се наведени се екстремно оскудни: само Федерацијата на БиХ пријави дека кривични пријави биле поднесени за 167 лица од областа на поткупувањето, а не беа наведени дополнителни информации.

---

[219] Одговор на БиХ на прашалникот за 2005 година.

[220] SIPA известување за јавноста, 14 февруари 2006 година, регистрирано од страна на Центарот за надлежности на Југоисточна Европа при Универзитетот во Грац, 15 февруари 2006 година.

[221] Извештајот на GRECO за усогласеностана Босна и Херцеговина, GRECO RC-I (2005) 1E

# 4.3 ХРВАТСКА

Како и сите други држави од поранешна Југославија, Хрватска беше во голема мерка оштетена од војната на нејзина територија која предизвика промени на политичките, социјалните и економските околности кои беа надополнети со транзицијата во повоениот период. Криминалните организации никогаш не престанаа со активностите кои ги имаа започнато во поранешната југословенска држава и ги задржаа нивните блиски врски со криминалните групи и поединци од останатите држави од поранешна Југославија, додека пак, соработката меѓу органите за прогон во ново оформените држави на поранешна Југославија скоро во целост престана за време на и веднаш по завршувањето на конфликтот. Ваквата ситуација им овозомжи на организираните криминални групи да идентификуваат криминални пазари во кои можат да стекнат бенефиции и моќ, притоа демонстрирајќи голема флексибилност во прилагодувањето кон повоените промени.

Сепак, државата се стекна со нејзината независност на 25 јуни 1991 и на располагање имаше околу една и пол деценија, како и силна поддршка од меѓународната заедница, да воспостави силни државни структури. Притоа, обезбедената легислативна структура, организациските постигнувања, обучените професионалци и подобрената соработка со државите од Југоисточна Европа и пошироко, овозможија да се исцрта појасна слика за организираниот криминал во Хрватска. Генерално земено и слично на другите држави од регионот, организираниот и економскиот криминал преставуваат специфична рефлексија на економската, социјалната и политичката состојба во државата. Организираните криминалци се способни брзо да се приспособат кон променетата социјална, економска и политичка состојба, тие се флексибилни во реакцијата кон предизвиците кои доаѓаат од криминалните пазари и одтаму се стекнуваат со деструктивна доминација врз органите за прогон (тука особено се мисли на врвните криминалци кои пред се ги насочуваат, а директно не ги спроведуваат криминалните активности).

Според одговорот, во Хрватска организираниот криминал ги ослабнува државните структури и моралните вредности и се очекува дека идните закани од организираниот криминал ќе се зголемат и дека ќе влијаат врз целокупниот тек на политичките, социјалните и економските процеси.

Сепак, Хрватска се придвижи и сѐ уште се движи побрзо од останатите држави во регионот во воспоставувањето на политики и стратегии за борба против организираниот и економскиот криминал[222], при тоа усвојувајќи ги сите неопходни правни регулативи и воспоставувајќи функционален систем на прогон со централизирана база на податоци за кривични дела и добро функционирачки систем на известување.

---

[222] На 12 јуни 2006, Хрватска и Европската Комисија започнаа пристапни преговори. Според Европскиот комесар за проширување Оли Рен, Хрватска најверојатно ќе биде „првата држава која ќе ги исполни сите неопходни услови" и затоа ќе биде „следната држава на листата за проширување." Предвидената година за прием, 2010, е блиску поврзана со тековната дебата во ЕУ за Уставниот Договор.

Како последица на хрватската ‘‘Програма на посебни мерки за сузбивање на организираниот криминал‘‘ од 2003 и следствениот на неа ‘‘Национален план за борба против организираниот криминал‘‘ се постигнаа забележителни достигнувања не само во поглед на организациската реформа и специфичните активности, како што беше основањето на програми против перење пари и за заштита на сведоци, туку и преку имплементацијата на различни регулативи за заштита на податоци, зајакнување на меѓународната соработка (на пр. значајниот ‘‘Договор за оперативна соработка‘‘ склучен со Еуропол, потпишан на 13 јануари 2006), но исто така и при вистинските истраги, гонења и пресуди во случаите на организиран криминал.
Во 2004 Хрватска пријави 1098 кривични дела на организиран криминал извршени од 540 поединци (1.32% од сите пријавени кривични дела. Во 2005, Хрватска забележа зголемен број (+22.04) на регистрирани случаи на организиран криминал (1340) и поединци (771) и пријавени криминални дела кои потпаѓаат под овластувањето на Одделот за организиран криминал (1.73% од сите пријавени кривични дела). Иако постои значајно зголемување, овие бројки сепак се мали.

Како и со многу други држави, Хрватска не прави строга разлика меѓу економскиот криминал (како што е софистицираниот криминал извршуван од страна на легални бизнисмени – поединци, т.н. ‘‘white collar crime‘‘) и организираниот криминал (како организираниот криминал кој дејствува во нелегалните пазари, т.н. ‘‘black-collar crime‘‘), поделба која според Хрватска би била премногу вештачка. Во поглед на економскиот криминал, главните проблеми изгледа дека потекнуваат не од директната загуба на јавен приход, туку од останати форми на економски криминал како што се измами при јавните набавки, банкарската измама, предизвикување на банкрот и проневери при приватизација.[223] Последново е особено осетливо прашање земајќи ја во предвид на претстојниот статут за ограничување на истрагите и на гонењето на такви случаи. Последиците на таквиот криминал се воочливи за јавноста. Јавноста го поврзува со социјалната неправда и нелегалното збогатување и генерално има високи очекувања од органите на прогон и од судството во поглед на успешното казнување на таквите кривични дела.

Се верува дека јавната доверба во овие институции зависи од резултатот на таквите случаи кои се многу тешки за истражување и гонење поради нивната комплексност и можните политички поврзаности.[224] Понатаму, штетата која ја нанесуваат на општеството со оваа врста на економски криминал е тешко мерлива. Криминалните групи вклучени во економскиот криминал употребуваат софистицирани методи кои дозволуваат професионален развој и регрутирање на експерти (финансиски, правни, итн.) и одржуваат врски со јавните структури преку финансирањето, на пример, на спортски активности, медиумски статии, донации, размена на полициско разузнување, заеднички проекти во крајбрежните области заедно со криминални организации од Италија и Русија.

Членовите на таквите криминални групи се главно хрватски државјани со завршено средно образование и со просечен економски статус. Нивните улоги обично се поделени на организатори, финансиери и фалсификатори (на пр. на документи неопходни за исполнување на критериумите за добивање на заеми и кредити) и посредници (вработени лица во фирми или банки кои што се од корист за криминалната група).

---

[223] За жал Хрватска, како и останатите држави опфатени со проектот, не одговори на прашањето за состојбата со шверцот на цигари.
[224] Види *Хрватска: Работа во прогрес*, од Anna McTaggart and Drago Hedl, IWPR No. 562, 27 јуни 2005.

Самата група изгледа дека нема хиерархиска структура. Наместо тоа, членовите од различните групи заедно започнуваат бизнис основан на нивните лични интереси. Во повеќето случаи, специфичните криминални групи се формираат со цел да се сторат одредени кривични дела. Таквите групи се главно од локален карактер и само во одредени случаи ја покриваат целата територија на Хрватска или се активираат во соседните држави како Србија, Босна и Херцеговина, Австрија, Италија, Словенија и Унгарија.

## ТРГОВИЈА СО ДРОГА

Во поглед на трговијата со дрога, Хрватска се трансформира од статусот на една од транзитните држави на ,,Балканската рута'' до тоа да е во одредена мерка земја – дестинација. Сепак, производството на дрога во Хрватска не е поврзано со организираниот криминал. Наместо тоа, најмногу е поврзано со малите, индивидуални производители за локална потрошувачка.

Слично на хашишот и на кокаинот, постои тенденција на пораст и во домашниот пазар на синтетички дроги поради зголемената побарувачка за овие дроги, но исто и поради повеќе агресивната достава. Најмногу синтетичките дроги беа тргувани од државите на ЕУ, но сé повеќе и од одредени држави на југоисточна и источна Европа каде се инсталираа голем број на нелегални лаборатории. Синтетичките дроги го опслужуваат домашниот пазар во урбаните подрачја како и во крајбрежните градови, особено во летните месеци.

Поголеми количини на хашиш и марихуана, кои доминатно се присутни на налегалниот хрватски пазар на дрога, главно пристигнуваат по морски пат преку меѓународните канали на шверц (со контејнери) од државите на северна и западна Африка преку пристаништата во Италија и Словенија, а одтаму по копнен пат до Хрватска. Но, хашишот и марихуаната, како и кокаинот, пристигнуваат исто така по морски пат од Албанија, или директно од државите на Јужна Америка до пристаништата во Хрватска, а одтаму се доставуваат до европските држави (,,морските канали на балканската рута''). Транспортот по копнен пат на хашиш и марихуана главно пристигнува од територијата на Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија.

Во врска со хероионот, јасно е дека т.н. ,,балканска рута'' чија главна гранка оди преку територијата на Хрватска, сè уште често се употребува за трговија по копно (по пат или железница), бидејќи тие се најкратките врски меѓу државите производители и државите дестинации. Во дополнение, големиот пораст на сообраќај на стока и патници во ,,нова Европа'' го намалуваат ризикот и поголемите инвестиции за криумчарите на дрога кои го следат претприемничкото мото ,,мал ризик – голем профит''.

Криумчарењето по авионски пат сè уште изгледа како помал проблем, но постои главно на пазарот на кокаин во земјите на Јужна Америка, кој се тргува во помали количини преку курири/доставувачи како и преку брза пошта, багаж, итн.

Хрватска долго време беше единствената држава во регионот која спроведе одредени мерки кон разбирањето и проценката на домашниот пазар на дроги и превенцијата и третирањето на злоупотребата на дрога. Постојат статистички податоци за вообичаените шеми (возраст, пол, националност) на поединците кои се обвинети за злоупотреба (2005:5.700), поседување (2005: 5.124) и трговија со наркотични дроги (393). И покрај регистрацијата на 94 случаи на организиран криминал поврзан со наркотични дроги, во 2005та не се евидентираа поголеми хиерархиски структурирани организирани криминални групи, затоа се очекуваше дека добро воспоставените странски организирани групи развиле хрватски мрежи за препродажба кои

повеќе имаат пирамидална структура, видлива само на нејзината основа, во т.н. ,,пазар на мравките‘‘.

Сепак, експертите веќе изјавија во истражувањето од 2004та дека постојат неколку видови на криминални организации вклучени во трговијата со дрога, главно базирани на нивната националност, територијално припаѓање и фамилијарната/клановска поврзаност. Албанските организирани групи потпаѓаат под првата група и вклучуваат Албанци од Косово и ‘‘поранешната Југословенска Република Македонија‘‘ кои обично тесно соработуваат со турските групи на организиран криминал со хероин. Нивната структура е во голема мерка хиерархиска и базирана на семејната и слична на неа припадност и со постоење на блиски врски во други држави. За разлика од Албанците, лицата со друго етничко потекло не завземаат значајни позиции туку служат како шверцери. Главните организатори имаат повисоко образование, уживаат добар стандард на живеење и често основаат компании или купуваат имот во кој го вложуваат приходот стекнат од криминал.

Вториот вид е поврзан со криминалните групи кои се занимаваат со канабис и кои главно се составени од лица со двојно државјанство на Босна и Херцеговина и Хрватска. Овие групи имаат помалку дефинирана структура во која главниот организатор е познат на остатокот од групата, која е главно составена од извршувачи кои се воздржуваат од употребата на услуги од трети лица (освен кога се работи за цариници од граничните премини). Таквите групи имаат добри врски со останатите групи кои се доминантни во локации каде се случува криумчарењето, додека членовите на овие групи имаат наклонетост кон вршењето на други видови на криминал.

Последната врста се криминалните организации лоцирани во други држави, предводени од поединци со искуство во државите традиционални производители на дрога, како Холандија и латиноамериканските држави, организирајќи криумчарење на синтетички дроги и кокаин преку море и воздух. Тие ги користат услугите на курири кои може да се или професионалци во вршењето на криумчарење, или случајни лица кои се вклучени во еднократно извршување на таквата работа. Трговците со дрога ја употребуваат брзата пошта, туристичките агенции и ја опфаќаат крајната дестинација преку купување на одвоени авионски карти.

Домашните криминални групи опфаќаат мешани структури, најчесто водени од страна на лице со криминално досие. Дисциплината се спроведува преку закани и насилство, најчесто со присилување на клиентите да ги платат долговите и преку задржување на криминалната заработувачка. Членовите се активни и во останатите криминали како шверц на оружје, цигари и изнудување. Приходите најчесто се трошат на движен и недвижен имот, како недвижности во туристичките локации и сомнителен животен стил. Хрватските органи на прогон пријавија дека организираните криминалци употребуваат различни начини за обезбедување на нивните активности, како контра-разузнавање, честа употреба на кодирани пораки и изрази за време на телефонските разговори и комуникација по електронска пошта, честа промена на при-пејд картици, транснационални активности, незаконски трансфер на нелегално стекнати пари преку државните граници и во странски банки.

**Табела 8: Табеларен преглед на запленети количини наркотички дроги (Хрватска)**

| Наркотички дроги | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хероин (кг) | 19.6 | 36.9 | 85.7 | 114.4 | 27.1 | |
| Хашиш (кг) | 4,6 | 2,1 | 2.3 | 5.9 | 53.4 | |
| Марихуана (kg) | 737,9 | 595.2 | 435.0 | 428.2 | 983.2 | |
| Кокаин (кг) | 1,5 | 3.3 | 350.8 | 17.6 | 9.0 | |
| Амфетамини (кг) | 0,9 | 28.0 | 3.8 | 7.2 | 14.3 | |
| Екстази | 12.905 | 11.0632 | 29.840 | 27.048 | 33.601 | |
| ЛСД (дози) | 154 | 192 | 14 | 60 | 21 | |
| Канабис (растенија) | - | - | - | - | - | |
| Афион (растенија) | | | | | | |

## ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Во октомври 2004, стапи на сила прилагодениот закон за ‘‘Трговија со луѓе и ропство‘‘ (Член 175 фф. на хрватскиот Кривичен законик) и сега е прецизно соодветен на постоечките меѓународни стандарди и правните дефиниции како што се предвидени во acquis-то на ЕУ, Препораката на Советот на Европа Р (2000)11[225] и т.н. ,,Протокол од Палермо‘‘ на ОН”[226]. За сега, целта на ,,пристапот фокусиран на жртвата‘‘[227], кој е неопходен во оваа специфична област на криминалот, се постигна почнувајќи од јули 2002[228], кога започна проектот LARA на Советот на Европа.

На пример, трговијата со луѓе која дури сега се казнува како тешко кривично дело со казна затвор од максимум 20 години и тешки случаи (на пр. трговија со деца, голем број на жртви, во рамките на криминална организација, или предизвикување на смрт на тргуваните луѓе) од 5 до 15 години. Се воспостави законска рамка за обезбедување на соодветна помош и заштита на жртвите на трговијата со луѓе, правна, медицинска и психолошка помош, од моментот на нејзината/неговата идентификација, до крајното обезбедување на сместување.[229]

Во дополнение, Хрватска ја анализираше компатибилноста на нејзиниот национален акционен план за трговијата со луѓе со европските принципи и стандарди, воспостави Национален комитет за координирање на националните и регионалните активности во областа на сузбивањето на трговијата со луѓе кој е составен од преставници на сите релевантни министерства, хрватскиот парламент, Канцеларијата на државниот обвинител, невладини организации и медиумите.

Иако потврдените случаи на трговија со луѓе се ретки (2005: шест случаи на трговија со луѓе, два од нив поврзани со организиран криминал) може да се претстави следната слика:

---

[225] Комитет на Министри на Советот на Европа, Препорака за акција против трговија со луѓе за сексуална експлоатација, Број Р (2000) 11.

[226] ,,Проткол за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца‘‘ кој ја надополнува ,,Конвенцијата на ОН против транснационален организиран криминал (UNTOC),‘‘ ратификувана од страна на Република Хрватска на почетокот на 2003.

[227] Како што е побарано пред неколку години од страна на VOICE, ад-хок работна група на преку 40 невладини организации активни во полето на трговијата со луѓе.

[228] Трговија со луѓе, LARA, Реформа на кривичното право во југоисточна Европа, за повеќе детали видете го извештајот од ,,Регионалниот семинар LARA ‘‘, Приходи, Загреб, 1-4 април 2003.

[229] Од 2002 Хрватска пријави вкупно 45 идентификувани случаи на жртви на трговија со луѓе, кои добија целосна програма на помош и заштита.

Регрутирањето започнува во земјите на потекло на жртвите, главно од Молдавија, Бугарија, Романија, Албанија, но исто и од Руската федерација, Украина, Црна Гора, Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска. Земји на дестинација се главно Австрија, Белгија, Франција, Германија, Грција, Италија, Холандија, Шпанија и Велика Британија.[230] Како последица на нејзината географска позиција, Хрватска е класична земја на транзит за трговијата со луѓе од ценрална, југоисточна и источна Европа кон земјите на западна Европа. Со зголемената слобода на движење во рамките на Европа, неизбежно е мрежите на трговијата со луѓе сè повеќе да ги опфаќаат и земјите опфатени со проектот CARPO. Хрватска пријави дека статистичките индикатори јасно демонстрираат дека таа исто така сè повеќе станува земја – дестинација.

Лицата кои вршат трговија со луѓе се најчесто државјани на Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Италија, но забележано е криминално вклучување на државјани од државите на потекло на жртвите на трговијата со луѓе како Молдавија, Украина, Романија и Бугарија. Во голема мерка, лицата кои ја спроведуваат трговијата со луѓе се исто вклучени во вршењето и на други облици на криминал, особено со нелегалната имиграција, фалсификување на документи, сексуален криминал и организирана проституција.

Организациските структури се карактеристични по воспоставена хиерархиска поделба на функциите, како на меѓународно така и на локално ниво има дејствување на организираните криминални групи. Сите лица вклучени во ланецот на трговијата со луѓе заработуваат различно, во зависност од државата од која се жртвите, транспортот, видовите на регрутација, итн. Точната и целосна сума на приходите од овој криминал не се познати. Приходите од криминал обично се инвестираат во недвижности, движен имот, корупција и финансирање на други нелегални активности.

Рутите за шверцување и криумчарење се слични на оние во другите држави од регионот. Во сите истражени случаи границите се преминувале нелегално, или преку официјалните гранични премини со употреба на фалсификувани документи. Регрутирањето, транспортот, трансферот и експлоатцијата не се разликуваат од останатите држави опфатени со проектот CARPO и се слични со искуствата во ЕУ.

## КРИУМЧАРЕЊЕ НА ЛИЦА

За разлика од трговијата со луѓе, хрватскиот Кривичен законик во член 177 наведува дека „Нелегалниот трансфер на лица преку државната граница‘‘ преставува помало кривично дело за кое е предвидена парична казна или казна затвор од максимум 3 години. Доколку кривичното дело е предизвикано од страна на организирани криминални групи, казната затвор може да биде од 1 до 10 години. Хрватска е класична земја на транзит на патот кон ЕУ.

Во 2005 се забележаа и пријавија вкупно 260 кривични дела (со 270 нелегални мигранти) според член 177 на хрватскиот КЗ. Споредено со 2004та, со 194 кривично дело (со 223 нелегални мигранти) се работи за пораст од 34.02%.

[230] „Трговија со луѓе за сексуална експлоатација во ЕУ: поглед на Еуропол‘‘, јануари 2006.

Нелегалната имиграција и нејзиниот трансфер преку Хрватска најлесно се спроведува преку „зелените граници" (со тешки товарни камиони, автомобили и теренски возила, најчесто употребувајќи модифицирани превозни средства или едноставно пешки) кон Словенија и „сините граници" (со бродови, брзи чамци, траекти) најчесто кон Италија. Транспортот преку Хрватска се спроведува со изнајмени возила, такси возила, комбиња и помали камиони.

Во поглед на етничките карактеристики на нелегалните мигранти, најчесто се работи за Албанци, Турци и Кинези, но исто се забележани мигранти од останатите држави на југоисточна Европа, источна Европа, Азија, Африка и останати делови на светот.

Организираните криминални групи вклучени во обаа област се вертикално организирани, со јасно дефинирани задачи и врски со меѓународните криминални групи од првата до финалната етапа на алката на криумчарење на луѓа. Извршените анализи утврдија блиска соработка меѓу криумчарите од Хрватска и Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија, каде што мигрантите се собираат и подготвуваат за следната фаза на нивниот нелегален пат преку Хрватска.

## ЕКОНОМСКИ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

Хрватска основа посебен оддел за економски криминал и корупција кој се занимава со сите видови на кривични дела кои атакуваат на сопственоста, приватна и јавна, перење пари, сопственоста на интелектуални права и корупции. Во целост, во 2005та се пријавија околу 6.600 кривични дела, за 2.35% помалку отколку 2004та (приближно 6.750). Најчестите кривично дела во 2005 беа: злоупотреба на функцијата и на службените овластувања, проневери, нелегална употреба на авторизирана работа, избегнување на царинска контрола, злоупотреба на овластувањата во бизнисот и фалсфикување на службени документи.

Зголемувањето на кривичните дела поврзани со компјутерски криминал и криминалните дела против правата на интелектуална сопственост (2004: 928 кривични дела, 2005: 1009 кривични дела[231]) треба се сфатат како последица на зајакнатите правни и административни структури и неодамна започнатите мерки за контрола. Хрватска ја потпиша "Конвенцијата за компјутерски криминал" уште во ноември 2001 која што стапи во сила дури во јули 2004 и исто во јануари 2003 го потпиша протоколот кон конвенцијата кој се однесува на криминализацијата на делата од расистичка и ксенофобичка природа извршени преку компјутерски системи. Во дополнение, се оформи специјална единица во рамките на Одделот за економски криминал кој се занимава со компјутерски криминал и со заштитата на правата на интелектуална сопственост и се подобри описот на кривичните дела во хрватскиот кривичен законик и се усвоија дополнителни членови за да се справат со новите феномени како детската порнографија во компјутерски систем, штета врз компјутерските податоци, програми и системи, компјутерско фалсификување и измама, кои само од неодамна стапија во сила (октомври 2004).

[231] Според извештајот на Центарот на компетентост за југоисточна Европа при Универзитетот во Грац (Австрија), пиратеријата во софтверот е сè уште е доста присутна со 58%. Штетите врз производителите на софтвер се зголемија од 5 милијарди американски долари на околу 50 милијарди, како што покажува истражувањето на компанијата за анализи IDC CEMA, што и беше претставено на Асоцијацијата на Бизнис Алијанса (БСА) во Загреб, декември 2005.

Се претпоставува дека сторителите на компјутерски криминал не функционираат како членови на организирани криминални групи. Хрватска започна да стекнува искуство, да ги подобрува своите вештини и да воспоставува силни механизми за анализа на таквите области на криминал. Бидејќи голем дел на компјутерскиот криминал е т.н. ‘‘контролен криминал‘‘ (никаков извештај за жртвите на полицијата, орган на прогон може да го открие таквиот криминал преку мониторинг на интернет и преку оперативна анализа), бројките се мали (во 2005: две кривични дела на детска порнографија во компјутерски систем, 11 кривични дела против интегритетот на компјутерските податоци, програми и системи, 6 кривични дела на компјутерска измама и 15 дела на компјутерско фалсификување.

Најдоминантни се кривичните дела како злоупотреба на чекови/кредитни картички (299), против правата на интелектуална сопственост (342) или дела против патентните права (7); и тие го мотивираат развојот на криминална гранка на пиратство на производи.

## КОРУПЦИЈА

Значајниот пораст на бројот на кривични дела поврзани со корупција (2002: 430 дела; 2003: 329 дела; 2004: 266 дела; 2005: 442 дела) треба да се интерпретира. Најпрвин, ваквиот тренд може да биде последица на одложена статистичка регистрација која го сведува на просечна вредност (околу 370 кривични дела годишно) и израмнувајќи го неочекувано големото намалување од 2004. Второ, може да се види како последица на зајакнатите имплементирани и усвоени законски и административни структури кои произлегуваат од Националната програма од 2001 за Сузбивање на корупцијата и програмата од 2006 која што беше усвоена во март 2006, што се интерпретира како подобрување на активностите за спроведување на законите. Кривичниот законик и Законот за кривична постапка исто така беа променети со релевантни членови кои ги опишуваат и казнуваат актите на корупција во согласност со конвенцијата UNTOC, Конвенциите на Советот на Европа за компјутерски криминал и Конвенцијата за кривично право.

Националната програма за за сузбивање на корупцијата од 2006 за во текот на оваа година предвидува основање на анти-корупциско тело – ,,Национален совет‘‘ – кој има со цел да врши мониторинг на имплементацијата на анти-корупциската програма и исто така да биде одговорен за спроведување на образовни програми за јавноста и за превенцијата на корупцијата.

Член 21 од Законот за Канцеларијата за сузбивање на корупцијата и организираниот криминал (УСКОК) опишува пет различни кривични дела на корупција како што е злоупотреба на службата и на службената должност, нудење и давање на мито, злоупотреба во вршењето на владини обврски, несоодветно постапување при постапки на стечај, итн. Во дополнение, КЗ од 2004 беше исто променет со цел да се овозможи казнување на давањето/примањето на мито при бизнис операции. Хрватска го истакна значењето на имплементацијата на усвоените регулативи, како што се законите за ,,Спречување на конфликтот на интереси при извршувањето на службена должност‘‘, ,,Одговорност на правни лица за извршени кривични дела‘‘, ,,Заштита на сведоци‘‘, ‘‘Сузбивање на перењето пари‘‘, ,,Меѓународна правна помош по кривични прашања‘‘, и ,,Права за пристап до информации‘‘.

Не постоењето на Закон за финансирање на политички партии се смета за недостаток. Сепак, износите останиваат мали и се разликуваат и во рамки на самиот хрватски одговор на

прашалникот. Повеќето корупциски кривични дела се однесуваат на злоупотреба на функцијата и на службената должност (259), злоупотреба на извршувањето на владини должности (10) и двете врсти на мито (139), кои заедно се однесуваат на повеќе од 90% од сите коруптивни кривични дела.

## ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Хрватска има законска дефиниција за перење пари преку Член 279 од нејзиниот Кривичен законик кој дозволува затворски казни од 6 месеци до 5 години; 1 до 10 години кога кривичното дело било извршено од страна на група или од криминална организација. Финансирањето на тероризам е посебно кривично дело дефинирано со Член 187фф од Кривичниот законик.

Засновано на крим анализата спроведена од страна на хрватските органи на прогон, целосните приходи од криминал просечно во износ од околу 1,5 милијарди годишно (стекнати од на пр. економски криминал и трговија со дрога) што треба да се сфати како минимум (на пример не се обезбедија никакви податоци за нелегалната имиграција или трговијата со луѓе) и како најниското ниво на црни пари кои треба да се ‘‘исперат‘‘, најчесто преку инвестиции во недвижности. Без сомнение, Хрватска поседува крајбрежје кое е атрактивно за инвеститори на легални и нелегални фондови, домашни или странски. Таквите ресурси се чувствителни на нивно подложување на перење пари преку купување или изградба на имот и бара внимателно набљудување и комбинација на превентивни и репресивни механизми за да се зачува нивниот интегритет и капацитет или економски развој. Неодамнешните случаи на корупција во катастарот и во судскиот систем ја илустрираат оваа потреба.[232]

И покрај овие претпоставки, пројавени се само неколку случаи на перење пари опишани во Член 279 од КЗ – вкупно осум, но се очекува дека закaната од организираниот криминал во иднина ќе порасне, имено поради тенденцијата на криминалците да пенетрираат во политичките и економските елити како начин за подобрување на нивниот јавен имиџ и да влијаат врз политичките, економските и административни одлуки со употреба на приходите стекнати од криминал. Корупцијата која го поврзува организираниот и економскиот криминал е главниот начин за влез во владините структури.

---

[232] Види ја статијата: *Вработен во државната управа во Макарска под истрага,* ХИНА, Јутарњи Лист, 12 мај 2005; и Хрватска: работа во прогрес, од Ана МкТагар и Драго Хедл во Осјек, Anna McTaggart и Drago Hedl во Osijek, IWPR Бр. 562, 27 јуни 2005).

# 4.4 ЦРНА ГОРА

Војната и санкциите во текот на деведесетите години, Државната унија на Србија и Црна Гора од 2003 до јуни 2006 и процесите кон независност беа придружени од предизвици типични за оваа држава. Тие опфаќаа можности за криминални акивности, вклучувајќи шверц и перење пари.

Во поглед на заканата од организираниот криминал кон црногорската држава и општество постојат мошне малку информации. Органите на прогон не собираа податоци за организираниот криминал пред воведувањето на концептот на организиран криминал во 2004. Сепак, во истражувањето за економскиот криминал спроведено од страна на Советот на Европа[233], за 2003 Црна Гора пријави 81 случај на организиран криминал; главно трговија со дрога (32 случаи), трговија со луѓе (28 случаи), економски криминал (28 случаи) и рекет/изнуда (16 случаи).

Министерството за внатрешни работи и полициската управа спроведе различни мерки за да се зајакне борбата против организираниот и економскиот криминал – особено во полето на шверц – во глава 30 од црногорскиот Закон за кривична постапка се утврди законска дефиниција на „организиран криминал" во согласност со конвенцијата UNTOC и останати меѓународни стандарди. Организираниот криминал може да го опфати било кој криминал сè додека организациските критериуми се исполнети.

Црна Гора исто така ги подобри своите статистички евиденции и крим анализа, сепак не обезбеди никакви податоци за 2004. Во 2005, Специјалниот обвинител за организиран криминал на Црна Гора примил 14 обвиненија против 58 криминалци кои учествувале во групи на организиран криминал. Се цитираа 85 различни криминали, главно измама и корупциска измама (22 случаи), шверц (10 случаи), перење пари и нелегално поседување на оружје и експлозиви (секој по 7 случаи). Одговорните судови извршија симултани истраги против 35 организирани криминалци додека судењата против уште 13, сè уште се во тек. Поради недостаток на сеопфатни проценки, податоци и анализи, Црна Гора има потешкотии да одговори на специфични прашања околу типологијата на криминалот присутен на нејзината територија. Затоа, Црна Гора треба до прва да основа квалификуван систем за собирање на податоци и анализа на организираниот криминал.

Како последица на горе наведеното, тешко е да се изврши содржајна анализа на заканите, но според расположливите информации, трговијата со луѓе, дрога и оружје/експлозиви, економски криминал и корупција се главните проблеми на државата. Како последица, тешко е да се спроведе сеопфатна проценка или анализа на состојбата со организираниот и економскиот криминал во Црна Гора.

### НЕЛЕГАЛНИ ДРОГИ

Трговијата со дрога очигледно е доста развиена, особено трговијата со марихуана од Албанија и хероин од Турција. Криминалните активности поврзани со наркотици во голема мерка влијаат на зголемувањето на бројот на зависници на дрога, како и на структурата на криминалитетот,

---

[233] *„Извештај за состојбата со оргаизираниот криминал за 2005"* на Советот на Европа со посебен осврт кон економскиот криминал, декември 2005.

односно, зголемувањето на одредени типови на криминални акти и на извршувањето на одредени нови кривични дела. Во 2005 се иницирале 3 кривични обвиненија против 10 сторители кои извршиле 10 кривични дела на организиран криминал. Црна Гора главно е земја на транзит, но некои droги, особено кокаинот и канабисот, кои се транспортираат по копнен пат, се конзумираат и на домашниот пазар.

*Синтетичките droги* се релативно нови наркотици во Црна Гора чие присуство се регистрира во последниве години. Во опрациите на запленување на овој наркотик, се заклучи дека потекнуваат од Србија. Ознаките на самите пилули на екстази се разликуваат, исто како и нивниот квалитет, што демонстрира дека изворите на снабдување и канали на шверц на овие наркорици не се од стабилен карактер. Присуството на „спид" е регистрирано во некои случаи на заплена кај странски државјани. Некои други вакви droги, како опиум, масло од хашиш, типови на дрога од врстата амфетамин и ЛСД, се спорадични во нивната појава на пазарот на наркотици.

*Производи од канабис,* главно марихуана, која е транспортирана во Црна Гора од Албанија е од врвен квалитет (висок степен на ТХЦ). На црнгорскиот нелегален пазар, марихуаната е најраширениот наркотик кој се ужива како од малолетни така и од средновечни луѓе. Од процесуираните случаи може да се зебележи дека црногорската територија е исто така и транзитна зона преку која се пренесуваат големи количини на оваа дрога наменети за пазарите на Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска. Транзитните криминални активности поврзани со оваа дрога се спроведуваат од страна на организирани групи на шверцери, најчесто со мешано етничко потекло, со утврдени улоги и хиерархии.

*Хероинот* сѐ почесто се забележува во Црна Гора. На домашниот пазар хероинот обично е присутен и најмногу се шверцува од Албанија, иако одредени количини пристигнуваат по морски пат од Турција. На уличната продажба, хероинот обично има кафеавкаста боја, помешан со различни супстанци како парацетамол, брашно и др.

*Кокаинот* пристигнува на територијата на Црна Гора преку пристаништето во Бар, но исто така и преку каналите на шверц од Албанија. Постојат и случаи на транспорт на кокаин од Јужна Америка преку морски пат, особено опфаќајќи поголеми количини на овој наркотик и од висок квалитет. Поголемите транспорти на кокаин обично се од транзитен карактер, насочени кон пазарите во западна Европа.

*Извршителита на трговијата со дрога* и нејзината дистрибуција имаат различни степени на организираност, во зависнот од нивниот територијален фокус на активност (локален, регионален, меѓународен). Беа забележани одредени хиерархиски структури, понекои од нив семејно ориентирани, особено во групите кои дејствуваат на меѓународно ниво. Вклучување во други области на сериозен криминал (убиства, киднапирања, изнудувања, итн) беа забележани. Не постојат подетални податоци за структурите, составот и начинот на дејствување на организираниот криминал вклучен во трговијата со дрога. Во Црна Гора не постојат проценки за заработката од трговија со дрога.[234].

[234] Според податоците кои се однесуваат на периодот 2001 – 2003, органите на прогон годишно запленуваат околу 10-15 кг на хероин и 1,000 кг на канабис, при тоа вклучувајќи околу 250-300 криминалци.

**Тебела 9: Табеларен преглед на запленети количини на наркотички дроги (Црна Гора)**

| Наркотички дроги | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хероин (кг) | | | | | 17,6 | |
| Хашиш (кг) | | | | | 10,5 | |
| Марихуана (kg) | | | | | 367,5 | |
| Кокаин (кг) | | | | | 0,03 | |
| Амфетамини (кг) | | | | | | |
| Екстази | | | | | | |
| ЛСД (дози) | | | | | | |
| Канабис (растенија) | | | | | | |
| Афион (растенија) | | | | | | |

* Вкупно, во 2005 беа запленети 0,00079 kг синтетички дроги

## ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Кривичниот законик на Црна Гора во Член 444 ја дефинира трговијата со луѓе согласно со европските и меѓународни стандарди со затворски казни од 1-10 години за полесните случаи, додека во потешките случаи затворските кази се од 3 до 10 години (за предизвикување смрт на лица). Во дополнение, Член 446 на КЗ овозможува казна за воспоставувањето на робовски односи и транспорт на заробени лица.

Трговијата со луѓе се истакна како главно прашање во случајот на трговија на луѓе од 2002 кој опфати жена од Молдавија која беше охрабрена од страна на владата да превземе прогресивни мерки.[235] Во 2003 пријавени беа 28 случаи на трговија со луѓе со вклучување на организирани криминални групи, но не беа наведени податоци за групите на организиран криминал вклучени во случаи на трговија со луѓе.

Како што изгледа, организираната трговија на луѓе е во намалување, бидејќи во 2005 се иницираа обвиненија само против 3 сторители кои извршиле 3 организирани кривични дела на трговија со луѓе, при што 23 лица биле подложени на трговија со луѓе.

Типичниот спроведувач на трговија со луѓе е опишан како ‘‘*невработен, маж, граѓанин на Црна Гора, Србија, со сиромашно потекло, со завршено средно образование и на различна возраст.*‘‘ Во сите случаи забележано беше насилство и заканување, а во некои случаи и постоење на хиерархиска структура.

Поради отсуството на анализи, не постојат подетални податоци и информации за трговијата со луѓе.

## КРИУМЧАРЕЊЕ НА ЛИЦА

Нелегалното преминување на државната гранција е опфатено со Член 405 од Кривичниот законик. Криумчарењето на лица по се изгледа е намалено поради либерализацијата на регионалните визни режими што е особено кога се работи за криумчарење кое доаѓа од

[235] ,,*Извештај за состојбата со оргаизираниот криминал за 2005*‘‘ на Советот на Европа со посебен осврт кон економскиот криминал, декември 2005.

Албанија. Построгиот визен режим за жителите на Косово и Албанија при влез во Босна и Херцеговина и Хрватска ненамерно предизвика побарувачка за криумчарење преку границите на Црна Гора со овие држави. Меѓу јануари и септември 2004[236], се забележаа 327 нелегални премини преку граница: не е пријавено колку од овие случаи се квалификуваат за сторени од страна на организиарни криминални групи. Во 2005 воопшто не се иницираа обвиненија во врска со организирано криумчарење на луѓе.

Нелегалните премини преку државните гранци во регионот се случуваат во следниве насоки:

- Од територијата на државите на југоисточна Европа (Романија, Бугарија, ,,поранешната Југословенска Република Македонија‘‘) преку Црна Гора кон Босна и Херцеговина, Хрватска и државите членки на ЕУ;
- Од територијата на Косово преку Босна и Херцеговина, Хрватска или Црна Гора кон Словенија и кон останатите држави членки на ЕУ;
- Од територијата на Албанија преку Босна и Херцеговина, Хрватска или Црна Гора кон Словенија и кон останатите држави членки на ЕУ;
- Од Албанија преку пристаништето во Бар или Јадранското море кон Италија и останатите држави членки на ЕУ;

Бидејќи Црна Гора е транзит држава за нелегални мигранти, овие случувања очигледно дека немаат влијание врз општеството и екомијата на Црна Гора. Сепак, Министерството за внатрешни работи и Полициската управа треба да увидат дека не поседуваат податоци и проценки за можниот профит стекнат од криминалните групи вклучени во трговијата со луѓе, или следствената употреба/злоупотреба на тие профити.

## ЕКОНОМСКИ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

Слично на останатите држави и области во регионот, Црна Гора економскиот криминал го смета како една од главните закани кој предизвикува загуби на значаен дел од јавните приходи преку избегнување на плаќањето на даноци и царина, преку употребата на шверцувани документи и фиктивни компании регистрирани во странство и шеми на индиректна трговија со соседните држави. Недостатокот на одредени стратегии за време на раните деведесети (енергенси, храна, разни суровини) служеше како плодна основа за експанзијата на ‘‘сива економија‘‘ и економски криминал. Во дополнение, Црна Гора е опколена со држави со различна економска стабилност и има различен даночен систем, различен царински режим и останатати повеќе суптилни разлики со Србија.

Во глава 23 од Кривичниот законик на Црна Гора се наведени сите кривични дела против ,,платежните операции и комерцијални активности.‘‘ Во дополнение, во глава 34 наведени се ,,кривичните дела против службените обврски‘‘, во глава 33 ,,кривичните дела против легалните трансакции‘‘ и глава 22 ,,кривични дела против сопственоста‘‘ кои опфаќаат широк опсег на кривични дела кои се сметаат за економски криминал.[237] Сепак, црногорските власти пријавија дека не се во можност да ги обезбедат комплетните податоци за спроведување на

[236] Не се пријавени податоци за 2004.

[237] Како што е предложено од Препораката R (81)12на Советот на Европа

неопходните и детални анализи за организираниот економски криминал, но тие сепак можеа да обезбедат некои основни податоци:

Во 2004, полицијата иницирала 1320 кривични обвиненија (1358 во 2003) против 1572 (1811 во 2003) сторители на 1707 (1877 во 2003) регистрирани случаи на економски криминал (организиран и не организиран). Целосните загуби на приходите предизвикани од овие кривични дела е 17.2 милиони евра (16.5 милиони во 2003). Доминантни во областа на економскиот криминал во задните неколку години биле фалсификувањето на службени документи и нелегална трговија, следени од злоупотреба на службена позиција, измама и нелегална експлоатација на шуми. Ниеден од овие случаи не беше квалификуван како дело извршено од страна на организирана група.

Во 2005 се регистрирани вкупно 1,872 кривични дела на економски криминал (+10.37% во споредба на 2004), 1,437 обвиненија (+9.44% во споредба со 2004) биле иницирани против 1,723 сторители (+10.16 во споредба со 2004). Целокупните загуби на приходи предизвикани од страна на овие кривични дела изнесуваат од прилика 30,5 милиони евра (+88.6% во споредба со 2004). Сепак, во поглед на организираниот криминал, само 6 кривични обвиненија биле иницирани против 36 сторители за извршени 54 кривични дела, најмногу за шверц (15), измама (15), злоупотреба на службена позиција (10), перење пари (7) и фалсификување пари (3).

Претпријатијата и лицата вклучени на високи деловни и државни функции се тие кои најчесто ги извршувале овие економски кривични дела. Не може да се постави јасна линија околу етничкиот состав, социјалната класа или образование на членовите на организираните групи на економски кроминал, сепак може да се каже дека софистицираните криминали бараат повисоко или дури и универзитетско образование. Наместо насилство и закани, се употребува корупцијата и останати суптилни методи на вршење влијание.

*Шверцот на акцизни стоки* преку границите продолжува да преставува проблем, иако шверцот со цигари кој порано беше најголем, сега е во намален обем. Од друга страна, шверцот со нафта и нафтени деривати предизвика 9 милиони евра загуба на приходи во 2003, додека исто така е забележан шверц на големи количини на готовина (кеш). Во дополнение на еднотото пристаниште, одредени погранични области, поголемиот дел на економските активности се лоцирани или се одвиваат преку главниот град каде живее повеќе од 1/3 на населението на Црна Гора, што можеби дозволува финансиските истраги да се концентрираат во една област на државата. Не постојат проценки zа вредноста на оваа сива економија. Сепак, таа нема значајно негативно влијание кога ќе се земе во предвид релативно малиот внатрешен пазар на Црна Гора. Трговците со шверцувана стока одржуваат конкуретни цени со избегнување на до 200% од вредноста на добрата во име на даноци и придонеси. Шверцерите на легални стоки не оперираат во рами на хиерархиска структура, туку основаат сојузи од случај до случај, во рамките на Црна Гора, или преку границите со групи од соседните држави. Шверцот на легални стоки (цигари, нафта и нафтени деривати) е значајно намален од времето на укинувањето на санкциите и зголемените напори за спроведување на законот од почетокот на 2000. Праксите на шверцот се променија за да се прилагодат на новите услови и сѐ уште успеваат да оддолеат на активностите на органите на прогон и при тоа се интегрираат во европските и глобалните шверцерски текови и дистрибуции на легално и нелегално произведени цигари.[238] Шверцерските канали од Црна Гора главно се прекинати, но во

[238] Исто види го профилот и за Србија.

меѓувреме се воспоставија нови рути преку Бугарија, Хрватска, Косово, Романија и ,,поранешната Југословенска Република Македонија‘‘.

За *компјутерскиот криминал* воспоставена е правна рамка која може да служи како основа за борба против овој тип на криминал (глава 28 од КЗ) која опфаќа широк опсег на кривични дела против безбедноста на компјутерски податоци. Сепак, Црна Гора пријави дека овој вид на организиран криминал не е значително присутен во оваа држава. Во 2005 само 2 кривични дела беа иницирани против 7 сторители за извршување на 7 кривични дела со криминални профити од 27.000 Евра. Затоа, Црна Гора пријави дека нема доволно информации за да обезбеди адекватна анализа на карактеристиките, обртот, влијанието врз економијата, општеството, владеењето на законите, итн.

## КОРУПЦИЈА

Различни членови од црногорскиот Кривичен законик се однесуваат на сè повеќе присутниот феномен на корупција кој изгледа дека претставува особен предизвик за успешна акција – вклучувајќи кривично гонење и судски процеси – против организираниот криминал.

Во 2005 класичниот облик на корупција (давање и примање на мито) беше регистриран во само 6 случаи. Сепак, ниту едно од тие кривични дела не биле поврзани со организиран криминал, или биле извршени на организиран начин. Ова е исто точно за регистрирани кривични дела кои се поврзани со корупција, како злоупотреба на службена позиција (167 случаи), злоупотреба на овластувањата во економијата (25 случаи) или нечесно работење во службата (9 случаи).

Корупцијата беше опишана како една врста на ,,комплементарен криминал‘‘ за кој не постојат специфични организирани криминални групи и кој, помалку или повеќе, е начин за извршување на останати криминални дела.

Базирано на овие мали и основни податоци, не е можна сеопфатна анализа на катактеристиките, обртот во особено опфатените сектори, влијанието врз општеството, економијата, владеењето на правото, демократијата, итн.

Во секој случај, корупцијата е видена како најопасна во процесот на приватизацијата, урбаното планирање, градежното инжинерство и јавните набавки.

## ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Иако концептот на перење пари само од неодамна се внесе во правната и институционалната рамка на Црна Гора (член 268, КЗ), утврдено е дека овој вид на криминал е исто комплементарен на останатите основни кривични дела, најмногу оние извршени во рамките на организираниот криминал (трговија со дрога) или во случаите на злоупотреба на службена позиција. Во дополнение, Црна Гора пријави дека финансирањето на тероризмот е одвоено кривично дело во Кривичниот законик.

Во 2005 имаше само 2 кривични обвиненија против 7 сторители кои извршиле 7 кривични дела поврзани со организиран криминал. Друг единствен случај, каде што перените пари изнесуваа 287.000 Евра не бил извршен во органзирана форма.

Затоа Црна Гора не поседува точни индикатори кои би овозможиле анализа на нивото на штетно влијание на перењето пари врз општеството, економијата, итн., иако јасно е дека тоа штетно влијание постои и дека може да се претпостави дека употребата на корупцијата може да биде инструмент за активности на перење пари.

# 4.5 СРБИЈА

Војната и санкциите од деведесетите години извршија длабоко влијание врз политичката, економската и социјалната состојба и овозможија уникатни можности за организираните криминални групи не само во Србија, туку и во целиот регион. Промената на режимот на Милошевиќ во 2000 доведе нова влада која беше решена да се справи со некои од предизвиците на транзицијата и после-воениот период, вклучувајќи тука и справување со организираниот криминал. По атентатот на Премиерот Зоран Ѓинѓиќ во 2003 и следствената акција на органите на прогон „Сабја" која го обезглави Земунскиот клан, Србија се впушти во спроведување на сериозни напори во борбата против организираниот криминал.

Растурањето на Земунскиот клан, иако извршено со успех, беше обвинето дека било само ``удар во ветер''[239]. Сепак, неодамнешните резултати на истрагата[240] и информацијата за пресретнати телефонски разговори за време на подготовката на обид за атентат од страна на банда на 5 атентатори/професионални убијци од српска и хрватска националност врз Премиерот Додик[241], поради неговото ангажирање во иницирањето на политики против организираниот криминал и најавеното отварање на Специјален оддел за зајакнување на борбата против организираниот криминал и неговите чести јавни најави за тоа дека ќе се справи со ''единаесетте договорни страни во процесот на приватизација,'' го демонстрираат прилично спротивното.

Спрегата меѓу безбедносните служби, организираниот криминал, политичарите, економијата и поранешните (пара-)милитарни сили поддржани од страна на режимот на Милошеви, инсталирана за време на војната во деведесетите, во одредена мерка, е третирана. Реформите за одвојување на безбедносните и полициските агенции за разузнување и да се воведе граѓански надзор и транспарентност врз безбедносниот сектор, започнаа. Успешното завршување и одржливост, заедно со разрешувањето на различните проблеми поврзани со поранешниот босанско-српски Генерал Ратко Младиќ и останати воени криминалци за кои се потегнати потерници за апсење и нивната екстрадикција за Меѓународниот трибунал за воените злосторства во поранешна Југославија (ICTY) во Хаг[242], ќе бидат клучните моменти за отстранување на заканата од организираниот криминал во Србија и да се продолжат претпристрапните разговори со ЕУ за Договорот за стабилизација и асоцијација[243]. Овие разговори беа прекинати во мај 2006 откако Србија не успеа да го предаде избегнатиот воен криминалец Ратко Младиќ до одредениот краен рок на 30 април.

Во дополнение, Белград и Подгорица треба да се впуштат во конструктивни и забрзани разговори за нивниот ''кадифен развод'' по историскиот црногорски референдум за независност, одржан во мај 2006.

---

[239] 2005 интервју со офицер на српски орган на прогон.

[240] Како апсењето на членовите на моќната организирана криминална група Магдина на почетокот на 2006, уште претходно осудени на долги казни затвор.

[241] Oslobodjenje, Dnevni avaz и Slobodna Bosna, 15-19 мај 2006, обезбедени преку информативниот билтен на Компетентниот центар за Југоисточна Европа при Универзитетот во Грац (Австрија)

[242] Младиќ е обвинет за масакрот на 8.000 Босанци во Сребреница во 1995 како и за опсадата на Сараево која што траеше 43 месеци за чие време беа убени 10.000 цивили.

[243] ''ЕУ е спремна да ги продолжи разговорите на денот кога ќе се воспостави целосна соработка,'' изјави Комесарот на ЕУ за проширување Оли Рен во рамките на неговиот воведен говор за време на состанокот на Пактот за стабилност во југоисточна Европа, Белград, 23 мај 2006.

Сега двете страни треба да се придржуваат кон правилата кои беа договорени од страна на различните страни со подршка на ЕУ и мора да се придржат кон стандардите договорени со ЕУ околу разградувањето на лабавата федерација. ЕУ наскоро ќе престави модифициран мандат за преговори со Србија како државата наследник на Државната Заедница на Србија и Црна Гора.

Србија усвои нов Кривичен законик кој стапи во сила на 1 јануари 2006 и содржи, на пр. правни дефиниции за ‘‘организиран криминал‘‘, ‘‘организирана криминална група‘‘ и ‘‘останати организирани криминални групи‘‘[244] со затворски казни од четири и повеќе години. Затоа, не беа обезбедени јасни податоци за организираниот криминал и постоечките податоци се разликуваат низ различните видови на криминал, или се разликуваат низ различните години.[245]

Земајќи ја во предвид моќта на организираниот криминал – финансиски и воопшто – криминалот поврзан со дрога, трговијата со луѓе и економскиот организиран криминал изгледа дека се главна закана за Србија. Корупцијата, приватизациските измами и перењето пари од приходите стекнати од криминал, предизвикуваат загриженост слична на онаа забележана во останатите држави опфатени со проектот CARPO. По 2000, шверцот на легални стоки (нафта и цигари) беше редуциран и собирањето на јавните приходи се подобри. Сепак, социјалните, економските и политичките последици на нелегалното збогатување, ја поткопуваат јавната доверба во владеачките структури, органите на прогон и судскиот систем. Одреден број на случаи на организиран криминал резултираа во пресуди, додека бројот на убиства значително се намалија од промената на режимот во 2000.[246] Иако се постигнаа позитивни резултати, тековното судење на осомничените за атентатот на Ѓинѓиќ преставува лакмусов тест за јавната доверба.[247]

## НЕЛЕГАЛНИ ДРОГИ

Србија е пред се класична ,,транзитна држава‘‘ – понекогаш и ,,привремена држава – дестинација‘‘ – но сè повеќе станува и ,,држава на дестинација‘‘, најмногу во пазарите на марихуана и, почесто, синтетички дроги. Поради нејзината географска позиција, организираната трговија со дрога е една од најопасните облици на организиран криминал во

[244] Закон за промена и дополнение на Законот за отрганизацијата и овластувањата на државните органи во сузбивањето на организираниот криминал, 11 април 2003.

[245] Во 2004/2005 се претпоставува дека постојат 62 групи со околу 420 членови. Во: ‘‘Извештај за состојбата со организираниот криминал на Советот на Европа за 2005, со фокус врз закананата од економскиот криминал‘‘, Прегледи на државите, декември 2005..

[246] Според висок офицер на орган на прогон, бројот на убиства се намалил од 200 на 60 годишно од промената на режимот на Милошевиќ. Интервју, јуни 2005.

[247] CNN 22.12.2003: вкупно 36 осомничени гангстери и членови на елитна полициска единица се обвинети за основање на ,,криминална организација‘‘ која се обиде да ја отстрани владата на Ѓинѓиќ. Првиот српски демократски лидер во последните 50 години беше стрелан и убиен пред седиштето на владата на 12 март 2003. Обвинетите лица ги опфаќаат поранешниот заменик командат на Црвените беретки Звездан Јовановиќ, 38, кој е обвинет за испукување на куршумот кој го уби Ѓинѓиќ. Наводниот главен организатор на убиството, поранешниот раководител на Црвените беретки Милорад ,,Легија‘‘ Луковиќ и 14 останати лица  осомничени за заговарање или учество во атентатот ќе бидат судени во отсуство.

Србија и се фокусира во поголемите градови во државата, како Белград, Нови Сад, Ниш и Крагујевац, каде што органите на прогон можат и да ги извршат најголемите запленувања.

Органите на прогон на Србија успешно учествуваа во серија на меѓународни полициски операции, особено во контролираните достави поврзани со психотропни супстанции и суровини за изработка на droги. Србија блиску соработува со SECI Центарот и изгради Национална стратегија за борба против зависноста од дроги и оформи Национална комисија за дроги, со цел да ги координира сите национални активности, да ја контролира навремената имплементација на сите конвенции кои Србија ги има потпишано и да ја овозможи меѓународната соработка. Се направи промена кон ‘‘Кодексот за дроги‘‘ и се усвои нов ‘‘Кодекс за суровини за изработка на дроги.‘‘

Не постои сомнеж дека српската територија е дел од познатата ,,балканска трансверзала.‘‘ Хероинот пристигнува од Афганистан преку Албанија/Црна Гора, Бугарија (преку граничниот премин *Градина*), Косово и Метохија, или Косово и Црна Гора кон Србија и од таму кон Босна и Херцеговина, Хрватска и ЕУ (граничниот премин *Генерал Јанковиќ*). Синтетичките дроги (екстази) почесто доаѓаат од државите на ЕУ влегувајќи во Србија преку Унгарија и Хрватсла. Канабисот доаѓа од Црна Гора и Албанија, додека неодамна утврдените рути за шверц од Србија се одвиваат преку Унгарија. За 2004 и 2005 не се пријавија никакви податоци.

Синтетичките дроги (екстази и амфетамини) кои се многу популарни меѓу младите луѓе, се нашироко присутни на националниот пазар – исто, соодветно на тоа, цените за сите социјални категории – најчесто пристигнуваат од Холандија. Сепак, неколку лаборатории за производство на екстази беа откриени во државата, што резултираше со апсење на главните организатори и сопственици на фронталните компании. Се запленија околу 2 милиони пилули, како и 20 тони на киселина неопходна за производството на екстази, во вредност од неколку милиони евра. Слично на Босна и Херцеговина, српската полиција откри трговија со хемиски суровини за производство на дроги увезени од Франција, Чешката Република и Романија, кои потоа се шверцуваат во Бугарија и Турција.

Производите од *канабис* (хашиш, марихуана) се најмногу раширените дроги во Србија и тие преставуваат најголем проблем. Додека во 2003 се разоткри и уништи производството во мал обем на 2.000 растенија на марихуана во напуштен рудник, во 2004 и 2005 не се забележа никакво производство на канабис. Канабисот најлесто се произведува и тоа по релативно ниска цена која го прави да биде лесно достапен.

*Хероинот* е втората најзастапена дрога на српскиот пазар, земајќи во предвид дека хероинот и шверцот преставуваат најпрофитабилниот криминален бизнис. До сега, во Србија не се разоткри никакво производство на хероин. Најголемиот дел од хероинот доаѓа од Косово и српската полиција редовно соработува со УНМИК и косовската полиција, во врска со случаите поврзани со трговија со хероин, иако според српските власти, размената на информации треба да се подобри.

Криумчарениот *кокаин* најчесто е наменет за локалниот пазар на потрошувачи, но исто така може да се каже дека големи количини од него транзитираат низ Србија. Рутите на криумчарење по се изгледа неодамна се променија, при што со бродови од Латинска Америка се доставува кокаин, најчесто спакуван во шишиња, во пристаништата во Грција, Црна Гора, Хрватска, Албанија и Италија и потоа се транспортира до Србија и одтаму кон ЕУ со камиони.

Српската полиција при заедничките истражни операции со останатите полиции, главно со тие од Италија, помогна во запленувањето на 200 кг на кокаин (190 кг беа запленети во Италија додека 10 кг беа запленети во Србија). Криминалните групи вклучени во криумчарењето на кокаин се добро организирани и имаат ефикасни стратегии за транспорт.

Преку 60% од организираните криминални групи во Србија по се изгледа се вклучени во трговијата со дрога. Околу 50% од овие групи се, заедно со трговијата со дрога, вклучени во извршувањето на насилен криминал како убиства, уцени, киднапирања и изнудувања, иако бројот на таквите криминални дела значително се намали од 2003. Според наодите на УНМИК, најдобро организираните и најмоќните криминални групи кои се вклучени во трговијата со droги во Србија, се албанските, со членови кои најчесто потекнуваат од Косово и јужна Србија.

Воочливо е дека бугарските и албанските криминални организации се во конкуренција околу воспоставувањето на доминација на нелегалниот пазар во Србија. Слично на Албанија, организираните криминални групи работат на консолидирање на нивното влијание, при тоа диверзификувајќи ги своите активности во останатите нелегални пазари, како и легалниот сектор. Во поглед на домашните трговци на дрога, операцијата „Сабја" растури неколку организирани криминални групи и ја неутрализираше една од најголемите мрежи на криумчарење и продажба на хероин во Србија и останатите европски држави.

Најголемата група, Земунскиот[248] клан имаше шест под-групи кои опфаќаа продажба со нивни мрежи на дистрибуција. Кланот беше озогласен поради употребата на насилство за дисциплинирање на членовите и лицата кои им се попречуваат на нивниот пат. Откако кланот беше растурен[249], голем број на убиства и убиства во обид беа разрешени. Водачите на кланот ги инвестираа нивните приходи во движен и недвижен имот како и во луксузни стоки. За да го обезбедат нивниот бизнис, употребувајќи ја нивната огромна финансиска моќ проценета на стотици милиони евра, кланот подмитуваше службени лица во судството и полицијата и основаше медиуми за да влијае врз јавното мислење. Нелегалните приходи по се изгледа беа инвестирани во приватизација, недвижности, комерцијални бизниси, итн.

**Табела 10: Табеларен преглед на запленетите износи на наркотични дроги (Србија)**

| Наркотички дроги | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хероин (кг) | | | 262,995.0 | 469,604.0 | 342,010.0 | |
| Хашиш (кг) | | | 648.1 | 3,350.1 | 8,020.0 | |
| Марихуана (кг) | | | 774,284.1 | 3,901,870.1 | 1,142,005.0 | |
| Кокаин (кг) | | | 5,336.1 | 15,468.0 | 5,321.0 | |
| Амфетамини (кг) | | | 113.1 | 6.1 | 1.1 | |
| Екстази (таблети) | | | 76,194 | 9,260 | 7,539 | |
| ЛСД (дози) | | | 167 | 102 | 1.013 | |
| Канабис (растенија) | | | 2,000 | | | |
| Афион (растенија) | | | | | | |
| Член 245 КЗ (случаи) | | | 2,276 | 3,879 | 4,968 | |

[248] Земун е предградие на Белград.

[249] После убиството на Премиерот Ѓинѓиќ (март 2003), беа идентификувани 123 групи со 844 членови. Следствените операции на органите на прогон како "*Сабја*" помогнаа да се прекинат врските меѓу криминалните мрежи во Србија со оние на Косово и Метохија, со тоа менувајќи ја структурата на организраниот криминал во Србија.

## ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Во поглед на трговијата со луѓе, Србија постигна значаен напредок во прилагодувањето на нејзиниот национален закон кон меѓународните стандарди. Од 1 јануари 2006, новиот Кривичен законик обезбедува правни дефиниции за трговијата со луѓе (Член 388 КЗ), во согласност со меѓународните конвенции и утврдува затворски казни во траење од 2 до 12 години; во сложени случаи (како при трговија со малолетници, трговија која резултира со тешки телесни повреди, трговија извршена од организирана група) минималната казна со затвор се зголемува за дополнителни 3 до 5 години; Доколку се предизвика смрт, тогаш казната расте и на 10 години. Се утврди посебна одредба за ,,Трговијата со деца за посвојување‘‘ (Член 389 КЗ) и ‘‘Држење во ропство и транспорт на заробени лица‘‘ (Член 390 КЗ)[250].

Поради географската положба на Србија, нејзините економски фактори, особено сиромаштијата и невработеноста, маргиналните социјални групи (Циганите), итн., Србија по се изгледа е држава на транзит и е привремена дестинација за државјани на Романија, Бугарија, Украина и Молдавија. Што се однесува со трговијата со деца, главно Цигани, Србија е држава од која потекнуваат жртвите. Додека пак кога се работи за трговијата на мажи за потребите на експлоатација на труд, Србија главно е држава на транзит, но почесто станува и земја на потекло.

Трговијата со луѓе, најмногу за сексуална експлоатација, уличното просење и работа, во повеќето случаи е организаран криминал. Криминалците имаат изградена меѓународна мрежа, но исто има и помали групи кои не одговараат на правната дефиниција на ,,организиран криминал‘‘ обезбедена од српскиот Кривичен законик. Според српските власти, во 2004 во трговијата со луѓе биле вклучени само 10 криминални групи со околу 100 членови. За жал, за 2005 не беа пријавени слични или соодветни податоци. Групите главно се активни во пограничните подрачја, добро организирани и блиску поврзани со криминалните групи во соседните држави и останати држави како Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Унгарија, Италија, ,,поранешната Југословенска Република Македонија‘‘, Романија, Словенија, Турција и Украина.

Групите се флексибилни и лесно формираат сојузи според заедничкиот интерес. Тие употребуваат шифри за комуникации и се состануваат на места каде што се сместени жртвите на трговијата. Како една од одбранбените практики, тие употребуваат т.н. ,,чистачи'' – возила кои возат пред ‘‘транспортот‘‘ со цел да се утврди евентуалната опасност. Водачите на овие криминални групи никогаш не учествуваат директно во самите активности, но се одговорни за плаќањата по завршувањето на транспортот. Парите често се префрлаат преку банката ,,Western Union.'' Приходите се инвестираат во бизниси како и во движен и недвижен имот.

Бројот на жртви на трговијата со луѓе кои пристигнуваат во Србија како земја – дестинација по се изгледа се намалува во последните неколку години[251], главно поради новите визни режими за граѓаните на Романија и Молдавија. Во првите шест месеци МВР на Србија пријави 314 случаи извршени од страна на 286 лица. Новиот тренд по се изгледа е резултат на новото локално

---

[250] Службен весник на Република Србија, Бр. 85/2005, 88/2005 и 107/2005

[251] Според српските власти, 2000 странски работници биле откриени како ,,работат‘‘ во ресторани и хотели во 2000. Во 2003 оваа бројка се намали на само 203.

регрутирање (преку интернет) и внатрешната трговија со луѓе, каде што српските граѓани најпрвин се експлоатирани во Србија, а потоа се префрлуваат во други држави.

Бидејќи во јануари 2002 се отворија засолништа за жртвите на трговијата со луѓе, до денес околу 190 жртви (од кои што 151 беа странски државјани) беа згрижени од страна на члeновите на ,,Управата за координација на заштитата на жртвите на трговијата со луѓе.'' Во 2005, податоците зборуваа за вкупно 44 жтртви, вклучувајќи 21 странски државјани, од Молдавија (8), Украина (6), Романија (3), Хрватска и Конго (по 1).

Неодамнешните напори на органите на прогон за справување со трговијата со луѓе се однесуваа на превземање на мерки против родителите кои ги продаваат сопствените деца и против лицата кои купуваат деца. Во два случаи, се потегнаа кривични обвиненија за трговија со луѓе, со цел цел присилно венчавање – во двата случаи жртвите беа ќерки продадени од страна на нивните родители за 300 евра во едниот случај, а во вториот за недвижен имот. Во 2005, од гореневаденитe 44 случаи биле со малолетници.

Бидејќи само во еден случај од 20те обвиненија доведе до не крајна казна затвир за 4 сторители, во траење од 3 до 8 години, многу малку може да се каже за постоењето на организирани шеми на криминал. Сепек, во овој случај, групата која се состоела од 3 Срби, 1 Украинец и 1 Босанец – кој бил организатор на групата – регрутирал 2 жени жртви од Украина, со цел да се префрлат во Италија и таму да бидат злоупотребени како проститутки.

## КРИУМЧАРЕЊЕ НА ЛИЦА

Србија го прилагоди сопствениот Кривичен законик кон меѓународните стандарди.[252] ,,Нелегалното преминување на државната граница и криумчарењето на лица'' се опфатени со Член 350 КЗ, со казни кои се разликуваат во поглед на видовите на шверц со луѓе.

Криумчарењето на лица е криминална активност во експанзија главно поради тоа што служи како замена за трговијата со дрога, нудејќи поголеми профити со помали ризици. Во 2005, 1.076 странски државјани нелегално влегле на територијата на Србија, ова во споредба со 2004 (1.053 странски државјани) претставува зголемување од 2%. Сепак, кога ќе се разгледа полот на жртвите на криумчарењето, треба да се истакне дека податоците за криумчарените жени многу повеќе се во пораст; 2004: 58 жени, 2005: 115 жени, што е пораст од скоро 100%. Интерпретацијата е дека значен дел од тие жртви може да се жртви на криумчарење со цел сексуална експлоатација. Исто така, постои зголемување на криумчарењето на малолетници (2004: 85 странски државјани, 2005: 135 странски државјани) што е аларматно зголемување од околу 60%.

Криумчарењето на малолетници генерално е организирано од страна на лица од земјата на потекло на жртвите, заедно со лица од регионот, за што тие наплатуваат меѓу 2.500 и 8.000 евра. Неодамнешните трендови во криумчарењето укажуваат на трансфери на помали групи од 4 до 8, па дури и само 1 со 2 лица со употреба на патнички возила, комбиња и камиони со специјално изработени ,,бункери''. Нелегалните мигранти се превезеуваат со возила до самата граница каде што ги превземаат ,,водачите'' со цел пеш да ги превезат преку граничната линија. Откако границата е премината, друго возило ги пренесува мигрантите до следната

[252] Службен весник на Република Србија, Бр. 85/2005, 88/2005 и 107/2005.

граница со Унгарија или Хрватска и од таму кон земјата – дестинација во ЕУ. Според податоците од 2003, прекинати се 22 канали преку кои биле криумчарени 247 лица.

Во 2004 забележано е дека романските граѓани, главно економски имигранти, се најчестите мигранти во Србија, следени од мигрантите од Авганистан, Ирак и Турција (главно Курди). Неодамнешните пресретнувања на мрежите на криумчарење преку Сараево и Приштина ја пренасочија патеката на криумчарењето кон Бугарија и Романија од каде турските државјани се криумчарат во Србија, а одтаму кон земјите на ЕУ.

Сепак, во 2005 биле подигнати 37 обвиненија против 87 сторители (73 Срби, 5 Кинези, 4 Босанци, 3 Македонци, 1 Холанѓанец и 1 Индиец) за извршување на 37 кривични дела на криумчарење на 319 мигранти, главно од Албанија (92), Кина (56), Турција (29), Црна Гора, Србија со Косово и Метохија (21), Индија (8), Бангладеш (4), Шри Ланка (4), Украина (2) и Романија (1).

Напорите за борба против криумчарењето на лица вклучуваат подобрено управување со границите, регулативи за визните режими, зајакнати и координирани репресивни мерки против криминалните групи вклучени во криумчарењето и контрола на објектите за кои постои сомнеж дека сместуваат мигранти и добри системи за известување со квалификувана и сеопфатна крим анализа.

## ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

Неодамнешна анализа за организираниот криминал во Европа[253] укажа на тоа дека организираниот *економски криминал* е главниот пазар на активности на организираниот криминал (38 случаи на организиран криминал од 92 истражени случаи во 2003) проследени од криумчарењето, трговијата со луѓе (27 случаи) и трговија со дрога (15 случаи). Финансискиот криминал кој вклучува перење пари и корупција се смета за особено штетен. Како и во останатите држави во југоисточна Европа, измамите како злоупотреба на средства и прекршување на довербата, заедно со даночните и царински измами, се најраширените форми на економски криминал. Сепак, не се пријавени никакви податоци за економскиот криминал за 2004 и 2005, освен само неколку информации за компјутерски криминал, криумчарење и пиратерија на производи.

*Шверцот со легални стоки* (цигари, нафта и нафтени деривати) значајно беше намален со укинувањето на санкциите и напорите за спроведување на законите од 2000 година. Практиките на шверц константно се менуваат со цел да се прилагодат на новите услови и сè уште успеваат да оддолеат на напорите за спроведување на законите и на легално произведените цигари. Шверцуваните цигари се кријат во товарни и патнички возила или се пакувани како други производи (смрзнато овошје или брашно наменето за хуманитарна помош).

Како и во останатите држави од регионот, цигарите и другите акцизни стоки се тргуваат преку фиктивни компании и со фалсификувани документи. Исто така забележана беше трговијата со

[253] *''Извештај за состојбата со оргаизираниот криминал за 2005''* на Советот на Европа со посебен осврт кон економскиот криминал, декември 2005.

алкохолни пијалоци произведени од суровини увезени преку фиктивни компании и, од неодамна, на добра со поминат рок на траење.

*Пиратеријата* особено ,,цветаше‘‘ во текот на деведесетите години. На почетокот на 2003 се превзедоа одреден број на мерки[254] со цел да се сузбие пиратеријата што резултираше во заплена на преку 60.000 видео касети и ЦД-а и на големи количини на видео и аудио опрема употребувана за снимање на аудио и видео снимки, како и компјутерски софтвер.

## ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Во поглед на *перењето пари,* повеќето испрани приходи потекнуваат од избегнувањето на даноци, потоа од трговијата со droги и луѓе и конечно од насилниот криминал како изнудувања и киднапирања. Сепак, без оглед на основното кривично дело, се тврди дека извршителите на перење пари обично се членови на групи на организиран криминал со искуство во бизнисот и економијата. Приходите главно се инвестираат транс-национално и се инвестираат во приватизацијата, недвижен и подвижен имот, или се префрлаат на банкарски сметки во државата и во странство. Големите парични трансфери се извршуваат преку Унгарија, Кипар и Австрија како и преку оф-шор сметки. Извршителите на овие криминални дела се главно лица со искуство во бизнисот и економијата.

Новиот Кривичен законик на Србија во Член 231 овозможува правна дефиниција за перењето пари и им се заканува на сторителите со максимална казна затвор до 10 години и со заплена на приходите стекнати од криминал. Исто така поставува одредби за ,,финансирањето на тероризмот‘‘ (член 393 КЗ), поврзаност со тероризам (Член 312 КЗ), меѓународен тероризам (Член 391 КЗ) и земањето на заложници (Член 392 КЗ). Во дополнение, се воспостави ,,Оддел за перење пари‘‘ во рамките на Управата за борба против организираниот криминал, додека наскоро се очекува усвојувањето на специјалниот Закон за спречување на тероризам.

Србија пријави само едно обвинение против 3 сметководители кои помагале организирана криминална група. Сѐ на се, овој Оддел беше вклучен во пет истраги од кои еден во кој основното кривично дело беше киднапирање.

## КОРУПЦИЈА

Новиот Кривичен законик кој стапи на сила на 1 јануари 2006 ги исполнува меѓународните правни стандарди поврзани со коруптивните активности. Во последните три години и покрај новите регулативи за ,,нелегално посредување‘‘ (Член 366 КЗ) и ,,мито‘‘ (Член 368 КЗ), борбата против корупцијата ги нема постигнато посакуваните резултати.

Корупцијата сѐ уште е длабоко вкоренета, раширена и исклучително штетна манифестација, која во најголема мерка е само дел од политички говори и легислативни активности. За 2003 Србија пријави 18 случаи на корупција поврзана со организиран криминал извршени од страна на 4 организирани криминални групи составени од 81 членови. Иако Србија не обезбеди

[254] Воспоставување на Комитет за сузбивање на пиратеријата кој спроведува различни регулативи и спроведе мерки против злоупотреба на правата на интелектуална сопственост.

статистички податоци, па дури и не го потврди бројот на случаи за 2005 година, се претпоставува постоењето на голем број непријавени случаи.

# 4.6 КОСОВО

Последна опфатена со виорот на војните во поранешна Југославија во текот на деведесетите години беше покраината Косово, која слично на Босна и Херцеговина е исправена пред предизвиците на повоената реконструкција и транзиција под управата на УНМИК. На врвот на најкритичната етапа од разговорите за идниот статус на Косово, под медијација на ОН, неизбежни се прашањата поврзани со моменталната ситуација околу изградувањето на институциите во полето на безбедноста и слободата, усвојувањето на правните и барањата кои произлегуваат од меѓународните конвенции и нивната темелна примена опфаќајќи тука обука на персоналот на органите на прогон. Од особен интерес треба да биде состојбата во борбата против организираниот криминал, особено борбата против организираните криминалци од етничко Албанско потекло.

Од една страна, Косово е исправено пред проблемите на уништени имоти, застарена технологија, одложувања во процесот на приватизација која е засенета од политички и криминални влијанија, целокупна нестабилност, колапс на производствениот сектор, огромна невработеност[255]. Од крајот на косовскиот конфликт во 1999, околу 200.000 срби побегнаа од покраината. Моментално од нив околу 100.000 сè уште живеат во покраината. Од неодамна[256], Србите во северниот дел на Косово објавија вонредна состојба и се заканија дека ќе ги напуштат односите со УНМИК поради недоволна заштита и извршени насилни напади.

Од друга страна, Косово има полициска служба која, споредено со полициите во останатите држави во регионот, е адекватно опремена и добро обучена, особено кога се работи за единиците за борба против организираниот криминал, но е со недоволен персонал и со недостаток на искуство на употребата на новите правила и процедури (сепак, сè уште се работи за мошне млада полиција). Во минатото, делумно постоеше конкуретна и недоверлива „соработка" со Цивилната полициска единица на УНМИК (CIVPOL) составена од полицајци од околу 50 држави притоа без постоење на Министер за внатрешни работи и на сеопфатни стратегии базирани на европските или меѓународни стандарди[257], недостаток на соодветни системи на известување, непостоење или некомпатабилни бази на податоци, нејасни или непознати организациски структури, сè уште непостоечки законски одредби за заштита на сведоци (кои се значајни особено за истрагите на воените криминалци) и многу повеќе жалби. Во меѓувреме, Одделот за организиран криминал скоро во целост е префрлен во локално владение, следствено на тоа Косовскиот заштитен корпус (КЗК) превзема сè повеќе одговорности при што меѓународниот фактор се повлекува на нивото на вршење мониторинг и менторство.

Сумирајќи, постигнатиот напредок е недоволен во поглед на воспоставувањето на „стандард за сите стандарди", уставната држава – и сè уште крајниот статус на покраината не е дефиниран[258]. Повеќе отколку во останатите соседни држави опфатени со проектот CARPO,

---

[255] За состојбата на економијата на Косово, погледајте во *Де-индустриализацијата и нејзините последици:: Приказна од Косово, Европска иницијатива за стабилност, март 2002* www.esiweb.org

[256] Ројтер, 13 јуни 2006 (http://de.today.reuters.com/news/news).

[257] На 9 јуни 2006, Меѓународната контакт група (Франција, Германија, Италија, Руската Федерација, Велика Британија и САД) до косовските власти достави листа на 13 минимум уставни стандарди кои сè уште недостигаат, кои што треба да се применатт до крајот на оваа година. Заштитата на малцинствата е една од главните теми на која и е потребно идно разработување.

[258] Ерхард Бусек, Координаторот на ЕУ за Балканот, во интервју со „Берлинер Цајтунг", 13.06.2006; Бусек изјави: „Јас работам со претпоставката дека Србија, во среден рок, ќе го загуби Косово.".

политичкиот и економски вакум на Косово понуди големи можности за организираниот криминал.

Косовскиот привремен Кривичен законик (ПКЗ), кој стапи на сила на крајот на април 2004, поседува правна дефиниција за „организирана криминална група". Сепак, во член 274 од ПКЗ и неколку законски клаузули го рефлектираат поимот на „организиран криминал", казна затвор од минимум 5 години и повеќе (основачите или менаџерите на организираните криминални групи ризикуваат минимална казна од 7 до 20 години) и ПКЗ исто нуди привилегии за доушниците. УНМИК ја усвои дефиницијата на ОН за организиран криминал[259], исто преку работните дефиниции.

Сепак и покрај таквите корисни алатки, вршењето анализи и меѓународната соработка се замрзнати. Од 2003 до 2004, 27 организирани криминални групи извршија 27 случаи на организиран криминал, кои беа поврзани со трговијата со дрога (15 случаи и групи со околу 150 членови), трговија со луѓе (82 случаи, без групи, со 83 уапсени лица) и непознати податоци за сите останати видови на криминал. Сличен сеопфатен преглед на тој од 2005 не беше обезбеден.

Се призна дека не постои институцијата на Косово која може да ги обезбеди бараните податоци и генерално се тврди дека за Косово најголемата закана доаѓа од транснационалниот криминал вклучен во трговијата со дрога, трговијата со луѓе, шверцот на мигранти, избегнувањето даноци и корупцијата. Организираните криминални групи лоцирани на Косово најчесто се организирани на основа на семејни врски, кланови или припадност на поранешни организации, како Ослободителната армија на Косово (ОВК) и во голема се мерка заштитени, што се гледа од анализите на службените тајни документи[260].

## ТРГОВИЈА СО ДРОГА

Косово е клучна локација во регионот за многу криминалци од југоисточна Европа. Блиските врски со етничките Албанци во „поранешната Југословенска Република Македонија" и во Албанија, како и со албанската дијаспора им овозможува на организираните криминални банди да бидат особено ефективни во трговијата со дрога кон западните пазари.

Во Косово, борбата против трговијата со дрога е организирана на две различни нивоа:

- Управа за организиран криминал, *Истраги на прекугранично организиран криминал*; која се занимава со долгорочни истаги во соработка со Швајцарија, Франција, Австрија, Германија, Бугарија и Турција. Оваа структура главно е создадена да ги истражува сите облици на организиран криминал.

---

[259] Конвенцијата UNTOC која може да се смета како најзначајниот обид да се стигне до глобално договорен концепт за тоа што е организиран криминал. Таа стапи на сила во септември 2003. До 2006 таа беше ратификувана и од сите држави од регионот.

[260] Германска федерална разузнувачка служба, Анализи за состојбата со организираниот криминал на Косово, 22 февруари 2005, Извештај на Централната разузнувачка единица на ОН од 29.12.2003, Извештај на КФОР за состојбата со организираниот криминал; Сите се цитирани во медиумскиот извештај за Косово на J. Roth, in "Die Weltwoche", 43/2005.

- Управа за организиран криминал, *Оддел за истрага на криминал со наркотици*, кој се занимава со случаите на криминал поврзан со дрога на територијата на Косово.

Во 2004 и 2005, регистрирани е вкупен број на 265 случаи поврзани со дрога извршени од страна на 458 сторители, но кои што не се случаи на организиран криминал. Четири долгорочни случаи на транснационален криминал поврзан со дрога беа истражувани меѓу 2003 и 2005. Меѓу јуни и декември 2003, во Косово беа запленети 38 кг хероин, додека во Италија 24 кг и во Бугарија 28 кг хероин (кои што се верува дека пристигнале од Косово), значи вкупно запленет косовски хероин – 90 кг.

Во 2004 и 2005 беа истражени 20 долгорочни случаи, додека 6 од нив бараа меѓународна соработка. Базирано на овие истраги, од јануари до декември 2004, на Косово беа запленети 45,5 кг хероин додека дополнителни 504,5 кг беа запленети во Австрија, Германија, Италија, Швајцарија, Србија, Бугарија и Албанија (кои се верува дека потекнувале од Косово) – вкупно 550 кг запленет хероин во овој период. Моментално тековни се пет долгорочни истраги.
Во 2005, истражени беа вкупно 15 случаи на шверц поврзани со организирани криминални групи вклучувајки повеќе од 55 лица[261]. Во количините од средна големина, криумчарите употребувале туристички возила со австриски, германски, српски и швајцарски регистарски таблици за превоз на меѓу 7 и 32 кг хероин скриен во секое возило, најчесто на дестинација од Албанија кон Косово или од Косово кон Италија или Австрија.

*Синтетичките дроги* (главно амфетамини) се присутни и се тргуваат од страна на организирани групи. Информации за тоа дали ваквите дроги преставуваат посебен проблем на Косово не постојат.

***Производите од канабис*** (хашиш, марихуана) во сè поголем обем се присутни на пазарот на дрога во Косово. Во 2004 косовската полиција и УНМИК открија и уништија 12 полиња со засаден канабис.

***Хероинот,*** според извештаите на случаите на примери и во поглед на фактот дека беа обезбедени многу малку податоци за заплените на дрога на Косово, е најчесто присутната дрога на пазарот во Косово и заплени во голем обем се можни во земјата и странство преку меѓународно водени и координирани акции.[262] Сепак, според проценките за огромните количини на хероин кој е криумчарен преку Албанија и Косово, извршените заплени се на незадоволително ниво.

***Кокаинот*** е присутен на косовскиот пазар. Не постојат повеќе информации.

За криминалните групи и мрежи кои оперираат во државата постојат само слаби информации. Пријавено е дека косовските криминални групи употребуваат насилство, скриени практики – како контраразузнување, шифрирана комуникација, софистицирани комуникации, што ги отежнува полициските акции. Во дополнение, случаите на перење пари обично се побрзани со случаите со трговија на дрога.

---

[261] Податоци обезбедени од страна на меѓународните обвинители кои работат во Одделот за правда при УНМИК, не се достапни податоци од Косовската полициска служба како и од локалниот судски систем.

[262] Во 2003, во странство беа запленети околу 52 кг на хероин поврзани со истраги во Косово, главно во Италија и Бугарија. Во 2004 во странство беа запленети 504,5 кг на хероин поврзан со истраги во Косово, главно во Австрија, Германија, Италија, Швајцарија, Србија, Бугарија и Албанија.

**Табела 11: Табеларен преглед на запленетите количини на наркотички дроги (Косово)**

| Наркотички дроги | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хероин (кг) | 0,82 | 6,11 | 46,78 | 23,28 | 36,48 | 5,81 |
| Хашиш (кг) | | | | 0,95 | 0,21 | 0,26 |
| Марихуана (кг) | 30,72 | 48,05 | 30,82 | 23,29 | 55,30 | 16,16 |
| Кокаин (кг) | 0,04 | 1,41 | 8,48 | 0.01 | 3,79 | |
| Амфетамини (кг) | 0.03 | 0.02 | | 12,00 | 13,12 | |
| Екстази (парчиња) | 4 | 50 | 40 | 56 | 39.5 | |
| ЛСД (дози) | 1 | | | | | |
| Канабис (растенија) | | | | 7,983 | 31,158 | |
| Афион (растенија) | | | | | | |

* Јануари до мај 2006

## ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Косовската легислатива во врска со трговијата со луѓе ги задоволува европските и меѓународните стандарди. Член 139 на косовскиот ПКЗ предвидува основна казна затвор во траење од 2 до 12 години. Во потешките случаи, предвидени се построги казни, како во случаите со малолетници – жртви на трговија (3-15 години), кога криумчарите дејствувале како криминална група (7-20 години), и/или кога трговијата била овозможена од страна на службени лица при извршувањето на нивните должности (5-15 години).

Одделот за трговија со луѓе (THBS)[263] во рамки на полицијата на УНМИК обезбеди добри податоци уште за прашалникот за состојбата во 2005, со тоа овозможувајки подетална анализа. На 1 ноември 2005 различните промени во полициските структури завршија и регионалните одделенија на THBS се подложија, се надеваме конечно, на транзиција кон целосна контрола на КЗК, апсорпција во Одделот за организиран криминал (DOC) и целосна регионализација. Меѓународните полицајци (IPO) го загубија статусот на надзорници и од тогаш се во улога на вршење на мониторинг и одржување на врски.

Исто така во мај 2005 се усвои Косовскиот акционен план за борба против трговијата со луѓе кој преставува консолидирана рамка на сите активности и актери кои учествуваат во активностите за сузбивање на трговијата со луѓе.

Косово воспостави Координатор за разузнување при THBS и тој во 2006 функцинираше со подобрена анализа. Во 2005 службениците во THBS одржаа серија на сесии за обука. DOC, THBS заедно со Граничната полиција на УНМИК учествуваат во дво-месечните состаноци со преставниците на Под-комитетот на Работната група за борба против трговијата со луѓе и криумчарење на имигранти при српското Министерство за внатрешни работи, како и воспоставија блиска соработка со органите на прогон на соседните држави и со центарот SECI.

[263] Новото име беше дадено во јануари 2005 на поранешната Единица на полицијата на УНМИК за истрага на трговијата и проституцијата (TBIU).

Во 2003 IOM пријави значаен број на внатрешно-тргувани косовари (83), особено малолетници на возраст од околу 15 години.[264] Во 2004, идентификувани беа 48 жртви, 11 од кои беа деца (под 18 годишна возраст). Најголем дел од жртвите се од Молдавија (17), Албанија (13) и само 11 беа од Косово.

Според официјалните информации и анализи на Одделот за трговија со луѓе при УНМИК (THBS)[265] за 2005 беа забележани вкупно 95 кривични дела, потегнати обвиненија против 90 сторители, 34 биле уапсени. Повеќето од сторителите биле етнички Албанци (45). 49 жртви биле криумчарени, од кои 14 биле деца. 38 жртви (11 деца) прифатија засолниште и делумна репатријација (14).

Во 2005 се спровеле повеќе отворени и тајни операции од голем обем. До денес (I/2006), THBS веќе провери 603 објекти, од нив затвори 15, направи 20 апсења за трговија со луѓе и проституција и идентификува 20 жртви, од кои на 13 им била обезбедена помош од „DAS" (Директна помош за жртви на трговија, мулти-агенциско партнерство кое ги опфаќа THBS, Управата за организиран криминал, CSW, IOM и невладини организации). Анализата на случаите во 2005 сѐ уште покажува дека феноменот на трговијата со луѓе во Косово е најмногу со цел на овозможување на сексуална експлоатација. Косово сѐ уште е дестинација и транзитна зона за странските жртви на трговијата со луѓе, со забележано зголемување на внатрешната трговија со луѓе. Косово во помал обем е и територија на потекло на жртвите на трговијата со луѓе.

**Графикон 9: Земја на потекло на луѓето тргувани во Косово во 2004 година**




Извор: Полиција на УНМИК – Единица за истрага на трговија и проституција (TPIU)

---

[264] Види Amnesty International (2004) и IOM (јули 2004) стр. 63 - 64.

[265] THBS Извештај на крајот на годината 2005; Меѓународните обвинители кои работат заедно со УНМИК, Оддел за правда, за истиот период пријавија само 17 случаи извршени од страна на 37 сторители од кои што само за 17 беа подигнати обвиненија.

Графиконот од 2004 јасно покажува дека најголемиот дел од тргувани жени доаѓаат од сиромашни земји (Молдавија, Романија, Украина). Најголем број од жртвите се на возраст меѓу 18 и 30 години, но околу една третина биле малолетници на возраст од 12 до 18 години. Рутите на трговија кореспондираат со наодите од земјите на потекло: жртвите најчесто доаѓаат по копнен пат од нивните земји преку Црна Гора, Србија (56,2 %), ,,поранешна Југословенска Република Македонија`` (23,7 %) и Албанија (4,5 %). Само мал број доаѓаат по воздушен пат од Турција (3,2 %). Внатрешната трговија со луѓе расте и вклучува ,,љубовници`` и помлади жртви (просечната возраст на внатрешно криумчарените луѓе изнесува под 20 години).

Како што покажува следниот графикон за 2005 година, земјите на потекло стануваат ,,побалансирани``:

**Графикон 10: Земја на потекло на луѓето тргувани во Косово во 2005 година**




Извор: Полиција на УНМИК, Сервис за трговија со луѓе (THBS)

Косово претставува истовремено транзитна и дестинациска област, пред се поради присуството на меѓународните воени сили и во моментот заради домашната клиентела. Слично како Босна и Херцеговина, домашната клиентела за сексуални услуги е значителна, сочинувајќи 90 проценти од клиентите. Структурите на криминалните групи вклучени во трговијата се директно поврзани со земјите снабдувачи. Групите кои се занимаваат со сексуални услуги во Косово ги собираат своите жртви по нивното доаѓање на Косово, препорачувајќи директна поврзаност меѓу групите кои оперираат во земијите на потекло и групите кои оперираат во Косово.

Се покажува дека постојат три нивоа на криминални групи кои оперираат во Косово, кои се најчесто меѓусебно поврзани. Групите кои оперираат на најниско ниво се занимаваат со транспортот на жртвите со автомобили или комбиња, или, едноставно обезбедуваат готовина неопходна за пренесување на жртвите преку граница во автобуси и нивно сместување во истите простории каде што жртвите се искористувани. Групите од повисоко ниво ги организираат патувањата, вклучувајќи и обезбедување на лажни документи и визи, но не се вклучени во самото искористување, иако организираат препродавање. Таквите групи оперираат на поструктуриран начин и често покажуваат хиерархија, тргнувајќи од употреба на ,,предводник`` кој обезбедува покритие на водачот, до персонал за безбедност и

контраразузнавање, задолжен за пореметување на полициските активности, до корумпирани функционери кои ги информираат криминалните групи за полициските истраги.

Криминалните групи вклучени во овој криминал се пред се меѓуетнички, иако некои националности може да доминираат во групата. Овие групи се слични со групите вклучени во трговијата со луѓе. Тие оперерираат во соработка со групите од Албанија, Бугарија, Грција, „поранешната Југословенска Република Македонија``, Црна Гора, Словенија и Србија.

Начинот на дејствување на организираниот криминал во овој пазар станува се пософистициран и е насочен кон регионалниот и домашниот пазар. Внатрешната трговија и регрутирање исто така се присутни. Сторителите на трговијата со луѓе се поврзани со други криминални групи и типови криминал, како што е трговија со дрога, трговија со оружје и други. Во одредени случаи тие имаат влијание врз локалните органи за спроведување на законот. Понатамошни информации не се дадени за приходите стекнати од криминал, имот итн.

Една интересна измена треба да се подвлече: сторителите на трговија со луѓе кои ја вршат регрутацијата во Косово се до 50% жени и најчесто поранешни жртви експлоатирани во сексуалната индустрија. Машката категорија на сторители опфаќа од „љубовници`` и бармени, до делумно почитувани бизнисмени (сопственици на ноќни клубови, барови, ресторанти и сл.), кои нудат лажна работа на потенцијалните жртви.

## НЕЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

Криумчарењето на лица е опфатено во неодамна усвоениот косовски привремен Кривичен законик. Пазарот на криумчарење мигранти се покажува многу профитабилен во Косово, како и секаде, без разлика дали станува збор за организирање на криумчарењето, или посредување во патничките договори (патнички агенции), привремено сместување на илегалните мигранти или обезбедување на лажни исправи.

Бројот на шверцувани мигранти преку територијата на Косово се проценува на неколку илјади годишно (според прашалникот од 2005). Сепак, во одговорите од прашалникот од 2006, Истражувачката единица на Граничната полиција на КПС за 2005 година известила само 105 случаи на илегална миграција, меѓународните обвинители кои работеле со Секторот за Правда на УНМИК известиле за само седум случаи, извршени од 27 сторители и непознат број на мигранти од Пакистан, Бангладеш и Индија (ниту еден од сторителите досега не е осуден).

Во најголем дел од овие случаи, биле издадени фалсификувани визи и лажни гарантни писма, со кои се овозможува влез во Европа преку аеродромот во Приштина или, во поново време заради засилените контроли на аеродромите, се користат земјените патишта со користење на меѓународни автобуси или локални комбиња. Неколку рути се користат за шверц на мигранти од Косово кон земјите од ЕУ, најчесто, или како прва фаза, во Германија, Италија или Швајцарија.

Во поглед на структурата, групите за шверц се слични со групите вклучени во трговијата со луѓе. Тие оперираат во блиска соработка со групите од Албанија, Бугарија, Грција, „поранешната Југословенска Република Македонија‘‘, Црна Гора, Србија и Словенија. Беше потенцирано дека организираните криминални групи вклучени во шверцот со луѓе можат да бидат и вклучени во шверц со оружје или други нелегални активности.

## ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

Економијата на Косово речиси е целосно заснована на трговија, правејќи го јавниот приход зависен од еден извор, што е исто така привлечен за економскиот криминал. Шверцот, даноците и царинските избегнувања и други облици на криминал поврзани со корупцијата во јавниот сектор, се исто така закана за косовското општество. Одредени реформи, како што се лиценцирањето на цигари и увоз на гориво, како и воведувањето на компјутеризиран царински систем веќе внесоа значителни измени во собирањето на приходите. Слично како и во Црна Гора, повеќето економски активности и компании работат од Приштина, што може да го олесни спроведувањето на истрагите на економскиот криминал.

Постојат многу малку достапни информации за економскиот криминал, ниту постојат податоци или детални анализи, спречени од фактот дека некои 5.000 случаи на економски криминал биле регистрирани во 2004, но само три случаи биле јасно поврзани со организиран криминал во класична смисла[266]. Сепак, во одговорите во прашалникот од 2005, одредени општо познати описни информации беа дадени за економската криминалистичка средина, како што се транзициски проблеми, приватизациска експлоатација, недостаток на знаење во јавните набавки и приватните бизниси, ранливост на банкарскиот сектор, избегнување данок, шверц, слабо спроведување на законот, корупција, лабаво законодавство и други.

Полицијата на УНМИК воспостави Сектор за економски и финансиски криминал, но во одговорите од прашалникот за 2006, на следниов начин беа пријавени тешки недостатоци:

- Финансискиот информативен центар („Финансиска разузнувачка служба - FIU”), формиран во септември 2004, се уште не функционира соодветно;
- Потребната база на податоци не е добро имплементирана/ во употреба;
- Неадекватно воспоставување на даночната администрација и царинските услуги;
- Фактурите и другите документи во приватните и јавните бизниси не се соодветно архивирани;
- Законот за избегнување на даноци има премногу недостатоци и мора да биде дополнет;
- Присутен е низок степен на соработка со националните и меѓународни тела.

Шверцот на секаков вид добра и лажни производи, пропратен со останати форми на економски криминал (вклучувајќи измами при набавки, акцизи, даночни и царински измами) беше споменати во друго истражување на Советот на Европа[267]. ``Голем проблем за Косово, како и за Европа генерално, особено преку неговата улога во криумчарењето на фалсификувани производи ” беше изјавено и понатаму:

> “Економијата на Косово е директно зафатена од избегнување даноци заради шверц на добра. Целото општество е уништено со многу негативно влијание врз довербата на граѓаните кон функционерите (агенциите за спроведување на законите, судството, политичарите..). Повеќе од чувството на јавна несигурност, главната закана може да произлезе од новата граѓанска криза во областа предизвикана од економски причини.``

[266] *‘‘Извештај за состојбата со организираниот криминал за 2005‘‘* на Советот на Европа со посебен осврт кон економскиот криминал, декември 2005. (“Економски криминал и организиран криминал”, стр. 88.).

[267] *‘‘Извештај за состојбата со организираниот криминал за 2005‘‘* на Советот на Европа со посебен осврт кон економскиот криминал, декември 2005. (Сумирање од држави, стр. 64).

После се, останува забележително дека од 2003/2004 не е можен никаков значителен напредек. Ова исто така важи за ***Компјутерскиот криминал***, за кој апсолутно никакви информации не се обезбедени.

**КОРУПЦИЈА**

На корупцијата се гледа како криминално дело кое го обременува соодветното функционирање на косовскиот економски систем. Специфични членови на привремениот Кривичен законик во основа го покриваат овој тип на криминал (Примање мито – член 343 ПКЗ и Давање мито – член 344 ПКЗ), но Косово информира само за случаи на низок степен (подмитување со некои 250 евра) и не обезбедува податоци; според меѓународните обвинители кои работат со Секторот за правда на УНМИК, постоеле само 62 случаи, извршени од 177 сторители, а до денес 6 се обвинети (не постојат информации за процентот на случаи поврзани со организиран криминал или пресуди).

**ПЕРЕЊЕ ПАРИ**

Како одговор на Регулативата 2004/2 секција 10.2 на УНМИК, која го опфаќа перењето пари, а која бара создавање на ,,Канцеларија против перење пари``, беше создаден Финансискиот информативен центар. Во одговорите на прашалникот за 2005, имплементацијата на ваквата Канцеларија беше спомената, но сепак никакви случаи ниту бројки не се пријавени. Во одговорите на прашалникот за 2006, не се додадени дополнителни информации на забелешката: ,,*на Косово истрагите/судењата за перење пари се во зачеток*``.

# 4.7 ,,ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"

Со исклучок на краткиот конфликт во 2001 година, ,,поранешната Југословенска Република Македонија`` избегна голема воена деструкција и раселување на населението.

Како последица, политичката ситуација е стабилизирана, постигната е генерална безбедност во земјата и институциите функционираат. Неопходните амандмани кон постоечките закони се направени и нови закони се донесени со цел доближување до меѓународните регулативи и барања. Во моментот се спроведува процесот на имплементација, кој исто така има позитивен ефект на интеретничките односи и растењето на толеранцијата меѓу различните заедници во земјата. Реформата во правоудството е започната; имплементацијата на реформата на полицијата од 2005 успешно се спроведува, во согласност со националниот Акционен план. И покрај тоа, опаѓањето на економијата, високите даноци, невработеноста (која изнесува околу 35% од вкупното работоспособно население) и високата стапка на сивата економија влијаат на состојбата во земјата. Државниот буџет доминира со економијата во земјата, правејќи ги јавните тендери често единствен извор за економско опстанување, што пак предизвикува корупција. Како и во другите земји од регионот, овие фактори на организираниот криминал му овозможуваат одлични можности и премногу придобивки.

Член 29 од Законот за Јавно обвинителство ја дава правната дефиниција за ,,организиран криминал``, која во целост е во согласност со меѓународните дефиниции[268] и главната задача на ,,Единицата за борба против организиран криминал и корупција`` во рамките на Канцеларијата на јавното обвинителство на земјата од една страна и неодамна создадениот Сектор за борба со организиран криминал со околу 280 вработени во рамките на Министерството за надворешни работи од друга. Понатаму, Членот 122, секција 20, од Кривичниот законик го дефинира терминот ,,организирана криминална група`` и неколку специјални методи на истражување беа модофикувани во Законот за кривична постапка во 2004 (за жал, одредени важни правни регулативи, на пр. За пресретнување на комуникации и конфискување на средства стекнати преку криминал сé уште не се усвоени).

,,Поранешната Југословенска Република Македонија'' е загрозена од организиран и економски криминал, најмногу од трговија со дрога, шверц со мигранти, оружје и голем број различни стоки (цигари, алкохол, нафта и др.) и економски криминални дела, како што се измами со јавни набавки, банкротирања, приватизациски и даночни измами. Во моменот не постојат детални проценки колкава е штетата која ја предизвикува ваквиот криминал на јавната каса, а се мери со стотици милиони евра. Истрагата на ваквиот криминал е започната, а резултатите ќе бидат видливи во иднина. Сепак, според одговорите на прашалниците за 2005 и 2006, а во спротивност со опишаната закана, бројките се мали: биле обвинети осум организирани економски групи. Овие групи со мешана организациона структура оперирале во земјата и странство и ги инвестирале своите средства во очигледна употреба, развивајќи бизниси и недвижности. Не е известено за податоци за 2004. Во 2005, Министерството за внатрешни работи известило за 20 организирани криминални групи, главно вклучени во криминалот со дрога, шверц на луѓе, цигари, оружје и луксузни коли. Вообичаено, тие се составени од 5 до 30

[268] Заедничка акција 98/733/ЈНА од 21 декември 1998 прифатена од Советот врз основа на Член К.3 од Договорот за ЕУ и Советот на Европа, Препорака (2001)11 од Советот на министри, септември 2001, ОН ``Конвенција за транснационален организиран криминал (УНТОЦ)``, 2003.

криминалци (во зависност од типот на криминал) и имаат внатрешна хиерархиска структура и поделени улоги и задачи финансиер, организатор, возач, курир и сл.)[269].
Членовите на оганизирани криминални групи обвинети во минатите години, интензивно вложуваат средства стекнати од криминал во легални бизниси. Како и сите други кривични постапки во Европа, најголем проблем е обврската за докажување во однос на конфискувањето, која што лежи кај обвинителот и никогаш неможе да биде префрлена

## НЕЛЕГАЛНИ ДРОГИ

Зголемениот број на луѓе вклучени во трговијата со droги енормно влијае на многу области од македонското општество. Трговијата со дроги завзема место во позадината на лошата социо-економска ситуација во земјата (невработеност, сиромаштија и др.) бидејќи обезбедува лесна заработувачка, овозможува удобност без напор, со сите атрибути на благосостојба.

Од пред неколку години, се изгуби статусот на сиромашна транзитна земја за трговија со дрога – со растежот, стана земја дестинација, со побарувања за дроги, најчесто за хероин и канабис, иако големината на земјата и економската ситуација не се премногу атрактивни за активен конзумерски пазар. И покрај тоа, според здравствените работници, секоја година меѓу 600 и 700 лица бараат медицинска помош заради зависност од дрога.

Возраста на зависниците од дрога се намалува, а во некои случаи 12 годишни деца се регистрирани како корисници на дрога. Секоја година, меѓу 15 и 20 лица умираат од предозирање. Младите луѓе не само што го ризикуваат сопствениот живот, здравје, образование и развој, туку и започнуваат криминална кариера (на пр. како напаѓачи, крадци, проститутки) со цел да ги заработат парите кои им се потребни за купување на дневна доза дрога. На овој начин тие го загрозуваат државниот социо-економски развој, со опаѓање на вклученоста во националниот БДП и зголемувајќи ја потребата за државна социјална и медицинска грижа.

Во вкупно 292 криминални дела на „нелегално производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанци и суровини‘‘, 355 сторители се разоткриени и пребарувани.

Трговците со дроги се единствено мажи, а возраста во рамките на групата се движи од 22 до 55 години, и најголем дел од нив се Македонци. Воглавно, структурата и составот на криминалните групи кои се занимаваат со дроги се мешани. Врските се воспоставуваат и одржуваат со семејството или со други блиски луѓе, но нивната одржливост може да не биде долготрајна. Многу мал број на членови имаат странско државјанство од Албанија, Црна Гора, Србија, Грција и Бугарија. Почесто делови од криминални групи спроведуваат трговија со дрога и даваат услуги на националниот пазар со дрога. Потенцирано е дека „не е реално да се каже дека во земјата постои голема, меѓусебно поврзана и координирана криминална организација која би ги реализирала сите криминални активности во оваа област‘‘.

---

[269] *‘‘Извештај за состојбата со оргаизираниот криминал за 2005‘‘* на Советот на Европа со посебен осврт кон економскиот криминал, декември 2005, податоците варираат во големината и квалитетот.
2003: Во вкупно 59 случаи, сторени од 47 организирани криминални групи составени од 158 луѓе;
2004: Вкупно 217 пријавени случаи, главно поврзани со фалсификување на пари (122 случаи), трговија со дрога (19 случаи), трговија со луѓе (19 случаи), шверц на стоки (14 случаи) и корупција (31 случај).

Наспроти овие факти приметени се и мали групи, хиерархиски организирани, со поделени улоги и задачи (финансиери, снабдувачи, организатори на транспортни активности како што се механичари за камуфлажа во возила, камионџии, магационери, дистрибутери и сл.).

Од петте најтипични случаи во 2005, етничката хетерогеност е доста впечатлива: стереотипот за „моно-етнички и семејно ориентирани" организирани криминални групи кои тргуваат со дроги е надминат. Полициските истраги укажуваат дека криминалците од земјата имаат контакти со криминални групи во Швајцарија, Германија и скандинавските земји. Забележано е и дека криминалните групи поврзани со дроги често соработуваат во нелегалната миграција, нелегални парични трансфери и размена на адвокати за одбрана на уапсените членови, плаќање кауција и тн.

Со исклучок на одредени податоци за запленети количества на екстази, диазепам таблети, кафетин и парацетамол миксови, метадон и хептанон, не е регистриран поголем пазар или производство на ваквите наркотици и не се дадени дополнителни информации за производство и трговија со синтетички дроги, суровини, базични хемикалии, катализатори или лабораториска опрема за недозволени лаборатории.

Единствено пријјавено е повремено производство на ниско квалитетен канабис за домашна употреба. Производите од канабис, хашиш и марихуана, кои доминираат на домашниот пазар (конзервативните анализи известуваат за проценка од 800 кг на производи од канабис) на улично ниво и малку погоре, се контролирани од криминални групи во кои доминираат Албанци, но се повеќе расте и бројот на оние со мешана етничка структура на Македонци и Албанци. До сега, сликата од 2004 каде што се доминантни албанските организирани криминални групи, со блиски врски во Косово и Албанија, со одреден степен на отстапување на едноставните задачи на криминалците од друга етничка припадност, е сé уште точна. Навлегувањето на албанските организирани криминални групи и политичките чувствителни прашања кои можат да се појават во истрагата и обвинителството во ваквите случаи, го попречуваат обидот за спроведување на законот во оваа област.

Пријавената конзервативна анализа за претпоставка за дрога на домашниот пазар, на пр. базирана на бројот на луѓе кои бараат медицинска помош, доведува до 300 кг хероин кој се консумира годишно во „поранешната Југословенска Република Македонија". Цените на опиумот паѓаат, што е поврзано со снабдувачките трендови од Авганистан, каде што производството на опиум се зголемува.

Добивката од македонскиот пазар достигнува меѓу 10-12 милиони евра. Целосниот профит од криминалот поврзан со дрога не може да биде специфично одреден заради недостаток на истраги за перењето пари.

Сепак, со останатата полициска работа, се доаѓа до заклучок дека здобиените средства се инвестираат во недвижности, туристичка индустрија и комерцијални бизниси, како што се ноќни клубови и барови, кои често се користат за сексуално искористување на жени.

Како дополнување на хероинот шверцуван од Турција преку добро познатата „балканска рута", помали количества на кокаин кои доаѓаат од соседните пристаништа, го наоѓаат својот пат во земјата. Заради ваквите типови на високо профитен организиран криминал и ризичната рамка, вообичаена е употребата на насилство и закани, главно насочени против

конкурентските организирани криминални групи или спроведувачите на законот. Малата површина на земјата, каде голем број на луѓе се познаваат меѓусебно и каде што е лесно да се дојде до некого, како и фактот дека службениците примаат многу ниска плата, ја формираат позадината на високата стапка на корупција.

**Табела 12: Табеларен приказ на запленети количини на наркотички дроги („поранешна Југословенска Република Македонија")**

| Наркотички дроги | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хероин (кг) | | | | | 69,3 | |
| Хашиш (кг) | | | | | 3,2 | |
| Марихуана (кг) | | | | | 203,2 | |
| Кокаин (кг) | | | | | 11,0 | |
| Амфетамини (кг) | | | | | 1,8 | |
| Екстази | | | | | 2.857 | |
| ЛСД (дози) | | | | | - | |
| Канабис (растенија) | | | | | 3.077 | |
| Афион (растенија) | | | | | | |

## ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Според Член 418-1 од Кривичниот законик („трговија со луѓе''), кај трговијата со луѓе се санкционираат следниве дела: превоз, купување, продавање, криење на, и прифаќање на луѓе заради нивна експлоатација преку проституција или други облици на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или служење, ропство, принудни бракови, принудна фертилизација, нелегално посвојување или било кое друго слично однесување или врска, или, не легална, не дозволена трансплантација на човекови органи или делови. Исто така, според Член 418-v од македонскиот Кривичен законик, организирање на вакви кривични дела се казнува. Според тоа, правната позадина ги исполнува барањата на меѓународните конвенции и стандарди.

Во изминатите години, земјата примарно беше само транзитна дестинација за трговијата со луѓе. Новите податоци од ИОМ и УНИЦЕФ укажуваат на локална регрутација, внатрешна трговија и домашен пазар, кои не се целосно потврдени со податоците од домашните власти. Ова е исто така и земја на потекло на бројни жртви (само три регистрирани случаи на трговија со луѓе биле странци?). Како што земјата доживува растење на домашниот пазар за сексуални услуги, потребна е покомплетна превентивна и репресивна политика.

Според националните власти, меѓу 2000 и 4000 жени се тргувани преку земјата, често привремено престојуваат во земјата пред повторно да бидат тргувани во други земји. Искористувањето главно се врши во клубови и барови, во кои жените услужуваат 2-3 муштерии на ден и заработуваат минимум 50 евра, што пак претставува 15.000 евра годишно, или вкупно 30 милиони евра годишно за целиот домашен пазар. Во контекст на овие проценки, бројот на пријавени случаи остнува мал (2003 и 2004: не постојат статистички податоци; 2005: 12 криминални дела со 40 сторители (мажи, Македонци, возраст 20-50 години) се пријавени).

## НЕЛЕГАЛНА ИМИГРАЦИЈА

Нелегалното минување на државната граница се санкционира според македонскиот Кривичен законик, Член 402 („Нелегално минување на државната граница") и организираните форми на ваквите појави потпаѓаат под параграф 3 од Член 402. Сепак, заради зголеменото присуство, организираниот карактер на овој криминал и меѓународната поврзаност на шверцерите, како и потребата за држење чекор со меѓународните европски стандарди, во март 2004 кон Кривичниот законик се додадени амандмани, со два нови члена кои директно го санкционираат шверцот на мигранти: Член 418- б („Шверц на мигранти") и Член 418-в (види Трговија со луѓе).

Во 2005, се пријавени 35 регистрирани случаи со 61 сторител, два од нив класифицирани како организиран криминал со 23 сторители. Во еден случај, организирана група со 31 член (од Албанија, Црна Гора, Србија и „поранешната Југословенска Република Македонија"), вклучена во фалсификување на пасоши, шверц на мигранти и 11 украдени луксузни возила, е откриена по шест месечна обемна истрага. Во девет различни активности, групата прошверцувала 100 луѓе преку македонско-грчката граница, делумно помогната од три вработени лица на македонската гранична полиција, кои биле исто така уапсени.

Главно, шверцуваните мигранти од исток се движат преку „поранешната Југословенска Република Македонија" кон Грција, влезната врата во ЕУ, и од таму понатаму кон други земји во ЕУ каде што има недостаток на ефтина работна сила (особено во областите на земјоделство, туризам, градежништво), најчесто добро етаблираната дијаспора, солидниот здравствен и социјален систем, кои заедно ветуваат подобар живот.

Многу често албански и косовски граѓани се шверцувани и треба да платат меѓу 50 и 100 евра по човек за превоз со автомобил (најголем број на возачи се од „поранешната Југословенска Република Македонија" и Србија, а автомобилите се такси возила) и 600 – 800 евра за организаторите на шверцот. Шверцерските групи се хиерархиски организирани, со поделени улоги и задачи (организатор, обезбедувач на фалсификувани документи, возач, асистент за привремена заштита на мигрантите, помагачи во граничните контролни агенции), најчесто државјани на Албанија, Бугарија, Црна Гора, Романија, Србија и Словенија се истражувани. Шверцот на мигранти од Блискиот Исток и Јужна Америка преку ``поранешната Југословенска Република Македонија" на пример, е главно организиран од криминални групи од Бугарија и Косово.

## МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ И ЕКСПЛОЗИВИ

Борбата против нелегалната размена со или поседувањето на мало и лесно оружје (SALW) и експлозиви е голем проблем во земјата, особено поврзан со конфликтот од 2001, кога нелегалното оружје беше користено за предизвикување на броен насилен криминал. Како резултат на интензивното спроведување на правните мерки, 335 случаи за „нелегално производство, поседување и трговија со оружје и други средства користени за изведување на кривично дело" и 7 сторители се истражувани. Полицијата заплени 464 парчиња оружје, најмногу пиштоли/револвери (165) и пушки (околу 110), но исто така и гранати (110), тешки, полу-автоматско и против-авионско оружје (12), тешко автоматско оружје (3), фрлачи на проектили (2), една анти-тенковска мина, 10,351кг индустриски експлозиви и 1,0кг ТНТ. Споредено со 2004, количината на запленето оружје и експлозиви е зголемена за 100 %. За жал,

нема информации за организираните криминални групи вклучени во трговијата со вакво оружје.

## ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ И КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

Различни видови на кривични дела, во македонските одговори, кои се однесуваат на ,,економски криминал‘‘ се покриени во неколку делови на дополнетиот Кривичен законик (како што се кривични дела врз јавните финансии, имот и службена должност), Законот за јавни набавки и Законот за царина. Неодамнешните амандмани направени во септември 2004 вклучуваат исто така и можност за санкција на правните лица.

***Економскиот криминал*** како што е предизвикување банкрот, приватизациски измами и злоупотреба на јавни фондови во секторот за јавна услужна дејност, вклучуваат менаџерска класа, политички врски и корупција. Комплексноста и чувствителноста на ваквите случаи ги прават тешки за истрага и обвинение, додека нивните социјални и економски последици на поширокото општетсво ја прават јавноста особено чувствителна на нивниот исход.

Во 2005, најчестите криминални дела класифицирани како ,,економски криминал‘‘ биле:

- 275 криминални дела за ,,злоупотреба на службена должност и овластување‘‘ со 344 сторители;
- 140 криминални дела за ,,фалсификување или уништување на финансиски податоци‘‘ со 170 сторители;
- 114 криминални дела за ,,избегнување данок‘‘ со 178 сторители и
- 51 криминално дело за ,,фалсификување на службена идентификација‘‘ со 57 сторители.

Измамите со набавки често се случуваат откако најпогодната компанија е избрана со додавање дополнувања во договорот и на тој начин со ,,надувување‘‘ на цената на првичната понуда. Банкарските измами се исто така забележани каде што грантови и кредити се исплаќани врз основа на фалсификувани документи. Фалсификувањето на службени и административни документи изгледа широко се употребува за нелегално здобивање со имот, добивање на лиценци за извоз на добра под повластени услови и сл.

Даночни измами, шверц и фалсификување на добра се исто така идентификувани како проблем, последниот со опаѓачки тренд, додека претходниот во пораст. Корупцијата е широко употребувана за изведување на измами, за добивање лиценци за извоз или увоз; некои компании дури започнуваат коруптивни активности и лобирања кога државни службеници се избрани за именување.

Во однос на ***пиратерија*** и фалсификување на добра, не се обезбедени податоци. Во 2004, македонските власти забележале нелегално производство, дистрибуција, продажба и изнајмување на порнографски филмови и компјутерски производи. Неодамнешните активности против ваквиот криминал резултираа со уништување на криминална група која произведува вакви продукти и запленување на опремата и снимените материјали. Постојат и случаи на лажни прехранбени производи, безалкохолни и алкохолни пијалоци и други потрошувачки производи наменети за локалниот пазар.

***Шверцот*** на акцизни стоки, особено цигари, вклучува канали од Косово во ,,поранешната Југословенска Република Македонија'' кон Грција. Шверцот на алкохолни пијалоци се движи од Грција и Бугарија во ,,поранешната Југословенска Република Македонија'' и од Црна Гора и Србија во ,,поранешната Југословенска Република Македонија''. Текстил со потекло од Кина, Турција и Бугарија исто така се шверцува во земјата, додека од Грција се шверцуваат мобилни телефони, компјутери и компјутерски делови. Прехранбени продукти се шверцуваат од Бугарија, како и од Црна Гора и Србија.

Шверцот на легални производи се изведува преку легалните и нелегалните премини низ државната граница. Во поглед на начинот на дејствување, криминалните групи вклучени во шверцот често вклучуваат најмалку еден граничен службеник кој го помага минувањето на границата. Тие често користат мито за поткупување на цариниците и измами за увоз преку фиктивни компании. Структурата на овие групи е релативно рамна, во која различни луѓе го покриваат снабдувањето на шверцуваните производи, минувањето на границата и продажбата на производите. Членовите на групите се со различна етничка и социјална позадина, како и ниво на образование. Нивните операции се транснационални и почиваат на комуникација преку пре-пејд мобилни телефони што пак го отежнува откривањето на идентитетот на корисникот. Здобиените средства најчесто се реинвестирани во бизниси, но исто така и во движен и недвижен имот.

Во текот на 2003, откриени се 8 вакви групи кои извеле 174 кривични дела. Во 2003, апленети се близу 20.000 кутии цигари и 21 тон алкохолни пијалоци. Во првите 9 месеци од 2004, околу 32.700 кутии цигари се запленети, заедно со 13.034 литри алкохолни пијалоци, како и техничка роба, прехранбени производи, текстил и сл. Вредноста на запленетите производи во текот на 2003 и 2004 достигнува околу 17 милиони евра.

Во однос на ***фалсификувањето пари,*** на домашно и меѓународно ниво, кое се третира како една од посериозните криминални области со оглед на тоа дека може да го загрози финансискиот систем на земјата, се предвидени соодветни правни мерки (Член 268 и 271 КЗ). ``Поранешната Југословенска Република Македонија''во 2005 известила за помала количина на странски фалсификувани пари, но за голем број на лажни банкноти со помала вредност, најчесто банкноти од 100 македонски денари, во некои случаи и од 500 и 1.000 денари. Дистрибутерите на странски фалсификувани пари најчесто ги добиваат лажните банкноти со многу добар квалитет (евра и американски долари) од организирани криминални групи од соседните земји (Бугарија, Албанија) кои очигледно употребуваат софистицирани техники. Споменато е дека сторителите обично се исто така вклучени во други криминални области. Во 2005, македонските органи на прогон воделе истрага за вкупно 195 кривични дела извршени од 127 сторители (48 дела се истражувани против непознати сторители) и заплениле 6 банкноти од 500 евра, 59 банкноти од 200 евра, 19 банкноти од 100 евра и 68 банкноти од 50 евра (не се дадени податоци за македонските денари или за американски долари, не се пристигнати податоци за домашните производители).

Во поглед на ***компјутерскиот криминал***, земјата усвои нови закони за информатичка технологија и го дополни Кривичниот законик со неколку членови, како Член 251 (,,уништување и незаконско влегување во компјутерски систем''), Член 251-а (Создавање и вметнување на компјутерски вируси), 251-б (Компјутерска измама), Член 286 (нелегална употреба на изум или софтвер). Сепак, не се обезбедени податоци.

Најчестите прекршоци се најпрво купувањето производи преку интернет со употреба на податоци од нелегално обезбедени кредитни картички, со претходно нивно крадење, со хакирање (упад во базата на податоци на пр. компании, продавачи, трети работни станици или банки и копирање на зачуваните податоци во ваквите бази, последователна лажна употреба на податоци за разни цели како што се производство на фалсификувани кредитни картички[270] или поинаку), второ, неовластено прекумерно напаѓање на конкурентските сервисни провајдери, енормен интернет собраќај со цел блокирање на нивните мрежи се додека не се постигне ,,одбивање‘‘ на сервисот (ДОС) и трето, производна пиратерија со недозволено копирање на приватни и во рамките на бизнисот софтверски производи, најчесто Микрософт производи (Windows XP and Windows Office). Други важни прекршоци се случаите на ,,ловење‘‘ (релативно нова техника која се користи за добивање лични и финансиски податоци, со цел крадење или фалсификување на идентитет: лажни веб страници вообичаено ги лажираат идентитетите на големите банки и се дизајнирани да изгледаат како оригиналните веб страни на вистинските банки; жртвата се наведува да ги даде деталите за сметката, истовремено измамниците ги користат тие податоци да префрлат пари на други сметки); ,,нигериска електронска пошта‘‘ (писма за помош), фалсификување на кредитни картички и други слични дела.

Истовремено, позадината на сторителите се разликува, од самци, млади Македонци, до менаџери и професионалци во информатички сектори на компании. Сé уште не постојат докази за организирани криминални групи – освен оние меѓународни мрежи како ,,Нигериската електронска пошта‘‘ и фактот дека некои сторители во првата категорија на чести прекршоци се членови на ,,FROUDE форуми за кредитни картички‘‘, хостирани од странски меѓународни веб страни и нудат разни податоци (броеви на валидни кредитни картички, датум на траење, ПИН кодови, ЦВВ2, лични податоци на сопствениците на картичките и сл.) Со оглед на тоа дека ваквите истраги се многу комплексни и бараат блиска меѓународна соработка, како и информациите кои се разменуваат преку Интерпол се премногу бавни, во рамките на СЕКИ Центарот, специјален проект е започнат (SCIMER) за зголемување на соработката меѓу органите на прогон и банкарските власти.

## КОРУПЦИЈА

Земјата ги има потпишано сите меѓународни Конвенции за анти-коруптивни мерки. македонскиот Кривичен законик нема правна дефиниција за ,,корупција‘‘. Повеќе или помалку, се верува дека корупцијата е доволно објаснета со неколку членови, како што се повреда на службена должност (Член 353 КЗ), примање или давање мито (Член 358 КЗ), нелегално посредување (Член 359 КЗ), разоткривање на и нелегално здобивање со службена тајна (Член 360, 360-а, 281 КЗ), мито во текот на избори и гласање (Член 162 КЗ) и други кривични дела кои се однесуваат на економски криминал.

Сепак, анти-корупциската политика е добро опфатена со конкретниот ,,*Закон за превенција на корупцијата*‘‘ од 2002, кој, во Член 3 го опишува со правна дефиниција повеќе криминолошкиот термин за корупција и може да биде употребен за многу посоодветно опишување на коруптиовниот криминал:

---

[270] Во 2005, заеднички оперaционални активности се спроведени заедно со NTHCU од Велика Британија. Во овој случај српски државјанин се здобил со лични податоци за кредитна картичка од ИП адреса во Виетнам и ги продал на британски државјанин, кој ги оштетил британските банки во вредност од 1.000.000 британски фунти.

*``Повредата на службената должност, позицијата на службеник кој извршува должности од јавен интерес за остварување на која било корист за него/нејзе или за некој друг, се смета за корупција и претпоставува санкција, граѓанска или друга одговорност''.* Во амандманот на овој закон, Член 3 дава поширока дефиниција[271]: *``Корупцијата се смета за искористување на позицијата, јавно овластување на службената должност, или позиција за остварување на некоја корист за себе или некој друг''.*

Основањето на автономна и независна ,,Државна комисија за спречување корупција'' (2002), усвојувањето на Националната програма против корупцијата и Државната програма за спречување и сузбивање на корупција со неговата Матрица на Акционен план (2003) беа клучните моменти во борбата против корупцијата.[272]

Особено ранливи се покажаа властите со задача за водење на процедурите за банкротирање на поранешните државни претпријатија. Исто така беа забележани други форми на низок и висок степен на корупција. Во 2004, полицијата забележала 536 криминални дела поврзани со корупција, извршени од 664 сторители. Случаите поврзани со злоупотреба на службената должност достигнуваат до 504 од вкупниот број на случаи извршени од 631 сторител, придружени со пасивни и активни случаи на мито. За жал, не се обезбедени статистички податоци за 2005 година.

## ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Кривичниот законик на ,,поранешната Југословенска Република Македонија'' во Член 273 обезбедува правна дефиниција за перење пари и друг профит од криминал и сеопфатни одредби за вакви кривични дела. Како дополнување на Кривичниот законик беше додаден Член 394-а за покривање на финансирање од тероризам.

Врз основа на искуства од 1999 до 2000 (5 случаи извршени од 9 сторители со сума од околу 45 македонски денари), од 2003 (еден случај извршен од двајца сторители со штета која достигнува до 148 милиони македонски денари), известено е дека во најголем број од случаите на перење пари, основата на делата е избегнување данок, случаи на измама и во 2005, ,,привилегирани коминтенти'', ,,осигурителна измама'' или ,,избегнување данок'' се исто така споменати. И покрај високата скала на проценет профит од друг криминал, како што е трговија со дрога, нелегална миграција или трговија со луѓе, не се дадени податоци за овие области на криминал.

---

[271] Службен весник на Република Македонија бр. 28/2002

[272] Подетално во Совет на Европа, GRECO извештај од втората евалуација на ``поранешната Југословенска Република Македонија'', Стразбур, 10-14 октомври 2005 (www.greco.coe.int ).

# 5 ЗАКЛУЧОЦИ

Организираниот криминал е динамичен концепт кој продолжува да се адаптира на постојаните промени на средината и на новите можности за криминал. Ова исто така важи за организираниот криминал во југоисточна Европа.

Традиционалните балкански рути на трговија со дрога станаа двонасочен пат, каде хероинот и канабисот се движат кон ЕУ, додека суровините, кокаинот и синтетичките дроги се движат кон исток. Во некои земји, домашните пазари за дрога изгледа растат заедно со бројот на корисниците на дрога. Треба да се зајакнат не само мерките за сузбивање, туку особено и мерките за спречување.

Интензивните регулаторни и правни напори за спроведување на законот против трговијата со луѓе и шверц на луѓе, покажаа позитивна разлика во намалувањето на бројот на шверцувани и тргувани луѓе преку границите. Во исто време, трговијата со луѓе сега има нови предизвици во смисла на внатрешна трговија и регрутација, како и  зголемување на домашната клиентела.

Економскиот криминал кој сериозно ги зафаќа сите земји во регионот, се развива. Крајот на санкциите за Србија и следното уништување на каналите за шверц на нафта и цигари, како и другите напори за регулирање и спроведување на законите, значително придонесоа за подобреното собирање на приходите. Како резултат, одредени можности за нелегална трговија во регионот се отстранети. Други, сепак, остануваат. Фалсификувањето на документи и фиктивните компании – клучните начини за избегнување данок и перење пари – се чини се секогаш присутни во сите земји опфатени со проектот. Други форми на економски криминал – како измами поврзани со јавни набавки, приватизација и финансискиот сектор – се верува дека се во пораст и продолжуваат да влијаат на јавната доверба во пазарната економија и кривичниот правен систем.

Како што созрева пазарот на криминал, криминалните групи се обидуваат да ги консолидираат постоечките активности, да ги прошират со други и да ги направат легитимни своите заработки и позиции во општеството. Корупцијата, заедно и на ниско и високо ниво, се пакажува како главно средство за влијаење врз и навлегување во политичките и бизнис структурите. Моменталните напори против корупцијата во земјите предизвикаа зголемен број на истраги и обвиненија, но само неколку пресуди. Фактот дека најголем број од земјите сега усвоија сеопфатни анти-корупциски стратегии и создадоа анти-корупциски служби, ветува. Вакви напори можат да помогнат во отежнување на врските меѓу организираниот и економскиот криминал со правни и јавни структури.

И покрај некои различни карактеристики во секоја земја и област, проблемите поврзани со организираниот криминал и економскиот криминал имаат регионална димензија. Како такви, тие бараат регионални решенија кои сепак треба да ја вклучат ЕУ перспективата. Правна проценка и, доколку е возможно, хармонизација, заеднички и добро-прилагодени стратегии, заеднички акции, заеднички активности за спроведување на законите и размена на полициски разузнувачи на регионално ниво и вклучување на Еуропол,онаму каде е возможно и соодветно, ќе биде клучно за успехот во борбата против сериозниот криминал во југоисточна Европа. Поради тоа, полициското дејствување базирано на разузнувачки податоци во регионот мора да се постави на цврста основа преку изградба на системи на сеопфатно собирање и известување на/за разузнувачки податоци.

Иако земјите го препознаа негативното влијание на сериозниот криминал врз нивните општества, проценките за загубата на јавните приходи од економскиот криминал, или големината на пазарите за дрога, не се́ уште достапни. Со неколку исклучоци, системот за спроведување на законот во регионот се́ уште нема капацитет за собирање податоци од разузнување, анализи и истраги.

Со профитот како заедничка вредност на разни форми на економски и организиран криминал, финансиските истраги и финансиското разузнавање се клучни за било кои анализи на економски и организиран криминал. Земјите и областите во регионот воспоставија единици за разузнување и до одредена мера сега исто така и спроведуваат финансиски истраги поврзани со криминални истраги. Треба да се обезбеди посистематска употреба на овие средства.

Мерките развиени од земјите вклучени во регионалниот проект за полиција CARPO, ќе помогнат за надминување на овие слабости. Тие можат да вклучат:

- Зајакнување на собирањето информации и анализи на сите феномени на организираниот и економски криминал со цел подобрување на знаењето и разбирањето во регионот. Во иднина, ова исто така треба да биде направено на полето на тероризам и финансирање на тероризам.

- Подигнување на националните криминални статистики до ниво на ЕУ, употреба на заеднички термини и дефиниции, воспоставување на заеднички систем за известување во линија со системот користен од Еуропол и во доверливост (вклучувајќи имплементација на соодветни европски правни инструменти за приватност и заштита на податоци), регуларна подготовка на годишен Извештај за ситуацијата за организираниот и економски криминал или Проценка на опасност, заеднички средства за мерење на криминалот на внатре-институционално и низ-јурисдикциско ниво, студии за ранливоста на економскиот сектор и финансиското влијание на економскиот и организираниот криминал, соработка на телата за спроведување на законот со независни истражувачи и академски установи;

- Механизми за поддршка на разузнавање со про-активен пристап да ги дефинираат политиките базирани на систематски проценки, да поставаат стратегии или акциони планови, да ја придружуваат истражувачката соработка и вистинската соработка која е целно ориентирана и со приоритети, меѓу сите органи на прогон од земјите од регионот. Ова може да ја следи формулата: ,,Разузнувањето е процесирана информација дизајнирана за акција на органите на прогон‘‘ и може да се спроведе инструмент сличен на ЕУ ,,Заеднички истражувачки тим‘‘, но треба да биде обликуван со попрактична ориентација и да ги избегне легислативните и бирократските бариери, следејќи го ,,моделот на целна група‘‘ развиен од Еуропол, и треба да вклучува полиција, гранична полиција, царина и други специјализирани органи за спроведување на законот. Блиската соработка треба да биде барана со земјите членки на ЕУ и други земји, особено да се има корист од амбасадите (политички аташеа и експерти), Еуропол (мрежа на офицери за врски на ЕУ), Frontex (се развива), Интерпол (NCB), Центар SECI (национални канцеларии), тематски работни групи и, онаму каде што е правно можно и соодветно Eurojust и/или OLAF (како набљудувач, учесник, поддржувач);

- Зајакнување на истражувачките вештини во областите на организиран и економски криминал. Ова може да вклучува значителни напори за сопирање на јазичната бариера со соодветен јазичен тренинг на припадниците на ораните на прогон. Употребата на специјални истражувачки техники, тајни акции, човечко разузнување, системи за мониторинг на суровини за хемикалии, машини за таблети, заштита на жртви и сведоци, финансиско разузнување, запленување на нелегални приходи од криминал, или други специфични работни методи, на пр. Високо-влијателни операции (HIO), Транссекторски пристап концентриран на приоритетни области (SWAP), Процедури за стандардни операции (SOP);

- Следење на ефикасноста на мерките за превенција и контрола на организираниот и економскиот криминал на систематско ниво. Ова може да не вклучува само конечна евалуација на CARDS проектите, вклучувајќи го CARPO проектот и други проекти кои се имплементирани[273]. Би било мудро во иднина, онаму каде што е соодветно, да се направи анализа на трошоци/корист и да се порача студија за анализирање кои регионални форуми и проекти функционираат добро, следејќи ги партнерите од регионот, а кои тоа не го прават. Можностите се создадени, но треба уште повеќе да се искористат за да станат стварност. Создавањето на регионални или национални координативни комитети составени од претставници од главните меѓународни поддржувачки тела и локални партнери, можат понатаму да ја зајакнат потрагата за соединување и заштедување на трошоци;

- Ратификација и целосна имплементација на европските инструменти конечно ќе им помогне на земјите опфатени со проектот да направат напредок во оваа смисла и да овозможат меѓународна соработка. Ова е вклучено особено во вториот Дополнителен протокол на Конвенцијата за взаемна помош во кривичните прашања (CETS 182), Конвенција за перење, барање, запленување и конфискување на приход од криминал и за финансирање на тероризам (CETS 198) и Конвенција за дејствување против трговија со луѓе (CETS 197). Сепак, од големо значење за земјите опфатени со проектот CARPO ќе биде прифаќањето и имплементацијата на стандардите и регулативите на Советот на Европа и ЕУ, особено правните инструменти за приватност и легислативата за соодветна заштита на податоци, како и други ЕУ директиви за зајакнување на нивната сопственост на целиот процес, зголемување на кредибилитетот и интересот за достигнување на оперативен договор со Еуропол. Ова ќе го поплочи патот напред во идното членство во ЕУ и ќе помогне во затворање на празнините во европската сигурносна архитектура.

[273] На пр. MOLI-MK, PACO-Србија или PACO-Impact.

# 6 БИБЛИОГРАФИЈА


Amnesty International:
Kosovo (Serbia & Montenegro) – *"So does this mean that I have rights?" – Protecting the human rights of women and girls trafficked for forced prostitution in Kosovo*, London, 2004
*Kosovo Trafficked women and girls have human rights*, Press release, 5 June 2004 (http://news.amnesty.org/mavp/news.nsf/print/ENGEUR700122004)
Kosovo: *International peacekeepers fuelling explosion in sexual exploitation, trafficking and human misery*, 6 May 2004.

Begovic Boris, Mijatovic, Bosko, and Hiber Dragor, *Corruption in Judiciary*, Center of Liberal-Democratic Studies, Belgrade 2004, http://www.clds.org.yu

Bosnia and Herzegovina, Ministry of Security: *Report on Security*: 1st Quarter, 2004

British Broadcasting Corporation (BBC, http.//news.bbc.co.uk.):
*Kosovo UN troops 'fuel sex trade'*, 5 June 2004, news.bbc.co.uk/go/pr/fr/-/2/hi/europe/3686173.stm
*Economic crime 'costs UK £40b'*, 17 October 2004
*Ashdown Sacks Top Bosnian Croat*, 29 March 2005,
www. newsbbc.co.uk/1/hi/world/Europe/4390635.stm

Black, C., Vander Beken, T., Frans, B., Paternotte, M. (2001): *Reporting on Organised Crime. A shift from Description to Explanation in the Belgian Annual Report on Organised Crime*, Antwerp, Maklu.

Blue Bird Project (Agenda for Civil Society in Southeast Europe: *In Search of Responsive Government: State Building and Economic Growth in the Balkans*, Centre for Policy Studies, Central European University, 2003 (www.cls-sofia.org)

Capps, Robert: *Outside the Law and Sex-slave whistle-blowers vindicated*, from July and August 2002, www.salon.com.

Castells, M. (2003²): *The Rise of the Network Society*. Malden/Oxford/Victoria.

Centre for the Study of Democracy (www.csd.bg/publications.php)
*Corruption, Contraband, and Organised Crime in Southeast Europe*, Sofia, 2003
*Drug market in Bulgaria*, Sofia, 2003
*Partners in Crime: Risk of Symbiosis between the Security Sector and Organised Crime in Southeast Europe*, Centre for the Study of Democracy, Sofia, 2004
*Transport, Smuggling and Organised Crime*, Centre for the Study of Democracy, Sofia, 2004
*Crime Trends in Bulgaria: Police Statistics and Victimization Surveys*, Centre for the Study of Democracy, Sofia, 2005

Chossudovsky, Michel: *UN rights chief places part of the blame on EU states for failing to curb rising trafficking in SE Europe*, 26 July 2002, Centre for Research on Globalization, www.globalresearch.ca

Council of Europe:
*THB and Corruption* (PACO Programme, TP 28 rev), Strasbourg, 2002
*THB, Criminal Law Reform in South-Eastern Europe, Project "LARA"*, Zagreb, April 2003
*Organised crime situation report 2004 - Focus: The threat of cybercrime*, Strasbourg, 2005
*Organised crime situation report 3005 – Focus: The Threat of economic crime,* Strasbourg, December 2005

Council of the European Union / Multi-disciplinary Group on Organised Crime (2003): *The smuggling of manufactured tobacco products in the EU and its links with organised crime*. Brussels (CRIMORG 90).

European Commission:
*Opinion on Croatia's Application for Membership of the European Union: Communication from the Commission*, Commission of the European Communities Brussels, 20 April 2004
The Stabilization and Association Process for South East Europe: *Third Annual Report*, Commission of the European Communities Brussels, 2004
EC Delegation to BiH: *Possible Sugar Fraud*, Press Release, Sarajevo, 02 August 2004, www.delbih.cec.eu.int/en/worddocuments/word271.htm

European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction (EMCDDA):
*Annual report 2003: The state of the drugs problem in the European Union and Norway*, Lisbon, 2003
*Annual report 2003: the state of the drugs problem in the acceding and candidate countries to the European Union*. Lisbon, European Centre for Drugs and Drug Addiction.

European Stability Initiative (www.esiweb.org):
*The Helsinki Moment: European Member State Building in the Balkans*, 1 February 2005
*De-industrialization and Its Consequence: A Kosovo Story*, March 2002

EUROPOL:
(www.europol.eu.int)
*European Union Organised Crime Report*, December 2004,
*European Union Organised Crime Report*, October 2005,
*Trafficking of Human Beings for sexual exploitation in the EU: A Europol Perspective*, January 2006, (www.europol.eu.int)
*European Union Organised Crime Threat Assessment (OCTA) 2006*
*Computer-related crime within the EU: Old crimes new tools; new crimes new tools*, (2002), The Hague.
*EUROPOL/ISISC/OPCO Working Group, Final Proposal on minimum requirements for potential legislation at European Union Level, Siracusa/Italy,* May 2005,

Financial Times: *Probe into Montenegro´s role at illegal cigarette trade***,** 9 August 2001;

FOCUS:
"*Fauler Geschmack", report on tobacco smuggling and illicit production of cigarettes in Germany,* No. 20, May 2006
*"Weiße Lawine", report on cocaine seizures in the European Union,* No. 27, July 2006

FIJNAUT, Cyrille and Letezia Paoli, *Organised Crime in Europe, Concepts, Patterns and Control Policies in the European Union and Beyond, Sudies of Organised Crime, edited by Springer, Doordrecht/NL,* **September 2004**

HINA (Croatian New Agency): *Employee of the State Administration in Makarska under Investigation*, Jutarnji List, 12 May 2005

Human Rights Watch: Hopes Betrayed: *Trafficking of women and girls to post-conflict Bosnia and Herzegovina for forced prostitution*, Vol 14, No. 9, November 2002.

Huremagic, Ramiz: Tackling "*The Ghost": Organised Crime and Its Control*, Graduate Dissertation for M.Sc. in Criminology and Criminal Justice, University of Wales, Cardiff, September 2001 (unpublished)

International Commission on the Balkans: The Balkans in Europe's Future, April 2005, www.balkan-commission.org

International Organization for Migration (IOM):
*Changing Patterns and Trends of Trafficking in Persons in the Balkan Region: Assessment carried out in Albania, Bosnia and Herzegovina, the Province of Kosovo (Montenegro, Serbia), the Former Yugoslav Republic of Montenegro, Serbia and the Republic of Moldova*, July 2004, www.iom.int

International Crisis Group: Serbia: *Spinning its Wheels*, Update Briefing, Europe Breefing No. 39, 23 May 2005, Belgrade/Brussels, www.crisisgroup.org
*Serbia's U-Turn*, Europe Report N°154, 26 March 2004, www.crisisgroup.org

International War and Peace Reporting (IWPR, www.iwpr.net)
Jovanovska, Svetlana: *EU Ponders New Aid Deal for Balkans*, IWPR, No. 550, 6 April 2005
Barnett, Neil: *Missiles Seized in Albania*, IWPR, No. 533, 16 December 2004
Musta, Suela*: Nano Questioned on Arms Smuggling Claims*, IWPR, No. 528, 19 November 2004
Ahmetasevic, Nidzara: *Bosnia Opposition Urges Anti-Corruption Laws*, IWPR, No 552, 15 April 2005
Jelacic, Nerma: *Mafia Prosecutors Under Fire*, IWPR, No. 542, 18 February 2005
Lasica, Natalija: *Bosnia Struggles With Wave of Drug Addiction*, IWPR, No. 550, 6 April 2005
Jelacic, Nerma and Griffiths, Hugh: *Mafia Prosecutors Under Fire*, IWPR, No. 542, 18 February 2005
Jelacic, Nerma and Griffiths, Hugh: *Will Europe Take on Bosnia's Mafia*?, (IWPR), No. 531, 2 December 2004
Jelacic, Nerma: *Explosive Leaks*, IWPR, No. 458, 05 September 2003
Papic, Srdjan: *BiH Smugglers Find Way Round Border Clampdown*, IWPR, No 425, 25 April 2003
Radic, Renata: *Bosnia's High-Spending Leaders Blow Hole in Budget*, IWPR, No. 511, 12 August 2004
Anna McTaggart and Drago Hedl: Croatia: *A Work in Progress*,, IWPR No. 562, 27 June 2005
Dimovski, Sase: *Montenegro, Serbian Courts in Crisis*, IWPR, No. 437, 13 June 2003
Hajrullahu, M., Salihu, A., Xharra, J.: *Kosovo's Wild West*, IWPR, No 542, 18 February 2005
Xharra, Arbana: *Gangs and Red Tape Deter Kosovo Investors*, IWPR, No. 550, 6 April 2005
Sullivan, Stacy: *Special Report: Is Kosovo Up To Standard*?, IWPR, No. 549, 1 April 2005
Sunter, Daniel: *Police Take Over Serbia's Frontiers*, IWPR, No 543, 25 February 2005
Sunter, Daniel: *Police Chief Sacking Seen as "Purge"*, IWPR, No. 512, 20 August 2004
Cvijanovic, Zeljko: *EU Green Light Would Secure Wobbly Government*, IWPR, No. 548, 23 March 2005
Simpson, John and Bojovic, Zelimir: *Serbia Losing Customs Corruption Battle*, IWPR, No. 541, 11 February 2005
Serbia: *EU May Extend Sugar Ban*, IWPR No. 445, 18 July 2003

Joosens, Luk/Raw, Martin (1998): '*Cigarette smuggling in Europe: who really benefits*?' In: Tobacco Control 1998 (7) 66-71.

Kleinfeld Belton, Rachel: *Competing Definitions of the Rule of Law: Implications for Practitioners,* Carnegie Papers, Rule of Law Series, Carnegie Endowment for International Peace, No.55, January 2005 (www.ceip.org/files/projects/dlr/dlr_home_121002.ASP)

Krastev Ivan: *Anti-Corruption Rhetoric and Reform Policies*, Centre for Liberal Strategies, 1997 (www.cls-sofia.org)

Morrison, J. (1992): '*Environmental scanning'*, in M. Whitely et al (eds.): A Primer for New Institutional Researchers, Tallahassee, The Association for Institutional Research.

National Crime Intelligence Service (NCIS): *UK Threat Assessment: The Threat from Serious and Organised Crime 2003*, www.ncis.gov.uk

Nelken, D. (2002): *White-collar Crime*. In: Maguire et al., 844-876.

Nicolic-Ristanovic, V. et al (2004): *Trafficking in people in Serbia*. Belgrade (Victimology Society in Serbia and OSCE).

Obradovic, Vladimir: *Trafficking in Women in Bosnia and Herzegovina*, Faculty of Criminology Research Centre, University of Sarajevo, Sarajevo, January 2004

OLAF (European Union Anti-Fraud Office, www.europa.eu.int/olaf):
*Olaf gives evidence at the trial on the "Montenegro Connection" involvement in international cigarette trafficking*, Press Release OLAF/12/2003, 30 April 2003,
*Olaf Investigation into Sugar Imports from Balkan Region*, OLAF/15/2003, 29 May 2003,

Open Society Institute (www.eumap.org):
*Monitoring the EU Accession Process: Corruption and Anti-Corruption Policy*, OSI, 2002
*Monitoring the EU Accession Process: Judicial Capacity*, OSI, 2002

Organisation for Security and Cooperation in Europe (www.osce.org):
*Independent Expert's Report to the Secretaries General of the OSCE and the Council of Europe on their Visit to Podgorica* (Montenegro, Serbia) from 22 to 24 July 2003, Organization for Security and Cooperation in Europe and Council of Europe joint report, 3 September 2003
*Standing and Conclusion of the Government of Montenegro with Regard to the Independent Experts' Report to the Secretaries* – General of the OSCE and the Council of Europe on Their Visit to Podgorica (Montenegro, Serbia) from 22 to 24 July 2003, The Government of Montenegro, 16 October 2003.
Police Restructuring Commission for Bosnia and Herzegovina, *Final Report on the Work of the Police Restructuring Commission of Bosnia and Herzegovina*, December 2004 (www.ohr.int/ohr-dept/rule-of-law-pillar/prc/)
Radio Free Europe: *Montenegro: Prime Minister Denies Allegations of Cigarette Smuggling*, 7 November 2003

Regional Intelligence Liaison Office for Western Europe - RILO (2001): LASSO 2000 – *Review on Cigarette Smuggling in Europe*, Cologne/Rotterdam.

Save the Children UK (Serbia Programme) 2004: *Protecting Children from THB*. Belgrade.

Savona, Ernesto U. and Curtol, Federica: *The Contribution of Data Exchange Systems to the Fight Against Organised Crime in the SEE Countries: Final Report*, Transcrime (Joint Research Centre on Transational Crime of Università Degli Studi di Trento and Università Cattolica Del Sacro Cuore), November 2004, www.transcrime.unitn.it

Skrozza, Tamara: Intervju - Verica Barać: *Vlada je centar korupcije*, Vreme No. 748, 5 May 2005, www.vreme.com

Stability Pact for South Eastern Europe: *First Annual Report on Victims of Trafficking in South Eastern Europe, Stability Pact Task Force on THB*, September 2003

TRANSCRIME, the Research Center on Transnational Crime at the University of Trento, January 2003[1] "The Organised Crime Situation in the SEE Countries and the Illicit Activities Perpetrated by Organised Criminal Groups", an assessment for the Stability Pact, elaborated by

Transparency International:
Global Corruption Report 2005: *Corruption in Construction and Post-Conflict Reconstruction*, Transparency International, (www.globalcorruptionreport.org)

Tisné, Martin, and Smilov, Daniel: From *the Ground Up: Assessing the Record of Anti-Corruption Assistance in Southeastern Europe*, Centre for Policy Studies, Central European University, The Soros Foundation Network, 2004

Anti-Corruption in Southeast Europe: *First Steps and Policies,* Centre for the Study of Democracy, Southeast European Legal Development Initiative (SELDI), 2002, www.seldi.net/

United Nations (UN):
UNMIK Trafficking and Prosecution Investigative Unit's (TPIU): *End of Year Report 2003*
*Trafficking in Human Beings in South Eastern Europe*, Joint Report with UNICEF, UNOHCHR, and OSCE/ODIHR, November 2003
*Trafficking in Human Beings in South Eastern Europe: 2004* – Focus on Prevention, joint report UNICEF, UNOHCHR, and OSCE/ODIHR, March 2005

UNODC (www.unodc.org)
*World Drug Report 2004*, Vienna
*Drugs and Crime Trends in Europe and Beyond*, 2004 (a), Vienna.
*Seventh United Nations Survey of Crime Trends and Operations of Criminal Justice Systems, covering the Period 1998 – 2000*, United Nations Office on Drugs and Crime/Centre for International Crime Prevention, 2002, Vienna.

U.S. Department of State: *Trafficking in Persons Report,* Office to Monitor and Combat Trafficking in Persons, , 14 June 2004, (www.state.gov/g/tip/rls/tiprpt/2004)

Vander Beken, Tom: *Measuring Organised Crime in Europe: A Feasibility Study of a Risk-Based Methodology across the European Union*, Institute for International Research on Criminal Policy, Ghent University, Maklu Publishers, 2004

Von Lampe, Klaus (2001) *The Illegal Cigarette Market in Germany: A case study of organised crime* (Paper presented at the 1st annual meeting of the European Society of Criminology, Lausanne, Switzerland, 6 September 2001).

Xenakis, Sappho: *The Challenge of Organised Crime to State Sovereignty in the Balkans, An Historical Approach*, 7 January 2001, www.ksg.harvard.edu/kokkalis/GSW3/Sappho_Xenakis.pdf

# 7 КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| **ABA CEELI** | American Bar Association Central and Eastern Europe Law Initiative |
| **AFCOS** | Anti-Fraud Coordinating Structures |
| **AHTU** | Anti-Human Trafficking Unit of UNODC |
| **AI** | Amnesty International |
| **AIDS** | Acquired immunodeficiency syndrome |
| **AISI** | Adriatic and Ionic See Initiative |
| **ARQ** | Annual Reports Questionnaire |
| **ATS** | Amphetamine- type stimulants |
| **BiH (BIH)** | Bosnia and Herzegovina |
| **BUMAD** | EU Programme of Assistance for the Prevention pf drug abuse and drug trafficking in Belarus, Ukraine and Moldova |
| **BSCE** | Black Sea Cooperation Initiative |
| **CADAP** | European Union's Central Asian Drug Action Programme |
| **CAN** | Criminal Analyst Network |
| **CARDS** | Community Assistance for Reconstruction, Development and Stability (EC) |
| **CEDAW** | Convention for the Elimination of all forms of Discrimination against Women |
| **CEE** | Central and Eastern Europe |
| **CEI** | Central European Initiative |
| **CEPOL** | European Police College |
| **CIA** | Central Intelligence Agency |
| **CIDA** | Canadian International Development Agency |
| **CIS** | The Commonwealth of Independent States |
| **CIVPOL** | UNMIK Civil Police Unit |
| **CNPA** | Counter Narcotics Police of Afghanistan |
| **COE** | Council of Europe |
| **CRC** | Convention on the Rights of the Child |
| **CPI** | Corruption Perceptions Index |
| **DAS** | Direct Assistance for victims of trafficking |
| **DFID** | British Department for International Development |
| **DG** | Direction General (EC) |
| **DOC** | Department of Organised Crime |
| **DOS** | Denial of Service |
| **EC** | European Commission |
| **EU** | European Union |
| **EUFOR** | European Union Force in Bosnia and Herzegovina |
| **EURODAC** | EU fingerprinting database for asylum applicants |
| **EUROPOL** | European Police Office |
| **EUROJUST** | European Union’s Judicial Cooperation Unit |
| **ELCS** | Europol Cocaine Logo System |
| **EPLN** | European Police Learning Net |
| **EMDCCA** | European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction |
| **FATF** | Financial Action Task Force |
| **FIU** | Financial Intelligence Unit |
| **FIC** | Financial Information Centre |
| **FRONTEX** | Frontières Extérieures, (legally: European Union´s Agency for the Management of Operational Cooperation at the External Borders of the Member States of the European Union) |

| | |
|---|---|
| **FSRB** | FATF-Style regional body |
| **GAP** | Global Assessment Programme |
| **GDP** | Gross Domestic Product |
| **GPAT** | Global Programme Against THB |
| **GPO** | General Prosecutor Office |
| **GRECO** | Group of States Against Corruption |
| **HAART** | Highly Active Antiretroviral Therapy |
| **HDI** | Human Development Index |
| **HIO** | High-Impact Operations |
| **HINA** | Croatian News Agency |
| **HOPS** | Healthy Option Project Skopje |
| **HIV** | Human immunodeficiency virus |
| **IDI** | Illicit Drug Index |
| **ICITAP** | International Criminal Investigative Training Assistance Programme |
| **ICMC** | International Catholic Migration Commission |
| **ICMPD** | International Centre for Migration Policy Development |
| **ICS** | Italian Consortium of Solidarity |
| **ICTY** | International Tribunal for War Crimes in Former Yugoslavia |
| **IIPM** | Italian Interforze Police Mission |
| **IHRLG** | International Human Rights Law Group |
| **ILO** | Immigration Liaison Officer (EU Network9 |
| **ILO** | International Labour Organisation |
| **ILO-IPEC** | ILO International Programme on the Elimination of Child Labour |
| **INTERPOL** | International Police Organization |
| **IOM** | International Organisation for Migration |
| **IPO** | International Police Officer |
| **IREX** | International Research and Exchanges Board |
| **ISS** | International Social Services |
| **KFOR** | Kosovo Force (NATO led Force) |
| **KLA** | Kosovo Liberation Army |
| **KPS** | Kosovo Police Service |
| **LPO** | Local Project Officers of Council of Europe's project CARPO |
| **MAPE** | Multi-National Advisory Police Element |
| **MARRI** | Stability Pact Initiative on Migration, Asylum, Refugees and Repatriation |
| **MoI (MOI)** | Ministry of Interior |
| **MOJ** | Ministry of Justice |
| **ML/TF** | Money Laundering/Terrorist Financing |
| **MONEYVAL** | Council of Europe's Select Committee of Experts on the Evaluation of Anti-Money Laundering Measures |
| **MOU** | Memorandum of Understanding |
| **NCB** | National Central Bureau (Interpol) |
| **NGO** | Non-governmental organisation |
| **NHDR** | National Human Development Report (UNDP) |
| **NPA** | National Plan of Action |
| **NPO** | Non Profit Organisation |
| **NRM** | Dutch National Rapporteur Against Trafficking in Human Beings |
| **OCTA** | Organised Crime Threat Assessment |
| **OHR** | Office of the High Representative in Bosnia and Herzegovina |
| **ODIHR** | OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights |

| | |
|---|---|
| **OECD** | Organisation for Economic Cooperation and Development |
| **OLAF** | European Union Anti-Fraud Office |
| **OPDAT** | Office of the Overseas Prosecutorial Development Assistance and Training |
| **OSCE** | Organisation for Security and Co-operation in Europe |
| **OSCE/CPE** | OSCE Crime Prevention Centre |
| **OSCE/ODIHR** | OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights |
| **PAMECA** | Police Assistance Mission of the European Community to Albania |
| **PCU** | Precursor Control Unit |
| **PMI** | Philip Morris International |
| **PRSP** | Poverty Reduction Strategy Papers |
| **PNI** | United Nations Crime Prevention and Criminal Justice Programme Network |
| **SALW** | Small arms and light weapons |
| **SAA** | Stabilisation and Association Agreement |
| **SAP** | EU-Western Balkan Stabilization and Accession Process |
| **SCF** | Save the Children Fund |
| **SDC** | Swiss Agency for Development and Co-operation |
| **SECI** | South Eastern Co-operative Initiative |
| **SEE** | South-eastern Europe |
| **SEEPAG** | South East European Prosecutors Advisory Group |
| **SEESAC** | South Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons |
| **SELDI** | Southeast European Legal Development Initiative |
| **SIPA** | State Investigations and Protection Agency (Bosnia and Herzegovina) |
| **SIDA** | Swedish International Development Agency |
| **SOP** | Standard Operating Procedures |
| **SP** | Stability Pact |
| **SPMU** | Strategic Police Matters Unit of OSCE |
| **SPOC** | Stability Pact Organised Crime Initiative |
| **SPTF** | Stability Pact Task Force for Trafficking |
| **STI** | Sexually transmitted infection |
| **STR** | Suspicious Transaction |
| **SWAP** | Sector-wide approach |
| **TAXUD** | Taxation and Customs Union (European Commission) |
| **TI** | Transparency International |
| **TIP** | Trafficking in Persons unit of US Department of State |
| **THB** | Trafficking in Human Beings |
| **THC** | Tetrahydrocannabinol |
| **THBS** | Trafficking in Human Beings Service (Kosovo) |
| **TPIU** | Trafficking and Prostitution Investigation Unit (Kosovo) |
| **TRANSCRIME** | Research Center on Transnational Crime at the University of Trento |
| **UN** | United Nations |
| **UNAIDS** | United Nations Joint Programme on HIV/AIDS |
| **UNDP** | United Nations Development Programme |
| **UNFPA** | United Nations Population Fund |
| **UNHCR** | United Nations High Commissioner for Refugees |
| **UNICEF** | United Nations Children's Fund |
| **UNICRI** | United Nations Inter-regional Crime and Justice Research Institute |
| **UNIFEM** | United Nations Development Fund for Women |

| | |
|---|---|
| **UNINCB** | United Nations International Narcotics Control Board |
| **UNMIK** | United Nations Interim Administration Mission in Kosovo |
| **UNODC** | United Nations Office on Drugs and Crime |
| **UNOHCHR** | United Nations Office of the High Commissioner for Human Rights |
| **USAID** | United States Agency for International Development |
| **UNTOC** | United Nations Convention against Transnational Organised Crime |
| **VAT** | Value Added Tax |
| **VOICE** | Ad hoc working group of 40+ NGO active in the field of THB |
| **WODC** | Research and Documentation Centre (Dutch knowledge centre in justice areas) |